2015

Универзитет „Св. Климент Охридски“ – Битола
Педагошки факултет - Битола

# ПРОЦЕС НА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ КВАЛИТЕТ НА УНИВЕРЗИТЕТОТ „СВ. КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ“ – БИТОЛА

НАТАША ПЕТРОВА – ПОПОВСКИ
МЕНТОР: ПРОФ. Д-Р МЕТОДИЈА СТОЈАНОВСКИ

*(ДОКТОРСКА ДИСЕРТАЦИЈА)*

БИТОЛА, 2015

**Членови на Комисијата за оценка на докторскиот труд:**

3. **Проф. д-р Методија Стојановски, ментор**
   Педагошки факултет – Битола, Универзитет „Св. Климент Охридски“ - Битола
4. **Проф. д-р Добри Петровски, член**
   Педагошки факултет – Битола, Универзитет „Св. Климент Охридски“ - Битола
5. **Проф. д-р Јове Димитрија Талевски, член**
   Педагошки факултет – Битола, Универзитет „Св. Климент Охридски“ - Битола
6. **Проф. д-р Љупчо Кевереский, член**
   Педагошки факултет – Битола, Универзитет „Св. Климент Охридски“ - Битола
7. **Проф. д-р Цветко Смилевски, надворешен член**
   Редовен професор во пензија

**Лектор: Даниела Маџова**

*Квалитетот никогаш не е случаен; тој секогаш е резултат на цврста намера, искрен напор и вешта реализација; квалитетот претставува мудар избор од многуте алтернативи.*

**Вилијам А. Фостер**

## ПРЕДГОВОР

Докторската дисертација *Процес на обезбедување квалитет на Универзитетот „Св. Климент Охридски“ – Битола* е резултат на истражувањето на постапките самоевалуација и студентска анкета и истражувачките инструменти користени за споменатите постапки во текот на реализацијата на еден работен процес на обезбедување квалитет во високото образование на ниво на Универзитет во 2012 година. Во истражувањето се вклучени и резултатите од постапките во форма на Извештаи за самоевалуација и студентска анкета. Истражувањето на постапките самоевалуација и студентска анкета е направено во текот на 2012 година кога е направена последната самоевалуација како и последната студентска анкета на Универзитетот, додека истражувањето на постапките, документирање на процесот на обезбедување и оценување на квалитетот коишто исто така се предмет на дискусија, е направено во 2013, 2014 и 2015 година. Подготовката и пишувањето на докторската дисертација се започнати во 2014 година, а завршени во 2015 година.

Главниот мотив за ова истражување е подобрување на нивото на квалитет во високото образование на Универзитетот „Св. Климент Охридски“ – Битола и подготовка на готови применливи решенија во таа насока. Непосредното учество во истражуваните постапки самоевалуација и студентска анкета, како и работната позиција како Советник за настава во Централната стручна и административна служба на Универзитетот ми дадоа одлична можност за добивање информации „од прва рака“, што е основната предност на истражувањето. Достапноста на материјалите што се теоретска основа на истражуваниот предмет, значително ја зголемуваат вредноста, како на истражувањето, така и на резултатите произлезени од него во форма на препораки и предлози за унапредување на процесот на обезбедување квалитет на Универзитетот. При подготовката на дисертацијата користени се најновите европски материјали за обезбедување и оценување на квалитетот на високото образование на високообразовните институции и меѓународните препораки, насоки и стандарди во оваа сфера. Исто така, поради правење институционална паралела, дадени се прегледи на институционалните системи за обезбедување квалитет на Универзитетот во Кембриџ, Велика Британија, Универзитетот во Ниш, Република Србија и Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Република Македонија, што значи дека е даден компаративен преглед на институционалните системи од европски, регионален и

национален аспект, а при конципирање на крајните резултати од истражувањето користени се најдобрите искуства од трите високообразовни институции, како и европските стандарди и насоки за обезбедување квалитет во високото образование, но пред се, почитувајќи ги сите национални законски и подзаконски акти, како и Универзитетски регулаторни документи.

Чувствувам оправдана должност да му се заблагодарам на мојот ментор, проф. д-р Методија Стојановски, за несебичната помош и поддршка во текот на мојот севкупен пат низ докторските студии, а посебно при реализацијата на истражувањето и пишувањето на докторската дисертација. Со сигурност можам да тврдам дека без неговата помош текот на истражувањето, како и структурата, содржината и изгледот на дисертацијата не би биле она што го гледате и читате денес.

Сакам да изразам огромна благодарност на моето семејство, а пред сѐ на мајка ми, сопругот, ќерка ми и сестра ми, кои го понесоа најголемиот товар од мојата посветеност кон ова истражување и ги истрпија моите периоди на несигурност и преиспитување на сопствените способности. Длабоко чувствувам и тврдам дека тие се карпата на којашто секогаш наоѓам сигурност во моето разбранувано море.

Посветата, сепак, ја зачувувам за човекот кој веќе не е со мене, но знам дека и сега, каде и да е, горд е на својата ќерка. Ова мое постигнување е за тебе тато!

М-р Наташа Петрова – Поповски

Битола, 20.6.2015

**ABSTRACT**

Quality means persistence, longevity, recognition, memory. Providing quality is a project which presumes fulfillment of all the content and formal aspects of the project management. Providing quality for the education and research institutions gains greater value if we take into consideration the education promise which should be conveyed both to the generations currently included into the education process, and to all those that should come in the future. For a higher education institution, quality means attractive study programs which will draw larger number of students, especially foreign students, or the number of research projects realized by the higher education institution, or the number of international projects financed by different sources (most often EU funds and programs) or the citation index of the research papers etc. But there is not a single higher education institution which can pay equal attention to developing, improving and strengthening all the above mentioned aspects. Still, we need to take into consideration that only well-conducted, systematic and long-term planning, which includes well prepared research techniques by developed and appropriate instruments, as well as with a pre-designed list of time priorities can lead to providing high quality of performances.

Providing quality at “St. Kliment Ohridski” University – Bitola is a system deeply incorporated in all the spheres of its functioning, which means that providing and assessing quality of the University should not be considered only as an isolated process, but as a system having its influences in all the domains of work. Such position is in accordance with all the primary and secondary regulations, as well as with the international norms and standards for providing quality in higher education.

The purpose of this dissertation is to contribute to building the theoretical framework, but before all to provide practical solution in a form of suggestions of the way and form of realization of the self-evaluation procedures and student survey, as well as to give additional suggestions for improving the system for providing quality and quality assessment of the higher education at “St. Kliment Ohridski” University - Bitola.

**Key words**: quality, higher education institutions, “St. Kliment Ohridski” University – Bitola, systems, self-evaluation, student survey, instruments.

**СОДРЖИНА**

**ВОВЕД или ОПРАВДАНОСТ И ПРИЧИНИ ЗА ИЗБОР НА ТЕМАТА 10**

**I. ТЕОРЕТСКИ ПРИСТАП КОН ИСТРАЖУВАЊЕТО 13**

**1. Дефинирање на истражувањето 14**

**1.1. Концептуализација на основните поими 14**

**1.2. Што треба да се истражува (или Цели на истражувањето) 17**

**2. Основи и потреба од обезбедување квалитет во високото образование 21**

**2.1. Основи на проблемот 21**

**2.2. Примена на деловната филозофија за целосен менаџмент на квалитетот во високообразовните институции 23**

**2.3. Примена на стандардот ISO 9001:2008 и неговото значење во процесот на обезбедување квалитет 25**

**2.4. Самоевалуација, евалуација и акредитација во високото образование 27**

**2.5. Рангирањето како алатка за обезбедување квалитет 30**

**3. Обезбедување квалитет во високото образование - меѓународни аспекти 37**

**3.1. Болоњската декларација во функција на обезбедување квалитет 37**

**3.2. Европската асоцијација за обезбедување квалитет во високото образование 42**

**3.3. Европската асоцијација на универзитети и Европскиот високообразовен простор во функција на обезбедување квалитет 45**

**3.4. Систем на обезбедување квалитет на Универзитетот во Кембриџ – Велика Британија 47**

**3.5. Систем на обезбедување квалитет на Универзитетот во Ниш – Република Србија 57**

**4. Обезбедување квалитет во високото образование - македонски аспекти 69**

**4.1. Министерство за образование и наука на Република Македонија и Одбор за акредитација и евалуација 69**

**4.1.1. Обезбедување квалитет во високото образование и Законот за високо образование 72**

4.1.2. Обезбедување квалитет во високото образование и подзаконските акти _____ 76
4.1.2.1. Упатство за критериумите за начинот на обезбедување и оценување на квалитетот на високообразовниот кадар во Република Македонија _____ 77
4.1.2.2. Правилник за организацијата, работата, начинот на одлучување, методологијата за акредитација и евалуација, како и други прашања во врска со работата на Одборот за акредитација и евалуација на високото образование _____ 82
4.2. Систем на обезбедување квалитет на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ – Скопје _____ 90

II. МЕТОДОЛОШКИ ПРИСТАП КОН ИСТРАЖУВАЊЕТО _____ 101
1. Предмет на истражување _____ 102
2. Цел и задачи на истражувањето _____ 106
2.1. Цел на истражувањето _____ 106
2.2. Задачи на истражувањето _____ 106
3. Хипотетска рамка _____ 109
3.1. Генерална хипотеза _____ 109
3.2. Помошни хипотези _____ 110
4. Варијабли на истражување _____ 112
4.1. Независни варијабли _____ 112
4.2. Зависни варијабли _____ 113
5. Модел (вид на истражување): квалитативно или квантитативно _____ 114
6. Дизајн на истражувањето _____ 115
6.1. Метод на истражување _____ 115
6.1.1. Дескриптивен метод _____ 115
6.2. Техники на истражување _____ 115
6.2.1. Структуирано пасивно набљудување _____ 116
6.2.2. Анализа на документација _____ 117
6.3. Инструменти на истражување _____ 117
7. Примерок на истражувањето _____ 119
8. Обработка на податоците од истражувањето _____ 120

III. ЕМПИРИСКИ ДЕЛ ____ 121
1. Процес на обезбедување и оценување на квалитетот на Универзитетот „Св. Климент Охридски“ – Битола ____ 122
1.2. Досегашни искуства во процесот на обезбедување квалитет ____ 123
1.2.1. ТЕМПУС проекти ____ 123
1.2.2. Надворешна евалуација и самоевалуација ____ 138
1.2.3. Примена на деловната филозофија за целосен менаџмент на квалитетот и на ISO стандардот 9001:2008 ____ 148
1.3. Документирање на процесот за обезбедување квалитет на Универзитетот „Св. Климент Охридски“ – Битола ____ 150
1.3.1. Обезбедување квалитет во високото образование и Статутот на Универзитетот „Св. Климент Охридски“ – Битола ____ 150
1.3.2. Обезбедување квалитет во високото образование и другите акти на Универзитетот „Св. Климент Охридски“ – Битола ____ 156
1.3.3. Потреба од подготовка и донесување Упатство за спроведување на процесот за обезбедување квалитет ____ 162
2. Анализа на податоците и препораки за идни постапувања ____ 165
2.2. Анализа на податоците добиени од обработката на инструментите - анкетните прашалници применети во студентската анкета во процесот на самоевалуација на Универзитетот ____ 165
2.3. Анализа на податоците добиени од обработката на инструментите - сетови табели применети во постапката за прибирање податоци во процесот на самоевалуација на Универзитетот ____ 170
2.4. Анализа на податоците добиени од обработката на постапките во процесот на обезбедување квалитет на Универзитетот „Св. Климент Охридски“ – Битола ____ 174
3. Докажување на помошните и основната хипотеза ____ 193
3.2. Докажување на помошната хипотеза 1 ____ 193
3.3. Докажување на помошната хипотеза 2 ____ 194
3.4. Докажување на помошната хипотеза 3 ____ 195
3.5. Докажување на помошната хипотеза 4 ____ 196
3.6. Докажување на помошната хипотеза 5 ____ 197
3.7. Докажување на помошната хипотеза 6 ____ 198

**3.8. Докажување на основната хипотеза ____________________________199**

**IV. ПРЕДЛОЗИ ____________________________________________________201**

1. **Предлог – Упатство за самоевалуација и обезбедување и оценување на квалитетот на Универзитетот „Св. Климент Охридски“ – Битола ___202**
2. **Предлог – Упатство за студентската анкета на Универзитетот „Св. Климент Охридски“ – Битола ______________________________________226**
3. **Предлог – Проширена ISO процедура за самоевалуација ___________236**
4. **Предлог – ISO процедура за студентска анкета ____________________245**
5. **Предлог – Правилник за работата на Канцеларијата за квалитет ___254**

**V. БИБЛИОГРАФИЈА _____________________________________________261**

**VI. ПРИЛОЗИ _____________________________________________________267**

1. **Прилог бр. 1 – Ранг листа - академско рангирање на македонските универзитети според Универзитетот Џиао Тонг, Шангај, Кина ______268**
2. **Прилог бр. 2 – Деловник за работа на Комисијата за евалуација на Универзитетот „Св. Климент Охридски”- Битола (2002) ____________270**
3. **Прилог бр. 3 – Сет табели за прв циклус студии ____________________273**
4. **Прилог бр. 4 – Сет табели за втор циклус студии ___________________308**
5. **Прилог бр. 5 – Анкетен прашалник за оценување на реализацијата на наставно-образовната дејност на академскиот кадар _______________339**
6. **Прилог бр. 6 – Анкетен прашалник за оценување на квалитетот на студиските програми ________________________________________________342**

**ВОВЕД или Оправданост и причини за избор на тема**

Обезбедувањето квалитет во услови на зголемена компетентност и понудени бројни можности на органичениот пазар на добра и услуги е императив за секоја институција, без разлика дали се работи за приватна, јавна, невладина или друга институција којашто секојдневно се соочува со различните барања и потреби на општеството, односно на луѓето.

Обезбедувањето квалитет за образовните и научно-истражувачките институции добива уште поголема вредност ако се земат во предвид не само веќе споменатите услови на пазарното опстојување, туку и едукативното ветување коешто треба да се пренесува на генерациите што моментално се наоѓаат во образовниот процес, но и на оние коишто доаѓаат по нив.

Квалитетот претставува опстојување, долготрајност, препознавање, паметење. Секоја високообразовна институција којашто може да се пофали со повеќедецениско опстојување, чијшто назив, кај оној што го слуша или чита, предизвикува асоцијација на втемелена вредност и знаење, а кај оној што поминал низ нејзиниот образовен систем – чувство на припадност поради позитивните искуства што ги стекнал за времетраењето на неговите студии, со право може да се каже дека постигнала високо ниво на квалитет.

Сепак, постигнувањето на квалитет и процесот на негово одржување, иако се нераскинливо поврзани категории, не смееме да ги поистоветуваме. Одржувањето квалитет е потраен, па и покомплициран процес. Одржувањето квалитет, всушност, е обезбедување квалитет на подолг рок. Обезбедувањето квалитет е проект којшто претпоставува запазување на сите содржински и формални аспекти на управувањето со проекти.

Високообразовните институции денеска се соочуваат со бројни предизвици во нивните напори да ја исполнат нивната општествена улога.

Таа улога ги вклучува нивната автономија, натпреварот за работен кадар и студенти, интернационализацијата, намалувањето на стапката на јавни вложувања и инвестирања во високото образование, дополнителните активности и реформите на студиските програми (редизајнирањето на студиската понуда). Сите овие елементи, повеќе или помалку, се дел од квалитетот на секоја високообразовна институција. Кој елемент ќе преовладува при дефинирањето на квалитетот зависи од тоа што значи

квалитет за една високообразовна институција. Дали за високообразовната институција квалитет значат атрактивни студиски програми коишто привлекуваат голем број студенти, односно бројот на студенти кои студираат таму, или бројот на странски студенти, или бројот на научно-истражувачки проекти коишто се реализираат на високообразовната институција, или бројот на меѓународни проекти финансирани од различни извори (најчесто за наши прилики станува збор за ЕУ фондовите и програмите) во коишто е вклучена високообразовната институција, или индексот на цитираност на трудовите на професорите итн. Детерминантите коишто го чинат квалитетот на една високообразовна институција се многубројни. Оттука, разбирливо е дека ниту една високообразовна институција во исто време не може да се посвети на развивање, подобрување или јакнење на сите наведени аспекти. Но, сепак, мора да се има во предвид дека само доброто систематично и долгорочно планирање, коешто вклучува добро подготвени истражувачки техники со разработени и соодветни инструменти, како и со осмислена листа на временски приоритети, може да доведе до обезбедување висок квалитет на перформанси.

Дека квалитетот на високообразовните институции не е само и единствено во интерес на институциите, туку тој претставува и поширок општествен интерес потврдува и фактот што врз основа на Законот за високо образование, а како последица на прифатеното и изгласано Упатство за единствените основи на евалуацијата и евалуационите постапки на универзитетите на Интеруниверзитетската конференција во 2002 година, донесено е Упатство за обезбедување и оценување на квалитетот на високообразовните установи и на академскиот кадар во РМ (Сл. весник бр.75/2002). Веднаш потоа тогашната Агенција за евалуација на високото образование на РМ усвои Упатство за обезбедување и оценување на квалитетот на високообразовните установи и на академскиот кадар во РМ.

Сегашните законски прописи (Закон за високо образование – 2008) дефинирајќи го обезбедувањето на квалитет на високообразовните институции пропишуваат: „Евалуација (Quality Assurance) е процена на квалитетот на високото образование која опфаќа бројни експлицитни процедури за проценување на квалитетот во институциите за високо образование, на академскиот кадар и на нивните студиски програми според прифатените постапки и стандарди и водичот (насоките) за евалуација усвоени од европските институции за евалуација во високото образование и други организации и

асоцијации кои имаат улога да ги воспоставуваат и применуваат европските стандарди и упатства за евалуација на европскиот простор за високо образование“.[1]

Најновиот пропис којшто во нашата земја директно го тангира и обработува проблемот на обезбедување квалитет во високото образование, а со тоа и ја докажува актуелноста на проблемот и сериозниот пристап во апсолвирањето на ова прашање е донесеното Упатство за критериумите за начинот на обезбедување и оценување на квалитетот на високообразовните установи и на академскиот кадар во Република Македонија од страна на Министерството за образование и наука. Ова Упатство е објавено во Сл. весник на РМ бр.67 од 10.5.2013 година.

Покрај националните интереси за обезбедување квалитет во високото образование, актуелни се и меѓународните напори што се вложуваат во оваа насока. Разбирливо е обединетата Европа да биде заинтересирана не само за квалитетно високо образование на нејзиниот простор (Единствен европски вискообразовен простор), туку и за поставување и имплементација на меѓународни стандарди и насоки за обезбедување квалитет во високообразовните институции коишто, иако гарантираат приближување на нивоата на квалитет на институциите, сепак, не ги нарушуваат нивните индивидуални карактеристики или законските решенија во посебните национални акти за регулирање на квалитетот во високото образование.

Токму поради воочувањето на значајноста од обезбедување и оценување на квалитетот во високото образование, а со тоа и на квалитетот на работата на Универзитетот „Св. Климент Охридски“ – Битола, како дел од високообразовниот систем во земјата и сè уште недоволната научна истраженост на оваа сфера во нашата земја, односно непостоењето на доволно теоретска и практична основа што во фокусот на интересирањето би го ставил процесот за обезбедување квалитет во високото образование со сите негови структурни форми, оваа докторска дисертација е наменета, непретенциозно, да даде свој придонес во градењето на теоретска основа, но пред сè да даде апликативно решение во форма на предлози за начинот и формата на реализација на постапките за самоевалуација и студентска анкета, како и предлози за подобрување на системот за обезбедување и оценување на квалитетот во високото образование на Универзитетот „Св. Климент Охридски“ – Битола.

[1]Закон за високо образование на Република Македонија, (2008)

**ТЕОРЕТСКИ ПРИСТАП КОН ИСТРАЖУВАЊЕТО**

## 1. Дефинирање на истражувањето

За комплетно дефинирање и целосно разбирање на истражувањето потребно е, покрај концептуализација на основните поими, да се даде објаснување и што треба да се истражува, односно да се идентификуваат целите на истражувањето, но не како дел од методологијата на ова истражување, туку како суштина на теоретската основа на процесот за обезбедување на квалитет во високото образование.

Поради тоа, ова поглавје го сочинуваат два поднаслови чија содржина ги вклучува наведените аспекти за дефинирање на истражувањето.

### Концептуализација на основните поими

Дефинирањето на квалитетот во високото образование се отежнува поради тоа што не постои консензус околу точните цели, иако некои од тие цели се широко прифатени, како што е едуцирањето на високо квалификувани кадри, како и поради тоа што високото образование е мултидимензионален и комплексен процес, којшто е базиран на односите помеѓу професорите и студентите во чиишто односи е мошне тешко да се разграничат влезните информации, меѓупроизводите и излезните резултати.

Квалитетот во високото образование не може да се дефинира со една реченица, бидејќи тој се остварува во многу различни активности на образованието и истражувањето и ги вклучува сите фактори: студенти и наставници (фактор човек), образовна технологија, методи на оценување на квалитетот, опрема, простор, менаџмент, финансии, мотивација, пазар на труд.

Покрај различните активности и фактори што влијаат врз дефинирањето на квалитетот во високото образование, според Харви и Грин[2], концептите за квалитет во високото образование можат да бидат групирани во неколку категории:

1. Квалитет како одличност – традиционално академско гледиште што подразбира стремеж да се биде најдобар;
2. Квалитет како „нула грешки“ – концепт што е преземен од стопанството и индустријата и не е применлив за високото образование, каде секоја

---
[2]Harvey L. and Green D., Defining Quality: Assessment and Evaluation in Higher Education, 1993, pg.34

индивидуа е посебна и не се вклопува во стандардизиран модел на однесување и продукција на завршни резулати;

3. Квалитет како „средство за постигнување на целта“ – во чијашто суштина се наоѓа идејата дека не постои општ квалитет, туку квалитетно е она што продуцира посакувани резултати, односно креирано е според потребите на клиентите. Во високото образование тоа би било, на пр. студиска програма што е одлична за подготовка на истражувачи, но не и за кадар директно вклучен во деловната пракса;
4. Квалитет како трансформација – што во фокусот ги става студентите, односно ја поткрепува филозофијата дека колку што е поквалитетна одредена високообразовна институција, толку повеќе таа ги едуцира и оспособува студентите со знаење, вештини и способности;
5. Квалитет како праг – односно поставување одредени стнадардизирани норми и критериуми (праг) што високообразовната институција треба да ги постигне и/или да ги надмине;
6. Квалитет како зајакнување – односно континуирано подобрување.

Поради својата комплексна димензија, квалитетот се оценува преку системот за обезбедување квалитет на високообразовната институција.[3] Всушност, системот за обезбедување квалитет на високообразовната институција во фокусот ги има точно определените стандарди што институцијата треба да ги постигне, а ова не враќа на концептот на Харви и Грин, односно дефинирањето на квалитетот како праг. Во случајот прагот на квалитетот во високообразовните институции е следењето и достигнувањето на поставените национални и меѓународни стандарди и насоки за квалитет, што без исклучок, треба да бидат комплементарни, односно да не се исклучуваат. Ова значи дека националните стандарди и насоки за обезбедување квалитет во високото образование во никој случај не смеат да ги суспендираат меѓународните. „Обезбедувањето квалитет е систематско, структурирано и континуирано внимавање на квалитетот во смисла на негово одржување и подобрување. Континуираната грижа за квалитетот е sine qua non за обезбедувањето квалитет“.[4]

[3]Виолета Чепујноска, Божин Доневски. Обебзедување квалитет во високото образование : поглед од Македонија, Скопје, Битола, Интеруниверзитетска конференција на Република Македонија, 2005 (стр.45)
[4]Ибид (стр.39)

Обезбедувањето квалитет е клучна алатка за зголемување и подобрување на довербата во постапката на споредување на образовните системи во земјите во Европската унија и во рамките на Европскиот високообразовен простор. Тоа, исто така, гарантира дека признавањето и препознавањето на образовните степени не се темели и не е резултат на други основи.[5] Обезбедувањето квалитет, во духот на Болоњската декларација, значи утврдување добар систем на оценување на информација, комуникација и советување. Тоа значи дека обезбедувањето квалитет е севкупност од повеќе активности и не може да се идентификува само со евалуација и акредитација, рангирање и споредување со најдобриот (benchmarking). Овие механизми за менаџментот на квалитет се важни, но нивната примена се случува премногу доцна, кога целиот процес од концепција до примена, е завршен со финален мониторинг на студиската програма. Најважна порака е дека обезбедувањето квалитет треба да биде инсталиран систем, паралелено со развојот на студиските програми.[6]

Поради многубројните пристапи и сфаќања за тоа што значи обезбедување квалитет во високото образование тука ќе се повикаме на дефинициите коишто ни се на располагање од страна на Меѓународниот институт за образовно планирање во рамките на УНЕСКО, како институција која има географски најширок кредибилитет во областа на образованието.

Така според овој Институт обезбедувањето квалитет на институционално ниво генерално се дефинира како „целосен сет од менаџерски функции со кои се одредува и имплементира политиката за квалитет (визија и мисија на институцијата).“[7] Процедурите во овој процес може да бидат наметнати од страна на владини тела или, пак, истите може да се определени од самата институција. Тие може да се дел од веќе востановена практика или да се новосоздадени и поттикнати од одредени активности (пр. студентската анкета за оценување на наставно-образовната работа на професорите). Овие процедури може да се насочени кон истражувачките активности, курикулумите, академскиот кадар, техничката опременост, финансиите и сл. И на крај,

[5]Lukas Bischof, Joanna Gajowniczek, Moritz Maikämper Expert advisor: Axel Aerden, Final Report INPUT STUDY TO THE REPORT FROM THE EUROPEAN COMMISSION ON PROGRESS IN THE DEVELOPMENT OF QUALITY ASSURANCE SYSTEMS IN THE VARIOUS MEMBER STATES AND ON COOPERATION ACTIVITIES AT EUROPEAN LEVEL in the context of EAC 02-2010 (lot3) Framework service contract prepared by the research team, European Union, 2014. (pg.10)

[6]Виолета Чепујноска, Божин Доневски. Обезбедување квалитет во високото образование: поглед од Македонија, Скопје, Битола, Интеруниверзитетска конференција на Република Македонија, 2005 (стр.39 и стр.40)

[7]Martin M. & Stella A., (2007), *External Quality Assurance in Higher Education: Making Choices*; retrieved on 20.05.2010 from**:** www.unesco.org/iiep

може да се однесуваат или на дел од институцијата (пр. катедра, студиска програма) или генерално на целата институција.

Потребно е да се знае и дека постои дистинкција помеѓу обезбедување внатрешен и надворешен квалитет на високообразовните институции. Обезбедувањето внатрешен квалитет претставува исполнување на сопствените цели на институцијата, како и исполнување на националните стандарди пропишани од државните надлежни тела, а коишто се однесуваат на минималните просторно-технички услови и критериуми за студиски програми. Вообичаено, обезбедувањето внатрешен квалитет се поистоветува со постапката за самоевалуација на институцијата, но треба да се знае дека, сепак, обезбедувањето внатрешен квалитет претпоставува поширок опсег на значење. Тука се мисли и на активностите во рамки на реализацијата на студентското анкетирање, организациската структура за обезбедување квалитет, документирањето на институционалните постапки и процеси, преку организациски акти и сл. Од друга страна, пак, обезбедувањето надворешен квалитет се однесува на активностите што ги презема странска агенција или друго надворешно тело коешто мониторира исполнување услови што биле претходно договорени или поставени, а не се однесуваат на оние што ги поставила државата. Сепак, и обезбедувањето надворешен квалитет не е постапка што е независна самата за себе. Па така и овој термин во себе инкорпорира поширок опсег на активности, коишто, поради речиси целосното поклопување на институционалните, националните и меѓународните стандарди и норми за квалитет, во себе ги вклучуваат и значењата на терминот обезбедување внатрешен квалитет на институцијата.

**Што треба да се истражува (или Цели на истражувањето)**

Кога се зборува за квалитетот во високото образование многу често се поставува прашањето кој ги поставува стандардите според кои се мери тој квалитет?

Академската мисла ќе ја даде својата оценка за квалитетот на содржината на студиската програма преку истражување направено од страна на институцијата или на индивидуалнен план; студентите ќе ги ценат квалитетот на наставниот процес и средината во која студираат и живеат; владините тела ќе се задржат на исполнетоста на условите како и на професионалните вештини што завршените студенти треба да ги добијат итн. Ова значи дека методологијата за обезбедување квалитет во високото

образование треба да ги избалансира различните интереси на интересентите со цел да се постигне консензус за тоа што се подразбира под поимот квалитет во високото образование.

Доколку ги рангираме телата одговорни за реализација на активностите за обезбедување квалитет во високото образование кај нас, но и во пошироки рамки, би започнале од националното Министерство за образование и наука на кое тие активности му се врвен приоритет, потоа тука се владините тела кои имаат делегирана одговорност во својство на инспекторати, јавните институции или приватните организации, како агенции за обезбедување квалитет и на крај професионалните тела што како основна своја задача ја имаат професионалната сертификација, односно препознавањето и признавањето на стекнатите звања.

Но, се поставува прашањето што е она што се смета за релевантен фактор што треба да се истражува во функција на процесот на обезбедување квалитет во високото образование во меѓународен контекст, а е прифатливо за сите чинители. Одговор на ова прашање за високообразовните институции во Европа даваат Европските стандарди и насоки за обезбедување квалитет во високото образование (European Standards and Guidelines for Quality Assurance – ESG), усвоени од европските министри за високо образование на Бергенската конференција во 2005 година. Според Европскиот регистер на агенции за обезбедување квалитет во високото образование (The European Quality Assurance Register for Higher Education – EQAR)[8], помеѓу наведените агенции што целосно ги применуваат европските стандарди и насоки за обезбедување квалитет во високото образование се наоѓа и ИЕП[9] (Институционална програма за евалуација). Поради тоа што оваа агенција обезбедува следење и оценка на квалитетот во високото образование во неговата целовитост, без разлика на научните полиња, области или подрачја, за потребите на овој докторски труд се задржуваме на нејзините препораки во врска со фокусните точки на интерес кога станува збор за квалитетот на една високообразовна институција.

Мора да се напомене дека методолошката поставеност на евалуацијата на ИЕП (Институционална програма за евалуација) за високообразовните инстититуции е

[8]EQAR е основана од страна на т.н. Е4 група (Европската асоцијација за обезбедување квалитет во високото образование (ENQA), Европската студентска унија (ESU, порано позната под акронимот ESIB), Европската асоцијација на универзитети (EUA) и Европската асоцијација на високообразовни институции (EURASHE)) на самитот што се одржа во Мај, 2007, во Лондон. Функционира од летото 2008.
[9]Institutional Evaluation Programme: Guidelines for institutions, (2012), EUA

сеопфатна, односно не се однесува само на еден специфичен дел од работењето и функционирањето на институциите. Како што стои во објаснувањето и насоките што ги дава ИЕП „евалуацијата... се фокусира на институцијата како целина, а не на одредена студиска програма или на одреден сегмент. Евалуацијата (н.з.) се однесува на институционалните структури, процеси, политики и култура, со цел истите да се насочат со целиот свој капацитет да ги исполнуваат нивните активности во согласност со стратешките планови и цели, но и за да се изгради капацитет за соочување со процесите на промени.“ Ова само ја потврдува нашата констатација дека обезбедувањето квалитет, а со тоа и евалуацијата на квалитетот на работењето на институциите, е комплексен систем составен од многу специфични елементи, коишто, за да креираат константен успех, мора да ги следат и да се во согласност со добро осмислените стратешки планови и цели на високообразовната институција.

Се поставува прашањето – Што конкретно треба да се евалуира или што прецизно го чини квалитетот во работењето на институцијата?

За одговор на ова прашање ќе се послужиме со чек листата за процесот на самоевалуација на ИЕП, во којашто како најважни елементи се наведени:

1. ***Норми и вредности, мисија и цели*** – Што се обидува да направи институцијата или што сака да постигне истата? Како институцијата ја дефинира нејзината мисија и нејзините цели? Зошто институцијата ги избрала нив? Дали изборот е оправдан и дали валиден? Првото прашање е наменето да извлече информации за среднорочните и долгорочните цели и институционалниот профил и вредности.
2. ***Управување и активности*** *(програми и имплементација)* – Како институцијата се труди да го постигне тоа? Кои се процесите за донесување одлуки? Дали истите се транспарентни, конзистентни и правилни? Како се распределени овластувањата и одговорностите во институцијата? Дали процесите, структурите и критериумите се правилно избрани за дефинирање на валидни цели и за концептуализација и имплементирање соодветни постапки и средства, на пр. студиски програми или научно-истражувачки постапки и слично?
3. ***Практики за обезбедување квалитет*** – Како институцијата знае дека истите функционираат? Каков систем на повратни информации се применува како сигурност дека поставените цели се постигнуваат и се идентификуваат нови предизвици коишто претпоставуваат поставување на нови цели? Дали постои

силна култура за квалитет и енергични, одлучни процеси за управување со квалитетот?

4. ***Стратешки менаџмент (планирање) и капацитет за промена*** – Како институцијата се менува со цел да се подобри? Колкав е капацитетот на универзитетот да се измени, како во поглед на постигнувањето на веќе поставените цели, така и во поглед на поставување на нови цели? Дали е проактивен или реактивен?

Ваквата евалуација е базирана на пристапот „состојба за цел", односно за да се постигне целта мора најпрво да се скенира моменталната состојба, по што ќе следат препораки за подобрување, менување или развивање на детектираните добри аспекти. ИЕП го следи овој модел поради тоа што едноставните, но клучни прашања имаат за цел да ги охрабрат институциите на критична самоанализа за време на постапката за самоевалуација. Но, секој од наведените четири сегменти се расчленува на помали единици коишто длабоко навлегуваат во најелементарните функционални актовности на високообразовната институција. Од чек листата може да се види дека секој од овие сегменти се поврзува со претходниот на него и повторно сите создаваат една комплетна целина. Од интегралната чек листа за процесот на самоевалуација на ИЕП, може да се види што сé е опфатено во неа, но се добива и комплетна слика што сé значи квалитет на работење на високообразовните институции за една престижна европска асоцијација, како што е ЕУА.

## Основи и потреба од обезбедување квалитет во високото образование

Обезбедувањето квалитет во високото образование не е само институционален и национален проблем. Од содржината на следните поднаслови ќе забележиме дека основата на обезбедувањето квалитет во високото образование и потребата од задоволувањето на квалитетот во високото образование има поширока глобална димензија, односно квалитетот во високото образование претставува предизвик во пошироки интернационални рамки.

Исто така, ќе потврдиме дека теоретските основи на проблемот претставуваат универзална комплесна вредност чиишто корени допираат до економските постулати во постојаната борба за ефикасност, ефективност и успешност.

## Основи на проблемот

Економскиот развој на општеството е во директна корелација со развојот на образовниот сегмент, а посебно со напредокот во високото образование. Оваа забелешка за глобалниот напредок на општеството станува уште позначајна кога размислуваме за развојот на одреден регион, држава, област... Државите водат т.н. тивка војна за преземање на приматот на најсилна економија водена од образованието (knowledge-led economy).[10] Токму поради тоа во последните петнаесетина години, високообразовните институции на глобално ниво, и посебно на европско ниво, се исправени пред притисокот од сè посилното значење на обезбедување и подобрување на квалитетот на нивните услуги и активности.

Ваквата ситуација наоѓа свое оправдување и прифаќање и кај најважните чинители во високото образование, па така на националните ректорски конференции, редовно, како потребни промени коишто се идентификуваат како примарни и најважни за високообразовните институции се наведуваат:

7. Реформите на процесите за обезбедување квалитет,
8. Истражувачките политики,
9. Зголемувањето на институционалната автономија,

[10]Andree Sursock, Hanne Smidt with Howard Davies, Jonna Korhonen, Gerard Madill, Lesley Wilson: Trends 2010: A decade of change in European Higher Education, EUA publications 2010, Brussels, pg.14

10. Реформите во политиките за финансирање.[11]

Ова е така и поради потребата за меѓусебно признавање и препознавање на стекнатите образовни нивоа во земјите коишто географски припаѓаат на Европскиот континент, а поради зголемената меѓународна мобилност на студенти и веќе дипломирани/магистрирани/докторирани кадри. Имено, за меѓусебно признавање и препознавање на стекнатите образовни нивоа мора да се постигне консензус околу прашањето за стандардите што еден високообразовен систем треба да ги исполнува, односно потребно е приближување на нивоата на квалитет на различните национални високообразовни системи, со цел да се гарантира изедначеност или, барем, сличност во постигнувањата на студентите и/или кадрите со стекната диплома од различни циклуси на високото образование. Како што забележува проф. д-р Елена Думова – Јованоска (Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ – Скопје): „Она што еврото како заедничка валута го постигна во финансиското живеење и работење на Европската унија, Болоњската декларација треба да го обезбеди на пазарот на високообучена работна сила. Во обезбедувањето на таа цел постојат две суштествени препреки; едната е обезбедување на едноставно препознавање на квалификациите...“.

Во оваа насока се напорите што ги вложуваат европските чинители во високото образование, а се темелат, главно, врз принципите на Болоњската декларација, од кадешто и произлегоа и формите на делување преточени во Европските стандарди и насоки за обезбедување квалитет (ESGs), Европскиот регистар на агенции за обезбедување квалитет (EQAR) и годишниот Европски форум за обезбедување квалитет којшто претставува официјална европска трибина за мерење на достигнувањата во обезбедувањето на квалитет и каде се трасираат насоките и трендовите за обезбедување квалитет што треба да одговорат на растечката мобилност на образованието во транснационален контекст (проф. д-р Замир Дика, Универзитет на Југоисточна Европа – Тетово).

На национален план, квалитетот во високообразовните институции претставува двоен предизвик. Од една страна е предизвикот националните високообразовни институции (универзитетите) да се вбројат во квалитетните европски универзитети, што значи лесно, непречено и бирократски олеснето признавање и препознавање на стекнатите национални образовни квалификации во странство, но од друга страна е предизвикот универзитетите да ја преземат одговорноста за обезбедување квалитет,

[11]Ибид, стр.15

зголемувајќи ја притоа својата автономија преку ослободување од државниот интервенционизам во високото образование. Поради овој предизвик, мора јасно да се определат „правилата на игра“ во процесот на обезбедување квалитет на универзитетите во земјата, но истите и доследно да се почитуваат.

**Примена на деловната филозофија за целосен менаџмент на квалитетот во високообразовните институции**

Концептот за целосен менаџмент на квалитет е резултат од научната работа на професорот Едвардс Деминг и е претставен во 50-тите години од минатиот век, како деловна филозофија на управување со квалитетот, првенствено кај индустриските капацитети.

Според Бахавеш Ванаприја и Џајеш Додија, наједноставната дефиниција за TQM произлегува од:

Целосен (Total) – квалитетот вклучува секого и сите активности во институцијата

Квалитет (Quality) – посветеност на барањата на клиентот, односно задоволување на барањата на клиентот

Менаџмент (Management) – квалитетот може и мора да се управува

– процес за управување со квалитетот; мора да биде континуиран; филозофија на постојано напредување.

Така, терминот TQM означува процес на свртување на фокусот од институцијата и нејзините потреби кон супериорен квалитет на услугите и производите.

TQM како филозофија во образованието се имплементира подоцна отколку во деловниот свет, а како резултат на успехот што го постигна во индустријата. Како систем за квалитет, TQM главно се применува во САД, Велика Британија, но и во Азиските земји.

Овој концепт ги вклучува сите сегменти на образовниот процес: организација, управување, интерперсонални односи, материјални и човечки ресурси итн., што јасно се гледа од четирите принципи врз коишто е заснован:

1. *Институцијата мора да се фокусира на нејзините клиенти и добавувачи*, а во неа секој има двојна улога – и на клиент и на добавувач. Поради тоа треба

да идентификува сечија улога во нејзиниот дуалитет. Тоа значи дека во зависност од потребите, во високообразовната институција студентите и кадарот треба да се гледаат и како клиенти и како добавувачи. Ова важи и за останатите чинители, како родителите, јавната и државната администрација, владините и невладините тела и сл. Ваквиот пристап овозможува ситуација на многукратен успех, односно задоволување на потребите, очекувањата и желбите на секого, без фаворизирање на одредена група субјекти.

2. *Секој во институцијата мора да биде посветен на постојано усовршување, на индивидуален и колективен план.*
3. *Институцијата мора да се гледа како систем, а работата што вработените ја извршуваат во рамките на тој систем, мора да се набљудува како непрекинат, континуиран процес.* Во високообразовните институции мора да се вложуваат континуирани напори за изнаоѓање нови и подобри начини за постигнување на највисокиот човечки потенцијал – и кај студентите и кај наставниот кадар. Квалитетот на образовниот процес се рефлектира во образовните постигнувања.
4. *Успехот на практикувањето на TQM е одговорност на раководството на институцијата*, бидејќи без видлива и постојана посветеност кон принципите на овој концепт и негово „вдомување“ во организациската култура од страна на институционалното раководство, TQM е осуден на неуспех.

Меѓутоа, имплементацијата на TQM во високообразовните институции носи со себе и одредени предизвици и препреки. TQM претставува долгорочна посветеност; бара промени во институционалната, веќе востановена култура, односно претпоставува поинаков начин на перцепција, размислување и делување од страна на сите релевантни субјекти; подразбира тимска, а не индивидуална работа; очекува подготвеност за континуирано подобрување, што значи постојано учење и напредување. Ваквите предизвици покажуваат дека не треба да се очекува имплементацијата и функционирањето на концептот TQM во високообразовните институции да бидат лесен и едноставен зафат, но, ако постои комплетна институционална и поширока

заложба[12] на воведување на TQM, институцијата ќе може да очекуваат резултати со одличен квалитет за одреден временски период.

**Примена на ISO стандардот 9001:2008 и неговото значење во процесот на обезбедување квалитет во високообразовните институции**

ISO стандардот е воведен од Меѓународната организација за стандардизација ISO, чијшто централен секретаријат е сместен во Женева, Швајцарија. Оваа организација е независно, невладино тело во коешто членуваат 163 земји (меѓу кои и РМакедонија). За кредибилитетот на оваа организација, покрај бројноста на членството, зборува и фактот од издадени повеќе од 19 500 стандарди за речиси сите гранки на индустријата, од технологија, до контрола на храна, земјоделство и здравствена заштита. ISO стандардите се применливи секаде каде што треба да се обезбеди верба во квалитетот на производите и услугите, а тоа го вклучува и образованието.

ISO стандардот 9001:2008 во себе ги вклучува критериумите за квалитетен систем на управување и е единствен стандард за којшто се издава сертификат. Овој стандард наоѓа примена кај сите институции, без разлика на нивната големина, како и без разлика на нивното поле на фонкционирање. Поради тоа неговата примена своето место го пронашла во повеќе од еден милион институции во преку 170 земји.

Овој стандард се темели на бројни принципи за контрола на менаџментот, а вклучува фокусирање кон потребите и барањата на клиентот, мотивација и посветеност на институционалното раководство, процесен пристап и континуирано подобрување. Со цел една институција да биде сертифицирана со ISO стандардот 9001:2008, независен ревизор мора да потврди дека институцијата ги исполнува следните барања на поставените квалитетни нивоа: квалитетен систем на управување, документирано работење, раководство посветено на квалитет, успешно управување со институционалните ресурси, производството, крајните резултати, како и отвореност и подготвеност на институцијата за детектирање на моментална состојба, анализа на

[12]Покрај студентите, академските и неакадемските кадри, како значајни субјекти во смисла на TQM концептот се и стопанството, општеството, родителите, владата... А за да се примени вистински TQM концептот во високото образование потребно е да се вклучат сите заинтересирани и засегнати субјекти.

ситуацијата и подобрување. Така, високообразовната институција што сака да биде сертифицирана со ISO стандардот 9001:2008 мора да помине низ неколку фази:

11. Развој на систем за квалитет со имплементација на барањата од ISO стандардот 9001:2008;
12. Избор на акредитирано тело за сертификација;
13. Претходна ревизија на системот за квалитет од страна на телото за сертификација;
14. Финална ревизија на системот за квалитет од страна на телото за сертификација;
15. Неколку последователни ревизии на системот за квалитет, по што се издава сертификатот за ISO стандардот 9001:2008, којшто има важност од три години.

ISO стандардот 9001:2008 претпоставува исполнување на одредени барања во врска со системот за управување со квалитет, при што институцијата:

16. Треба да ја покаже способноста од континуирано обезбедување на квалитетен краен производ што ги задоволува очекувањата на клиентот, и
17. Се стреми да го зголеми задоволството на клиентот преку ефективната и ефикасната примена на системот, вклучувајќи ги постапките за подобрување на системот во континуитет и посветеност кон барањата на клиентот, како и постапките за имплементација на статусните промени и промените во поставените институционални правила кон барањата на ISO стандардот 9001:2008.[13]

ISO стандарот наоѓа своја примена и во високото образование во Македонија. Најчесто, овој стандард се применува и е прифатен за сертифицирање на административните процедури во високото образование, односно за сертификација на административната работа, а поради спецификите на високото образование и јасно поставените национални и меѓународни стандари за квалитет, поретко за процесите на настава и учење, научноистражувачка и апликативна дејност и сл.

[13] http://www.iso.org/iso, retrieved on 22.5.2015

**Самоевалуација, евалуација и акредитација во високото образование**

Како што веќе напоменавме, постои обезбедување внатрешен и надворешен квалитет на високообразовните институции.

Обезбедувањето на внатрешниот квалитет може да го поистоветиме со терминот самоевалуација, бидејќи станува збор за критичко согледување на состојбата на високообразовната институција во сите сфери од нејзината организација и функционирање, коешто институцијата самата го реализира. Имено, самоевалуацијата како процес ја спроведува високообразовната институција преку својот воспоставен систем за обезбедување на квалитет (Комисија за самоевалуација на Универзитетот, Канцеларија/Центар/Одделение за квалитет на Универзитетот, Комисии за самоевалуација на единиците во состав на Универзитетот и сл.), при тоа, водејќи се од воспоставени правила и прописи за обезбедување квалитет на Универзитетско ниво, а во согласност со националната легислатива и меѓународните стандарди поставени од релевантни интернационални тела и асоцијации.

Во поширока смисла на зборот, обезбедувањето внатрешен квалитет, покрај самоевалуацијата ја опфаќа и постапката на спроведување студентска анкета, којашто ги става студентите или клиентите во фокусот и ги вреднува нивните ставови и мислења во постапката на обезбедување, но и подобрување на квалитетот во високото образование.

Според ваквите изнесувања може да се заклучи дека во реализацијата на самоевалуацијата како и студентската анкета, значајна улога имаат сите поединечни ставови, мислења, саморефлексирања (самоевалуирања) на индивидуалната работа. Покрај улогата на поединците во креирањето на севкупната слика за состојбите во една високообразовна институција, во процесот на обезбедување внатрешен квалитет, односно самоевалуација, значајно е раководството на институцијата да ги преиспита зацртаните мисија и визија на институцијата, односно да одговори дали и како институцијата ја остварува својата мисија, дали има стратегија за идни делувања и дали е подготвена да се промени со цел подобрување на квалитетот. Кога високообразовната институција ќе направи SWOT анализа, врз основа на собраните податоци од вработените, таа се соочува со задоволството, но и со незадоволството од постигнатите резултати, со грижа поради појавените слабости во работата. Во исто време, институцијата ги согледува своите можности за развој, а мора да биде

подготвена да ги совладува препреките што и стојат на патот на развојот. Сите овие аспекти институцијата ги сублимира во извештај за самоевалуација којшто, за да биде функционален, мора да биде подготвен со почитување на сите методолошки научни принципи и да ги содржи сите важни елементи.

Самоевалуацијата е заснована на принципот *квалитетот може да се подобрува таму каде што се создава*.[14]

Ако обезбедувањето внатрешен квалитет го поистоветивме со самоевалуацијата и студентската анкета, тогаш обезбедувањето надворешен квалитет би бил синоним на евалуацијата. Но, во овој контекст надворешниот квалитет би бил определен од стандарди и насоки што се независни од високообразовната институција, па така доаѓаме до двојност на терминот – надворешен квалитет поврзан со исполнување на националните стандарди пропишани од државните надлежни тела, а кои се однесуваат на минималните просторно-технички услови и критериуми за студиски програми и надворешен квалитет во корелација со активностите што ги презема странска агенција или друго надворешно тело коешто мониторира исполнување услови што биле претходно договорени или поставени, а не се однесуваат на оние што ги поставила државата.

Покрај ова разбирање за надворешниот квалитет (евалуацијата), професорите Виолета Чепујноска и Божин Доневски го разгледуваат како активности што ги изведуваат експертски комисии во чиј состав се наставници со високо реноме кои се надвор од институцијата што се евалуира, а можат да бидат вклучени и експерти од странски универзитети. Ваквото сфаќање претставува мешавина од претходно елаборираните аспекти.

Во која било форма да се практикува и организира евалуацијата на високообразовната институција, сепак таа секогаш следи по извршена самоевалуација на институцијата. Всушност, евалуацијата на некој начин, покрај испитувањето на исполнетоста на националните и/или меѓународните стандарди за квалитет во високото образование, претставува и проверка на објективноста на високообразовната институција. Имено, експертската комисија што е ангажирана за реализација на постапката за евалуација на високообразовната институција, ги врши следните активности:

[14]Виолета Чепујноска и Божин Доневски, Обезбедување квалитет во високото образование: поглед од Македонија, Скопје, Битола, Интеруниверзитетска конференција на Република Македонија, 2005, стр.56

- Го проучува извештајот за самоевалуација и бара дополнителни информации, доколку смета дека истото е потребно;

- Води разговори со раководството на високообразовната институција, претставници на административниот и наставно-соработничкиот кадар и студенти;

- Ги проверува просторните и материјалните услови за работа;

- Во одредена ситуација може да побара и дополнителни докази како поткрепа за наводите во извештајот за самоевалуација (најчесто тоа е презентација на универзитетска документација и акти – Статут, правилници, упатства и сл.).

Ваквите активности се во насока на формирање на мислење за постојниот квалитет на високобразовната институција, како и за предложување препораки за подобрување како на севкупниот квалитет, така и на одредени сегменти од функционирањето на високообразовната функција, а со цел подигнување на нивото на функционирање на институцијата и нејзино исполнување, не само на националните и/или меѓународните стандарди, туку и постигнување на т.н. одличност во квалитетот (quality excellence). Поради тоа што основната постапка за евалуација не гарантира дека високообразовната институција и покрај предложените мерки за подобрување на перформансите од страна на експертската комисија, истите ќе ги земе во предвид и ќе ги имплементира, често (речиси како неизоставно правило) по основната постапка на евалуација, по точно определен временски период доволен за имплементација на предложените мерки од страна на евалуираната високообразовна институција и доволен за недвосмислено детектирање на промената и подготвеноста на промена на институцијата од страна на експертскиот тим, следи последователна постапка т.н. follow-up, во којашто експертскиот тим прави споредба на почетната состојба, односно затекнатата состојба при основната постапка за евалуација и состојбата во високообразовната институција по завршувањето на определената временска рамка за воведување на предложените мерки за подобрување на квалитетот.

Според ова, евалуацијата има четири аспекти: оценување/проценување, советување/препораки, споредување и информирање.

Покрај самоевалуацијата и евалуацијата, во високото образование многу значаен процес е и акредитацијата којашто се однесува и на високообразовните институции, но и на студиските програми во составот на тие институции. Имено, акредитацијата на високообразовните институции е потврда за обезбедено ниво на квалитет или исполнетост на минимум услови и стандарди пропишани во законските и

подзаконските акти[15] без којашто високообразовната институција не може да биде отворена и/или понатаму да ја извршува својата функција. Акредитацијата, пак, на студиската програма е потврда дека студиската програма ги вклучува сите пропишани и задолжителни елементи, односно ја има запазено формата, исто така, според одредени законски и подзаконски акти[16], како и потврда за нејзината содржина, адекватна на барањата, потребите и очекувањата на студентите, по однос на застапеноста на соодветни научни содржини, нивен соодветен сооднос, адекватен и стручен академски кадар, очекувани постигнувања и сл. Исто како и кај акредитацијата на високообразовната институција, добивањето акредитација за одредена студиска програма е предуслов за истата да може да се реализира. Иако условите за акредитација се пропишани со законски и подзаконски акти, сепак постапката може да се смета дека е независна, односно „невладина“, бидејќи решенијата за акредитација ги издава Одборот за акредитација и евалуација, во којшто членуваат професори од универзитетите во Македонија и кои, во зависност од своето научно поле, придонесуваат во работата на Одборот и одлучувањето за акредитација на одредени високообразовни институции и студиски програми.

### Рангирањето како алатка за обезбедување квалитет

Во суштината на рангирањето на високообразовните институции стои споредувањето на институциите со помош на сет на различни индикатори, коишто, во зависност од системот на рангирање може да имаат и различен степен на влијание при подготвувањето на ранг-листите на високообразовните институции. Со други зборови, изборот на индикаторите и нивната важност во рангирањето на институциите најмногу зависи од приоритетите на високообразовните институции, владините тела и органи и очекувањата на студентите, стопанските чинители или други засегнати субјекти.

Токму поради тоа, рангирањето како алатка за обезбедување квалитет не е прифатено со воодушевување од многу високообразовни институции во националниот и меѓународниот контекст. Односно, она што за одредени високообразовни

[15]Законот за високото образование, Уредбата за нормативите и стандардите, Уредбата за националната рамка на високообразовните квалификации, Правилникот на Одборот за акредитација и евалуација и Правилникот за задолжителните компоненти

[16]Во Република Македонија овој акт е Правилникот за задолжителните компоненти кои треба да ги поседуваат студиските програми од првиот, вториот и третиот циклус

институции е приоритет во моментот на рангирање, не е приоритет за други високообразовни институции што заедно се рангираат на иста ранг-листа. Или, приоритетите на малите, средните и големите универзитети (условно земено според бројот на студенти, факултети, студиски програми, кадар и сл.) не можат да се изедначат, па следствено на тоа, истите не можат меѓусебно да се споредуваат и рангираат според истозначни индикатори. Проблем кај генералното споредување на универзитетите постои и кога универзитети со различен фокус на образовно-научно интересирање се рангираат на иста ранг-листа. Покрај тоа што универзитетите се разликуваат по научните области што ги покриваат, се разликуваат и по нивната предоминантна едукативна или научно-истражувачка димензија. Сите овие прашања го оправдуваат анимозитетот што голем број високообразовни институции го имаат кон генерализираното рангирање. Исто така, проектот *Местото на рангирањата во институционалните процеси и стратегии* (прва паневропска студија за значењето и влијанието на рангирањата врз европското високо образование) покажа дека интерпретацијата на резултатите од рангирањата и нивното влијание врз високото образование често може да се покаже комплексна заради различните контексти и цели. Поради тоа рангирањата не би смееле да бидат набљудувани на некој посебен начин, а ни унилатерално. Од исти причини рангирањата не би смееле да бидат користени како единствен извор на информации и нивните резултати не би смееле да бидат прифатени без критичност како што и не би требало да бидат користени како база за одлучување во една установа или високообразовен систем. Таквото дејствување би претставувало сериозна закана за универзитетската автономија.[17]

Денеска, насекаде во светот перформансите на универзитетите сѐ повеќе се мерливи со користење на рангирањата што ги развиваат самите влади и/или специјализирани, а понекогаш и комерцијални национални или интернационални агенции. Глобалните трендови сѐ повеќе го протежираат рангирањето како показател на квалитетот на одредена високообразовна институција, посебно во меѓународниот контекст. Ова значи дека рангирањето се употребува како начин за привлекување странски студенти.[18] Исто така, на рангирањето, во глобална смисла, се гледа како независна информација за квалитетот и перформансите на одредена високообразовна

[17]Ellen Hazelkorn, Tia Loukkola at Therese Zhang, La place des classements dans les stratégies et processus institutionnels: Impact ou illusion?, Association Européenne de l’Université asbl, Bruxelles, 2014, pg.55
[18]Ellen Hazelkorn, The emperor has no clothes? Rankings and the shift from quality assurance to world class excellence, Trends in Quality Assurance: a selection of papers from the 3rd European quality assurance forum, EUA case studies, 2009, European University Association, Brussels, 2009, pg.10

институција. Всушност, рангирањето има свое влијание врз различните засегнати субјекти: [19]

18. Студентите – студентите на додипломски студии при изборот на високообразовна институција, сепак, се водат од географската положба на институцијата и, најчесто, ја бираат најблиската. Студентите, пак, на постдипломски студии покажуваат поголема сензитивност кон рангирањето на високообразовните институции отколку студентите на додипломски студии, што се должи и на нивното стекнато искуство, па почесто се одлучуваат за високообразовна институција што е рангирана на повисоко место на ранг-листата на сродни институции,
19. Работодавачите, посебно при изборот на своите идни вработени,
20. Академските партнери, при одлучувањето за започнување партнерство,
21. Владите при донесувањето на системските одлуките во врска со високото образование во земјата.

Колкав е интересот на официјалните владини структури за рангирањето на универзитетите во нашата земја може да се забележи и од различните законски решенија што се темелат на т.н. Шангајско рангирање на универзитетите.[20] Но, интересот за Шангајското рангирање не завршува само на странските универзитети, туку тој е насочен првенствено кон македонските јавни и приватни универзитети, па така, Министерството за образование и наука на РМ организираше и спроведе национално рангирање на македонските универзитети наменски креирано и управувано од Џиао Тонг Универзитетот од Шангај, Кина. Според официјалниот став на МОН „*Рангирањето на високообразовните институции во Република Македонија за 2013-2014 година е направено по барање на Министерството за образование и наука и истото е објавено на 25 Февруари 2014 година. Во рангирањето се вклучени 20 високообразовни институции. При тоа, користени се 21 индикатор за академските перформанси и конкурентноста, а кои се однесуваат на клучните аспекти од работењето на овие високообразовни институции како што се наставата, истражувањето и социјалната димензија. Се очекува дека ова рангирање*

[19]Ибид, стр.14 и стр.15

[20]Најчесто споменувана клаузула во ваквите законски решенија е: ...на првите 50, 100 или 200 универзитети според Шангајската листа...

*ќе придонесе за зголемена транспарентност, ефикасност и квалитет на високообразовните институции во Република Македонија*".[21]

Пред да го реализира проектот рангирање на македонските универзитети, Министерството за образование и наука на Република Македонија во 2010 година потпиша договор за давање услуги со конзорциумот „Детра Центар Цветко и Цена доо Скопје и Бизнис Академија Смилевски – БАС" за подготвување методологија за рангирање на универзитетите, односно за поставување мерила и критериуми за рангирањето. Тимот што ја подготвуваше методологијата главно се водел според Берлинските принципи, коишто, како што е наведено во подготвениот документ, ги сметале за квалитетни и широко прифатени. Така, како посебни акценти на коишто треба да се обрне внимание при рангирањето на универзитетите, тимот на конзорциумот ги издвоил образовната, истражувачката, но и „социјалната" компонента на универзитетската мисија, односно „високообразовните институции се рангираат врз основа на проверка на квалитетот и ефикасноста на наставната, научната и стручната работа"[22]. За проверка на овие три најважни сегмени од функционирањето, подготвени се 187 индикатори, со детаљно објаснување на методологијата на прибирање и обработка на податоците за наведените индикатори, како и изворите од каде би се добиле најрелевантните податоци во врска со индикаторите. Сепак, Министерството за образование и наука во 2013/14 година го спроведе т.н. Шангајско рангирање на универзитетите, за коешто стана збор погоре во овој текст.

Универзитетот „Св. Климент Охридски" – Битола, дополнително учествуваше и во U-Multirank мултидимензионалното рангирање на универзитетите и другите високообразовни институции на меѓународно ниво, водено и креирано од страна на Центарот за високо образование (CHE) од Германија и Центарот за проучување на високообразовните политики (CHEPS) од Холандија, додека Интернационалната асоцијација на универзитетите (IAU) е член на Советодавниот одбор. Ова рангирање, како пандан на широкоприфатените глобални рангирања од видот на Шангајското рангирање на универзитетите или Times QS World University Ranking, има сосем нов и различен пристап кон рангирањето, преку споредување на перформансите на универзитетите, не само во научно-истражувачката, туку и во наставната работа, во трансферот на знаење, интернационализацијата и застапеноста во регионот.

[21]http://www.mon.gov.mk/index.php/dokumenti/rang-listi, преземено на 22.5.2015г.

[22]Мерила и критериуми за рангирање на јавните високообразовни институции во Република Македонија (Методологија за рангирањето), Детра Центар Скопје, Бизнис Академија Смилевски – БАС, 2010, стр.14

U-Multirank рангирањето се изведува на институционално ниво, но вклучува и сет на подрангирања поврзани со одредени дисциплини, па поради тоа е и поприфатливо за универзитети како Универзитетот „Св. Климент Охридски“ – Битола (според големина, структура, организациска поставеност и сл.).

Без разлика дали високообразовните институции го прифаќаат или не, рангирањето неминовно е прифатлива алатка за одредување на квалитетот на институциите во поширок контекст, односно тоа е релевантен показател за квалитетот на високообразовните институции за повеќето заинтересирани субјекти, како на национална, така и на меѓународна основа. Според Проектот *Местото на рангирањата во институционалните процеси и стратегии* транснационалните споредувања претставуваат неизбежен под-производ на глобализацијата и ќе се интензивираат во иднина. Значи, многу е важно институциите да го подобрат својот капацитет за институционално истражување, со цел да бидат во можност на јавноста да и обезбедат значајни и споредбени информации за нивните институционални перформанси.[23]

Главните заклучоци од овој проект, а коишто се од интерес за ова истражување се следни:

1. Не може прецизно да биде идентификувана улогата што рангирањата ја играат во институционалните процеси и стратегии заради комплексноста на контекстот во којшто високообразовните институции оперираат и заради бројот на фактори што високообразованите институции треба да ги земат во предвид за развивање на нивните стратегии. Освен светските рангирања и домашните, националните рангирања играат значајна улога и покрај тоа што постојат некои конфузии во однос на она што точно претставува едно рангирање.

2. Терминот рангирање е општо користен за назначување на секаква активност на мерење на перформансите во високото образование. Овој амалгам на концепти се појавил без сомнение затоа што, независно од инструментите користени за полагање сметки или за обезбедување транспарентност, резултатите се објавуваат во вид на компаративни табели или обично класирање/рангирање. Од овој момент се јавува и конфузијата за тоа што прецизно претставува рангирањето.

3. Високообразованите институции рангирањата, покрај другите, ги сметаат за извор на информации. Начинот на којшто тие ги анализираат и размислуваат за

---

[23]Ellen Hazelkorn, Tia Loukkola at Therese Zhang, La place des classements dans les stratégies et processus institutionnels: Impact ou illusion?, Association Européenne de l’Université asbl, Bruxelles, 2014, pg.13

рангирањата не е ниту систематичен, ниту кохерентен и може да се одвива на формално и неформално ниво. Институциите користат *ad hoc* шеми на следење како одговор на стратешките потреби поврзани со специфични прашања. Затоа начинот на којшто институциите реагираат не може да биде едногласно и јасно дефиниран: сите институции или секоја група институции со сличен профил, не реагираат на ист начин.

4. Главните групи корисници на рангирањата што овој проект можеше да ги идентификува беа исто толку надвор од институцијата (владата или некој авторитет задолжен за високото образование во општа смисла на зборот, странски студенти) колку и во самата институција (институционалното водство и академската заедница во својата целост). Сепак, начинот на којшто овие групи ги користат рангирањата варира, исто како и однесувањата во однос на рангирањата.

5. Иако високообразовните институции може да бидат многу критични во однос на она што е рангирано и начинот на којшто тоа е направено, собраните елементи покажаа дека рангирањата, сепак, може да се користат на различни начини: да се надополни некоја празнина во информацијата; за споредување; за документирање на институционалниот процес на одлучување и на крај и, особено, во рамките на промотивните активности.

6. Институционалните процеси што се под влијание на рангирањата спаѓаат во следниве категории: 1) механизми за мониторинг и следење на рангирањата; 2) појаснување на институционалните профили и прецизирање на клучните активности во тој поглед; 3) подобрување на собирањето на институционални податоци; и 4) инвестирање во зајакнувањето на институционалната слика.

7. На тој начин рангирањата овозможија да се генерира повисок степен на разбирање на динамиките за промената на делување во рамките на високообразовните институции, како на национално така и на интернационално ниво и, особено, како одговор на растечкото значење што му се дава на квалитетот и перформансите.

Рангирањето се смета за еден од аспектите во процесот на обезбедување квалитет, а интересот на националните влади за истото може да се разгледува и од аспект на нивно зголемено мобилизирање и активирање во подобрување на перформансите и потецијалите на националните високообразовни системи, па според тоа, и поголемо финансирање и друга соодветна поддршка на универзитетите.

Доколку правилно и добро се користат, на институционално ниво, како што се наведува и во заклучоците на проектот *Местото на рангирањата во*

*институционалните процеси и стратегии,* рангирањата може да се дел од еден стратешки пристап. Тие може да придонесат за стимулирање на дискусијата за улогата и иднината на високото образование, евалуирајќи и мерејќи ги перформансите, одржувајќи го добриот квалитет на информациите, обезбедувајќи им информации на стејкхолдерите и овозможувајќи им да комуницираат со нив, придонесувајќи за осовременување и професионализација на институционалните процеси. Рангирањата, исто така, успеаја да ја направат високообразовната заедница посвесна за постоечката конкуренција на национално и светско ниво. Да и се дадат на располагање на јавноста достапни, значајни и компаративни информации за квалитетот, перформансите и вредноста на високото образование ќе овозможи да се зајакне и поддржи општествениот и политичкиот ангажман во интерес на секого.[24]

[24]Ибид, стр.56

**Обезбедување квалитет во високото образование – меѓународни аспекти**

Во 2006 год., Европската Комисија ја потенцира потребата од транспарентни системи за обезбедување квалитет и ја зајакна Европската соработка, со што го поплочи патот за формирањето на Европскиот регистар за обезбедување квалитет во високото образование (EQAR) во 2008 год. Во Извештајот од 2009 год. за напредокот на процесот за обезбедување квалитет во високото образование, Комисијата ја нагласи потребата од понатамошен развој на Европските стандарди и показатели за обезбедување квалитет и даде поддршка на зајакната Европска димензија во постапките за обезбедување квалитет.[25]

Во продолжение на насловот дадени се меѓународни аспекти во врска со обезбедувањето и оценувањето на квалитетот во високото образование и тоа од документарно, институционално и универзитетско гледиште.

**Болоњската декларација во функција на обезбедување квалитет**

Болоњската декларација е заедничка декларација (заложба) на европските министри за образование и се однесува на реформи во структурата на националните системи за високо образование, а со цел нивно приближување (никако изедначување) и подобрување за полесно признавање и препознавање на стекнатите квалификации и зголемена мобилност на студентите, академскиот кадар и високооквалификуваната работна сила на Европскиот пазар. Оваа декларација е потпишана во Болоња, Италија на 19 Јуни, 1999 година, а Македонија се приклучи на Болоњската декларација од 19 Септември, 2003 година.[26] Болоњската декларација не е еднократна активност. Всушност, почнувајќи од неа, се разви континуиран процес, познат како Болоњски процес, којшто како официјални елементи ги вклучува министерските самити и

[25]Ellen Hazelkorn, The emperor has no clothes? Rankings and the shift from quality assurance to world class excellence, Trends in Quality Assurance: a selection of papers from the 3rd European quality assurance forum, EUA case studies, 2009, European University Association, Brussels, 2009, (pg.11)

[26]Од 1999 година, Болоњската декларација не се потпишува, туку се пристапува кон Болоњскиот процес, така што земјата аплицира за пристапување, а земјите, коишто веќе се учесници на процесот, се изјаснуваат за апликацијата

конференции, од коишто произлегуваат дополнителни препораки и насоки, со акцентирање на фокусните точки на активност во еден иден временски период.[27]

Причините поради коишто европските министри ја согледале потребата од официјализирање и посветеност кон една ваква заложба лежат во создавањето на еден европски простор ослободен од бирократски граници во сите сфери, вклучувајќи го и високото образование. Автономно, напредно и квалитетно национално високо образование, пред сè, апликативно во различни географски услови, е гаранција за поттикнување на глобалниот општествен развој и е неизбежна компонента на обединетата Европа, како простор за консолидација, којшто на своите граѓани може да им понуди чувство на припадност по сите основи, па и по образовната. Целта на Болоњскиот процес не е да се воспостави унифициран единствен систем за високо образование во Европа. Напротив, Европа се труди, како една од своите предности да го истакне единството во националните различности. Во таа смисла Болоњскиот процес има за цел да изгради мостови коишто на поединците би им овозможиле слободно движење од еден во друг национален високообразовен систем.[28]

Болоњскиот процес претставува проект во којшто свои заеднички напори вложуваат националните власти, универзитетите, академската заедница, заедно со други заинтересирани субјекти, како работодавачите, агенциите за обезбедување квалитет, меѓународните организации и институции, вклучувајќи ја тука и Европската комисија. Болоњскиот процес во својата суштина ги инкорпорира заложбите за воведување трицикличен образовен систем (составен од додипломски, дипломски и последипломски студии), зголемена контрола на квалитетот на образовниот систем и полесно признавање на образовните квалификации и периоди на студирање.

Целите на Болоњската декларација, но и на т.н. Болоњски процес се:

22. Прифаќање на системите на лесно препознатливи и споредливи нивоа на образование преку воведување на Додатокот на Диплома, со цел подобрување на вработувањето на европските граѓани и унапредување на меѓународната конкурентност на европскиот високообразовен систем.
23. Прифаќање на систем на образование базиран на два главни циклуса, прв (додипломски) и втор (дипломски), во којшто пристапот на вториот циклус е

---

[27]Секоја од државите учеснички во Болоњскиот процес (како и академската заедница на земјата) е слободна по свое видување да ги прифати или одбие принципите на Болоњскиот процес, иако во пракса се покажува дека влијанието на меѓународните текови е мошне важно, односно само мал број од земјите одлучуваат да се изолираат од меѓународните трендови во високото образование.
[28]http://ec.europa.eu/education/policy/higher-education/bologna-process_hr.htm, преземено на 23.5.2015г.

условен со успешното завршување на првиот циклус на студирање кој мора да трае најмалку три години, а квалификациите стекнати на првиот циклус задолжително треба да се комплементарни и да одговараат на барањата и потребите на европскиот пазар на трудот.

24. Користење на бодовен систем, т.н. ЕКТС (европски кредит трансфер систем), како погодна алатка за напредување на студентите во текот на нивното студирање, односно како алатка за бројно вреднување на нивните академски постигнувања.
25. Промовирање на мобилноста со цел овозможување на студентите студиски престој на странски универзитети, а на академскиот и административниот кадар признавање и валоризирање на времето поминато на некој од европските универзитети во истражување, предавање или обучување, без притоа да се загрозуваат нивните статутарни права.
26. Промовирање на европската соработка за обезбедување квалитет со цел развој на споредливи критериуми и методологии.
27. Промовирање на европска димензија во високото образование, а посебно при развојот на наставните програми, унапредувањето на меѓународната соработка, креирањето на заеднички студиски програми, интегрирани студии, обуки и научни истражувања.

Кога станува збор за националните системи и нивните релевантни структури за имплементација на Болоњските цели, главно се вклучени ресорните министерства за високо образование, ректорските конференции, интеруниверзитетските конференции, други асоцијации во високото образование, студентските унии, сојузи, парламенти, пленуми, но и агенциите за обезбедување квалитет, стопанските претставници и сл.

Република Македонија, како учесник во Болоњската декларација се обврзува на исполнувањето на овие цели. Оттука произлегува и тоа дека се обврзува на обезбедување квалитет во високото образование. Заложбата што Македонија ја има преземено на национално ниво, преку високообразовниот систем се пренесува и на универзитетите, вклучувајќи го и Универзитетот „Св. Климент Охридски“ – Битола.

На самитот во Берлин во 2003 година, министрите констатираа дека врз основа на принципите на институционалната автономија, главната одговорност за обезбедувањето квалитет во високото образование припаѓа на самите високообразовни

институции. Поради тоа, се определија и три јасни насоки за националните високообразовни системи, и тоа:

28. Јасно дефинирање на одговорностите на органите и институциите вклучени во процесот на обезбедување квалитет;
29. Евалуација на студиските програми на институциите преку реализација на внатрешна и надворешна евалуација и непосредно учество на студентите во процесот;
30. Јавна публикација на резултатите од изведената евалуација.

Дополнително, т.н. Група Е4 (ENQA, EUA, EURASHE, ESU)[29] се задолжи за следење на процесот на обезбедување квалитет на европско ниво, преку истражување на начините за обезбедување систем за вреднување на агенциите за обезбедување квалитет и подготвување стандарди, процедури и насоки за обезбедување квалитет во високото образование, што би биле општо прифатливи за земјите учеснички во Болоњскиот процес.

На сите наредни министерски самити во рамките на Болоњскиот процес, редовно, процесот на обезбедување квалитет во високото образование е ставан во фокусот на вниманието. На самитот во Берген (2005 год.) министрите ги прифатија Стандардите и насоките за обезбедување квалитет на Заедничкиот европски простор на високото образование. Помеѓу два самита, оној во Берген и самитот во Лондон (2007 год.), во 2006 год., Европската Комисија ја потенцира потребата од транспарентни системи за обезбедување квалитет и ја зајакна Европската соработка, со што го поплочи патот за формирањето на Европскиот регистар за обезбедување квалитет во високото образование (EQAR) во 2008 година. Со ваква основа, на самитот во Лондон (2007 год.) беше нагласена потребата од основање Европски регистар на агенции за обезбедување квалитет (EQAR). Повторно помеѓу одржување на два самита, во Извештајот од 2009 год. за напредокот на процесот за обезбедување квалитет во високото образование, Комисијата ја нагласи потребата од понатамошен развој на Европските стандарди и показатели за обезбедување квалитет и даде поддршка на зајакната Европска димензија во постапките за обезбедување квалитет.[30] Потоа, на самитот во Лувен (2009 год.) министрите ја потврдија важноста на обезбедувањето

[29]ENQA – Европска мрежа за обебзбедување квалитет во високото образование; EUA – Европска асоцијација на универзитети; EURASHE – Европска асоцијација на високообразовни институции; ESU – Европска асоцијација на студенти
[30]Ибид (pg.11)

квалитет во сите акпекти на високото образование и ја нагласија потребата од транснационално образование, темелено врз резултатите од учењето и оптоварувањето на студентите, како и потребата од транспарентност во високото образование; и на последниот самит[31] во Букурешт (2012 год.) министрите истакнаа дека: „Обезбедувањето квалитет е клучно во градењето на доверба и зголемувањето на интересот во високообразовната понуда во рамките на Заедничкиот европски високообразовен простор...“. Тие, исто така, се обврзаа дека ќе ги ревидираат Европските стандарди и насоки за обезбедување квалитет во високото образование (ESG), со цел да се подобри нивната јасност, апликативност и корисност, како и опсегот. Понатаму, министрите го поздравија процесот на надворешна евалуација на Европскиот регистар на агенции за обезбедување квалитет во високото образование (EQAR) и ги поттикнаа сите квалификувани агенции да аплицираат за членство во Регистарот. Дополнително, како поткрепа на претходното, министрите ги поканија регистрираните агенции да делуваат во Европскиот високообразовен простор, почитувајќи ги притоа националните легислативи во врска со обезбедувањето квалитет во високото образование.

За улогата на Болоњскиот процес во обезбедувањето квалитет во високото образование говорат и резултатите од бројните истражувања што во фокусот ја ставаат релацијата Болоњски процес – обезбедување квалитет. Имено, според ваквите истражувања Болоњскиот процес во последните петнаесетина години ја наметна потребата од исполнување на неколку цели на националните системи за високо образование, а показателите од лонгитудиналните истражувања покажуваат дека обезбедувањето квалитет, во овој период, е значајна причина за воведување промени во националните системи. Ова посебно се однесува на развојот на процесите за обезбедување внатрешен квалитет, додека промените кај обезбедувањето надворешен квалитет се водат и ги земаат во предвид, превенствено, процесите за обезбедување внатрешен квалитет. Фокусот се става на институционалните ревизии и евалуации, коишто, врз основа на принципите на Болоњската декларација, го нагласуваат учеството на студентите и дијалогот со сите засегнати субјекти.[32]

[31]Следниот самит е закажан за 14 и 15 Мај, 2015 година во Ереван, Ерменија
[32]Andree Sursock, Trends 2015: Learning and teaching in European universities, EUA publications 2015, Brussels, pg.11

**Европската асоцијација за обезбедување квалитет во високото образование**

Во основите на Европската мрежа (подоцна асоцијација) за обезбедување квалитет во високото образование стои Европскиот пилот проект за евалуација на високото образование (1994-95 год.), којшто ја демонстрираше вредноста на споделеното искуство во областа на обезбедувањето квалитет. Како резултат на овој проект, а следејќи ги препораките на Советот на Европа (од 24 Септември, 1998 год.) за европска соработка за обезбедување квалитет во високото образование и Болоњската декларација (1999 год.), Европската мрежа за обезбедување квалитет во високото образование беше формирана во 2000 година, а во 2004 година беше трансформирана во Европска асоцијација за обезбедување квалитет во високото образование, но го задржа својот оригинален акроним ENQA.

Мисијата на оваа асоцијација е да даде значаен придонес кон одржувањето и подобрувањето на квалитетот на европското високо образование и да дејствува како главна движечка сила во обезбедувањето квалитет во високото образование во сите национални високообразовни системи на земјите потписнички на Болоњската декларација.

Основните цели на Европската асоцијација за обезбедување квалитет се:

31. Застапување на своите членови на европско и меѓународно ниво, посебно во процесите чијшто резултат се значајни политички одлуки во врска со обезбедувањето квалитет во високото образование и при соработката со други организации;
32. Фукционирање како тинк-тенк институција за постојан развој на процесите и системите за обезбедување квалитет во Европскиот високообразовен простор;
33. Функционирање како комуникациска платформа за размена и дисеминација на информации и експертиза во областа на обезбедувањето квалитет во високото образование помеѓу своите членови, но и со останатите засегнати субјекти.

За да ги постигне своите цели, Европската асоцијација за обезбедување квалитет во високото образование ги пренесува сите податоци и информации за искуствата, добрите практики и новите развојни трендови во полето на евалуацијата и обезбедувањето на квалитетот во високото образование до сите значајни чинители,

како националните власти, високобразовните институции, студентите и агенциите за обезбедување квалитет. Сепак, оваа асоцијација потенцира дека основната одговорност за квалитет во високото образование лежи кај високообразовните институции, односно, со други зборови, обезбедувањто внатрешен квалитет има предност пред обезбедувањето надворешен квалитет. Како што се забележува во објавите на официјалната web страница (www.enqa.eu) на асоцијацијата: *Обезбедувањето надворешен квалитет, за што одговорни се агенциите за обезбедување квалитет, исполнува други потреби – во неговата најдобра форма тоа значи комбинација на одговорност за стекнување и задржување на довербата на јавноста во квалитетот на високобразовните институции, како и објективна и развојна улога во подобрувањето на квалитетот на институциите.*

Европската асоцијација за обезбедување квалитет во високото образование ја почитува различноста на националните високообразовни системи, а со тоа и на различните пристапи кон обезбедувањето квалитет во националните системи. Но, поради претходно наведените причини за приближување на националните високообразовни системи (како основа на Болоњската декларација), во соработка со Европската асоцијација на универзитети, Европската асоцијација на високообразовни институции и Европската асоцијација на студенти, во 2005 година пред министрите на Бергенскиот самит го поднесе за прифаќање документот познат како Стандарди и насоки за обезбедување квалитет во Европскиот високообразовен простор (ESG). Од тогаш овој документ го добива својот примат во многу национални високообразовни системи кога станува збор за креирање и создавање смерници за обезбедување внатрешен квалитет на високообразовните институции. Тоа што огромен број на национални високообразовни системи го следат при креирањето на сопствените политики за обезбедување внатрешен квалитет на високообразовните институции во сумирана форма е следното:

Европски стандарди и насоки за обезбедување внатрешен квалитет во рамките на високообразовните институции

- *Политика и процедури за обезбедување квалитет*: Институциите треба да развијат сопствени политики и соодветни процедури за обезбедување квалитет, како и стандарди во врска со нивните студиски програми. Тие, исто така, треба да се посветат на развој на култура за препознавање на важноста на квалитетот и обезбедувањето квалитет во нивната работа. За таа цел, институциите треба да

донесат и имплементираат стратегија за континуирано подобрување на квалитетот. Стратегијата, политиката и процедурите треба да имаат официјален статус и да се јавно достапни. Тие треба да ги вклучуваат и погледите на студентите и другите интересенти.

- *Одобрување, следење и периодична проверка на студиските програми и постигнувања*: Институциите треба да имаат изградено формални механизми за одобрување, следење и периодична проверка на нивните студиски програми и постигнувања.
- *Оценување на студентите*: Студентите треба да се оценуваат преку јавни критериуми, правила и процедури, чијашто примена е континуирана и доследна.
- *Обезбедување квалитет на наставниот кадар*: Институциите треба да имаат начини за себеубедување дека наставниот кадар којшто е ангажиран во наставно-образовниот процес е квалификуван и компетентен за својата работа. Ваквите постапки треба да бидат достапни за оние што ја прават надворешната евалуација на институцијата и истите можат да бидат коментирани во извештаите од извршената надворешна евалуација.
- *Материјали за учење и студентска поддршка*: Институциите треба да бидат сигурни дека материјалите коишто се наменети за учење и достапни за студентите се адекватни и соодветни за секоја од програмите што се реализираат на високообразовната институција.
- *Информациски системи*: Институциите треба да обезбедат собирање, анализа и употреба на релевантни информации и податоци со цел ефективно управување на нивните студиски програми и останатите активности.
- *Јавно информирање*: Институциите треба постојано да ги објавуваат најновите податоци, независно и објективно да ја информираат јавноста, преку квалитативни и квантитативни показатели во врска со студиските програми што ги нудат, како и останатите активности што ги реализираат во рамките на нивното функционирање.

Оправдано е да се смета дека сите потписници на Болоњската декларација би ги следеле овие стандарди и насоки, иако истите немаат обврзувачки карактер. Република Македонија, како што веќе нагласивме, пристапи кон Болоњскиот процес во 2003 година. Во делот посветен на разгледување и анализа на националните прописи во врска со обезбедување квалитет на високото образование ќе се задржиме подетално на

заклучоците, дали и колку релевантните национални власти ги инкорпорираат Европските стандарди и насоки за обезбедување квалитет во високото образование.

**Европската асоцијација на универзитети во функција на обезбедување квалитет**

Европската асоцијација на универзитети е резултат на спојувањето на Асоцијацијата на европски универзитети (CRE) и Конфедерацијата на Европската унија на ректорските конференции во Саламанка, на 31 Март, 2001 година.

Со повеќе од 850 членови од 47 земји, ЕУА е најголемата сеопфатна организација, којашто ги претставува универзитетите во Европа. Оваа организација функционира како платформа којашто обезбедува еднакви можности на своите членови да ги споделуваат сопствените искуства преку учество во проекти, настани и други форми на заедничко учење. Најважно од сѐ е дека ЕУА на универзитетите коишто членуваат во неа им овозможува единствена прилика да влијаат и да ја моделираат европската политика и иницијативите во врска со високото образование и истражувачката работа преку заедничката работа и контактите што оваа асоцијација ги остварува со Европската комисија, Парламентот и останатите европски значајни тела и органи.

Помеѓу бројните членови на ЕУА се наоѓа и Универзитетот „Св. Климент Охридски" – Битола како нејзин полноправен член.

Она што е значајно за Европската асоцијација на универзитети, а се однесува на обезбедувањето квалитет во високото образование се нејзините активности што оваа асоцијација ги презема на четири нивоа и тоа:

1. *Институционално ниво: подобрување на квалитетот.* Уште од 90-тите години во минатиот век, ЕУА ја има преземено клучната улога во развивањето на капацитетите на високообразовните институции со цел истите да креираат процеси за обезбедување внатрешен квалитет, и тоа преку Институционалната евалуациона програма (IEP) и бројните проекти како Култура на квалитет, Креативноста во високото образование, Обезбедување квалитет за агендата на промени во високото образование, Проучување на културата на квалитет, Промовирање на културата на квалитет во високообразовните институции, Зајакнување на универзитетите со цел исполнување на нивната обврска за обезбедување квалитет (наменет за универзитетите во Албанија, Босна и

Херцеговина и Косово). ЕУА, исто така, придонела на обезбедувањето квалитет на докторско ниво преку АРДЕ проектот, а во 2006 година го издаде Водичот за зајакнување на квалитетот во европските заеднички студиски програми на магистерско ниво.

2. *Национално ниво: Зајакнување на процедурите за надворешна одговорност.* Институционалната евалуациона програма на ЕУА е членка на Европската асоцијација за обезбедување квалитет и на тој начин ЕУА, на редовна основа, учествува на највважните дискусии на коишто се одлучува на системско ниво, но од друга страна го одржува дијалогот со индивидуалните членки во нејзиниот состав со цел нивен развој на национално ниво.
3. *Европско ниво: Промовирање на развојот на европската димензија за обезбедување квалитет.* Оваа активност ја реализира заедно со Европската асоцијација за обезбедување квалитет, Европската асоцијација на високообразовни институции и Европската асоцијација на студенти (заедно се познати како Група Е), а во насока на развој на европската димензија за обезбедување квалитет, преку создавање и ревидирање на Европските стандарди и насоки за обезбедување квалитет во Европскиот високообразовен простор (ESG). При ревидирањето на овој документ Групата Е4 соработуваше и со други значајни институции и организации, како Бизнис Европа, Европскиот регистар на агенции за обезбедување квалитет и Education International. Исто така, на иницијатива на ЕУА, Групата Е4, од 2006 година, организира годишен Европски форум за обезбедување квалитет (EQAF), каде се состануваат агенциите за обезбедување квалитет и високообразовните институции, со цел да се реализира европската агенда за обезбедување квалитет, темелена на најдобрите практики во европски контекст. ЕУА, заедно со останатите членки на групата Е4, е основоположник на Европскиот регистар на агенциите за обезбедување квалитет во високото образование (EQAR).
4. *Меѓународно ниво: регионален дијалог.* Покрај активната вклученост на ЕУА во креирањето на европската политика за обезбедување квалитет во високото образование, оваа асоцијација е активна и на меѓународен план, со цел да обезбеди видливост на европското високо образование насекаде во Светот, но и да учествува во моделирањето на интернационалните трендови во високото

образование и обезбедувањето квалитет. Оваа своја мисија ја исполнува преку членството во повеќе меѓународни асоцијации и организации.

Она што е од посебен интерес за докторската тема е Институционалната евалуациона програма (IEP), чиишто препораки се разгледуваат како најрелевантен извор за креирање на институционалниот процес за обезбедување квалитет на Универзитетот „Св. Климент Охридски“ – Битола.

**Систем на обезбедување квалитет на Универзитетот во Кембриџ – Велика Британија**

Според она што е претставено на официјалната веб страница на Универзитетот во Кембриџ, како водич за обезбедување квалитет, очекувано може да се заклучи дека Универзитетот има воспоставен систем за обезбедување квалитет во којшто ништо не е оставено на случајност. Системот за обезбедување квалитет на овој Универзитет во себе ги опфаќа сите сегменти на функционирање на Универзитетот, а истовремено, неговата форма е внимателно и прецизно конципирана, така што постојат акти, документи и формулари коишто се наменети за пополнување од страна на засегнатите чинители (академски и неакадемски кадар, раководство на Универзитетот, управни тела и органи, студенти, домашни национални релевантни субјекти, надворешни организации и институции) за секој сегмент поодело.

Управувањето на Универзитетот во Кембриџ има доста развиена и разгранета структура. Најважни се централните управувачки тела:

Управен дом (Regent House) – составен од повеќе од 3 800 членови, вклучувајќи ги Универзитетските управители и декани на колеџите. Ова тело ги донесува и надградува регулаторните акти на Универзитетот,

Сенат (Senate) – составен е од сите магистрирани и докторирани на овој Универзитет, како и сите членови на Управниот дом. Сенатот го бира ректорот на Универзитетот (Chancellor) и Високото управно тело (the High Stewart).

Совет (Council) – составен од 16 избрани членови, 4 надворешни членови и 3 студенти. Со него претседава заменикот на ректорот. Советот е највисокото извршно тело коешто ја креира универзитетската политика, а за своите одлуки одговара пред Управниот дом. Советот вклучува бројни комисии, како финансиската комисија и комисијата за планирање.

Генерален факултетски одбор (General Board of the Faculties) – има советодавна улога во врска со универзитетската образовна политика и контролирањето на ресурсите. Неговата основна обврска е постигнување, задржување и подобрување на нивото на квалитет во наставната сфера и истражувањето.

Контролен одбор (Board of Scrunity) – чија основна улога е надгледување на работата на универзитетските управувачки тела. Во него членуваат управители, заменици управители и 8 членови од Управниот дом.

Според ваквата поставеност, за процесот за обезбедување квалитет на Универзитетот во Кембриџ најодговорен е Генералниот факултетски одбор чијашто политика во врска со оваа проблематика е:„...Универзитетскиот процес за обезбедување квалитет треба да соодветствува примарно на неговите наставни, образовни и активности за оценување, а дури потоа на надворешните режими за обезбедување квалитет.“

Универзитетските процедури за обезбедување квалитет се дизајнирани така што ги рефлектираат Универзитетската мисија; комплексноста, разноликоста и федералната структура на Универзитетот; Универзитетската природа како академска заедница; убедувањето дека наставниците и студентите се најефикасни во поддржувачка и партиципативна средина, а не во управувачка и контролирана средина; колегијалната природа на Универзитетот; делегираната одговорност на факултетите и одделите за нивните сопствени процедури за обезбедување квалитет; соодветниот централизиран пристап кон потецијалниот ризик за наставата и оценувањето и наставно-образовната стратегија на Генералниот факултетски одбор.

Поради тоа што најголемо внимание и се посветува на наставно-образовната дејност и процедурите за донесување нови и изменување на постојните студиски програми обезбедувањето квалитет кај студиските програми се детаљно и конкретно разработени. Тоа значи дека сите инволвирани страни (Генералниот факултетски одбор, факултетските тела, студентските тела, надворешните оценувачи, канцелариите за прием на студенти и сл.) имаат своја улога во овие процедури, со јасно прецизирани одговорности и права, како и точно определено време за нивно изјаснување и/или дејствување. Поради комплексноста на процесите за воведување нови студиски програми и вклученоста на бројни засегнати субјекти, вообичаеното време од нејзиното иницирање до воведувањето ваква студиска програма трае од две до три години. Секако дека иницирањето нова студиска програма започнува на факултетско

ниво, а како нејзина поткрепа претходно стои истражување на потребите и ефикасноста од воведување на новата студиска програма, како и анализа на финансиските импликации и финансиската оправданост од неа. Предлогот за воведување нова студиска програма до Генералниот факултетски одбор е препорачано да ги содржи главните детали, односно генералиите за програмата (назив, факултет, контакт информации, времетраење на програмата и сл.), потоа причините, целите, потребата од воведување нова студиска програма, разумно објаснување за евентуалното преклопување со одредени наставни предмети од други студиски програми, соодветноста на студиската програма со стратешките планови на факултетот, програмската структура, наставните методи, методите за оценување, активностите за поддршка на студентите и достапноста на студиската програма за нив, резултати од учењето, вработување со стекнатиот образовен степен на студиската програма, предвидена соработка со соодветни факултети во рамките на Универзитетот или со други субјекти надвор од Универзитетот, предвиден интерес за запишување на студиската програма од страна на идните студенти, како домашни, така и странски, предложена квота на слободни места за упис, услови за запишување на програмата, импликации по однос на материјално-техничките, логистичките и финансиските ресурси, управувањето, контролата, оценувањето и ревидирањето на студиската програма по одреден временски распоред, како и добивањето повратни информации во врска со квалитетот на студиската програма од страна на студентите и други интересенти (пр. надворешни евалуатори, стопански субјекти и сл.). Во целиот процес на креирање и донесување на нови програми (како и ревидирани програми) јасно се нагласени сите одредби и акти коишто мора да се почитуваат, како Образовната и студентската политика, Универзитетската мисија, Стратешкиот план на односниот факултет, актите на Агенцијата за обезбедување квалитет, Рамката за високообразовни квалификации и сл. Еднаш кога Генералниот факултетски одбор ќе го прифати предлогот за новата студиска програма, истата се објавува во Универзитетскиот билтен и се остава простор за нејзино дискутирање од страна на сите заинтересирани, па дури потоа се одобрува.

Како постапка во рамките на процесот за обезбедување квалитет на Универзитетот во Кембриџ разработена е и постапката за изменувања на регулативите и подрегулативите за креирање, содржина и испити во студиските програми, којашто, исто така, може да започне на факултетско ниво, но задолжително завршува кај

Генералниот факултетски одбор. Регулативите се во функција на обезбедување континуитет на студиските програми и испитите, но во исто време овозможуваат одреден степен на флексибилност.

Друга значајна постапка е постапката за поднесување Извештаи за наставно-образовната дејност (LTRs), на коишто се гледа како основна алатка преку која Генералниот факултетски одбор ја извршува својата основна функција на постигнување, задржување и подобрување на нивото на квалитет во наставната сфера. Ваквите извештаи немаат намера да бидат замена на акредитацијата или надворешната евалуација на Универзитетот, туку се користат како средство за проверка на академските стандарди и квалитетот на учењето кај студентите. Извештаите се поднесуваат за сите студиски програми од сите циклуси на образование и ги покриваат следните содржини: преглед на структурата на програмата, образовни цели на програмата, резултати од учењето за секоја наставна програма, курикулум и оценување, студентска поддршка, материјали за учење, одржување на стандардите и квалитетот на студиската програма. Извештаите ги подготвуваат комисии во чијшто состав влегуваат четири до шест членови (во зависност од комплексноста на факултетот), од коишто најмалку еден е надворешен член (тоа значи дека истиот не доаѓа од Универзитетот) и еден претставник на студентите. Во комисиите не смеат да членуваат ниту тековни ниту поранешни припадници на факултетот што се оценува. Времетраењето на постапката се препорачува да биде во рамките на академската година во којашто е започнато оценувањето. Како и сите останати постапки, и оваа постапка се темели на детаљно разработени акти, документи и формулари коишто го опишуваат секој чекор, степенот на вклученост на секој интересент, временската рамка на сите активности, одговорностите и правата на вклучените субјекти во постапката, принципите коишто треба да се почитуваат и др. За разлика од други постапки, иницијацијата на оваа постапка доаѓа од Генералниот факултетски одбор преку неговата Комисија за образование, а се одвива на факултетско ниво од страна на наменски формираната комисија за оценка и извештај, којашто својата работа ја извршува во тесна соработка со факултетските тела, органи, наставници, студенти, административен кадар. По завршување на постапката за оценување и подготвување на извештајот, комисијата за оценка го доставува извештајот до деканот на факултетот и секретарот на факултетскиот одбор, со цел негова ревизија и евентуална корекција, а потоа како финална верзија се доставува до релевантните факултетски тела и органи,

коишто имаат право да ги коментираат извештајните наводи, заклучоци и препораки. Највисокото Универзитетско тело до коешто се доставува Извештајот е Генералниот факултетски одбор, којшто врз основа на препораките во Извештајот одлучува кои активности и мерки треба да се преземат, а определува и временска рамка за преземање на истите. Заклучоците од Генералниот факултетски одбор се доставуваат на факултетско ниво, а Комисијата за настава на Генералниот факултетски одбор се задолжува за следење на постапувањето на факултетот по однос на активностите и мерките во дадените временски интервали.

Извештаите за наставно-образовната дејност на одреден факултет се сметаат за парцијални извештаи и можат да бидат основа за иницирање на генерален извештај за факултетот. Генерален извештај за факултетот може да се иницира и од страна на самиот факултет, факултетскиот одбор или Генералниот факултетски одбор. Генерален извештај за одреден факултет се подготвува само во исклучителни ситуации, а потребата за негово подготвување ја одобрува генералниот факултетски одбор. Генералниот извештај, покрај сите делови коишто ги содржи и Извештајот за наставно-образовната дејност, ги содржи и стратешките погледи на факултетот, па најчесто се изведува кога настанале состојби што влијаат врз структурата на факултетот и неговите идни развојни патишта.

Друга постапка којашто е превидена во процесот на обезбедување квалитет на Универзитетот во Кембриџ е постапката на именување внатрешни евалуатори, надворешни евалуатори и оценувачи. Внатрешниоте евалуатори и оценувачите ги именува Генералниот факултетски одбор, но на предлог на соодветни факултетски тела, како факултетскиот одбор или синдикатот. Постојат прецизно определени критериуми кој може да биде именуван за евалуатор и оценувач, но и кои сѐ правила и принципи треба да ги почитуваат факултетските тела при предлагањето на евалуаторите и оценувачите. Инаку, мандатот на евалуаторите и оценувачите трае една година. Евалуаторите имаат повеќе одговорности отколку оценувачите. Така, евалуаторите се оние кои ги подготвуваат тестовите, редовно се состануваат на состаноците на Евалуациониот одбор и ја споделуваат одговорноста во врска со одлуките што овој Одбор ги донесува. Од друга страна, оценувачите најчесто се оние што ги оценуваат тестовите и немаат обврска да присуствуваат на состаноците на Евалуациониот одбор. При назначувањето на евалуаторите и оценувачите најважно е да се води сметка за нивната научна експертиза. Како евалуатори и оценувачи може да

се назначат редовни професори, вонредни професори, доценти, истражувачки асистенти, истражувачки соработници и постари истражувачки соработници. Евалуатори и оценувачи не може да бидат студенти на додипломски и дипломски студии. Надворешните евалуатори, исто така, ги назначува Генералниот факултетски одбор, за период од една година, но со можност за повторно назначување за најмногу две последователни години. Како што се забележува овие категории – евалуатори, оценувачи и надворешни евалуатори, се однесуваат на оценувањето на постигнувањата на студентите, а не на функционирањето на факултетот. Дополнително, обврска на надворешните евалуатори е да проценат дали стандардите и критериумите за одредена образовна квалификација се соодветни, дали овие стандарди се споредливи со стандардите и критериумите на слични студиски програми во други високообразовнии институции во Велика Британија и дали процесите на оценување, евалуација и востановување на образовните квалификации се јасни и спроведени на фер основа. Овие свои обврски надворешните евалуатори ги прават на случајни примероци. За својата работа надворешните евалуатори се обврзани да состават извештај за којшто постои необврзувачки пример, што можат да го следат. Извештајот се предава на заменикот на ректорот, но крајно истиот како оперативен документ завршува кај Генералниот факултетски одбор, којшто го доставува до надлежните факултетски тела, а тие имаат обврска сите извештаи да ги направат јавно достапни за студентите. Исто така, надлежните факултетски тела мора да одговорат на извештајот на надворешните евалуатори. Примерок од извештајот на надворешните евалуатори се доставува и до Комисијата за настава при Генералниот факултетски одбор, којашто одлучува за следните чекори што факултетот треба да ги преземе по однос на наводите и препораките на извештајот.

Покрај наведените постапки во системот за обезбедување квалитет на Универзитетот во Кембриџ, тука е и постапката за подготвување т.н. Спецификација (или опис) на студиските програми, којашто претставува своевидна обврска за сите универзитети во Велика Британија, според Агенцијата за обезбедување квалитет. Овој документ мора да е достапен до пошироката јавност, а дава одговори на прашањата за студиските програми што ги нуди Универзитетот, како:

34. Што содржи студиската програма?

35. Кои се целите на студиската програма?

36. Што студентите ќе научат од студиската програма?

37. Кои се наставните методи што се употребуваат и кои се начините на учење?
38. Кои се начините на оценување на студентите?
39. Кои елементи ги содржи студиската програма – структура?
40. Кои се критериумите што студентот мора да ги исполни за да ја добие образовната квалификација – дипломата?

Спецификацијата за студиските програми, како и нејзината ревизијата (којашто задолжително се врши секоја година) е обврска на соодветните факултетски тела, а најчесто тоа се факултетските одбори. И за овој документ, како и за сите останати, постои предлог форма којашто ги содржи сите елементи што треба да бидат застапени.

Следна постапка во рамките на системот за обезбедување квалитет на Универзитетот во Кембриџ е годишниот процес за подобрување на квалитетот. Пред започнувањето на секоја академска година на сите факултети и оддели им се испраќа прашалник што треба да се врати пополнет до надлежното тело за спроведување на образовната и студентска политика. Целите што се постигнуваат со оваа постапка за обезбедување квалитет се:

41. Обезбедување на Комисијата за настава постојан преглед на тековните фокусни прашања и како истите се третираат од страна на факултетите, како и идентификување на проблемите што би можеле да се надминат преку Универзитетско пошироко делување;
42. Олеснување на подготовката на Извештатите за наставно-образовната дејност на Генералниот факултетски одбор;
43. Олеснување на годишниот процес на контрола од страна на Комисијата за настава и навремено согледување на потенцијалните проблеми за наредната академска година.

На официјалната веб страница на Универзитетот во Кембриџ даден е и преглед на одговорните структури за системот за обезбедување квалитет. Така, покрај претходно споменатите релевантни тела и органи, за обезбедувањето квалитет на Универзитетот во Кембриџ се задолжени:

- Надлежното тело за спроведување на образовната и студентска политика (Educational and Student Policy), коешто им дава поддршка на факултетите и одделите при развојот на нивните сопствени процедури за обезбедување и подобрување на квалитетот, компатибилни со рамката што ја обезбедува Генералниот факултетски

одбор. Секој факултет и оддел задолжително има свој контакт за квалитет којшто треба да биде достапен за да советува и дава поддршка на постапките.

- Комисијата за квалитет на Генералниот факултетски одбор, којашто има блиска соработка со Одборите на студиските циклуси и на евалуаторите, како и со факултетските совети.

Во оваа хиерархиска поставеност, највисоките тела Управниот дом, Сенатот и Советот, најчесто имаат советодавна улога. Одговорноста на одлучување ја преземаат само во исклучителни ситуации, кога се потребни круцијални промени во наставно-образовните политики и стратегии на универзитетско ниво.

Поради тоа што наставната дејност се реализира на ниво на факултети, основната одговорност за обезбедување квалитет во наставата лежи во факултетите и нивните оддели. Процесот на обезбедување квалитет на факултетите е детерминиран од флексибилната рамка што ја дава Генералниот факултетски одбор на Универзитетот, што е, пак, гаранција дека т.н. „локални“ политики и практики за обезбедување квалитет ја исполнуваат својата цел и се во директна корелација со сите наставни дисциплини застапени на Универзитетот во Кембриџ. Тоа за што независно одлучуваат факултетските тела во врска со обезбедувањето квалитет се курикулумите, наставните методи и формите на оценување. Исто така, Генералниот факултетски одбор, на факултетските надлежни тела им остава простор за слободно стратешко планирање на наставата и учењето, координација на факултетот со Универзитетот во целина, ревидирање на наставните активности и оценувањето, контакти со националните професионални, регулаторни и статутарни тела, временски распоред на испитите.

Разбирливо, покрај Универзитетските и факултетските тела и органи, значаен сегмент од процесот за обезбедување квалитет е и учеството на студентите во истиот, бидејќи преку одговорите на студентите Генералниот факултетски одбор добива значајни информации за тоа дали наставата и наставните содржини ги исполнуваат студентските потреби, за дизајност на студиските програми, за натамошниот развој на наставните методи, за студентската перспектива за работењето на факултетите и Универзитетот воопшто, за учеството на студентите во управувањето на факултетите и Универзитетот, за добрите практики во наставата, за распоредувањето на ресурсите на централно и локално – факултетско ниво. Инаку, студентите на Универзитетот во Кембриџ имаат свои претставници на сите управувачки нивоа и на Универзитетско и

на факултетско ниво, па можат да влијаат врз донесувањето одлуки, како и да предлагаат и да советуваат за важни стратешки и оперативни активности. Студентската унија на Универзитетот во Кембриџ реалирира сопствени истражувања во врска со обезбедувањето на квалитет и тоа на неколку нивоа, а резултатите, заклучоците и, евентуално, детектираните проблеми во врска со наставната дејност и/или функционирањето на факултетите и Универзитетот од ваквите истражувања (во форма на анкета), ги доставува до Универзитетот. Доказ дека Универзитетот и факултетите сериозно ги разгледуваат извештаите од студентските анкети и пристапуваат кон решавање на проблемите идентификувани од страна на студентите се бројните чекори за подобрување коишто во минатото ги презеле надлежните универзитетски и факултетски тела, а биле иницирани од студентите преку ваквите истражувања. Секоја година, Надлежното тело за спроведување на образовната и студентската политика подготвува сумарен извештај врз основа на резултатите од студентските анкети и истиот го доставува до Комисијата за настава при Генералниоот факултетски одбор. Посебните наоди се испраќаат до засегнатите факултетски одбори за нивно разгледување и доставување одговор до Надлежното тело за спроведување на образовната и студентската политика, а во одговорот факултетите задолжително треба да ги наведат и планираните активности за надминување на идентификуваните проблеми, со временски распоред на извршување до завршувањето на академската година.

Испитувањата на ставовите и мислењата се извршуваат на речиси дипломираните студенти[33], потоа на т.н. апсолвенти или студентите во завршната година од студирање, па на студентите кои се на дипломски студии, студентите кои се на докторски студии и на студентите кои се на истражувачки докторски студии. Учеството во студентските анкети е незадолжително, но поканата за учество со линк до анкетниот прашалник, пак, задолжително се праќа по електронски пат до сите студенти кои имаат право да учествуваат во процесот. Анкетирањето се реализира во месеците февруари, март и април, а пред започнувањето на постапката, како и во текот на нејзиното траење, се води активна промотивна кампања меѓу студентската популација. Инаку, анкетниот прашалник е составен од 23 прашања, во вид на судови, преку коишто се добиваат информации за наставата, оценувањето и соработката со професорите, организациската и раководната структура на факултетите и

[33]Најчесто овие истражувања се наменати за прибирање податоци за тоа каде завршуваат студентите од Кембриџ по дипломирањето (каде се вработуваат, каде дополнително се ангажирани и сл.).

Универзитетот, резултатите од учењето и личниот развој и напредок. Сите одговори се анонимни. Универзитетот има право да побара во прашалникот да се вклучат шест дополнителни прашања од претходно подготвените дванаесет резервни прашања. Исто така, во анкетниот прашалник се остава и едно отворено прашање, на кое студентите можат слободно да ги искажат своите дополнителни коментари, забелешки и сугестии.

Како посебна постапка во системот на обезбедување квалитет, Универзитетот во Кембриџ го предвидел и информирањето на студентите за нивниот напредок за време на студиите, и тоа, за време на севкупното траење на студиската програма, по полагањето на испитите и при дипломирањето.

Покрај студентите, значајно место во процесот на обезбедување квалитет, Универзитетот во Кембриџ посветува и на академскиот кадар. Па, така, предвидени се задолжителни активности, како менторирање и следење на новопримениот академски кадар од страна на поискусните колеги, развој и напредување на академскиот кадар и таргетирано водење на академскиот кадар на факултетско ниво или ниво на оддели. Најчесто, сите информации во врска со овие активности се добиваат од надлежните канцеларии за човечки ресурси, коишто, исто така, се обврзани за следење на ваквите активности.

Значајно е што Универзитетот во Кембриџ ја има инкорпорирано културата на транспарентност низ целиот процес на обезбедување квалитет, како на Универзитетско, така и на факултетско ниво, па така речиси сите документи и информации што се однесуваат на обезбедувањето квалитет се достапни на официјалната веб страница на Универзитетот и на веб страниците на поодделните факултети, а за оние документи коишто не треба да се видливи (од кои било причини) за пошироката јавност, достапноста им е обезбедена на засегнатите субјекти на веб страница со шифриран влез или на барање во електронска или писмена форма.

Инаку, треба да се нагласи дека евалуацијата на Универзитетот на национално ниво ја реализира Агенцијата за обезбедување квалитет, којашто се води од националната регулатива на високото образование, националните академски стандарди и националната рамка за високообразовни квалификации.

**Систем на обезбедување квалитет на Универзитетот во Ниш – Република Србија**

Системот на обезбедување квалитет на Универзитетот во Ниш е формализиран со неколку Универзитски акти. Најзначаен од нив е Правилникот за обезбедување

квалитет, според којшто “обезбедувањето квалитет на Универзитетот и факултетите во негов состав (н. з.) е дел од националниот систем за обезбедување квалитет и предуслов за споредливост на дипломите и квалификациите во рамки на единствениот европски високообразовен простор. Универзитетот обезбедува квалитет во високото образование во согласност со меѓународно прифатените документи во областа на високото образование...“, сите релевантни национални законски и подзаконски прописи, како и други Универзитетски акти и документи. Областите коишто ги покрива Универзитетскиот систем за обезбедување квалитет се, пред сѐ, квалитетот на студиските програми, квалитетот на наставниот процес, квалитетот на научноистражувачката, уметничката и стручната дејност, квалитетот на наставниците и соработниците, квалитетот на студентите, квалитетот на учебниците, литературата, библиотечните и информатичките ресурси, квалитетот на управувањето на високообразовните институции и квалитетот на ненаставната поддршка, квалитетот на просторот и опремата, квалитетот на финансирањето, улогата на студентите во самоевалуацијата и проверката на квалитет, систематското следење и периодичната проверка на квалитетот.

Како најзначајни Универзитетски тела за обезбедување квалитет, Универзитетот во Ниш ги идентификува Ректорот на Универзитетот, со својата управувачка функција, Универзитетскиот Сенат, Универзитетскиот совет и Студентскиот парламент при Универзитетот. Меѓутоа, покрај овие Универзитетски тела, Универзитетот во Ниш во функција на обезбедување на квалитет формирал посебни структури коишто единствено се занимаваат со процесите и постапките за обезбедување квалитет. Тоа се Универзитетскиот центар за унапредување на квалитетот и Одборот за обезбедување на квалитет, коишто, слободно може да се констатира, се базичните оперативни структури во системот за обезбедување квалитет на Универзитетот, поради нивната целосна посветеност на квалитетот.

Центарот за унапредување на квалитетот е во состав на организациската Универзитетска структура, без својство на правно лице, но со клучни Универзитетски одговорности кога станува збор за обезбедувањето и унапредувањето на квалитетот. Имено, овој Центар е одговорен за дефинирање на стратегијата и политиката на следење, обезбедување, унапредување и развој на квалитетот, а ги извршува и сите административни и организациони работи поврзани со самоевалуацијата и подобрувањето на квалитетот на студиските програми, наставниот процес и условите

за работа на Универзитетот и неговите единици. Всушност, Центарот за унапредување на квалитетот во Универзитетот во Ниш ги има следните специфични задачи:

44. Го развива единствениот систем за обезбедување и унапредување на квалитетот на Универзитетот;
45. Го поттикнува, координира и организира управувањето и унапредувањето на квалитетот во сите полиња на работа на Универзитетот и неговите единици;
46. Ги дефинира стандардите, критериумите и индикаторите за квалитет;
47. Ги развива постапките на евалуација и самоевалуација и на истражување на квалитетот на образовната, наставноистражувачката, уметничката и стручната работа;
48. Ја спороведува постапката за самоевалуација на Универзитетот;
49. Собира податоци за квалитетот од сите корисници на услуги на системот;
50. Ги истражува причините за неефикасното и предолго студирање;
51. Ги развива механизмите за обезбедување на квалитет;
52. Врши надзор над студентското вреднување на квалитетот на студиите;
53. Поттикнува и организира дискусии за квалитетот и ја промовира културата на квалитет во академската заедница и кај пошироката јавност;
54. Ја поттикнува меѓународната соработка и научната компетитивност;
55. Го поттикнува стручното усовршување на наставниот и ненаставниот кадар.

Организацијата и начинот на работа на Центарот за унапредување на квалитет на Универзитетот во Ниш се регулирани со посебен Правилник за работата на Центарот на унапредување на квалитетот. Со Центарот раководи управител на Центарот, а во неговиот состав, како стручен орган влегува Одборот за обезбедување квалитет, којшто, исто така, функционира како советодавно и стручно тело на Универзитетскиот сенат и Ректорот на Универзитетот. Овој Одбор ги извршува активностите за коишто се потребни академски квалификации, како планирање и анализирање на постапките за вреднување на севкупниот систем на високо образование и научноистражувачка работа на Универзитетот и управувањето со тие постапки, подготовката на предлог Стратегија за обезбедување квалитет, како и акциони планови за реализација на стратегијата, подготовка на предлог подобрени стандарди, процедури и методи за проверка на квалитетот, проучување на извештаите од спроведените самоевалуациони постапки на Универзитетот и неговите единици, предлагање на постапка за спроведување надворешна евалуација на Универзитетот и

сл. Одборот е составен од девет членови, од кои еден член претседава со Одборот, а еден член е претставник на студентите. Проректорот за настава и научноистражувачка работа учествува во работата на Одборот, но без право на глас. За својата работа, односно за состојбите на полето на обезбедување квалитет, Одборот еднаш годишно поднесува извештај до Универзитетскиот сенат. Универзитетскиот сенат и совет, во определни случаи, можат да формираат и други постојани или привремени комисии со цел разгледување на прашања во врска со обезбедувањето квалитет во специфични области.

Постапките за обезбедување квалитет на студиските програми се детерминирани, главно, од Законот за високо образовние, којшто ја пропишува содржината на студиската програма. Подетално, квалитетот на студиските програми се обезбедува преку спроведувањето на единствена Универзитетска политика, но иницијативата за нови студиски програми започнува на факултетско ниво, односно на ниво на факултетските оддели. Предлогот за нова студиска програма се доставува до соодветните наставно-научни одбори на Универзитетот, кои, првенствено, при разгледувањето на предлозите водат сметка дали се запазени формалните аспекти на програмата, односно дали истата ги содржи задолжителните елементи пропишани според Законот за високо образование, а потоа и дали истата ги задоволува критериумите за квалитет предвидени со Правилникот за обезбедување квалитет и други Универзитетски акти. Крајната одлука за донесување нова студиска програма ја има Универзитетскиот сенат. Задолжителните елементи на студиските програми опфаќаат информации како:

56. Јасно одредени цели на програмата сообразени со основните Универзитетски цели;
57. Структура на студиската програма;
58. Методи на настава и учење;
59. Ресурси за учење;
60. Распределеност на оптоварувањето на студентите;
61. Механизми за следење на напредувањето и постигнувањата на студентите;
62. Механизми за ревизија на програмата;
63. Можности за вработување на студентите по завршување на студиската програма;
64. Резултати од учењето;

65. ЕКТС бодови и др.

Правилникот за обезбедување квалитет предвидува и организирање и спроведување заеднички студиски програми со други високообразовни институции во Србија и странство, како и интердисциплинарни, мултидисциплинарни и трансдисциплинарни студиски програми.

Во Правилникот таксативно се наведени показателите за квалитет на студиските програми коишто опфаќаат: број на пријавени студенти за упис во прва година на студии во однос на број на слободни места за упис; број на запишани студенти во сите години на студии; број на дипломирани студенти; просечно времетраење на студирањето; просечна оценка постигната на дипломските испити; просечна оценка на студирањето; број на студенти запишани на докторски студии; однос на бројот на студентите запишани во државна и приватна квота; број на студенти кои го прекинале студирањето; број на студенти кои ги исполниле условите за премин од приватна во државна квота; однос на студентите според бројот на освоени ЕКТС бодови во испитните рокови; резултати од положени испити во академска година – број на пријавени испити, број на студенти кои се откажале од полагањето, број на студенти кои го полагале испитот, број на студенти кои го положиле испитот, број на студенти кои не го положиле испитот и постигната просечна оценка; број на дипломирани студенти кои се водат како официјално невработени; просечно времетраење на периодот од дипломирање до вработување.

Според детерминираната постапка за обезбедување квалитет, Универзитетот, на годишна основа ги собира податоците за горенаведените показатели на квалитетот и Универзитетскиот сенат ги разгледува истите. Често Сенатот, во функција на обезбедување и унапредување на квалитетот, разгледува и други релевантни показатели како студиските престои на студентите во странските универзитети, поднесените барања за признавање на странски квалификации за продолжување на студиите на Универзитетот во Ниш, иницијативите и предлозите на Центарот за унапредување на квалитет, податоците коишто ги собира Центарот за студентска кариера на Универзитетот, извештаите за студентското вреднување на квалитетот на студиите и сл.

За следење на квалитетот на наставниот процес, Универзитетот во Ниш, ги предвидел следните показатели: број на приговори на добиената оценка на испитот, број на добиени барања за преполагање на испитот, број на барања за полагање на

испитот пред испитна комисија, број на жалби што студентите ги доствуваат до Универзитетскиот сенат поради повредено право на упис, квалитетно образование и објективно оценување, право на навремено и/или точно информирање за прашања во врска со студиите, право на подеднакви услови за студирање за сите студенти или кое било друго загарантирано право на студентите. Покрај овие показатели, според Правилникот за унапредување на квалитетот, поставени се и стандарди за квалитетот на наставниот процес: - за плановите за изведување на наставата, - за квалитетот на наставата, - за квалитетот на оценувањето и - за квалитетот на педагошката работа на наставниците и соработниците. Значајно е да се напомене дека Планот за изведување на наставата, пред започнувањето на секоја академска година, мора да е достапен на пошироката јавност и преку него сите заинтересирани можат да се информираат за: генералиите на студиската програма (назив, времетраење, број на ЕКТС, услови за упис); целите на студиската програма; содржината и структурата на предметите; ангажираните наставници и соработници на студиската програма; местото на реализација; временскиот распоред на реализација на предавањата и другите активности; облиците на настава; начините на полагање на испитите; можноста за изведување на студиската програма на друг јазик; можноста за далечинско студирање и сл. Интересно е дека наставниците и соработниците имаат обврска по завршувањето на секое предавање или друга наставна активност, да водат Дневник за својата работа.

Во Правилникот за обезбедување квалитет, наведено е дека условите и начините на полагање испити, како и организацијата и постапката за полагање испити и начините за утвдување оценка на испитот, заштитата на правата на студентите и други прашања поврзано со полагањето и оценувањето на испитите се регулираат со посебен Правилник за полагање испити и оценување на испитите. Значи, од горенаведеното може да се заклучи дека квалитетот на наставниот процес на Универзитетот во Ниш се обезбедува преку следење на исполнувањето на плановите за изведување на наставата, дневниците за работа на наставниците и соработниците, како и преку следење на наведените квантитативни показатели за квалитет.

Инаку, предвидено е и дека квалитетот на наставниот процес, покрај останатите Универзитетски структури директно одговорни за обезбедувањето квалитет,[34] го следи и проректорот за настава на Универзитетот преку повремена контрола на опишаните постапки и активности.

[34]Универзитетскиот центар за унапредување на квалитетот и Одборот за обезбедување на квалитет

За следење и унапредување на квалитетот на наставноистражувачката, уметничката и стручната дејност, Универзитетот во Ниш формирал Центар за научни истражувања на Српската академија на науките и уметностите и Универзитетот во Ниш, чијашто организација, работа, активности, надлежности, одговорности сл. се регулирани со посебен правилник за неговата работа. Покрај тоа, Универзитетот во Ниш секоја академска година донесува План за научноистражувачката работа, во согласност со предвидените активности на овој Центар и на Центарот за меѓународна соработка на Универзитетот. Универзитетскиот сенат еднаш годишно го разгледува Извештајот за научноистражувачката работа што го подготвува Центарот за научни истражувања на Српската академија на науките и уметностите и Универзитетот во Ниш и врз основа на него донесува одлуки за следни активности за обезбедување и унапредување на квалитетот на наставноистражувачката, уметничката и стручната дејност на Универзитетот.

За обезбедување на квалитетот на наставниците и соработниците, Универзитетот во Ниш подготвил посебен Правилник за постапката на стекнување наставно-научни звања и засновање на работен однос на наставниците на Универзитетот во Ниш. Со овој Правилник поблиску се уредени критериумите за избор во звања на наставниците, а значајно е да се напомене дека меѓу тие критериуми е и оценката што наставникот ја добил преку студентското вреднување на квалитетот на студиите. Покрај тоа, Универзитетот секоја година собира податоци за бројот на наставниците и соработниците (и тоа според наставнонаучни и соработнички звања), потоа, бројот на наставниците во редовен работен однос на Универзитетот, бројот на наставниците кои се ангажирани за реализација на настава на други универзитети, старосната структура на наставниците и соработниците, остварените научни резултати на секој наставник поединечно во текот на академската година. Анализата направена врз основа на овие показатели ја разгледува Универзитетскиот сенат.

За квалитетот на студентите најважна е селекцијата на студентите при уписот, како и следењето на нивното напредување во текот на студирањето. Селекцијата се врши врз основа на постигнатиот успех на кандидатите во средното образование и врз основа на постигнувањето на приемниот испит. И за оваа постапка за обезбедување квалитет, односно за условите за упис, содржината на приемнот испит, начинот на пресметка на бодовите од успехот од средното образование и приемниот испит, условите и начинот на упис на студенти на прв, втор и трет циклус студии и друго,

Универзитетот во Ниш има подготвено посебен Правилник за запишување студенти на студиските програми на Универзитетот во Ниш. Исто така, условите и начинот на полагање на испитите, организацијата и постапката на полагање испити, начините за утврдување на оценката и други слични прашања се регулирани во посебен Правилник за полагање и оценување на испитите. Со статутот на Универзитетот и на факултетите се утврдени постапките за исполнување на правата на студентите, но со сите споменати Универзитетски акти се регулираат и обврските на студентите на Универзитетот во Ниш, а посебно со Правилникот за дисциплинска и материјална одговорност на студентите. Со цел дополнителна мотивација на студентите и подобрување на нивните постигнувања, предвидени се и награди и признанија. Своите права и интереси студентите на Универзитетот во Ниш ги остваруваат преку Студентскиот парламент, а интересно е дека бројот на членови на студентскиот парламент, нивниот мандат и надлежностите се утврдени во Универзитетскиот статут, а не со сопствен уредувачки статутарен документ. За застапување на правата на студентите, Студентскиот парламент избира студент проректор.

Според Правилникот за обезбедување квалитет на Универзитетот во Ниш, може да се збележи дека постапките за обезбедување квалитет на различни сегменти, меѓу кои и обезбедувањето квалитет на учебниците, литературата, библиотечните и информатичките ресурси, се врамени во посебни правилници и/или нивното обезбедување е во надлежност на соодветни посебни универзитетски структури. Така за тоа кои сѐ стандарди на квалитет треба да бидат исполнети за подготовка, одобрување и користење на учебниците, како и постапките за следење и вреднување на учебниците коишто се користат се регулирани со Правилникот за учебници на Универзитетот во Ниш. За библиотечните ресурси и библиотечниот систем којшто во себе ги инкорпорира централната Универзитетска библиотека и сите бибилиотеки од единиците на Универзитетот, задолжена е Универзитетската библиотека „Никола Тесла“. Покрај тоа, функционирањето и развојот на библиотечниот систем е во надлежност на Одборот за универзитетскиот библиотечен систем, којшто еднаш годишно до Универзитетскиот сенат поднесува извештај за состојбите во библиотечниот систем. Со Универзитетската библиотека раководи управител, кој го поставува Ректорот на Универзитетот.

Во состав на Универзитетот во Ниш, без својство на посебно правно лице, функционира единствениот информатички систем, т.н. ЈУНИС. Како и за сите други

сегменти во процесот на обезбедување квалитет и за овој сегмент Универзитетскиот сенат, еднаш годишно го разгледува извештајот поднесен од страна на ЈУНИС, а којшто се однесува на состојбите на единствениот информатички систем и различните потсистеми во негов состав. Значајно е да се напомене дека обврската за транспарентност и достапност на информациите, по било кој основ, па и по основ на обезбедување квалитет, по електронски пат ја има овој единствен информатички систем. Стручната служба на Универзитетот е обврзана за собирање и дисеминација на информациите за активностите на Универзитетот во Ниш, како и за посредување во контактите помеѓу ректоратот и средствата за јавно информирање, додека ЈУНИС ја дава техничката поддршка за уредување на интернет страницата на Универзитетот и создава можности на неа да се постават сите потребни информации, документи соопштенија и др.

За квалитетот на управување на високообразовната институција и квалитетот на ненаставната поддршка, Универзитетот во Ниш ги предвидел органите на управување и раководење, чиишто надлежности и одговорности поподробно се утврдени со Статутот на Универзитетот. Како највисок управувачки орган на Универзитетот во Ниш е поставен Универзитетскиот совет, чиишто надлежности и работа подетаљно ги уредува со Деловникот за работа на Универзитетскиот совет. Највисок раководен орган е Ректорот, на кој му помагаат проректорите, а нивната работа се следи од страна на Универзитетскиот совет. Секретаријатот на Универзитетот е задолжен за административните, правните, кадровските, сметководствените, техничките и другите работи од заеднички интерес за функционирањето на Универзитетот, а со него раководи Генерален секретар, кој одговара пред Ректорот на Универзитетот. Правата и обврските на вработените се регулирани со националниот Закон за работа, а за специфичните права и обврски одлучува Ректорот или Генералниот секретар, по претходно овластување од Ректорот. Според Правилникот за студентското вреднување на квалитетот на студиите, се оценува и работата на стручната служба, а во контекст на процесот на обезбедување квалитет.

Квалитетот на просторот и опремата на Универзитетот се вреднуваат, исто така, според Правилникот за студентското вреднување на квалитетот на студиите.

За квалитетот на финансирање на Универзитетот одговорен е Финансискиот одбор на Универзитетот, додека проректорот за финансии на Универзитетот учествува во неговата работа, но без право на глас. Финансискиот одбор на Универзитетот е

надлежен за квалитетот на изворот на финансирање, финансиското планирање и транспарентноста на постапката на користење на финансиските средства. За финансиската состојба на Универзитетот, користењето на финансиските средства и предлогот за финансиски план за фискалната година Универзитетскиот финансиски одбор, еднаш годишно доставува извештај до Универзитетскиот совет. Консолидираниот финансиски план го донесува Универзитетскиот совет, којшто е одговорен пред надлежното министерство за наменското и економичното трошење на буџетските финансиски средства. Покрај ова, на Универзитетот се реализираат и планско-аналитички активности во врска со работењето на Универзитетот и унапредувањето на материјалната состојба на високото образование во целина. Според ваквите анализи, се подготвуваат извештаи и Универзитетот подготвува планови за работа и сопствен развој.

Улогата на студентите во вреднувањето и проверката на квалитет на Универзитетот во Ниш се обезбедува преку Студентскиот парламент на Универзитетот и студентот проректор и учеството на студентите во Универзитетските органи – Универзитетски совет, Универзитетски сенат и Одборот за обезбедување квалитет.[35] Според Правилникот за студентското вреднување на квалитетот на студиите, студентите ги искажуваат своите мислења за квалитетот на студиите во пооделни области, како студиските програми, наставниот процес, педагошката работа на наставниците и соработниците, учебниците и литературата, работата на стручната служба, просторот и опремата. Исто како и за други сегменти, и за следењето на квалитетот на овие области се составува извештај и истиот еднаш годишно се праќа до Универзитетскиот совет за разгледување.

Универзитетот и единиците во негов состав, според правилникот за обезбедување квалитет се должни да спроведат постапка за самоевалуација за оценка на квалитетот на (најмалку) секои три години, а во согласност со планот за работа на Одборот за обезбедување квалитет, односно во согласност со надлежното факултетско тело за обезбедување квалитет. Ваквите постапки за самоевалуација ги реализира Центарот за обезбедување квалитет, којшто до Одборот за унапредување на квалитетот доставува извештај за самоевалуацијата, со цел Одборот за истиот да се изјасни во форма на мислење. Потоа, врз основа на извештајот од Центарот за обезбедување

[35]При разгледувањето на прашањата во однос на обезбедувањето на квалитет на наставата, реформите на студиските програми, анализата на ефикасноста на студирањето и утврдувањето на бројот на ЕКТС бодовите, студентите учествуваат со 20% од членопите на овие тела и органи.

квалитет и мислењето за извештајот од Одборот за унапредување на квалитетот, Универзитетскиот сенат донесува одлука за оценка на исполнетоста на стандардите за квалитет предвидени со сите релевантни прописи. Исто така, Универзитетскиот сенат усвојува и мерки за отстранување на идентификуваните слабости во постапката за самоевалуација. Сите овие документи (извештајот, мислењето, одлуките) се објавуваат на интернет страницата на Универзитетот.

Покрај Правилникот за обезбедување квалитет на Универзитетот во Ниш, друг стратешки документ којшто Универзитетот во Ниш, го донел и усвоил преку Универзитетскиот совет, е Стратегијата за обезбедување квалитет на Универзитетот во Ниш, како траен документ, којшто подлежи на повремени ревизии и усогласувања според барањата и потребите во врска со контролата и унапредувањето на квалитетот. Како и во Правилникот за обезбедување квалитет, и во оваа Стратегија централно место заземаат сегментите за обезбедување квалитет на студиските програми, наставниот процес, наставноистражувачката, уметничката и стручната дејност, наставниците и соработниците, студентите, учебниците, литературата, библиотелните и информатичките ресурси, управувањето со Универзитетот и факултетите, просторот и опремата, финансирањето, ненаставните активности и условите за работа и студирање. Со Стратегијата за обезбедување квалитет се прецизираат принципите и начелата врз коишто се темели работата на Универзитетот (академска слобода, единство на наставата и наставноистражувачката, односно уметничката работа, транспарентност, уважување на демократските вредности итн.), мисијата и целите на Универзитетот,[36] потоа, значајните документи и акти за процесот за обезбедување квалитет, како на национално,[37] така и на Универзитетско ниво. Предвидени се и процесите за обезбедување на квалитетот: задолжително самовреднување и оценка на квалитетот на студиските програми и предмети на факултетите и на централно ниво и надворешна проверка на квалитетот во постапките на акредитација. Исто така, со Стратегијата за обезбедување квалитет се утврдува организациската структура на системот за обезбедување квалитет, како и документите со коишто се реализира функционирањето на системот за обезбедување квалитет на Универзитетот во Ниш

[36]Меѓу овие цели посебно место зазема трајната определба на Универзитетот за унапредување на квалитетот на високото образование и вклучувањето на Универзитетот во единствениот Европски високообразовен простор

[37]Закон за високо образование, Правилник за стандардите за самовреднување и оценување на квалитетот на високообразовните институции, Правилник за стандардите и постапката за надворешна контрола на квалитетот на високообразовните институции, Правилник за стандардите и постапката за акредитација на високообразовните инстиотуции и студиски програми

(Годишен извештај за работата на Универзитетот, годишни извештаи за работата на факултетите, Годишен план за работа на Универзитетот, годишни планови за работа на факултетите, Финансиски извештај за последните три години, Финансиски план за следната година, План за научноистражувачката работа, Извештај за резултатите од самоевалуацијата на универзитетот, Правилник за постапката и условите за стекнување звања и засновање на работен однос на наставниците, Правилник за условите и постапката за давање согласност за работно ангажирање на наставниците на друг факултет во состав на Универзитетот, како и на други високообразовни институции во земјата и странство, Правилник за постапката и условите за доделување звање и правата на професор емеритус со поблиски критериуми за доделување звање професор емеритус, Правилник за доделување признанија на наставниците, Кодекс на професионална етика, Правилник за студентско вреднување на квалитетот на студиите, Правилник за запишување на студентите на студиските програми на Универзитетот, Правилник за полагање и оценување на испитите, Правилник за завршна работа и докторска дисертација, Правилник за дисциплинската и материјалната одговорност на студентите, Правилник за доделување признанија на најдобро дипломираните студенти, Правилник за издавачка дејност, Правилник за учебници, Правилник за работата на Одборот за обезбедување квалитет, Правилник за работата на Центарот за унапредување на квалитетот, Правилник за работата на Центарот за меѓународна соработка, Правилник за работата на Центарот за развој на кариера на студентите, Правилник за работата на Центарот за признавање на странски високообразовни исправи, Правилник за признавањето на странските високообразовни исправи, Правилник за доделување признанија на ненаставниот кадар).

Во фокусот на Правилникот за студентското вредување на квалитетот на студиите, а како основен метод за вреднување на студиите од страна на студентите е ставена студенстката анкета, како анонимна и доброволна постапка. Предвидено е оваа постапка да се спроведува писмено со пополнување анкетен прашалник, во којшто се содржани прашања (или тврдења) со понудени одговори, како и отворени прашања, со цел студентите да можат слободно да го искажат своето мислење, коментарите и предлозите. Исто така, се остава отворена и можноста за спроведување на анкетирањето по електронски пат. Во анкетирањето можат да учествуваат сите студенти од поединечните студентски програми и години на студирање, но поради доброволниот карактер на истото, примерокот мора да опфаќа најмалку 30% од

студентите на одделна студиска програма, за истото да се смета за успешно. Анкетирањето се спроведува на крајот на наставата од секој семестар од страна на факултетски комисии за спроведување на студентското вреднување на квалитетот на студиите, составени од 11 членови (7 членови од наставниот кадар, 2 члена од ненаставниот кадар и 2 члена од студентите). Надзорот на вреднувањето на квалитетот на студиите ги врши Центарот за унапредување на квалитет, којшто е должен на Одборот за обезбедување квалитет да му достави годишен извештај за вкупните резултати од извршениот надзор, а на факултетите во состав на Универзитетот, да им достави посебен извештај за резултатите од надзорот што се однесува на нив.

**Обезбедување квалитет во високото образование – македонски аспекти**

За објаснување и анализа на обезбедувањето квалитет во високото образование во националниот систем, секако, задолжително мора да се објасни улогата и

функцијата на највисокото ресорно тело за високо образование Министерството за образование и наука, потоа ингеренциите и овластувањата на Одборот за акредитација и евалуација, Законот за високо образование и најзначајните подзаконски акти што го регулираат високото образование во земјата, а како институционален пример за обезбедување квалитет во високото образование во Македонија е елабориран системот за обезбедување квалитет на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ – Скопје, како најголема и најстара високообразовна институција во земјата.

## Министерство за образование и наука на Република Македонија и Одбор за акредитација и евалуација

Највисоко тело на национално ниво за обезбедување квалитет во високото образование во Македонија, секако, претставува Министерството за образование и наука (во состав на Владата на РМ, којашто ја конципира и води општата образовна политика во земјата[38]), коешто за својата сопствена работа има донесено политика за квалитет во којашто, меѓу другото, се обврзува на подигнување на квалитетот на образовните и научните институции и градење механизми за нивно ефективно и ефикасно делување, подигнување на нивото на образование кај младите со посебен акцент на зголемување на квалитетот на нивното знаење и на засилување и унапредување на меѓународната соработка во сферата на образованието и науката. Во својата структура Министерството го инкорпорира и Државниот просветен инспекторат, којшто преку Секторот за инспекциски надзор во високото образование и научните институти, ученичките и студентските домови ја следи работата на високообразовните институции во земјата и на тој начин обезбедува исполнување на законски поставените критериуми за работа на овие институции.

Инаку, политиката за квалитет во високото образование на национално ниво, Министерството ја реализира, главно, преку Секторот за високо образование, во

[38]Владата на РМ во својот Стратешки план издвојува: „Образовната политика ќе се темели на приближување на знаењата на студентите до барањата на пазарот на трудот, како и на изедначување на квалитетот на високото образование на ниво на високообразовни установи и на ниво на студиски програми, преку примената на меѓународните и европските стандарди за евалуација и самоевалуација. Политиките во високотото образование ќе бидат поврзани со целосна имплементација на европските директиви за регулираните професии особено во делот на здравството, архитектурата и ветеринарната медицина, осовременување и развивање на системот за вонредно студирање, високото образование за возрасни, зачленување на Одборот за акредитација и евалуација во Европскиот регистар за обезбедување на квалитет во високото образование (EQAR) и Европската асоцијација за квалитет во високото образование (ENQA), промоција на интердисциплинарноста во студиските програми и воспоставување и развивање на постдокторски студии во Република Македонија.“

чијшто состав има три одделенија (Одделение за високо образование, меѓународна соработка, Темпус и CEEPUS; Одделение за поддршка на работата на Одборот за акредитација, Агенцијата за евалуација и Советот за високото образование и Одделение за еквиваленција и признавање на странски високообразовни квалификации) и Секторот за наука и технолошко-технички развој, но и преку останатите сектори, како Секторот за финансиски прашања, Секторот на нормативно-правни работи, Секторот за Европска унија.

Посебно тело што е надлежно за обезбедување и контрола на квалитетот во високото образование во земјата е Одборот за акредитација и евалуација, коешто е самостојно тело, а неговите членови се избираат и разрешуваат од страна на Собранието на Република Македонија. Одборот е составен од 11 членови кои се избираат на јавен оглас што го објавува Собранието на Република Македонија во „Службен весник на Република Македонија“. Одборот за акредитација и евалуација својата работа ја регулира преку Правилник за организацијата, работата, начинот на одлучување, методологијата за акредитација и евалуација, стандардите за акредитација и евлауцаија, како и други прашања во врска со работата на Одборот за акредитација и евалуација на високото образование. За суштествените аспекти од обезбедувањето квалитет во високото образование според овој Правилник ќе стане збор подолу во докторската теза. Во овој поднаслов ќе се задржиме на организациската структура на Одборот за акредитација и евалуација и формалните аспекти од неговата работа.

Одборот за акредитација и евалуација го раководи претседател, со двајца заменици претседатели, додека административно-техничките работи ги врши Одделението за поддршка на работата на Одборот за акредитација и евалуација на високото образование во состав на Министерството за образование и наука на РМ (претходно споменато во текстот). Својата работа Одборот ја реализира преку своите шест комисии (за природно-математички науки, за техничко-технолошки науки, за медицински науки и здравство, за биотехнички науки, за општествени науки и за хуманистички науки[39]), коишто ја следат работата на стручните комисии[40] за акредитација и за евалуација; ги разгледуваат, даваат сугестии и мислење по извештаите на стручните комисии за спроведената надворешна евалуација; ги доставуваат до Одборот за акредитација и евалуација финалните извештаи на

[39]Според меѓународната Фраскатиева класификација.

[40]За изработка на извештаите од спроведената постапка за акредитација и надворешна евалуација, Одборот за акредитација и евалуација формира стручни комисии.

стручните комисии за извршената надворешна евалуација; во соработка со претседателот на стручната комисија ја проверуваат и одобруваат содржината на решенијата за акредитација во согласност со изработените извештаи од стручните комисиии, усвоени од Одборот за акредитација и евалуација; ги назначуваат членовите на комисиите за надворешно оценување на студентите во согласност со четиригодишната програма за надворешно оценување којашто ја донесува министерот надлежен за работите на високото образование и вршат други работи што ќе им ги додели Одборот за акредитација и евалуација.

Дуалитетот на работата и надлежностиоте на Одборот за акредитација и евалуација се рефлектира во мисијата на овој Одбор: „...унапредување на системот на високото образование за обезбедување на континуиран квалитет на високообразовниот процес. Таа се остварува преку дветe основни активности: **акредитација** на високообразовните установи и студиските програми кои се реализираат во нивни рамки и преку **надворешна евалуација** со која се проверува квалитетот на високообразовната дејност со што се стекнува увид за исполнетоста на условите за продолжување на акредитацијата." Колку ваквата поставеност може да даде соодветен резултат во работата е отворено прашање, бидејќи тука се спојуваат две функции, коишто нормално би требало да бидат раздвоени, односно не е природно телото што акредитира одредена високообразовна институција или студиска програма во рамките на таа институција, да биде надлежно и за евалуацијата и оценката на истата. Сè до измените на Законот за високо образование 11.2.2011 година, акредитацијата и надворешната евалуација ги извршуваа посебни структури, односно Одбор за акредитација и Агенцијата за евалуација.

Предвидено е еднаш годишно Одборот за акредитација и евалуација да спроведува сопствена самоевалуација според критериуми предложени во Упатствата и стандардите на ENQA за обезбедување на квалитетот во високото образование, од страна на комисија, составена од три членови од Одборот за акредитација и евалуација, со мандат од две години, додека, пак, надворешната евалуација на Одборот за акредитација и евалуација ја врши комисија, составена од членови предложени од ENQA и потврдени од Министерството за образование и наука. Извештаите за самоевалуацијата и надворешната евалуација се доставуваат до Минстерството за образование и наука, до ENQA и се објавуваат на веб страницата на Одборот за акредитација и евалуација.

**Обезбедување квалитет во високото образование и Законот за високо образование**

Генерално земено, Законот за високо образование ги поставува основите на квалитетот во високото образование на национално ниво. Секоја законска одредба е во насока на обезбедување на квалитет, односно ја има намерата за обезбедување квалитет, што не значи дека истата и ја остварува. Така, со Законот за високо образование се утврдуваат основните улоги и задачи на високообразовните установи, достапноста на високото образование, универзитетската автономија, академската слобода, условите за основање и престанок на високообразованите установи, внатрешната организација на универзитетите, формите на соработка на високообразовните установи (Ректорска конференција на јавни универзитети, Ректорска конференција на приватни универзитети, Интеруниверзитетска конференција), органите и телата на високообразовните институции и нивните надлежности, развојот, финансирањето и имотот на високообразовните установи, високообразовната дејност (форми, циклуси на образование, студиски програми и структура и сл.), наставно-научни, наставни звања и соработници, студенти (права и обврски, правила на студирање, учество на студентите во управувањето), еквиваленција и признавање на високообразовни квалификации, надзор над високообразовните установи и др.

Значајно е да се напомене дека за обезбедување и оценување на квалитетот во високото образование, Законот за високо образование наменил цела глава (бр. 7), но обезбедувањето и оценувањето на квалитетот на високото образование, покрај во оваа глава, се споменува, односно третира и во други законски одредби. Пр. Кога станува збор за надлежностите на Универзитетскиот сенат, покрај другите, се вели дека Сенатот донесува статут на универзитетот и дава согласност на правилникот на единиците во неговиот состав; ги усвојува студиските програми на факултетите, односно на високите стручни школи; донесува годишна и четиригодишна програма за развој и работа на универзитетот; дава мислење и поднесува предлози на Програмата за високообразовна дејност и дава мислење по годишната програма за развој на единиците во неговиот состав; го усвојува годишниот извештај за работа на универзитетот; усвојува годишен финансиски план на универзитетот; ги избира редовните професори; одлучува за доделувањето на титула почесен доктор на науки и

звањето почесен професор на универзитетот; дава мислење на Интеруниверзитетската конференција по нормативите и стандардите за вршење на високообразовната дејност; донесува правилник за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставни и соработнички звања; донесува правилници за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на трите циклуси на студии; донесува правилник за единствениот кредит систем и преминот од една на друга студиска програма, односно од една на друга единица на универзитетот; донесува правилник за издавањето на дипломи, додаток на дипломи, стручниот, односно научниот назив и други документи за завршени студии на високо образование и за условите и постапката за одземање на издадената диплома; донесува правилник за начинот на кој се вршат стручно-административните работи од заеднички интерес на единиците на универзитетот; донесува правилник за организирање на издавачката дејност; донесува програма за меѓународна соработка; формира комисија за самоевалуација на универзитетот и ги избира нејзините членови; донесува деловник за работа на сенатот; презема мерки за унапредување и заштита на стандардот на студентите и вработените.

На факултетско ниво, според Законот за високото образование, надлежноста за вакви и слични активности му се доверува на наставно-научниот совет на единицата, којшто, меѓу другото, е надлежен и за избирање на членовите на комисијата за самоевалуација и донесување упатство за евалуација на факултетот односно високата стручна школа.

Инаку, во посебната глава Обезбедување и оценување на квалитетот на високото образование во Законот за високо образование се обработени и поставени одредби за Одборот за акредитација и евалуација на високото образование[41], системот за обезбедување и оценување на квалитетот во високото образование, постапката за самоевалуација на високообразовните установи и рангирањето на високообразовните установи во земјата.

Според Законот, обезбедувањето и оценувањето на квалитетот на високото образование го врши Одборот за акредитација и евалуација на високото образование. Со цел објективност и непристрасност во одлучувањето, Законот предвидува дека

[41]Подетално за Одборот за акредитација и евалуација и Правилникот за организацијата, работата, начинот на одлучување, методологијата за акредитација и евалуација, стандарите за акредитација и евалуација, како и други прашања во врска со работата на Одборот за акредитација и евалуација на високото образование ќе стане збор подолу во овој труд.

членовите на Одборот се независни и самостојни во својата работа. Владата на Република Македонија го именува претседателот на Одборот, од редот на членовите на Одборот. Одборот утврдува дали високообразовната установа ги исполнува условите за организирање на студии за нови студиски програми и го утврдува капацитетот за студирање на високообразовната установа, дава акредитација на студиски програми, го следи и оценува квалитетот на вршењето на високообразовната дејност, научноистражувачката, уметничката и стручната работа, на академскиот кадар и на студиските програми на високообразовните установи и врз основа на оценката ја продолжува или одзема акредитацијата најмногу на секои пет години, врз основа на извештаите од надворешната евалуација на високообразовните установи, ја следи исполнетоста на условите на високообразовните установи на коишто им е дадена акредитација и одобрение за почеток со работа и врз основа на тоа може да ја одземе акредитацијата, дава препораки потребни за подобрување на нормативите и стандардите за вршење на високообразовна дејност и врши други работи. Исто така, Одборот објавува извештај за резултатите од надворешната евалуацијата којшто го доставува до Владата на Република Македонија, министерството надлежно за работите на високото образование и до високообразовната установа над којашто е извршена евалуација. Подетално, работата на Одборот се уредува со Правилникот за организацијата, работата, начинот на одлучување, методологијата за акредитација и евалуација, стандардите за акредитација и евалуација, како и други прашања во врска со работата на Одборот, што го донесува Одборот, а по претходно добиена согласност од Владата на Република Македонија.

Начините на коишто се обезбедува и оценува квалитетот на високото образование, според Законот за високо образование, се:

- Акредитација, односно одобрување, потврдување и признавање на високообразовна установа и на студиски програми, за вршење на високообразовна дејност;

- Евалуација, односно проценка на квалитетот на вршењето на високообразовната дејност, управувањето, финансирањето, академските и други активности и нејзините приоритети;

- Други активности и механизми преку кои се развива и одржува квалитетот на високото образование утврдени со закон и актите на телата што го оценуваат квалитетот на високото образование.

Под евалуацијата, според законските прописи, се подразбираат постапките за надворешна евалуација, самоевалуација, како и оценувањето на квалитетот на академскиот кадар.

Како основа за реализирањето на надворешната евалуација, а со цел обезбедување на воедначен квалитет на високото образование на единствениот европски простор за високо образование, се применуваат прифатените постапки и стандарди и водичот (насоките) кои се применуваат од Европската асоцијација за евалуација (обезбедување квалитет) во високото образование (ENQA) и од други институции, организации и асоцијации кои ги воспоставуваат и применуваат европските стандарди и упатства за евалуација за вршење на надворешна евалуација, како и услугите на признати меѓународни организации и асоцијации кои вршат обезбедување на квалитетот на високото образование. Според позитивните законски прописи, надворешната евалуација, по правило, ја вршат комисии по одделни подрачја и области составени од најмалку три професори од меѓународно признати универзитети во звања еквивалентни на звањата вонреден професор и редовен професор и со најмалку тригодишно искуство во вршење на надворешна евалуација. Надворешната евалуација се врши под критериуми утврдени со упатство за начинот на обезбедување и оценување на квалитетот на високообразовните установи и на академскиот кадар во Република Македонија, коешто го донесува министерот надлежен за работите на високото образование. Резултатите од евалуацијата на квалитетот на високото образование се содржани во извештаи коишто се достапни на јавноста.

Законот за високо образование предвидува дека самоевалуација на универзитет, на единиците на универзитет, односно на самостојната високообразовна установа врши комисија за самоевалуација на универзитет, односно организациона единица за евалуација на универзитет, комисија за самоевалуација на единицата, односно на самостојната високообразовна установа, на начин и според услови определени со статут на универзитетот и статутот на самостојната високообразовна установа, на интервали од најмногу три години. Членовите на комисиите се избираат со тајно гласање од сенатот на универзитетот, односно од наставно-научниот совет, наставниот совет или научниот совет, од редот на наставниците со мандат од четири години и од претставниците на студентите за време од две години. Комисиите самоевалуацијата ја вршат според упатство за самоевалуација и обезбедување и оценување на квалитетот

на високообразовните установи, коешто го донесува сенатот на универзитетот, односно органот на самостојната високообразовна установа. Во постапката за самоевалуација се зема предвид и оценката од страна на студентите[42]. Резултатите од самоевалуацијата се објавуваат на веб страницата на универзитетот, на секоја единица посебно (факултет и научен институт) и на министерството надлежно за работите на високото образование. Секој универзитет, односно самостојна високообразовна установа резултатите ги доставува до министерството надлежно за работите на високото образование коешто изготвува интегрален извештај за резултатите од самоевалуацијата за универзитетите и самостојните високообразовни установи.

Покрај овие, законски предвидени постапки за евалуација на високото образование, во Законот за високо образование, со цел развивање и одржување на квалитетот на високото образование, наведено е дека на секои две години задолжително се спроведува рангирање на сите универзитети и високообразовни установи во состав на универзитетите (факултети и уметнички академии). Рангирањето го спроведува правно лице коешто го избира министерот надлежен за работите на високото образование.[43]

**Обезбедување квалитет во високото образование и подзаконските акти**

Законот за високо образование на Република Македонија, иако некаде навлегува многу подлабоко и непотребно ги детализира законските одредби, сепак, претставува само генерална рамка за утврдување на подзаконски акти со коишто поблиску се регулира националниот систем за обезбедување и оценување на квалитетот во високото образование.

Во продолжение на трудот дадени се погледи на основните подзаконски акти во сферата на обезбедувањето квалитет во високото образование, односно Упатството за критериумите за начинот на обезбедување и оценување на квалитетот на високообразовниот кадар во Република Македонија и Правилникот за организацијата, работата, начинот на одлучување, методологијата за акредитација и евалуација, како и

[42]Тоа најчесто се прави преку реализирана студентска анкета.
[43]Рангирањето на универзитетите во Македонија за 2013/14 година го спроведе Џиао Тонг Универзитетот од Шангај, Кина.

други прашања во врска со работата на Одборот за акредитација и евалуација на високото образование.

**Упатство за критериумите за начинот на обезбедување и оценување на квалитетот на високообразовните установи и на академскиот кадар во Република Македонија**

Упатството за критериумите за начинот на обезбедување и оценување на квалитетот на високообразовните установи и на академскиот кадар во Република Македонија го донесува Министерот за образование и наука, според овластувањата коишто ги има по Законот за високо образование.

Со Упатството се предвидува дека надворешната евалуација се изведува во согласност со стандардите препорачани во Водичот од Европската асоцијација за евалуација (обезбедување квалитет) во високото образование (ENQA), следејќи ги прописите на Правилникот за организацијата, работата, начинот на одлучување, методологијата за акредитација и евалуација, стандардите за акредитација и евалуација, како и други прашања во врска со работата на Одборот за акредитација и евалуација на високото образование. Оценувањето е засновано на критериуми за работење на високообразовните и научно-истражувачките установи, во рамките на четирите посебни области, и тоа:

1. Организациски менаџмент и изведување,
2. Настава и учење,
3. Истражување, развој и/или креативни активности,
4. Општествената оправданост.

За сите овие четири области се наведени посебни критериуми за оценување. Така, во критериуми во областа организациски менаџмент и изведување припаѓаат следните критериуми:

66. Развој и стратегија на високообразовната установа каде фокусни точки се мисијата и визијата на установата, стратешките цели и плановите и активностите за секоја стратешка цел;
67. Управување, внатрешно обезбедување на квалитетот и култура на квалитетот, каде им се посветува внимание на организациската и управувачката структура на високообразовните установи, политиката и

процедурите за внатрешно обезбедување квалитет[44], тело за обезбедување квалитет и/или лица за обезбедување квалитет и улогата на студентите во управувањето со високообразовната установа и во системот на внатрешното обезбедување на квалитет;

68. Човечки ресурси, каде е задржано вниманието на бројот на квалификуван академски кадар; политиката на усовршување на наставниот и соработничкиот кадар на вискооообразовната установа; бројот на објавени публикации (трудови, книги, учебници и сл.) на академскиот кадар на установата; процедурите за избор и напредувањето на наставниот кадар; старосната структура на наставниот кадар, односот на сопствен и гостувачки кадар, квалификациите на наставниот кадар на сите студиски програми; како и бројот на администертивниот и помошниот кадар и нивното усовршување;
69. Информациски систем, каде подетаљно се објаснети критериумите за оценување, како системите за собирање и управување со податоците во врска со обезбедувањето квалитет на установата[45] и информацискиот систем за анализа на проодноста на студентите за секој предмет, година и студиска програма по испитни рокови, осднос наставник и студенти и сл.;
70. Финансиски менаџмент, каде се оценува распределбата на финансиските средства и вложувањето и плановите за вложување на финансиски средства.

Во областа на наставата и учењето определени се следните критериуми според коишто се врши оценувањето на квалитет:

71. Процедури за обезбедување квалитет на студиските програми, односно процедури за предлагање, прифаќање, следење и спроведување на студиските програми[46] и анализа на студиските програми;
72. Квалитет на академскиот кадар, каде се потенцира изведувањето на наставата на студиските програми и оценувањето на квалитетот на наставниот кадар;
73. Процедури за оценување на студентите, каде спаѓа формален акт усвоен од Сенатот на високообразовната установа за начинот на проверка на знаењата, компетенциите и вештините на студентите, транспарентноста на методот и

[44]Во овој дел јасно е нагласено дека Сенатот на високообразовната установа усвојува Правилник за квалитет или политиката за квалитет ја усвојува преку посебно поглавје во Статутот на установата
[45]Препорачан е Document Management System.
[46]Студиските програми мора да се дизајнирани во согласност со Правилникот за задолжителните компоненети кои треба да ги поседуваат студиските програми од прв, втор и трет циклус студии

критериумот за оценување на студентските права, потоа, анализа на успехот на студентите (анализа на проодноста) на ниво на студиска програма и на ниво на установа и мерки за подобрување на постапката за испитување и за наставниот процес;

74. Процедури за соодветно информирање на студентите, односно водичот за студиските програми којшто треба да биде достапен на веб страниците на установите, како и други информативни материјали;
75. Квалитет на материјално-техничките ресурси, односно соодветноста и бројот на различните ресурси во високообразовната установа (училници, лаборатории и опрема, библиотечни ресурси, компјутери, поединечни и групни простории за учење, пристап на интернет);
76. Меѓународна соработка, односно различните форми на меѓународна соработка, како учество во меѓународни проекти, потпишани билатерални договори за соработка, заеднички студиски програми, членство во релевантни меѓународни асоцијации, организации и здруженија, потоа,активностиоте за промоција на меѓународната мобилност на студентите и академскиот и административниот кадар, како и обезбедувањето ресурси за поддршка на меѓународните активости на установата.

Како поспецифични критериуми за областа на истражување, развој и/или креативни активности, во согласност со ова Упатство, наведени се следните критериуми:

77. Стратешко планирање на научно-истражувачката/уметничката дејност, односно целите на установата за научно-истражувачката/уметничката дејност и мерките за нивна имплементација;
78. Континуиран мониторинг на научно-истражувачката/уметничката дејност;
79. Систем на поддршка на научно-истражувачката/уметничката дејност, преку мерки на стимулација за академскиот кадар;
80. Науката како поддршка на стопанството, каде спаѓаат механизмите за поврзување со стопанството, за што надлежно е посебно тело во структурата на високообразовната установа;
81. Систем на финансирање на научно-истражувачката/уметничката дејност, во чијшто состав влегува одржување и унапредување на инфраструктурата за

реализација на наставата и изведување на истражувањата, финансиска поддршка на академскиот и административниот кадар за нивен сопствен развој, учеството на установата во различни мрежи за научни истражувања и развој и механизми за оценка на ефективноста од користењето на научно-истражувачката/уметничката инфраструктура во наставата и истражувањата;

82. Супервизија на студентското истражување и докторските студии, каде меѓу другото влегува и приемот на странски студенти на докторски студии, но и домашни студенти на странски високообразовни установи, и ангажирањето признати странски научници во изведувањето на наставата на докторските студии;
83. Оценување на квалитетот на академскиот кадар на високообразовните и научно-истражувачките установи, во согласност со научно-истражувачките подрачја од меѓународната Фраскатиева класификација, што подразбира евиденција на резултатите од реализацијата на сите научно-истражувачки, развојни и апликативни активности како истражувачки трудови, научни монографии, книги, учебници, прирачници, истражувачки проекти и сл.;
84. Евиденција за резултатите од реализацијата на практична примена од научно-истражувачката, развојната и апликативната дејност – нови технологии, материјали, системи, методи и услуги, нови софтверски програми, патенти, трговски марки, индустриски дизајн, географски називи и права за заштита на индустриската и интелектуалната сопственост, апликации на финални производи и нови технологии.

Последната област за којашто се предвидени посебни категории во Упатството за критериумите за начинот за обезбедување и оценување на квалитетот на високообразовните установи и на академскиот кадар во Република Македонија е областа на општествената оправданост. Во оваа област сместени се следните критериуми:

85. Информација за јавноста, каде спаѓа веб страницата на установата и објавувањето на сите податоци од интерес на студентите, кадарот и пошироката јавност и информацискиот пакет за идните студенти и за ЕКТС размената, како и институционално организираниот однос со јавноста преку посебна служба за односи со јавноста или назначен вработен/и;

86. Стратегиски цели за доживотно учење и акционен план и програми за учење на далечина;
87. Популаризација на научно-истражувачките/креативните активности и вклучување на високообразовната установа во општествениот развој.

Според ова Упатство, високообразовните установи се задолжени сите податоци што се однесуваат на наведените критериуми да ги доставуваат до Обдорот за акредитација и евалуација на високото образование.

Со овој документ уште се регулираат и посетите на високообразовните установи од страна на Комисија за надворешна евалуација, формирана од Одборот за акредитација и евалуација, со цел оценување на квалитетот на високото образование и формалните аспекти во врска со реализацијата на надворешната евалуација, како Образецот за работата на високообразовната установа и на акдемскиот кадар, Извештајот за надворешната евалуација со препораки, скалата за оформување на оценката и повторната надворешна евалуација на истата високообразовна установа.

Она што може да се заклучи за Упатството за критериумите за начинот на обезбедување и оценување на квалитетот на високообразовните установи и на академскиот кадар во Република Македонија е дека критериумите за оценување на квалитетот во високото образование се доста добро разработени и дадени се прецизни инструкции на што треба да внимаваат високообразовните установи, не само во процесот на обезбедување квалитет, туку, воопшто, и во севкупната нивна работа. При споредбата на елементите коишто се ставени во фокусот на интересирањето во обезбедувањето квалитет и оценувањето на квалитетот на високообразовните установи, се забележува дека не постои некоја значителна разлика кај високообразовните установи во земјата со оние во странство. Ова значи дека Упатството за критериумите за начинот на обезбедување и оценување на квалитетот на високообразовните установи и на академскиот кадар во Република Македонија може да претставува (и претставува) еден значаен дел од сетот подзаконски акти важни за регулирањето на системот за обезбедување и оценување на квалитетот и постапките за самоевалуација, евалуација и рангирање на високообразовните установи во земјата.

**Правилник за организацијата, работата, начинот на одлучување, методологијата за акредитација и евалуација, како и други прашања во врска со работата на Одборот за акредитација и евалуација на високото образование**

Друг значаен подзаконски документ којшто како основа го има обезбедувањето квалитет на високото образование во Република Македонија е Правилникот за организацијата, работата, начинот на одлучување, методологијата за акредитација и евалуација, како и други прашања во врска со работата на Одборот за акредитација и евалуација на високото образование. Овој акт го донесува Одборот за акредитација и евалуација, по претходна согласност од Владата на Република Македонија[47].

Во делот наменет за работата на Одборот за акредитација и евалуација веќе стана збор за организациската структура на Одборот за акредитација и евалуација и формалните аспекти од неговата работа. Во ова поглавје, главно ќе се задржиме на одредбите од Правилникот директно поврзани со обезбедувањето и оценувањето на квалитетот на високото образование во земјата, односно на принципите и критериумите коишто се важни во работата на Одборот при донесувањето решенија за акредитација, при регулирањето на евалуацијата и надворешната евалуација.

Во својата работа, Одборот, покрај тоа што ги следи наводите во овој Правилник, својата работа ја темели првенствено на Законот за високото образование, а потоа и на други подзаконски акти, како Уредбата за нормативите и стандардите за основање на високообразовни установи и за вршење на високообразовна дејност, Правилникот за задолжителните компоненти кои треба да ги поседуваат студиските програми од првиот, вториот и третиот циклус, Уредбата за Националната рамка на високообразовните квалификации и Упатството за начинот на обезбедување и оценување на квалитетот на високообразовните установи и на академскиот кадар во Република Македонија. Во делокругот на својата работа, Одборот за акредитација и евалуација:

88. Донесува решение за акредитација по проектот за основање на приватна високообразовна установа и дава мислење по проектот за основање на јавна високообразовна установа;
89. Донесува решение за акредитација на студиски програми, односно решение за одземање на дадената акредитација;

[47]Според Законот за високо образование

90. Дава мислење по елаборат за вршење на високообразовна дејност од странска високообразовна установа;
91. Расправа по завршниот извештај од спроведената надворешна евалуација;
92. Донесува решение за продолжување на акредитацијата на акредитирана високообразовна установа, односно решение за укинување на акредитацијата;
93. Дава препораки за подобрување на законските акти кои го регулираат високото образование;
94. Изготвува сумарен годишен извештај за спроведените надворешни евалуации и за констатираните состојби во доменот на високото образование во Република Македонија;
95. Покренува проекти за оспособување на високообразовните кадри и студентите од Република Македонија за учество во комисиите за надворешна евалуација;
96. Дава предлози за изготвување на мерливи, недвосмислени и препознатливи критериуми за оценување во постапката на евалуација за секоја поединечна област.

Постапката за акредитација на високообразовна установа е целосно регулирана со овој Правилник, како и со наведените други подзаконски акти и Законот за високо образование. Важно е да се напомене дека со овој Правилник потенцирано е значењето на Стандардите и насоките за обезбедување на квалитетот на Европскиот простор на високото образование во рамките на Европската асоцијација за обезбедување на квалитетот на високото образование и во постапката за акредитација на високообразовна установа, како и во постапката за акредитација на студиска програма. Правилникот дава детални упатства во врска со начинот на поднесување барање за акредитација на високообразовна установа и/или студиска програма, потребните документи, содржината на тие документи, како и постаките за прва и повторна акредитација.

Она што претставува посебен интерес за овој докторски труд е регулирањето на евалуацијата и надворешната евалуација на високообразовните установи во земјата.

Одборот за акредитација и евалуација подготвува план за спроведување на надворешна евалуација на високообразовните установи во Република Македонија. Според овој Правилник, Одборот за акредитација и евалуација треба да спроведе

надворешна евалуација на секоја високообразовна установа еднаш на пет години. Меѓутоа, Одборот за акредитација и евалуација може да спроведе надворешна евалуација и по барање на акредитирана високообразовна установа. Надворешната евалуација на високообразовната установа ја спроведува Комисијата за надворешна евалуација, составена од пет членови и тоа три од меѓународно признати универзитети, од кои најмалку еден од странство, еден од Одборот за акредитација и евалуација и еден претставник на студентите. Членот од Одборот за акредитација и евалуација е претседател на комисијата за надворешна евалуација. Правилникот предвидува дека работата на членовите на Комисијата за надворешна евалуација е независна, непристрасна, во согласност со законските и подзаконските одредби. Изборот на членовите на комисијата за надворешна евалуација зависи од: познавањето на академските методи на предавање и учење; искуството со раководење и управување на високообразовна, односно научно–истражувачка установа; релевантното меѓународно искуство доволно за споредба со меѓународни искуства; искуството во воспоставување, развивање и евалуација на студиски програми; познавањето на законските и подзаконските прописи, како и релевантните меѓународни стандарди. Во текот на реализацијата на постапката за надворешна евалуација, членовите на комисијата ги проучуваат документите што ја регулираат надворешната евалуација; поднесуваат извештај за самоевалуацијата на установата и даваат препораки за точките на кои треба да се фокусира текот на надворешната евалуација; учествуваат на состаноците и дискусиите на комисијата; учествуваат во подготовките на посетата/ите на високообразовната установа; учествуваат во посетата/ите; учествуваат во оценувањето на установата и подготовката на извештајот; ги проучуваат коментарите на установата за извештајот и оценуваат дали може да се земат предвид во крајниот извештај; извршуваат други задачи поврзани со евалуациониот процес во согласност со поделбата на задачите меѓу членовите на комисијата; се придржуваат на роковите определени од комисијата.

Според Правилникот, Комисијата за надворешна евалуација ја оценува високообразовната установа во четири посебни области:

97. Организациски менаџмент и изведување;
98. Настава и учење;
99. Научноистражувачка дејност и други креативни активности;
100. Општествена оправданост.

Секоја област се евалуира посебно, со скала од три оценки: „ги задоволува барањата“, „условно ги задоволува барањата“ и „не ги задоволува барањата“. Во продолжение се дадени стандардите и критериумите од коишто Комисијата за евалуација ја изведува својата оценка за сите четири наведени области поединечно.

Така за областа Организациски менаџмент и изведување, Комисијата за надворешна евалуација треба да обрне внимание на оценувањето на општиот менаџмент на установата (улогата на високообразовната установа во македонското општество; развојниот план и со него поврзаните акциони планови; усогласеноста на мисијата на установата со државните приоритети и очекувањата на општеството; клучните резултати на високообразовната установа; учеството на менаџментот на високообразовната установа во подготовката и спроведувањето на развојните и акционите планови; одговорноста на сите нивоа на одлучување; внатрешните и надворешните комуникации на високообразовната установа), менаџментот на вработените (критериумите за избор во наставно-научни, наставни и научни звања на вработените во високообразовната установа; принципите и процедурите за вработување и напредување; изборот, именувањето и оценувањето на академскиот кадар и правилниците за избор во соодветната установа; принципите на наградување и мотивирање на вработените; задоволството на вработените од менаџментот, работните услови и протокот на информации; учеството на вработените во меѓународни програми на мобилност, соработка, мрежи и др.), менаџментот на финансиските ресурси и инфраструктурата (економската оправданост на распределбата на финансиските ресурси на високообразовната установа и администрацијата и развојот на инфраструктурата; информациони системи кои го поддржуваат нејзиниот менаџмент и кохерентното изведување на клучните процеси; работните услови на кадарот и условите за учење и истражување на студентите).

Со цел адекватно оценување на областа Настава и учење, наведени се следните стандарди и критериуми коишто треба да претставуваат основа за оценката на Комисијата за надворешна евалуација: ефективноста на наставата и учењето (образовните цели и мерките за нивна имплементација на високообразовната установа; предусловите за обезбедување национална и меѓународна конкурентност на дипломираните студенти; бројот на студентските места во согласност со општествените потреби и можностите и целите на високообразовната установа; условите за прием во согласност со мисијата и целите на високообразовната установа;

неопходните стандарди за студирање на високообразовната установа), унапредувањето на студиските програми (усогласеност на студиските програми со целите и потребите на работниот пазар и државните стратегии и очекувањата на општеството; реализацијата на развојните активности поврзани со студиските програми; вклученоста на различни групи на интерес во унапредувањето на студиските програми; задоволството на дипломираните студенти со квалитетот на студиите и задоволството на работодавачите со квалитетот на дипломираните студенти), напредувањето и оценувањето на студентите (контролирано и поддржано академско напредување на студентите; дали оценувањето на студентите го мотивира учењето и е во согласност со резултатите од учењето; ефикасен систем за земање во предвид на претходното образовно и работно искуство на студентите), поддршката на процесот на учење (организацијата на студиите во насока на креирање можности за студентите да ги завршат студиите во определениот период; обезбедено советување поврзано со студиите и кариерата; поддржана меѓународна мобилност на студентите; организирани образовни активности во кои се користи современа техничка и образовна технологија; мислење од студентите за процесите на учење и поддршка).

Во постапката за надворешна евалуација, при оценувањето на областа Истражување, развој и/или креативни активности, според овој Правилник, Комисијата за надворешна евалуација треба да се фокусира на исполнувањето на следните стандарди и критериуми:  општите истражувачки, развојните и/или креативните активности (цели и мерките за нивно спроведување; дали се земени во предвид потребите на општеството и работниот пазар), ресурсите за истражувачките, развојните и/или креативните активности и процесите на поддршка (постоење на ефикасен систем за поддршка на овие активности; финансиски ресурси потребни за унапредување на активностите и стратегија за поддршка на нивното стекнување; учество во различните мрежи за вакви активности; инфраструктура за истражувачки, развојни и/или кјретаивни активности), оценувањето на квалитетот на научно-истражувачката дејност на научно-истражувачките установи како и на научните центри на извонредност во Република Македонија (активна посветеност на наставно-научниот кадар на научно–истражувачка работа; објавување на резултатите од научно-истражувачката работа во научни списанија со висок фактор на влијание; учество на наставно-научниот кадар во меѓународни научно-истражувачки проекти FP6, FP7, EUREKA, IAEA, NATO, COST, UNESCO и сл.; обем и квалитет на завршените

постдокторски студии на реномирани меѓународни и домашни високообразовни, односно научни установи на наставно-научниот кадар; воведување и спроведување на Систем за менаџмент на квалитет соодветен на научното поле на кои се однесува научно-истражувачката работа; воспоставен релевантен Систем за самоевалуација на научно-истражувачката работа; редовно вклучување на млади истражувачи на ниво на прв, втор и трет циклус на студии во научно- истражувачката работа; придонес на научно-истражувачката работа за унапредување на квалитетот на третиот циклус на студии; одржување редовни контакти со истражувачи од реномирани странски високообразовни или научни установи и нивна ангажираност во научно-истражувачката работа; организација и распределба на работата, како и структурна поставеност со цел обезбедување блискост на соработката помеѓу истражувачите, задоволителна кохезија и постигнување на целите; остварување на меѓународна мобилност во водечки истражувачки групи; придонес на резултатите од научно-истражувачката работа за воведување на нови производи/услуги, формирање нови фирми и отварање нови работни места; соодветност на просторот, распоредот и организација за изведување на научно-истражувачката работа; располагање, користење и редовно одржување на опремата; поседување соодветна литература и редовно дополнување на литературата; редовно одржување електронски пристап до меѓународни бази на научни списанија; мерливи ефекти од научно-истражувачката работа врз унапредувањето на научно-истражувачките потенцијали на национално ниво; интерес на стопанството, односно релевантните организации за научно-истражувачката работа и соодветна применливост на резултатите кои се нејзин плод; потенцијали за обезбедување научно-истражувачки обуки од пошироко општествено значење, во функција на зајакнување на трансферот на знаење кон стопанството; остварување финансиски средства од соработка со стопанство или други релевантни организации; инвестирање на остварените средства за унапредување на научно-истражувачката работа), учеството на студентите од сите циклуси на студии, а особено од третиот циклус, во научно-истражувачки активности (вклученост на студентите од сите циклуси во истражувачки, креативни и проектни активности; добра балансираност на професионализмот, ефективноста и работното оптоварување на наставно-научниот кадар кој ги води истражувањата се добро балансирани, со цел обезбедување квалитет на истражувачките трудови и позитивни оценки на испитите; информираност на студентите да го препознаат плагијаторство; обезбедени услови за прием на странски

студенти на докторски студии; вклученост на признати странски научници во обезбедувањето на докторските студии и во надзорот на докторските тези).

За последната четврта област на оценување во рамки на постапката за надворешна евалуација што ја спроведува Комисјата за надворешна евалуација, со Правилникот се определени стандарди за: популаризација на истражувачките, развојните и/или кретаивните активности и вклучување на високообразовната установа во општествениот развој (постоење систем за популаризација на истражувачките, развојните и/или креативните активности; учество на вработените во високообразовната установа во активностите на професионалните асоцијации и, како експерти, во општествени супервизорски органи и тела кои донесуваат одлуки), ин-сервис тренинг и образовни активности за поширока намена (стратегиски цели и јасен акционен план на полето на доживотното учење, како и нивно оценување и унапредување), други јавно ориентирани активности (нивна целисходност; придонес на високообразовната установа за зголемување на општествената добросостојба со споделување на своите ресурси – библиотека, спортски погодности и др. и/или организирање концерти, изложби, перформанси, конференции, саеми и други активности).

Во зависност од поединечните оценки на сите овие четири области, Комисијата за надворешна евалуација ја формира конечната одлука за евалуација на високообразовната установа. Извештајот за извршената надворешна евалуација, Комисијата треба да го подготви во рок од еден месец од посетата на високообразовната установа, а вискообразовната установа, во рок од две недели по примањето на Извештајот, може да поднесе свои забелешки по истиот. По разгледувањето на забелешките од високообразовната установа, Комисијата за надворешна евалуација подготвува завршен извештај којшто го доставува до Одборот за акредитација и евалуација. Конечното решение за евалуација го донесува Одборот за акредитација и евалуација во рок од два месеци од денот на добивањето на извештајот.

Одборот за акредитација и евалуација својата одлука за донесување конечно решение за евалуација ја засновува на самоевалуациониот извештај на високообразовната установа, завршниот извештај на комисијата за надворешна евалуација, коментарите на високообразовната установа по извештајот, како и дополнителни материјали добиени по барање на Одборот за акредитација и евалуација. Во случај на противречности и несовпаѓања во посебните извештаи или несоодветна

аргументација по донесената оценка, Одборот за акредитација и евалуација може да побара од Комисијата за надворешна евалуација повторно да го разгледа материјалот и да поднесе нов извештај. Одборот за акредитација и евалуација го известува Министерството за образование и наука за секоја спроведена надворешна евалуација и му доставува листа на евалуирани високообразовни установи.

Регулирањето на националниот систем за обезбедување квалитет во високото образование и донесувањето вакви и слични законски и подзаконски акти е позитивно искуство за обезбедувањето на квалитет. Но, сепак, мора да се разбере дека преголемата зависност на високообразовните установи во земјата од владините тела и органи, како и од организациите коишто во актите за регулирање на нивната работа наведуваат дека нивната работа е непристрасна и независна, доведуваат до значителна владина интерференција (а со тоа и политичко влијание), што го доведува до прашање уставниот принцип на универзитетска автономија. Добро е да се имаат насоките и рамките за управување и реализација на процесите за обезбедување и оценување на квалитетот во високото образование, што придонесува кон еднаквоста и изедначеноста на структурите за обезбедување квалитет во сите високообразовни установи во земјата, но зависноста при донесувањето одлуки на Комисијата за надворешна евалуација од страна на Одборот за акредитација и евалуација (којшто, пак, од друга страна е директно зависен од Министерството за образование и наука и Владата на РМ) е преседан во високото образование, што ја нарушува универзитетската автономија.

До донесувањето на претходно споменатите правила и прописи, надворешната евалуација на високообразовните установи се вршеше по барање на самата високообразовна установа, а заради нејзини потреби да добие непристрасно мислење за нејзината состојба, гледана генерално и посебно, во сите нејзини сегменти на функционирање, како и препораки за преземање идни соодветни мерки и активности за подобрување на состојбите. Надворешната евалуација, по правило, се реализираше од страна на релевантна меѓународна организација или асоцијација, акредитирана за евалуирање високообразовни установи. Ваквата можност постои и сега, но тоа би значело реализација на двојна надворешна евалуација за високообразовните установи во земјата, поради тоа што надворешната евалуација од страна на Одборот за акредитација и евалуација е задолжителна обврска за секоја високообразовна установа во земјата.

**Систем на обезбедување квалитет на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ – Скопје**

Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ – Скопје, како најстар и најголем универзитет во земјава ја има улогата на лидер помеѓу високообразовните институции, покрај останатото, за обезбедување и оценување на квалитетот во високото образование, односно на поставување норми и стандарди за квалитет во високото образование, коишто другите универзитети (јавни и приватни), сакале да признаат или не, ги следат како добри практики.

Така Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ – Скопје својата одлучна заложба за квалитет ја има преточено во акт *Политика за квалитет*, во којшто, меѓу другото, се вели дека „*главни цели на политиката за квалитет се функционирање на организационата структура на интегриран универзитет и воспоставени надлежности на органите, кои произлегуваат од законската регулатива поврзана со неговата дејност; подигнување на квалитетот на наставата, студирањето и студентскиот стандард; развивање на европската димензија во високото образование во развојот на студиските програми, меѓуинституционалната соработка на ниво на УКИМ, соработка на национално, регионално и на интернационално ниво, мобилност на академскиот кадар и студентите; управување со квалитетот – континуирано следење и оценување на процесите за обезбедување квалитет, подигнување на квалитетот во сите сфери на дејствување на Централната стручна и административна служба – Ректоратот*“.

Покрај вака недвосмислено изразена волја за обезбедување и унапредување на квалитетот во високото образование, УКИМ наведените цели континуирано ги постигнува со формализирање на процесите и постапките во своето работење (донесување правилници, кодекси и сл.), како и со воведување системи за работа на различни нивоа и во различни области (Универзитетската компјутерска мрежа, систем за менаџмент на квалитетот, процедура за поддршка на меѓународни проекти, систем за достапност на информациите од јавен карактер и сл.) и тоа преку соодветните организациски структури.

Процесите за самоевалуација и обезбедување и оценување на квалитетот, Универзитетот ги формализира со сопствен акт *Упатство за самоевалуација и обезбедување и оценување на квалитетот на единиците на УКИМ,* со кое се уредуваат

евалуационите методи и постапката за вршење на самоевалуација на факултетите и научните институти на УКИМ. Ова е мошне значајно за обезбедување принципи на униформност, еднаквост и изедначеност во активностите на сите единици на Универзитетот, а добро поставената рамка, како што во случајот е ова Упатство, ги отстранува нејаснотиите и различните толкувања на постапките, мерките и механизмите, со што се добиваат истородни податоци и информации погодни за понатамошна анализа и употреба. Според ова Упатство, единиците на Универзитетот вршат самоевалуација за проценка на квалитетот на вршењето на високообразовната, научноистражувачката дејност, на управувањето, финансирањето, академските и другите активности и нејзините приоритети, како и евалуација на студиските и предметните програми и на процесите на настава и учење и тоа според однапред утврдени правила (целите и насоките на самоевалуацијата, основите за вршење самоевалуација, оценувањето на академскиот кадар и квалитетот на наставно-образовниот процес, бројот и составот на комисиите за самоевалуација, самоевалуационата постапка, насоките на самоевалуациониот процес, правата и должностите на лицата кои ја вршат самоевалуацијат, насоките за содржината и подготвувањето на евалуациониот извештај, правилата за прифаќање на евалуациониот извештај, мерките што треба да се преземат според евалуационите резултати, објавувањето на самоевалуациониот извештај, како и други прашања од значење за вршењето на самоевалуацијата). Исто така, составен дел на Упатството за самоевалуација и обезбедување и оценување на квалитетот на единиците на УКИМ претставува и моделот на студентска анкета, како една од алатките за оценување на квалитетот на наставнообразовниот процес и академскиот кадар на единиците на Универзитетот. Во Упатството се инкорпорирани законските и подзаконските одредби во врска со обезбедувањето квалитет во високото образование (пр. интервалот за спроведување самоевалуација на секои три години, критериумите и стандардите за евалуација по поодделни сегменти и сл.). Значајно е дека, поради полесно сумирање на податоците од поединечните извештаи за самоевалуација од единиците во еден севкупен извештај за самоевалуација на Универзитетот, главната содржина на поединечните извештаи кореспондира со онаа на Универзитетскиот извештај за самоевалуација, односно се состои од: опис на институцијата, мисија и цели, стратегија за остварување на мисијата, студиски програми, наставен и соработнички кадар, наставно-образовна дејност, студенти, просторни и материјални услови, логистика,

надворешна соработка, научноистражувачка дејност и финансирање. Универзитетскиот извештај за самоевалуација, секако, дека покрај овие содржински елементи во себе инкорпорира и елементи коишто даваат слика за неговата општествена улога, придонес и релација со значајните општествени чинители во национален контекст (економска состојба на земјата, потреби на пазарот на трудот – дефицитарни/суфицитарни кадри, центри за кариера на единиците во состав на Универзитетот, апликативна дејност, застапеност во структурите на Македонската академија на науките и уметностите и сл.).

Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје (УКИМ), како членка на Европската асоцијација на универзитети (ЕУА), следејќи ја Програмата за институционална евалуација на Европската асоцијација на универзитети (ЕУА) и насоките за спроведување самоевалуација и надворешна евалуација, во изминатиот период помина низ три евалуациони процеси – првичната евалуација во 2003 година, последователна евалуација во 2008 година, а на иницијатива и со финансиска поддршка од страна на Светска банка беше спроведена уште една последователна евалуација во 2011 година.

Тоа што е од посебно значење за овој труд е постапката за самоевалуација на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" – Скопје, како и извршената надворешна евалуација на овој Универзитет од страна на експертски тим на Европската асоцијација на универзитети. Значењето на овие два процеса е уште поголемо кога се знае дека Универзитетот истовремено ги запазуваше елементите утврдени од страна на Одборот за акредитација и евалуација на РМ, како и структурата и содржината утврдени во насоките на ЕУА за институционална евалуација.

Како што е претходно објаснето, основата за реализација на надворешна евалуација лежи во претходно извршена самоевалуација на Универзитетот. Така, Универзитетот, следејќи ги сите законски и подзаконски регулативи, формираше Комисија за евалуација на Универзитетот, чиишто членови поделени во работни групи, добиле свои задолженија, според позицијата и компетенциите, а со цел објективна анализа на податоците. Појдовните точки при изготвувањето на Извештајот за самоевалуација на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" – Скопје, како што е наведено во самиот Извештај, претставувале поединечните извештаи за самоевалуација на единиците во состав на Универзитетот, претходно изготвени од страна на комисии за самоевалуација на единиците, како и податоците и информациите добиени од

раководните органи и административните служби на Универзитетот и на единиците во негов состав.

Она што не е во фокусот на интересирањето на оваа докторска теза е колку, според Извештајот за самоевалуација, е успешен Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ – Скопје, туку на кој начин се обезбедува и оценува квалитетот на овој Универзитет, што се смета како релевантен податок за оценување на квалитетот, кои се најважните сегменти од работењето на Универзитетот што подлежат на постапката за самоевалуација, каква е структурата за обезбедување на квалитет, што се постигнува во постапките за самоевалуација и евалуација и сл.

Според Извештајот за самоевалуација, можат да се детектираат основните Универзитетски документи значајни во системот за обезбедување и оценување на квалитетот, односно Статутот на Универзитетот, правилниците на единиците во состав на Универзитетот за уредување на нивните внатрешни односи и нивното работење, потоа, Упатството за самоевалуација и обезбедување и оценување на квалитетот на единиците на УКИМ, Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања на УКИМ, Правилник за работата и избор на студентскиот правобранител, Стратегискиот план за работа на Универзитетот, Акциониот план за работа на Универзитетот, потпишаните договори за соработка со бројни стопански субјекти, Правилник за единствените основи за утврдување на платите и надоместоците на вработените на Универзитетот, потпишаните договори за соработка со сите позначајни јавни институции итн. Како што и во самиот Извештај се заклучува „имплементирањето на системот за управување со квалитетот овозможува остварување на стратегиските цели на УКИМ. Севкупната дејност на УКИМ е документирана преку низа правилници, регулативи и процедури и е овозможена постојана анализа на резултатите, навремено откривање на слабости и недостатоци, како и можност за побрзо преземање мерки за нивно отстранување“. Она што може да се забележи е дека и покрај големиот број донесени и усвоени акти за врамување на универзитетските активности, сепак, недостигаат некои од поважните универзитетски акти, односно Универзитетот, сè уште нема донесено свои акти за регулирање на условите за студирање на прв, втор и трет циклус студии.

Исто така, за обезбедувањето квалитет значајна е и организациската структура на Универзитетот, во којашто највисок орган на управување и стручен орган на УКИМ е Сенатот, па според тоа, Сенатот е и највисок орган и во системот за обезбедување и

оценување на квалитетот, а најважното оперативно тело е Комисијата за самоевалуација на Универзитетот. Највисок, пак, раководен орган на Универзитетот е Ректорот, а во раководењето учествуваат и проректорите и деканите на единиците на Универзитетот, кои ја сочинуваат Ректорската управа. Ректорот е должен, најмалку еднаш во годината, до Сенатот и до основачот Владата на РМ, да поднесува извештај за работата на УКИМ. Помошни тела на Ректорската управа се комисиите за: настава; наука; финансии, инвестиции и развој; соработка со универзитетите во земјата и во странство; издавачка дејност; нормативна дејност; информатичка технологија; студентски стандард и за култура и спорт. Комисијата за самоевалуација, пак, ја формира Сенатот на Универзитетот. Комисијата е должна да достави извештај за евалуација до Сенатот најмалку еднаш годишно. Во извештајот се оценува состојбата и се даваат конкретни предлози за надминување на негативните појави во остварувањето на дејностите на Универзитетот. Во сите управни и раководни органи и тела на Универзитетот учествуваат и студентите преку свои претставници, што значи дека тие партиципираат во донесувањето на сите одлуки за функционирањето на Универзитетот. Во рамките на заложбите за јакнење на местото и улогата на студентот, на УКИМ е воведена институцијата студентски правобранител и е донесен *Правилник за работата и избор на студентскиот правобранител.* Студентскиот правобранител се предлага од страна на Студентскиот парламент на УКИМ од редот на студентите, а се избира од страна на Универзитетскиот Сенат. Според Извештајот, Организационата шема на Универзитетот е дизајнирана да обезбеди функционална рамка за остварување на стратегиските цели.

Како што е наведено во Извештајот за самоевалуација, УКИМ е интегриран универзитет со централизиран буџет за подобро управување и обезбедување на квалитетот. Транспарентноста на трошењето на овие средства е загарантирана со годишните финансиски извештаи, коишто ги усвојува Сенатот, со што тие се достапни за секој член на академската заедница. Во отсуство на национални мерила и критериуми за финансирање на дејноста во високото образование, УКИМ има донесено *Правилник за единствените основи за утврдување на платите и надоместоците на вработените на Универзитетот*.

Сите активности на Универзитетот се во согласност со важечките законски прописи и со актите на Одборот за акредитација и евалуација на високото образование во РМакедонија, со кои е пропишана одговорноста на Универзитетот за квалитетот на

наставата и истражувањата, осигурување на академската слобода, транспарентноста на одлуките во поглед на управување со ресурсите.

Кон обезбедувањето квалитет на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" – Скопје придонесува и неговата мисија и целите за нејзино остварување:

101. организација на Универзитетот преку одржување на степенот на функционална интеграција на сите нивоа, во согласност со меѓусебното договарање и разбирање на членките, како и утврдување заеднички приоди и приоритети за идниот развој;
102. изнаоѓање механизми за надминување на недостатокот од млад соработнички кадар преку директно вклучување на истражувачи во научноистражувачки и апликативни проекти, како и вклучување на докторанди во наставата;
103. осовременување на наставата и имплементација на Болоњската декларација преку промени во постојните студиски програми;
104. воведување нови програми и нов пристап и начин на изведување настава што ги бара болоњскиот систем со поставување на студентот и неговите потреби во центарот на образовниот процес, а тоа значи пресврт како ориентација за преобразба на образовниот процес, од процес на настава во процес на перманентно учење и воведување нова технологија на стекнување знаења;
105. подобрување на квалитетот на наставата, студирањето и студентскиот стандард;
106. зголемување на мобилноста на студентите и наставниците;
107. управување и унапредување на квалитетот преку воведување на стандарди и директиви во согласност со заедничката рамка за обезбедување квалитет во високото образование, сертификација и акредитација на единиците и лабораториите, воведување систем за корективни мерки при следењето и управувањето со квалитетот, како и континуирана оцена на системите на интерна контрола преку активностите на Единицата за внатрешна ревизија на УКИМ;
108. унапредување на научноистражувачката, уметничката и иновативната работа преку стимулативни мерки и изнаоѓање финансиски извори за нејзин развој;

109. развој на ефикасен флексибилен модел на постдипломски и докторски студии кој ќе одговори на брзите општествени промени и барањата на стопанството и пазарот на трудот;

110. засилена динамика на меѓународната соработка;

111. обезбедување на стабилно и ефективно функционирање на Универзитетската компјутерска мрежа и информатичко подобрување на работата на Универзитетот;

112. изнаоѓање решенија и одржливи мерки за финансирање на дејноста на Универзитетот, инвестиции и развој.

Сите овие наведени сегменти се дел од Извештајот за самоевалуација на Универзитетот, односно на сите овие точки им е посветено внимание.

Во врска со обезбедувањето квалитет на академскиот кадар, УКИМ наведува дека наставните и истражувачките позиции се пополнуваат само преку конкурс, во согласност со Законот за високо образование и Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања на УКИМ. Исто така, како и во повеќето сфери, Универзитетот прави анализи на идентификуваните потреби, па потоа врз основа на нив, до надлежните органи се доставуваат барања за нови вработувања, како по основ на престанок на работниот однос поради пензионирање, така и поради проширување и развивање на дејноста. За обезбедување на квалитетот на постојниот академски кадар УКИМ создава претпоставки и механизми за научно усовршување (во земјата и во странство), како и интензивирање на наставните и истражувачки перформанси преку мобилност на наставниот кадар, мотивирање и привлекување кадри преку подобрување на условите за научноистражувачка работа. Исто така, студентите преку анкетен прашалник го оценуваат посебно секој наставник/соработник според неколку критериуми: подготвеност за предавањата/вежбите, квалитет на изведувањето на наставата, редовност на предавањата и рационалноста во искористувањето на часовите, достапност за консултации и комуникација, објективност во оценувањето, однос кон студентот, достапна литература за совладување на материјалот, усогласеност на предавањата со вежбите, обврски кои студентите треба да ги исполнат за полагање на испитот, како и тежина на испитот. Анкетниот прашалник се пополнува на крајот на секој семестар.

Во врска со постапките за евалуација/самоевалуација во Извештајот се вели:

„Евалуацијата .... претставува еден од основните механизми за обезбедување квалитет во неговите дејности. Со донесувањето на Упатството за самоевалуација на единиците на УКИМ, утврдени се критериумите за самоевалуација од страна на комисии формирани од наставно-научните/научните совети. Самоевалуацијата, надворешната евалуација од страна на Одборот за акредитација и евалуација на високото образование и надворешната евалуација на УКИМ од страна на Европската асоцијација на универзитети (ЕУА) се основните механизми со кои се оценува и се обезбедува квалитетот на работата и дејствувањето на Универзитетот. Самоевалуацијата опфаќа анализа на студиските програми, квалитетот на наставата, научноистражувачката работа, апликативната дејност и финансирањето. При самоевалуацијата се земаат предвид анализите и препораките на посебни комисии и едукативни тела на единиците чија задача е: да ја следат проодноста на студентите по предмети, квалитетот на изведувањето на наставата, едукацијата на кадарот за воведување нови пристапи и методи во изведувањето на наставата, измени и дополнувања на предметните и студиските програми, начинот на проверка на знаењата и сл. Дел од извештаите за самоевалуација се и студентските анкети за оцена на квалитетот на наставата и оцена на академскиот кадар. Извештаите од студентските анкети се предмет на рецензија при изборот во академски звања на наставниците и соработниците. Извештаите за самоевалуација на единиците се доставуваат до Комисијата за евалуација на УКИМ, која спроведува самоевалуација на Универзитетот. Врз основа на овие извештаи се предлагаат корективни мерки од страна на Сенатот. Еден од механизмите за следење на квалитетот на наставата е воведувањето на заеднички електронски систем (iKnow) со кој е воспоставена контрола на процесот на настава од уписот на студенти, електронски студентски прашања и студентски картон до евиденција на присутноста на студентите и наставниците на наставата“.

Контролата на квалитетот се спроведува за сите дејности на Универзитетот: наставно-образовната и научноистражувачка дејност, управувањето, финансирањето, академските и другите активности и приоритети, вклучително и предметните и студиските програми, како и методите на наставата и учењето. Ректоратот на УКИМ во делот на управување, има сертифициран систем за управување со квалитетот според меѓународниот стандард ISO 9001:2008.

Во Извештајот дадена е слика и за останатите услови на Универзитетот, а во функција на обезбедување квалитет, како што се: научноистражувачката и

апликативната дејност, просторните и материјалните ресурси (бибилотечни ресурси, лаборатории, простории за изведување настава и сл.), логистика, односно информатичка поддршка (пристап до интернет, до информатички бази на податоци, модернизација на наставата со воведување на ИТ технологии, е-учење итн.), организацијата и уписите на студиите на прв, втор и трет циклус студии, со посебен осврт на третиот циклус студии, имплементацијата на Болоњскиот систем на Универзитетот, интернационализацијата на наставата и науката, излезната и влезната студентска мобилност, јакнењето на административните капацитети поврзани со интернационализацијата на УКИМ и неговите активности во различни регионални, европски и меѓународни мрежи, истражувачки проекти во европските програми и билатерални партнерства, организација на научни и други академски настани и сл.

Иако со Законот за високо образование е предвидено посебно тело за обезбедување вклученост на претставници на општествената заедница во управувањето на Универзитетот, УКИМ сѐ уште нема формирано т.н. Универзитетски Совет, којшто се очекува да придонесе за подобрување на информираноста во врска со потребите на општеството.

Тоа што може да се забележи од содржината на Извештајот за самоевалуација на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ е што, покрај детектираните сфери на добро функционирање, идентификувани се и проблемите и потешкотиите на коишто наидува Универзитетот во своето работење, и тоа не само со крајната SWOT анализа, туку и поединечно во секое поглавје од Извештајот. Ова е мошне значајно за предлагањето на мерките и механизмите за подобрување, односно со зачувување на принципот на објективност, Универзитетот може да обезбеди гаранција дека ќе ги определи вистинските области за подобрување, а како и самиот Универзитет, така и Комисијата за надворешна евалуација на ЕУА (ИЕП) ќе ги предложи соодветните мерки и активности за идното дејствување на Универзитетот со цел унапредување на квалитетот на своето работење во целина.

Како што веќе наведовме, Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ – Скопје во 2011 година реализираше последователна надворешна евалуација спроведена од Комисија од Европската асоцијација на универзитети, односно од нејзината Институционална евалуациона програма, по првата надворешна евалуација во 2003 година.

Извештајот на Европската асоцијација на универзитети – Институционална евалуациона програма за извршената последователна евалуација на УКИМ може и треба да претставува позитивен пример за сите останати универзитети во земјата и потврда за значењето на спроведувањето независна постапка за евалуација, односно оценување на квалитетот на работата на универзитетите. Истовремено, оваа постапка за надворешна евалуација е значајна за приближување кон стандардите и критериумите на универзитетите во Европа и во светот, бидејќи се спроведува во согласност со принципите и критериумите на ЕУА.

Извештајот за спроведената последователна евалуација на УКИМ во себе, главно, ги содржи воочувањата на Комисијата за состојбите на Универзитетот, односно подобрувањата во однос на претходната евалуација во 2008 година, моменталните состојби, како и препораки за идни подобрувања, и тоа во сите сфери на дејствување: односот и улогата на УКИМ во националното опкружување, раководните структури и стратешкото планирање (процесот на интеграција, обезбедувањето квалитет), академскиот живот (ЕКТС и Болоњски процес, осовременување на наставата и вклученост на студентите, докторски студии), мобилност и интернационализација (мобилност на наставен кадар и студенти, политика за интернационализација).

Според претходно наведеното може да се заклучи дека Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ – Скопје има развиено свој систем за обезбедување квалитет и тоа во сите области на неговото функционирање во согласност со позитивните законски и подзаконски национални прописи, но и во согласност со европските норми за обезбедување квалитет во високото образование. Сепак, останува простор за негово усовршување, како со зголемување на бројот на универзитетски акти коишто подетално ги регулираат поединечните активности и даваат рамка за усогласено дејствување на сите единици во негов состав, така и преку создавање формална структура за обезбедување и оценување на квалитетот во Универзитетот, којашто главно ќе се фокусира на континуирано следење на исполнувањето на критериумите и страндардите на квалитет и на унапредување на квалитетот во секој домен.

# II. МЕТОДОЛОШКИ ПРИСТАП КОН ИСТРАЖУВАЊЕТО

**Предмет на истражување**

Предметот на истражување е следење на процесот на обезбедување квалитет на Универзитетот „Св. Климент Охридски“ – Битола, преку реализација на процес на самоевалуација, студентска анкета, анализа на моменталната состојба и проекции за подобрување на квалитетот на високото образование на ниво на Универзитет, но и подобрување на квалитетот на процесот и постапките за обезбедување квалитет.

При изборот на предметот на истражување почитувани се следните критериуми:

- *Предметот на истражување да не е претходно научно истражуван*

Имено, според обезбедените информации пред започнување на ова истражување не беа забележани други исти или слични истражувања за процесот за обезбедување квалитет во високото образование на ниво на Универзитет „Св. Климент Охридски“ – Битола. Секако дека истражувања за квалитетот во високото образование во национален контекст се правени и претходно, но институционалниот контекст не е истражуван во доволна мера или воопшто не е истражуван, па така и нема преклопување со ниту едно друго научно истражување во земјата.

- *Предметот на истражување да има значајност за подрачјето на коешто се однесува, но и да има апликативна примена во праксата*

Тоа што е евидентна големата важност за обезбедување квалитет во високото образование, не само во национални рамки, туку и многу пошироко, во меѓународни рамки, што го докажуваат и заклучоците и препораките на сите релевантни чинители во високото образование, а посебно во Европскиот високообразовен простор, доволно зборува за значењето на квалитетот на ниво на Универзитет. Квалитетот на високото образование во националниот високообразовен систем зависи и е составен од процесите за обезбедување квалитет на сите високообразовни институции во земјата, вклучувајќи го и Универзитетот „Св. Климент Охридски“ – Битола. Од друга страна, пак, квалитетот на високото образование во Европа, зависи и е составен од квалитетот на националните високообраазовни системи на земјите во Европа, но и на поединечните процеси за обезбедување и оценување на квалитетот во сите европски високообразовни институции.

Апликативната вредност на ова истражување се гледа од конкретните резултати, односно од подготвените предлози и решенија за подобрување на процесот за обезбедување и оценување на квалитетот во високото образование на Универзитетот. Крајниот производ на оваа тема се детаљно разработените:

113. Предлог – Упатство за самоевалуација и обезбедување и оценување на квалитетот на Универзитетот „Св. Климент Охридски“ – Битола со Органограм на системот за обезбедување и оценување на квалитетот на Универзитетот „Св. Климент Охридски“ – Битола;
114. Предлог – Упатство за студентската анкета на Универзитетот „Св. Климент Охридски“ – Битола;
115. Предлог – Проширена ISO процедура за самоевалуација;
116. Предлог – ISO процедура за студентска анкета;
117. Предлог – Правилник за работата на Канцеларијата за квалитет.

Овие документи се употребливи и апликативни во праксата, односно се готови решенија, коишто, секако, во текот на примената, во зависност од укажаните потреби, може да бидат и модифицирани, дополнувани или скратувани, но во контекстот во којшто е правено истражувањето претставуваат добра основа за реализација на постапките за самоевалуација и студентска анкета, за ISO процедурите, како и за етаблирање постојана Универзитетска структура за обезбедување и оценување на квалитетот.

- *Да постои интерес за предметот на истражување, интелектуална љубопитност и желба на истражувачот да дојде до истражувачката вистина*

Истражувањето е реализирано во текот на еден процес за обезбедување квалитет на Универзитетот со времетраење од девет месеци, а којшто вклучуваше следење на активностите во рамки на постапката за самоевалуација, потоа следење на активностите во рамки на постапката студентска анкета, како и постапките на подготовка и пишување на Извештаите за наведените постапки. Интересот за предметот на истражување е поттикнат за време на ваквото следење на постапките, а поради интелектуалната љубопитност на истражувачот, истиот придонесе истражувачот, со голема сериозност да ги преземе и останатите активности за време на истражувањето, односно да ја консултира теоретската мисла како основа на

итражувањето, да проучи и анализира други универзитетски системи за обезбедување и оценување на квалитетот од земјата и странство, да ги проучи и анализира европските препораки, насоки и стандарди во врска со предметот на истражување и, секако, да истражува повеќе за искуството на Универзитетот во врска со предметот на истражување, неговата сегашна состојба на тоа поле и можностите за подобрување.

- *За предметот на истражување да постојат достапни податоци и соодветни применливи истражувачки методи*

Како што ќе се забележи во емпирискиот дел на темата, за предметот на истражување постојат доволно достапни податоци и тоа во квалитативна форма, што оставаат простор и нудат можност за примена на дескриптивен истражувачки метод, со техники на истражување соодветни на истражувачкиот метод – структурирано пасивно набљудување и анализа на документација.

Иако податоците коишто се основа на ова истражување се т.н. „меки“ податоци, односно квалитативни податоци, ја оправдуваат својата значајност и валидност во истражувањето, бидејќи ги даваат суштинските информации корисни за изведување научни заклучоци, а коишто не би биле реални со квантитативни податоци и аквантитатифвна обработка на истите.

- *За предметот на истражување да биде обезбедена соработка со различни субјекти за собирање на податоците*

Најважната соработка во врска со собирањето на податоците беше обезбедена пред да започне истражувањето, односно соработката се однесуваше само на Универзитетот „Св. Климент Охридски“ – Битола. Значаен дел од податоците потребни за истражувањето беа и јавно достапни, така што во голем дел истражувањето беше олеснето од бирократски процедури и неефикасни комуникации.

- *Обезбедени други претпоставки за истражувањето*

За истражувањето дополнително беа потребни и други ресурси, од кои најважно е времето поминато во набљудување и анализа на документацијата, како и финансискиот аспект. Ова истражување не побара други посебни услови (посебна опрема, освен достапност до интернет и компјутерска опрема, просторни услови и сл.).

Секако дека достапноста до библиографските единици имаше круцијална важност за успешноста на истражувањето.

**Цел и задачи на истражувањето**

Целта на научното истражување е расветлување на проблемот на истражување, односно наоѓање на одговорот на она што е дефинирано како непознато, додека задачите на научното истражување го претставуваат патот до расветлувањето на проблемот, односно до наоѓањето на одговорот.

Целта дава одговор на прашањето *што*, а задачите даваат одговор на прашањето *како*.

## 2.1. Цел на истражување

Целта на истражувањето е да се проверат различните активности и аспекти од процесот на обезбедување квалитет (самоевалуација, студентска анкета, документирање, исполнување на ISO стандарди) на Универзитетот „Св. Климент Охридски“ – Битола, нивната оправданост, функционалност и (не)комплетност. Исто така, целта на истражувањето е да даде конкретни одговори или решенија за подобрување на процесот за обезбедување квалитет во високото образование на ниво на Универзитет.

Бидејќи лесно се таргетира потенцијалниот корисник на резултатите од истражувањето, а целосно е јасен и начинот на користење на крајните резултати од истражувањето, целта на ова истражување е повеќе прагматична, односно корисна и апликативна во праксата, а многу помалку е спознајна, односно помалку придонесува за збогатување на теоретската научна мисла.

## 2.2. Задачи на истражувањето

Во согласност со предметот и целта на истражувањето се поставуваат следните задачи:

- Добивање слика за начинот на водење и релизација на процесите за обезбедување квалитет на Универзитетот и единиците во негов состав;

- Испитување на постапката на реализација на самоевалуација на Универзитетот и неговите единици преку анализа на процесното раководење (планирање, подготвување, реализација, собирање и обработка на податоци, анализа и заклучоци);

- Испитување на постапката на реализација на студентска анкета, односно добивање ставови и мислења на студентите во врска со квалитетот на наставниот кадар на сите единици во состав на Универзитетот;

- Испитување на постапката на реализација на студентска анкета, односно добивање ставови и мислења на студентите во врска со квалитетот на студиските програми на сите единици во состав на Универзитетот;

- Испитување на постапката и начинот на обработка на податоците, концептуализација и прикажување на добиените резултати од изведената самоевалуација, односно методологијата на составувањето и пишувањето на Извештајот за самоевалуацијата на Универзитетот „Св. Климент Охридски" – Битола (за периодот 2007/08 – 2011/12);

- Испитување на постапката и начинот на обработка на податоците, концептуализација и прикажување на добиените резултати од изведената студентска анкета на ниво на Универзитет за академската 2011/12 година;

- Анализа на законските и другите акти во врска со организацијата и спроведувањето на процесот на самоевалуација на високото образование во РМ и нивно компарирање со реализацијата на процесот на самоевалуација на Универзитетот „Св. Климент Охридски" – Битола;

- Анализа на Универзитетските акти во врска со процесот за обезбедување и оценување на квалитетот во високото образование;

118. Иститување и анализа на постапката за исполнување на ISO 9001:2008 стандардите и процедурите во врска со обезбедувањето и оценувањето на квалитетот во високото образование на ниво на Универзитет.

**Хипотетска рамка**

Хипотезите во својата суштина претставуваат мисловен одговор за проблемот на истражување; веројатна претпоставка дека постои некоја појава како причина или како последица на некоја друга појава.

Во овој случај првата појава се применетите постапки во процесот на обезбедување и оценување на квалитетот во високото образование на ниво на Универзитет, а втората појава, врз којашто претпоставуваме дека влије првата појава, е самиот процес за обезбедување и оценување на квалитетот во високото образование на Универзитетот.

Според претходно наведеното, а поаѓајќи од предметот, целта и задачите на истражувањето, се поставува следната генерална хипотеза:

**Генерална хипотеза**

Квалитетот на применетите постапки влијае врз успешноста на процесот за обезбедување и оценување на квалитетот во високото образование на ниво на Универзитетот „Св. Климент Охридски“ – Битола.

Поставената генерална хипотеза ги задоволува критериумите за нејзина валидност, односно:

119. Генералната хипотеза е логично поставена врз теоретски основана претпоставка;
120. Генералната хипотеза се однесува на предметот на истражување;
121. Генералната хипотеза не е обемна и прешироко поставена, односно таа е конкретна, концизна и прегледна;
122. Генералната хипотеза е потполно јасна, односно таа е јазично разбирлива и прецизно формулирана;
123. Генералната хипотеза е теоретски и практично проверлива.

### 3.2. Помошни хипотези

Поради тоа што помошните (или парцијалните/делумните) хипотези се т.н. инструмент или алатка со којашто се докажуваат поедини аспекти на главната хипотеза, за целите на овој труд ќе ги издвоиме и формулираме следните помошни хипотези:

*Помошна хипотеза 1:*

Квалитетот на постапката за самоевалуација позитивно влијае врз спроведувањето и подобрувањето на процесот на обезбедување квалитет на Универзитетот.

*Помошна хипотеза 2:*

Квалитетот на постапката на испитување на ставовите и мислењата на студентите за наставниот кадар помага во спроведувањето и подобрувањето на процесот на обезбедување квалитет на Универзитетот.

*Помошна хипотеза 3:*

Квалитетот на постапката на испитување на ставовите и мислењата на студентите за студиските програми позитивно влијае врз спроведувањето и подобрувањето на процесот на обезбедување квалитет на Универзитетот.

*Помошна хипотеза 4:*

Документирањето на состојбите на Универзитетот има влијание врз процесот на обезбедување квалитетот на Универзитетот.

*Помошна хипотеза 5:*

Проверката на состојбата на Универзитетот, т.е. повторливоста на процесот на обезбедување квалитет на три години не е доволна за задржување на континуитетот на овој процес, односно за постојано следење на квалитетот и негово подобрување.

*Помошна хипотеза 6:*

Квалитетот на процедурите за исполнување на ISO 9001:2008 стандардите во врска со постапките за самоевалуација и студентска анкета влијае врз процесот за обезбедување квалитет во високото образование на ниво на Универзитет.

**Варијабли на истражување**

Во согласност со генералната и помошните хипотези се идентификуваат и варијаблите на истражување како карактеристики на предметот што се истражува, а на коишто се однесуваат претпоставките во хипотезите.

Всушност, варијаблите се обележја на истражувачкиот проблем коишто можат да се менуваат во времето и просторот; тие се променлива категорија на истражуваната појава или процес за коишто во хипотезите нешто се тврди или претпоставува.

Според изнесените наводи во продолжение се дадени независните и зависните варијабли на ова истражување.

**Независни варијабли**

Независните варијабли (или независната варијабла) секогаш се јавуваат во улога на причинителот на дејствието (активноста) изнесена во хипотезите. Односно тие се секогаш оние обележја на истражуваниот предмет коишто влијаат или предизвикуваат нешто.

Според тоа, за потребите на ова истражување се дефинираат следните независни варијабли:

124. Видови постапки применети во процесот на обезбедување квалитет:

1. постапка за самоевалуација;
2. студентска анкета за испитување на ставовите и мислењата на студентите за квалитетот на наставниот кадар;
3. студентска анкета за испитување на ставовите и мислењата на студентите за квалитетот на студиските програми;
4. документирање, односно донесување и усвојување Универзитетски акти во насока на обезбедување квалитет;
5. процедурите за исполнување на ISO 9001:2008 стандардите во врска со постапките за самоевалуација и студентска анкета;
6. Законска и подзаконска рамка за регулирање на содржината и формата на студиските програми и за регулирање на процесот на самоевалуација.

### 4.2. Зависна варијабла

Зависните варијабли (или зависната варијабла), за разлика од независните, секогаш се јавуваат како последица на одредена динамика на набљудуваната појава или процес. Зависните варијабли се обележјата на истражуваниот предмет врз коишто независните варијабли влијаат или го предизвикуваат нивното дејство.

Врз основа на ова, а за целите на ова истражување во продолжение е дадена следната зависна варијабла:

1. Квалитетот и успешноста на процесот за обезбедување и оценување на квалитетот на високото образование на ниво на Универзитетот, претставен преку постапките за самоевалуација, студентската анкета (валидност, објективност, искреност, веродостојност) и документирање на Универзитетските процеси и постапки.

**Модел (вид на истражување): квалитативно или квантитативно**

При објаснувањето на принципите врз коишто е дефиниран предметот на истражување споменато е дека станува збор за доминантно квалитативно истражување. Иако, во мал обем на истражувањето применет е и квантитативен модел на истражување, сепак, доминантен е квалитативниот пристап.

Примената на квалитативниот модел на истражување доаѓа како последица на карактерот на предметот на истражување, односно на фокусираноста на наративниот опис на појавата и предметот на истражување, како и на изнесувањето на смислата и значењето на испитуваните активности, постапки и процеси.

Исто така, ова истражување во својата суштина е квалитативно и поради фактот што настојува да даде смисла и значење на проучуваниот предмет со помош на набљудувањето, споредувањето и изведувањето квалификативи со добиени информации од „прва рака“ (Mayering, 1995) за феноменот што се проучува, т.е. за процесот на обезбедување квалитет на УКЛО.

## Дизајн на истражувањето

Дизајнот на истражувањето во суштина е стратегија на истражувањето што се однесува на методите со коишто се собираат и анализираат податоците. Дизајнот на истражувањето е план или програма на истражувањето, односно тоа е одговор на прашањето како истражувањето ќе се реализира.

Претходниот содржински дел од методолошкиот пристап беше фокусиран на определување на тоа што се сака да се истражи, додека следниот дел во методолошкиот пристап објаснува како ќе се истражи предметот, односно како ќе се докажат главната и помошните хипотези, со употреба на кој метод на истражување, со кои техники на истражување и кои истражувачки инструменти.

## Метод на истражување

### Дескриптивен метод

За потребите на научното истражување за овој докторски труд употребен е дескриптивниот метод, односно покрај опишувањето, прибирањето и средувањето на податоците, овој докторски труд првенствено се базира на споредувањето, вреднувањето и интерпретацијата на податоците и адекватното изведување на заклучоците, а во функција на испитувањето, проценувањето и подобрувањето на процесот на обезбедување квалитет на Универзитетот, односно на постапките на самоевалуација, студентска анкета и документирање на едниците на Универзитетот и на Универзитетот во целина.

## Техники на истражување

Во истражувањето, а во согласност со природата на предметот на интерес на овој докторски труд, како и во согласност со научно-истражувачките принципи на задолжителна научна базираност на добиените податоци и изведените заклучоци, беа применети следниве истражувачки техники:

**Структуирано пасивно набљудување**

Истражувачката техника структуирано пасивно набљудување, со употребена квалитативна метода на забележување на запазените активности, беше применета со цел објективно и непречено набљудување на реализацијата на процесите на самоевалуација и студентска анкета, како и при планирањето, подготовката и пишувањето на Извештајот за самоевалуацијата на Универзитетот „Св. Климент Охридски“ – Битола и Извештајот за студентската анкета, а со цел да се испита:

- квалитетот на постапката за самоевалуација во функција на процесот на обезбедување квалитет на Универзитетот и неговите единици,

- квалитетот на постапката на испитување на ставовите и мислењата на студентите за наставниот кадар во функција на процесот на обезбедување квалитет на Универзитетот и неговите единици,

- квалитетот на постапката на испитување на ставовите и мислењата на студентите за струдиската програма во функција на процесот на обезбедување квалитет на Униуверзитетот и неговите единици,

- квалитетот на постапката на прибирање и обработка на податоците, презентација на добиените резултати и изведување заклучоци, односно на постапката на подготовка и пишување на Извештајот за самоевалуацијата на Универзитетот,

- квалитетот на постапката на прибирање и обработка на податоците, презентација на добиените резултати и изведување заклучоци, односно на постапката на подготовка и пишување на Извештајот за студентската анкета.

Ваквиот процес на квалитативно набљудување во којшто истражувачот воспоставува повеќестран и подолготраен однос со испитуваниот предмет (во случајот процесот на обезбедување квалитет на Универзитетот), во неговата природна средина, имаше непроценлива вредност и значење за потребите на овој докторски труд, а поради добивање недвосмислени, објективни и податоци коишто не предизвикуваат сомнеж во нивната веродостојност, а оттука не предизвикуваат сомневање ниту во изведените заклучоци и предложените препораки за подобрување на идните вакви исти или слични процеси и постапки за обезбедување квалитет на Универзитетот „Св. Климент Охридски“ – Битола.

**Анализа на документација**

Анализа на документација се користеше за проучување на Извештајот за самоевалуацијата на Универзитетот „Св. Климент Охридски“ – Битола (за периодот 2007/08 – 2011/12), Извештајот за студентската анкета, законските и подзаконските прописи коишто ги тангираат студиските програми, но и организацијата и реализацијата на процесот на обезбедување квалитет на високото образование во РМ и Универзитетските акти во врска со обезбедувањето и оценувањето на квалитетот на високото образование.

Исто така, анализа на документација, како техника на истражување, се примени за проучување на Универзитетските статистички податоци и нивна споредба со ставовите и мислењата на студентите во однос на исти прашања и воочување на (не)усогласеноста на добиените резултати.

Анализа на документација беше користена и во постапката на анализа на сличните процеси коишто се реализираат на други универзитети во земјата и надвор од неа, односно анализа на документација, како техника на истражување, се користеше за анализа на постапките за самоевалуација и студентска анкета на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ – Скопје, како и при анализата на процесот на обезбедување квалитет на Универзитетот Кембриџ – Англија и Универзитетот во Ниш – Србија.

**Инструменти на истражување**

Во согласност со истражувачките техники, во истражувањето беа применети соодветни истражувачки инструменти:

- **Протокол за** испитување на процесот на реализација на самоевалуација на Универзитетот преку анализа на процесното раководење (планирање, подготвување, реализација, собирање и обработка на податоци, анализа и заклучоци);

- **Протокол за** испитување на процесот на реализација на студенстката анкета, односно добивање ставови и мислења на студентите во врска со квалитетот на наставниот кадар на сите единици во состав на Универзитетот;

- **Протокол за** испитување на процесот на реализација на Испитување на процесот на реализација на студентска анкета, односно добивање ставови и мислења на студентите во врска со квалитетот на студските програми на сите единици во состав на Универзитетот;

- **Протокол за** испитување на процесот на реализација на самоевалуација на Универзитетот, односно за постапката и начинот на обработка на податоците, концептуализација и прикажување на добиените резултати од изведената самоевалуација, односно методологијата на составувањето и пишувањето на Извештајот за самоевалуацијата на Универзитетот „Св. Климент Охридски“ – Битола (за периодот 2007/08 – 2011/12);

- **Протокол за** испитување на процесот на реализација на самоевалуација на Универзитетот, односно за постапката и начинот на обработка на податоците, концептуализација и прикажување на добиените резултати од изведената студентска анкета на ниво на Универзитет за академската 2011/12 година (Извештај за студентска анкета);

- **Протокол за анализа на документација – законска рамка и други акти** (Закон за високо образование, Упатствата за обезбедување и оценување на квалитетот на високообразовните установи и на академскиот кадар во Република Македонија);

- **Протокол за анализа на документација – Универзитетска статистика и документација.**

Овие инструменти се применети во форма на претходно подготвени табеларни протоколи со чијашто помош се следени значајните елементи на истражување (временска рамка, пропишани содржински елементи на организацијата и реализацијата на процесот на самоевалуација и сл.), конципирани на соодветен начин за добивање релевантни податоци за детектирање на состојбите на Универзитетот, односно на единиците во состав на Универзитетот.

**Примерок на истражувањето**

Примерокот на истражување е намерен, односно Извештајот за самоевалуација на Универзитетот „Св. Климент Охридски“ – Битола (за периодот 2007/08 – 2011/12), заедно со Извештајот за студентската анкета, Законот за високо образование, Упатствата за обезбедување и оценување на квалитетот на високообразовните установи и на академскиот кадар во Република Македонија, студиските програми, Статутот на Универзитетот „Св. Климент Охридски“ – Битола, Универзитетските акти и статистички извештаи, се намерно избрани примероци.

**Обработка на податоците од истражувањето**

Поаѓајќи од природата на истражувањето, карактеристиките на примероците и истражувачките инструменти, применети се квалитативна и квантитативна обработка на податоците.

Квантитативната обработка на податоците подразбира определување на фреквенција (f), односно зачестеност на испитуваните активности и процеси.

Најважно, сите податоци добиени, како од структурираното пасивно набљудување, така и од анализата на документацијата, се обработени квалитативно и направена е нивна споредбена анализа со цел да се види нивната усогласеност, меѓузависност, валидност и објективност.

## III. ЕМПИРИСКИ ДЕЛ

**Процес на обезбедување и оценување на квалитетот на Универзитетот „Св. Климент Охридски“ – Битола**

Обезбедувањето квалитет на Универзитетот „Св. Климент Охридски“ – Битола претставува систем инкорпориран во сите сфери на дејствување на Универзитетот, односно обезбедувањето и оценувањето на квалитетот на Универзитетот не треба и не смее да се разгледува како изолиран процес, туку како систем којшто има свои влијанија во сите домени на работа. Ваквата поставеност е во согласност како со сите законски и подзаконски регулативи, така и со меѓународните норми и стандарди за обезбедување квалитет во високото образование.

Така, Универзитетот „Св. Климент Охридски“ – Битола своето работење, а со тоа и обезбедувањето квалитет во својата работа, ја темели на Законот за високо образование, Упатството за критериумите за начинот на обезбедување и оценување на квалитетот на високообразовниот кадар во Република Македонија, Правилникот за организацијата, работата, начинот на одлучување, методологијата за акредитација и евалуација, како и други прашања во врска со работата на Одборот за акредитација и евалуација на високото образование, Правилникот за задолжителните компоненти што треба да ги поседуваат елаборатите за прв, втор и трет циклус студии и други национални прописи. Исто така, Универзитетот „Св. Климент Охридски“ – Битола, како членка на Европската асоцијација на универзитети, во своето работење ги почитува и применува и европските и меѓународните стандарди за квалитет, започнувајќи од ЕКТС системот, Болоњските принципи[48], Европската асоцијација за обезбедување квалитет во високото образование.

Во продолжение дадени се различни аспекти на обезбедувањето квалитет на Универзитетот „Св. Климент Охридски“ – Битола, историски (искуство во реализацијата на самоевалуација и надворешна евалуација, меѓународно искуство – учество во проекти поврзани со обезбедување квалитет во високото образование), документарен (најважни Универзитетски документи во врска со обезбедувањето квалитет во работењето) и аналитички аспект за идните потреби и активности што треба да се исполнат и преземат во процесот на обезбедување квалитет во работењето на Универзитетот.

[48]И сите обврски произлезени од декларациите на Министерските конференции во рамките на Болоњскиот процес

**Досегашни искуства во процесот на обезбедување квалитет**

Универзитетот „Св. Климент Охридски“ – Битола, досегашните искуства во процесот на обезбедување квалитет може да ги подели на самостојни искуства и на искуства добиени врз основа на учеството во одредени меѓународни проекти. Самостојните искуства во обезбедувањето и оценувањето на квалитетот во работењето се резултат на реализираните постапки за самоевалуација и примената на стандардот ISO 9001:2008, во примената и почитувањето на националните прописи во врска со обезбедувањето квалитет, што би вклучувало и донесување и усвојување одредени Универзитетски акти, односно документирање на процесот за обезбедување квалитет, додека меѓународните искуства УКЛО најмногу ги должи на учествата во неколку ТЕМПУС проекти од коишто како опиплив резултат беше реализирана надворешна евалуација на Универзитетот во 2003 година.

Ова поглавје е посветено на искуствата од ТЕМПУС проектите, на реализациите на надворешна евалуација и самоевалуација и на имплементацијата на TQM деловната филозофија и ISO стандардот 9001:2008 во работењето на Универзитетот „Св. Климент Охридски“ – Битола, додека документирањето на процесот за обезбедување квалитет, поради својата обемност, е поместен за обработка во следното поглавје од дисертацијата.

**ТЕМПУС проекти**

Иако со сигурност може да се тврди дека учеството во кој било проект во којшто се споделуваат искуства и со заеднички напори се создаваат нови содржини во универзитетското живеење, придонесува кон унапредувањето на квалитетот во работењето на Универзитетот или на единица во негов состав, генерално земено или во некој сегмент од работата, сепак, за одржувањето, оценувањето и унапредувањето на квалитетот како што се разбира во контекстот на тезата, за Универзитетот „Св. Климент Охридски“ – Битола најзначајно е учеството во следните ТЕМПУС проекти:

I. Промовирање на модел на интегриран универзитет во Република Македонија (Promoting a Model of Integrated University in the fYR of Macedonia) – PRIUM;

II. Зајакнување на системот за обезбедување квалитет во високообразовните институции во Западен Балкан со цел поддршка на националното и регионалното планирање (Strengthening Quality Assurance System within Western Balkans HEI's in Support of National and regional Planning) – STREW;

III. Дизајнирање и имплементација на Национална рамка за квалификации (Designing and Implementing of the NQF) – DINAQUF;

IV. Надградување на системот за обезбедување квалитет на Универзитетот „Св. Климент Охридски" – Битола (Upgrading of a System of Quality Assurance at the University "St. Kliment Ohridski" – Bitola).

Во продолжение дадени се основните карактеристики на споменатите проекти, како и придобивките, резултатите и остварувањето на проектните очекувања за Универзитетот „Св. Климент Охридски" – Битола, со посебен осврт на аспектите на процесот на обезбедување квалитет во работењето. Разбирливо дека поради олеснувањето на содржините не се дадени генералиите на проектите од видот кои универзитети и/или други субјекти, покрај УКЛО, учествувале во секој поединечен проект, времетраењето на проектите, финансиската вредност и сл. Податоците за проектите се даваат само доколку одат во прилог на темата на трудот.

Основната цел на проектот ПРИУМ (Промовирање на модел на интегриран универзитет во Република Македонија)[49] беше развивање нови високообразовни политики во Република Македонија, со соодветни закони и структури со што македонските државни универзитети би се приближиле до европските, следејќи ги добрите практики на европските универзитети учесници во проектот[50], а покрај тоа би создале и капацитет за да станат конкурентни во глобализираниот свет. Македонските партнери во проектот, меѓу кои Универзитетот „Св. Климент Охридски" – Битола, како резултат на проектот ПРИУМ требаше да изработат универзитетски акти (статути, правилници, упатства) и да учествуваат во подготвувањето на подзаконските акти неопходни за приспособување кон новата правна рамка за регулирање на интегративноста на универзитетите. Како резултат на тоа, Универзитетот „Св. Климент Охридски" Битола го усвои новиот статут на 27 Декември 2008 година, со којшто на

[49]Изворот на информации во врска со овој проект е официјалната веб страница на проектот ПРИУМ: http://prium.unica-network.eu/

[50]Поголемиот број од европските универзитети учесници во проектот ПРИУМ се членки на УНИКА и се интегрирани универзитети, но со различна внатрешна организациска структура

институционално ниво се регулираше интегративната функција на Универзитетот и тоа на сосема нов начин до тогаш непознат за УКЛО, поради дотогашната негова структура како Универзитет со автономни независни единици во неговиот состав.

Меѓутоа, покрај новиот Статут, Универзитетот „Св. Климент Охридски“ – Битола требаше да покаже и други резултати - изградени соодветни механизми за квалитет, платформи за заедничко научно истражување, изготвување правилници и други релевантни документи (програми, резолуции итн.), целосна имплементација на ЕКТС - стандардите, развој на нови стратегии, креирање интегративна финансиска политика, заеднички стандарди за академска верификација и централни служби коишто ефикасно ќе одговорат на потребите на академската заедница, како заеднички библиотеки и ресурси за информациски и комуникациски технологиии, централен студентски регистар, центри за поддршка на студенти, центар за континуирано образование на наставниот и административниот кадар и слично. Иако доста од овие очекувања беа донекаде реализирани, сепак, поголем дел од нив, гледано од оваа временска дистанца, не беа развиени или имплементирани со доволна посветеност од страна на Универзитетското раководство.

Една голема очекувана придобивка, не само од проектот ПРИУМ, туку и од континуираниот процес на интеграција на универзитетите, е несомнено единствениот пристап кон основање партнерство и овозможување отвореност за севкупното функционирање на Универзитетот, што секако придонесува кон подигнување на квалитетот на Универзитетското работење поради зголемената одговорност пред пошироката јавност. Денес, тоа за УКЛО не може да се потврди бидејќи, иако според Законот за високото образование, Универзитетот требаше да оформи Универзитетски совет – тело коешто им овозможува вклученост на значајните учесници (локалната самоуправа, комората на работодавачи, основачот и раководните власти) во образовниот процес за да можат одблиску да ги следат и да учествуваат во активностите на Универзитетот, на начин кој не би ја ограничил Универзитетската гарантирана автономија, истото не се оствари според очекувањата. Имено, формалниот чин на конституирање на Универзитетскиот совет на УКЛО беше реализиран веднаш по донесувањето на новиот Закон за високо образование, но ова тело сè до денес не заживеа и воопшто не ја реализира улогата заради којашто беше формирано. Точно поради тоа беше и наведена претходната забелешка дека раководството на УКЛО недоволно посветено во минатиот период ги реализираше и имплементираше

преземените обврски, како од проектот ПРИУМ, така и законските обврски, коишто пак, индиректно се поврзани со овој проект.

Покрај формирањето и реалното функционирање на Универзитетскиот совет, тука треба да се споменат и други новововедени механизми за изразување на општествената отчетност и одговорност во форма на пишани официјални документи, како што е извештајот што ректорот го поднесува до Сенатот и до Националното собрание, како и извештајот што Универзитетскиот совет го поднесува до Министерството за образование и наука на Република Македонија. УКЛО во овој сегмент е, повторно, делумно успешен, бидејќи извештајот на ректорот редовно се подготвува и поднесува еднаш годишно, но извештајот за работа на Универзитетскиот совет, разбирливо, е непостоечка форма.

Во врска со финансирањето, како интегриран универзитет УКЛО треба да овозможи алокација на финансиските средства на централно ниво во согласност со реалните трошоци и да одговари на финансиските потреби на составните единици. Статутот на Универзитетот предвидува само делумна финансиска интеграција. Имено, приходите кои ги добиваат универзитетските единици, како за нивната примарна дејност, така и за нивната апликативна дејност, се префрлуваат на нивните сметки, а 10% од таа сума се префрла на сметка на Универзитетот, со цел успешно функционирање и развој на Универзитетот, во насока на постигнување интеграција. Останатите 90% се даваат на располагање на единиците, за тие да ги искористат на автономен начин. Меѓутоа, сведоци сме за недоволно ефикасното функционирање на овој финансиски систем, па затоа последните одлуки на Универзитетското раководство се во насока на намалување на процентот на финансиски средства којшто од единиците се префрла на сметка на Универзитетот.

Развивањето стратешки планови, што е еден од механизмите за квалитет, како и еден од очекуваните резултати од проектот ПРИУМ, повторно не можеме да го сметаме за посилна страна на УКЛО, бидејќи и покрај со закон пропишаните одредници за подготовка на четиригодишен План за развој, Универзитетот ваков план нема донесено веќе со години. Единствено, секоја година се носат годишни планови за работа коишто би требало да служат како средства за стратешко планирање, како што е пропишано со закон, но забележително е отсуството на проверка на исполнетоста на плановите за работа по истекот на временскиот период за којшто се донесуваат. Причините поради коишто тврдиме дека Универзитетот не одговара на очекувањата од

проектот ПРИУМ е и поради тоа што во согласност со едногодишните планови треба да се изготвуваат програми, кои го обработуваат развојот на наставните програми и можностите за развивање заеднички студиски програми, зголемување на студентската и академската мобилност преку инкорпорирање нови единици од кои се очекува да им пристапат на проблемите со одговорност, согласно со потребите и барањата кои ги наметнува средината.

Од друга страна, пак, според националната стратегија за развој, македонските универзитети, меѓу кои и УКЛО, со цел комплетно интегрирање, требаше да направат:

- Структурна реорганизација:

- Создавање нова внатрешна структура на универзитетот според моделот на интегриран универзитет (нов Статут, нови органи на управување) – во УКЛО ова е направено;
- Изработка на долгорочен стратешки план за универзитетот и развивање соодветни механизми за обезбедување квалитет – за ова прашање веќе стана збор;
- Спојување на институтите и факултетите на универзитетот – ова е процес којшто сѐ уште не е завршен, односно, во зависност од Владини одлуки, одредени факултети се затвораат, се отвораат нови, како резултат на спојување на студиски програми од повеќе факултети и сл., но одлуката за ваквите структурни зафати е во „раце“ на Владата на РМ, а не кај Универзитетот;
- Воведување централен систем за собирање податоци и други централни служби, како и систематска организација на податоците – овој процес е делумно завршен, бидејќи потребни се надоградувања во повеќе сегменти (пр. прибирањето податоци за обезбедување квалитет – студентска анкета, табеларни прикази и сл.).

- Развој на внатрешното обезбедување квалитет:

- Употреба на извештаи за самоевалуација за имплементирање на потребните промени – последниот Универзитетски извештај за евалуација не нуди многу простор за имплементирање на потребни промени, за што ќе стане збор подолу во трудот;
- Имплементација на ЕКТС на ниво на универзитетот најпрво со трансфер на кредити во рамките на универзитетот – ЕКТС системот на единиците во состав

на Универзитетот функционира од 2007 година, со тоа што тековно се отстрануваат детектираните проблеми;

- Континуирано реформирање на студиските програми и интегрирање на наставната програма во нив – реформирањето на студиските програми е процес што се одвива, главно, на единиците на УКЛО, а одлуките по однос на тоа прашање се носат на централно ниво. Најчесто студиските програми се реформираат поради изменети законски и/или подзаконски одредби;
- Промена на системот на оценување на знаењето на студентите – и системот за оценување на знаењето на студентите, нормално, е активност на единиците на Универзитетот, но евидентна е промената на истиот во последните 7-8 години;
- Модернизација на наставните методи – повторно, и оваа активност е на ниво на единици на Универзитетот, а за истата немаме доволно информации за да потвдиме или негираме дека е реализирана, е во тек или воопшто не започнала;
- Обезбедување напредок на студентите во текот на нивното образование, воведување менторства – менторства се воведени за студентите на втор и трет циклус студии;
- Олеснување на трансферот на неодамна дипломираните студенти на пазарот на труд – Универзитетот и покрај основаниот Центар за квалитет, сè уште е недоволно фокусиран кон оваа активност.

Тоа што може да се заклучи за учеството на Универзитетот „Св. Климент Охридски“ – Битола во проектот со акроним ПРИУМ е дека Универзитетот, преку овој процес олеснето ја помина фазата на структурна трансформација од децентрализиран Универзитет со лабава унија на независни високообразовни единици до интегриран Универзитет со комплетна интегративност во сите сфери, освен во финансиската. Во поглед на обезбедувањето квалитет, од учеството во проектот ПРИУМ, УКЛО може да биде задоволен од клучното документирање на процесот за обезбедување квалитет поради донесувањето на најважниот стратешки документ – Универзитетскиот статут, како и потврдената перцепција на имплементацијата на ЕКТС, реформите на студиските програми, модернизацијата на наставните методи, промената на системот на оценување на знаењето на студентите како дел од системот за обезбедување квалитет.

Универзитетот „Св. Климент Охридски“ – Битола, заедно со неколку универзитети од регионот (Западен Балкан – Албанија, Босна и Херцеговина, Косово,

Македонија и Србија), неколку европски универзитети, како и претставници на релевантните власти за високото образование (Министерства за образование и наука, Агенции и сл.), пристапија кон градење капацитет за структурна реформа во земјите од Западен Балкан преку проектот Зајакнување на системот за обезбедување квалитет во високообразовните институции во Западен Балкан со цел поддршка на националното и регионалното планирање (STREW). Основната цел на овој проект е создавање Регионална платформа за мапирање (стандардизација) и соработка во високото образование, чиишто членови се високообразовните институции и агенции од регионот (Западен Балкан) во насока на развивање дебата за состојбите во високото образование на стратешко ниво и соодветно реагирање на истите во рамките на Регионот, а заради приближување на националните високообразовни системи во земјите од Западен Балкан кон високообразовните системи на земјите што гравитираат во Единствениот Европски високообразовен простор. Улогата на Регионалната платформа е зајакнување на „колективниот глас“ во високото образование и пренесување на ставовите пред Европската комисија, УНЕСКО, Регионалниот совет за соработка, Централноевропската иницијатива, Европската асоцијација на универзитети, Меѓународната асоцијација на универзитети, споделување на добри практики во сферата на структурните реформи во врска со високото образование, развој на стандардизирани решенија за обезбедувањето квалитет во високото образование, промовирање на регионална политика и заеднички решенија за националните високообразовни системи, зајакнување на партнерствата во високото образование во Регионот.

Специфичните идентификувани цели на проектот STREW се:

- Зајакнување на „заедничкиот глас“ во високото образование и научните истражувања и негово ширење во регионални, национални и меѓународни рамки;
- поттикнување на дебата за стратешки промени во високото образование и научните истражувања во Регионот, што би значел и општествен развој;
- промоција на регионална политика и заеднички решенија за високото образование и научните истражувања;
- развој на стандардизирани решенија за обезбедувањето квалитет во високото образование и градење меѓусебна доверба за признавање на високообразовните квалификации;

- создавање соодветни можности за професионален развој за раководните лица, администраторите и политичките авторитети во високото образование во регионот;

- поттикнување на идна соработка во научните истражувања и иновации, како и размена на истражувачи од различни нивоа – на докторски студии, пост-докторски студии или кариерни истражувач во рамки на Регионот;

- зајакнување на јавната свест за Болоњскиот процес и имплементацијата на Агендата за модернизација на ЕУ;

- придонес кон имплеметацијата на Европската стратегија 2020, Стратегијата за Југоисточна Европа 2020 и новата стратешка рамка за европска соработка во образованието и обуката (ЕТ 2020);

- активна поддршка и водење на учесниците во Платформата за време на нивниот развоен процес во високото образование и научните истражувања.

Вака конципираните цели на Платформата се изведени од претходно идентификуваната потреба за промоција на интегрирана политика во процеите за обезбедување квалитет во националните високообразовни системи, национални рамки за високообразовни квалификации и признавање на високообразовните квалификации по пат на автоматизам, потоа, потребата од целосна имплементација на Стандардите и насоките за обезбедување квалитет во Единствениот европски високообразовен простор, како и зајакнување на јавната свест за значењето на Агендата за модернизација на ЕУ и нејзината имплементација во рамки на Регионот.

Значајно за оваа Платформа е тоа што со неа управуваат сите учесници коишто се членови на Одборот. Инаку Платформата има и свој Претседател и два заменици претседатели. Претседателот на Платформата има право само на еден мандат од две години. Платформата работи врз основа на усвоена стратегија и акциски планови. Стратешките планови на Регионалната платформа вклучуваат: унапредување на професионализмот на јавната администрација во високото образование, истражување на иновативни концепти на поучување и учење преку соработка и споделување добри практики, развој на нови пристапи на соработка во сферата на обезбедување внатрешен квалитет преку воведување на институцијата надворешен оценувач[51]. Регионалната платформа треба да послужи како форум преку кој националните високообразовни системи од регионот треба да станат посилен фактор за развој на општествените

[51]Надворешниот оценувач се однесува за првиот и вториот циклус студии.

заедници и преку формирањето на Мрежата на регионални експерти за високо образование, во рамки на Платформата, треба да се приближат стручните и научни експертизи до релевантните структури коишто ги носат клучните стратешки одлуки во врска со високото образование. Платформата е формирана со идејата на широка партиципација во донесувањето одлуки за високото образование од страна на сите интересенти, а Регионалната годишна конференција, којашто се планира да се одржува секоја година во различни градови од регионот, е наменета за трасирање пат на признавањето и препознавањето на високообразовните квалификации, не на индивидуална основа, туку на системска основа и тоа со помош на создавање Регионален простор за препознавање во којшто ќе се изгради заемна доверба со цел постигнување на долгорочната цел за признавање на компатибилни академски степени. Ваквата намера потекнува и од Министерскиот договор од Букурешт, со тоа што заклучоците од Букурешт се наменети за поширок географски простор, односно за Европскиот високообразовен простор. Ваквиот автоматизам во признавањето на академските степени нема намера да ја наруши автономијата на универзитетите за одлуките за прием на студентите, но, секако, претпоставува промени во праксата, промени во високообразовните политики и промени во организациските култури во универзитетите.

Еден од основните предизвици е балансирањето помеѓу универзитетските автономии и националните високообразовни системи, истовремено одржувајќи го квалитетот. Всушност, квалитетот во високото образование е клучниот фактор за автоматизмот во признавањето на академските степени, односно автоматизам во признавањето на академските степени може да се постигне само ако националните високообразовни системи и степените на образование во нивните рамки се на приближно исто ниво на квалитет. За да се изгради меѓусебна доверба во квалитетот на националните високообразовни системи, како стартна позиција на автоматизираното признавање на степените, потребно е вклучување на многу механизми за обезбедување квалитет, како Лисабонската конвенција за признавање на високообразовните квалификации, Болоњските алатки – ревизија на сертифицираните рамки за високообразовни квалификации, востановени системи за обезбедување квалитет за оценување на институционалните практики за признавање, заеднички дипломи, мониторирање на имплементацијата на ЕКТС системот, Додатокот на Диплома, почитување на Прирачникот на Европскиот простор за признавање на квалификациите

и сл., како и веќе етаблираната Регионална мрежа на ENIC-NARIC[52] националните центри.

Еден од механизмите е претходно споменатиот надворешен оценувач (во оваа фаза за првиот и вториот циклус студии) на завршните испити за студентите, кој би имал ист или сличен професионален образовен профил како и матичниот професор – испитувач, но би доаѓал од друг национален високообразовен систем, односно од странски универзитет од Регионот, а со цел, не да влијае врз крајната оценка на испитот, туку да даде мислење за системот на оценување, односно нивото на квалитет што се темели на покажаното знаење на студентот, начинот на оценување на матичниот професор, материјалот за учење и сл.

Исто така, воведувањето на стандардизирани постапки за обезбедување квалитет и рангирањето треба да се употребуваат со цел подобрување на капацитетите и квалитетот на целиот национален високообразовен систем, како и на универзитетите поединечно. Така, во иднина треба да се развие свеста, но и истото да се примени во практика, дека вистинскиот квалитет во високото образование се оценува врз основа на постапките за самоевалуација и евалуација, како и од страна на раководството на универзитетите и нивните управувачки постапки во комбинација со отворено вмрежување со други високообразовни институции од регионот и пошироко.

Покрај споменатите апликативни механизми за остварување на целите на Плаформата, истата вклучува и други различни инструменти, како надградување и измена на националните легислативи, јавни политики, променет начин на финансирање, проекти и обуки во насока на зајакнување на внатрешните структурни реформи. Од најголемо значење во оваа смисла се владините активности за прилагодување на законските и рамките на јавните политики во линија на поставување основа за формирање различни т.н. посреднички тела помеѓу универзитетите и владите, односно ресорните министерства, со што би се олеснил дијалогот меѓу двата субјекти, но и би се олеснил процесот на идни структурни промени. Националните влади треба да им овозможат автономија на високообразовните институции и колку што е можно повеќе да ги ограничат непотребните бирократски контроли, да ја лимитираат директната политичка вмешаност во универзитетите и несоодветното дејствување и настапување од позиција на моќ со цел да се наруши универзитетската автономија и академската слобода.

---

[52]ENIC- Европска мрежа на Информациски центри, NARIC – Информациски центри за национално академско признавање. ENIC-NARIC мрежата е основана од страна на Советот на Европа и УНЕСКО

Покрај структурните измени во високото образование и научните истражувања што се очекувани резултати од проектот STREW и Регионалната платформа со воведување на најдобрите практики, Платформата има и поширика мисија за развивање нови иницијативи со цел да влијае и да даде не само регионален, туку и меѓународен придонес во високото образование.

Проектот Зајакнување на системот за обезбедување квалитет во високообразовните институции во Западен Балкан со цел поддршка на националното и регионалното планирање (STREW) сè уште е во процес на имлементација, осносно сè уште не може да се зборува за исполнување на проектните очекувања и цели. Она што може и треба да биде од корист за Универзитетот „Св. Климент Охридски“ – Битола од учеството во проектот, но и негова обврска е унапредување и зајакнување на Универзитетскиот систем за обезбедување и оценување на квалитетот преку воведување на принципот на надворешни оценувачи (но, по проектните препораки за ненарушување на Универзитетската автономија и академска слобода), потоа унапредување на постапките за самоевалуација и евалуација, признавањето и препознавањето на академските квалификации[53], ползување на различните начини на финансирање и основањето на централен фонд за истражување и иновации, вмрежувањето со други регионални и европски универзитети и користење на најдобрите практики, воведувањето меѓународни стандардизирани решенија за обезбедување квалитет и други обврски и погодности коишто би произлегле од структурните реформи на високото образование на национално ниво, коишто се во надлежност на Владата, односно Министерството за образование и наука на РМ и/или други назначени релевантни тела и органи, како Одборот за акредитација и евалуација на високото образование во Република Македонија.

Кога станува збор за препознавањето и признавањето на високообразовните квалификации, добро е да се спомене и учеството на Универзитетот „Св. Климент Охридски“ – Битола во проектот Дизајнирање и имплементација на Национална рамка за квалификации (Designing and Implementing of the NQF) – DINAQUF. Веќе претходно јасно се нагласи улогата на рамката на високообразовни квалификации во обезбедувањето квалитет во високото образование, односно нејзиното влијание како еден од механизмите за обезбедување и оценување на квалитетот во високото образование.

---

[53]Во моментот овие постапки, според позитивните законски прописи во Република Македонија, се во надлежност на Министерството за образование и наука

Поконкретно за проектот DINAQUF во продолжение ќе споменеме само основни карактеристики. Имено, како што е наведено на Водичот за Националната рамка на високообразовните квалификации за Република Македонија (Елизабета Бахтовска, Гордана Јаневска, Ратка Нешковска) целта на овој проект беше да се дизајнира и имплементира модел за Национална рамка за високообразовни квалификации, (НРК), преку прифатени нивоа, во која резултатите од учењето може да се измерат и поврзат едни со други на кохерентен начин, и којашто ги дефинира односите меѓу сите дипломи што се стекнуваат во процесот на високото образовние и обуките во Македонија. Националната рамка за високообразовни квалификации со тек на време се очекува да ги поврзе образованието и обуките заедно во еден унифициран систем на високо образование и да обезбеди меѓународно признавање, а истовремено и да придонесе за целосен личен развој на секој студент и национален социјален и економски развој.

Како, всушност, се дефинира националната рамка за високообразовни квалификации и што таа претставува?

Наједноставниот одговор го дава Рамката за квалификации на Единствениот европски високообразовен простор, каде се вели дека НРК е единствен опис на национално ниво или на ниво на образовен систем којшто е меѓународно препознатлив и преку којшто сите квалификации и други постигнувања од учењето во високото образование може да се опишат и поврзат едни со други на кохерентен начин и којшто ги дефинира врските меѓу високообразовните квалификации. Националните рамки на квалификации, па и Македонската рамка за високообразовни квалификации, се засноваат врз рамките за квалификации на Европскиот простор за високо образование и/или Европската рамка за квалификации за доживотно учење. Во основата на Европската рамка за квалификации се осумте референтни нивоа коишто ги опфаќаат сите квалификации, почнувајќи од основно до највисоко - докторско ниво. Според оваа рамка, секоја високообразовна квалификација стекната во национални рамки соодветствува на одредено референтно ниво во Европската рамка за квалификации, „така што корисата од мобилноста и доживотното учење, коишто ги овозможува Европската рамка на квалификации е видлива и достапна за секој граѓанин на Европа“.

Република Македонија, како резултат на овој проект, ја усогласи својата национална рамка за високообразовни квалификации со Европската рамка за квалификации со донесувањето на Уредбата за Националната рамка на

високообразовните квалификации („Службен весник на Република Македонија“ бр.154 од 30.11.2010).

Тоа што како апликативна вредност го дава Националната рамка за високообразовни квалификации за високообразовните институции на институционално ниво, посебно при креирањето на студиските програми, како и конципирањето на наставните програми, се дескрипторите на квалификации (знаење и разбирање, примена на знаењето и разбирањето, способност за проценка, комуникациски вештини, вештини на учење), коишто ги одредуваат општите резултати и атрибути за доделување на поединечни квалификации, како и резултатите од учењето, односно она што се очекува од студентот да знае, да разбира и/или е способен да направи на крајот од даден период на учење. Дескрипторите на квалификации содржани во националната рамка на високообразовни квалификации ги илустрираат резултатите и атрибутите што се очекуваат од учењето, што резултира со доделување на високообразовни квалификации. Помошта од дескрипторите на квалификации и резултатите за учење, односно поставените подзаконски решенија во врска со овие прашања во споменатата Уредба, е еден важен сегмент од системот за обезбедување квалитет на институционално ниво во делот на унапредување на квалитетот на студиските програми и нивните содржински елементи, односно предметните програми.

Можеби најзначаен ТЕМПУС проект за Универзитетот „Св. Климент Охридски“ – Битола во функција на темата на интересирање во овој труд е Надградување на системот за обезбедување квалитет на Универзитетот „Св. Климент Охридски“ – Битола, поддржан од Европската комисија за образование и култура. Значењето на овој проект е обемниот материјал којшто беше продуциран во рамки на проектот, а се однесува на елементите на системот за обезбедување квалитет, посебно за самоевалуационата и евалуационата постапка, како и за постапката за студентско анкетирање базирани на европските стандарди за обезбедување квалитет во високото образование. Како најзначаен проектен материјал е подготовката на Предлог - Упатството за самоевалуација на факултетите и високите стручни школи и на научните институти според европски стандарди, како и идентификацијата на индикаторите за квалитет, а развиени според искуствата за обезбедување квалитет од повеќе европски универзитети[54]. Дополнително, во рамките на проектот, објавени се и Упатства за

[54]Станува збор за Белгиски, Ирски, Шведски и Полски универзитети

надградување на системот за обезбедување квалитет на Универзитетот „Св. Климент Охридски“ – Битола врз основа на новите европски стандарди.

Целта е содржана во самиот назив на проектот, односно унапредување/надградување на системот за обезбедување квалитет на Универзитетот. Причините поради коишто УКЛО учествуваше во овој тесно наменски проект, чиј таргет беше само овој Универзитет, се веќе претходно елаборирани, односно тука спаѓаат предизвиците од имплементацијата на Болоњските стандарди, нововоспоставените структури и „правила на игра“ во Европскиот високообразовен простор, следењето на прашањата поврзани со ЕКТС системот на студирање, но и предизвици од националното опкружување, односно соочувањето со зголемен број обезбедувачи на услуги од високото образование, односно отворањето нови приватни, но и државни универзитети, без притоа да се намали квалитетот во високообразовната дејност на УКЛО, како и да се обезбеди препознавање и/или признавање на високообразовните квалификации од УКЛО во пошироки рамки, а со тоа и зголемена мобилност на студентите и универзитетскиот кадар на развиените европски универзитети и зголемен степен на вработување на дипломираните кадри на УКЛО.

Препораките што произлегоа од овој проект, а се во врска со обезбедувањето квалитет на Универитетот, се следни:

1. Креирање институционална политика и процедури за обезбедување квалитет, посебно за исполнување на стандардите за студиските програми. Тука се споменува и градењето институционална кутура за обезбедување квалитет, односно подигнување на институционалната (читај раководната) свест за важноста на квалитетот во работењето и неговото обезбедување/оценување. Ваквата активност бара стратешки пристап, односно стратегија за континуирано надградување на квалитетот. Стратегијата, политиката и процедурите претпоставуваат нивно официјализирање, односно конципирање во формални институционални акти коишто се јавно достапни.

2. Процедури за креирање и донесување нови студиски програми. Универзитетот, исто така, треба да има официјални механизми за донесување, следење и периодично оценување на студиските програми што се реализираат на единиците во негов состав.

3. Постапка за оценување на студентите. Единиците на Универзитетот треба да имаат унифицирана постапка за оценување на студентите, врз основа на јавно објавени

критериуми, правила и процедури, коишто се константно применливи и релативно непроменливи.

4. Професионализам на наставниот кадар. Универзитетот мора да има востановен механизам за потврда на компетентноста и квалификуваноста на наставниот кадар. Оваа препорака најмногу се однесува на правилата и постапките за избор во наставни, научни, наставно-научни и соработнички звања на наставниците и соработниците.

5. Достапни и соодветни материјали за учење и студентска поддршка. Универзитетот има обврска да обезбеди адекватни ресурси за поддршка на студентите, односно материјали за учење во библиотеките, пристап до соодветни бази на податоци и научни платформи, простории за учење и изведување вежби и сл.

6. Сеопфатни информациски системи. Ваквите информациски системи треба да овозможуваат собирање, анализа и употреба на релевантни податоци и информации со цел ефикасен менаџмент на студиските програми и на другите универзитетски дејности. Со цел ефикасно користење на ваквите сопфатни информациски системи, Универзитетот треба да обезбеди соодветни обуки за академскиот и административниот кадар за новите ИКТ технологии, како и за новите методологии и дидактички методи.

7. Јавно информирање, односно транспарентност во работењето. Редовното објавување на најновите информации во врска со студиските програми, како и за останатите функции на Универзитетот, на различни начини (веб страница, Универзитетско радио, промотивен печатен материјал – брошури, памфлети и сл.) придонесува за Универзитетската слика во јавноста, а со тоа и на чувството за одговорност пред јавноста, што го унапредува квалитетот на работењето. Исто така, оваа активност придонесува и за поширoко информирање на странските студенти и наставен кадар кои би сакале да реализираат студентски престој на УКЛО, односно на овој начин се зголемува и подобрува меѓународната мобилност. Креирањето на посебна веб страница или посветувањето на дел од официјалната веб страница на Универзитетот на процесот за обезбедување квалитет, исто така, придонесува кон подобрувањето на квалитетот на работењето. Во овој сегмент би се објавувале сите документи поврзани со квалитетот, односно извештаите од самоевалуацијата и евалуацијата, резултатите од реализираните студентски анкети, правилниците/упатствата/водичите за реализација на разни постапки во рамки на

системот за обезбедување квалитет (постапка за самоевалуација, евалуација, студентско анкетирање, за избор во наставни, научни, наставно-научни и соработнички звања, критериуми и стандарди за оценување квалитет и сл.).

Во врска со организациската структура на институционалниот систем за обезбедување квалитет, се препорачува создавање едно централно Универзитетско тело – сектор или некоја друга организациона единица (во случајот Универзитетска комисија за евалуација) со професионално ангажирани лица, како и соодветни тела на ниво на единици на Универзитетот (Комисии за самоевалуација на факулетите/школата/институтот), чија обврска би била обезбедување на квалитетот преку имплементација на општата рамка на прифатените европски стандарди и насоки за обезбедување на квалитетот. На системско ниво Универзитетското тело за обезбедување квалитет и соодветните тела на ниво на единици треба да бидат одговорни за спроведување институционална евалуација во чијашто рамка влегува и евалуација на курикулумите на единиците. Ваквата евалуација на курикулумите (преку добиено мислење од студентите), во голема мера треба да зависи од студентското мислење добиено со помош на студентска анкета. Тоа, исто така, се однесува и на оценувањето на квалитетот на наставниците и соработниците влучени во реализацијата на студиските програми.

Огромната корист што Универзитетот „Св. Климент Охридски“ – Битола ја доби од учеството во проектот Надградување на системот за обезбедување квалитет на Универзитетот „Св. Климент Охридски“ – Битола, не е само во подготвените предлог материјали во врска со системот за обезбедување квалитет и негово официјализирање преку разни Универзитетски акти. Уште поголема полза од овој проект е подигнувањето на Универзитетската свест за значењето на процесот за обезбедување и оценување на квалитетот и внесувањето на квалитетот во организациската култура на УКЛО.

**Надворешна евалуација и самоевалуација**

Универзитетот „Св. Климент Охридски“ – Битола има одредено искуство со спроведена надворешна евалуација и тоа во 2003 година, кога преку пријава за учество во Институционалната евалуациона програма Универзитетот беше меѓународно евалуиран од страна на Комисија за евалуација на ЕУА, за што беше подготвен и

Евалуационен извештај. На постапката за надворешна евалуација и претходеше постапка за самоевалуација на факултетите во состав на Универзитетот во 2002 година, што претставуваше основа за спроведувањето на надворешната евалуација, односно податоците собрани во текот на самоевалуацијата беа користени од страна на членовите на Комисијата за евалуација на ЕУА за утврдување на состојбите на Универзитетот и предлагање мерки и активности за нивно понатамошно подобрување, како и за зацврстување на стратешкиот менаџмент на Универзитетот, иако за Извештајот за самоевалуација оценката беше дека е повеќе дескриптивен, отколку аналитичен.

Одлуката УКЛО да учествува во Институционалната евалуациона програма на ЕУА, главно беше водена од идејата за имплементација на интернационалните стандарди за квалитет во високото образование и приближување на Универзитетот до критериумите на Европскиот високообразовен простор.

Бидејќи условите во коишто беше реализирана надворешната евалуација на УКЛО во 2003 година се видно изменети во споредба со сегашните, односно и националниот високообразовен систем и Универзитетската структура за овие дванаесет години претрпеле радикални промени, препораките на Комисијата на ЕУА за подобрување на состојбите на УКЛО не можат да се сметаат за апликативни во овој временски контекст, иако како што ќе забележиме понатаму многу од нив и во денешни услови можат да го поминат тестот на времето.

Имено, за време на реализацијата на надворешната евалуација на Универзитетот, високообразовниот систем на Македонија го сочинуваа само два државни универзитети – УКЛО и УКИМ, додека приватни универзитети не постоеа. Државните универзитети имаа децентрализирана структура, односно секоја единица во состав на УКЛО имаше своја автономија на независно правно тело. Потоа, Универзитетот во 2003 година броеше 5 факултети и 3 научни институти, како придружни членки. Денес, неговата интегрирана структура ја сочинуваат 10 факултети, 1 висока стручна школа и 1 научен институт. Дополнително, придружни членки се уште 2 научни институти, Научната универзитетска библиотека и Студентскиот дом. Постојат уште и други причини коишто влијаат врз прифаќањето на препораките на Комисијата на ЕУА за Универзитетот, а коишто се однесуваат и на промените во поширокиот општествен контекст, но за УКЛО се сосема доволни наведените.

Сепак, од денешна гледна точка, учеството во Институционалната евалуациона програма на ЕУА за Универзитетот е од големо значење, и тоа поради бројни причини, меѓу кои:

1. УКЛО ја увиде важноста од зајакнување на институционалниот систем за обезбедување и оценување на квалитетот, односно од потребата за спроведување самоевалуација на Универзитетот и неговите единици. Важна е константноста на процесот за обезбедување квалитет и тоа преку периодичните самоевалуациони постапки коишто треба да се реализираат секоја година, додека надворешната евалуација треба да се реализира на секои пет години;
2. Универзитетот имаше можност да се запознае со принципот на работа на Институционалната евалуациона програма на ЕУА, како и со меѓународно прифатените стандарди и насоки за обезбедување квалитет во Европскиот високообразовен простор, а воедно доби и простор каде можеше да ја артикулира својата желба за станување постојан член на Европскиот високообразовен простор;
3. Универзитетот доби непристрасна оценка за бројните дејности, како и препораки за нивно подобрување;
4. Препораките од Комисијата за евалуација на ЕУА му помогнаа на Универзитетот за согледување на важноста на синергијата на сите единици во состав на Универзитетот, а тоа претставуваше мост за подоцнежното структуирање на Универзитетот како интегриран Универзитет;
5. Надворешната евалуација на УКЛО придонесе и кон зголемување на неговата меѓународна препознатливост, што придонесе за негово учество во бројни меѓународни Европски проекти, конференции, симпозиуми, како и за споделување на искуствата со успешните Европски универзитети и користење на најдобрите практики, особено во процесите за надградување на системот за квалитет, ЕКТС, издавањето Додаток на Диплома и сл.;
6. Посебно беше нотирано значењето на зајакнато инволвирање на сите засегнати субјекти – единици во состав на УКЛО и прецизното лидерство на Универзитетскиот сенат и Ректорската управа за постигнување на заедничките цели на Универзитетот;

7. Потврдено беше мислењето дека за понатамошен развој и унапредување на квалитетот на работењето на Универзитетот, значајна е неговата автономија, но, исто така, значајна е и проактивната улога на Универзитетското раководство;
8. Препораките дадени за распределбата на финансиските ресурси од Комисијата на ЕУА во голема мера се применуваат и денес;
9. Надворешната евалуација на УКЛО помогна и во популаризирањето на т.н. Болоњски процес и Болоњските принципи, како и во нивното воведување, посебно во наставно-образовниот процес, како најзначајна структурна реформа;
10. Преку надворешната евалуација се потврди значењето на конструктивниот дијалог помеѓу академскиот кадар и студентите, како и надворешните чинители при конципирањето на студсиките програми, како и целите на студиските програми;
11. Значајна е и препораката за етаблирање на институцијата Студентски правобранител, со цел заштита на студентските права;
12. Надворешната евалуација го потенцираше и значењето на транспарентноста во работењето на Универзитетот, а посебно во постапките за донесување значајни одлуки;
13. Недостигот на долгорочна стратегија за развој е идентификуван како Универзитетски проблем уште во 2003 година. Ваквата констатација е актуелна и денес;
14. Самоевалуацијата е потврдена како ефикасен механизам за покренување значајни прашања во врска со развојниот концепт на Универзитетот, а со тоа и унапредувањето на квалитетот на УКЛО;
15. УКЛО доби јасна порака дека вложувањето во академскиот и административниот кадар, односно во нивната професионална обука и тренинг е многу важно за севкупниот развој на Универзитетот. Исто така, кадарот и студентите се основниот извор за создавање и унапредување на квалитетот;
16. Интернационализацијата (студентска мобилност, заеднички студиски програми, потпишани меѓународни договори, учество во меѓународни програми и проекти, научни истражувања) мора да претставува една од

главните заложби на УКЛО доколку Универзитетот сака да биде рамноправна високообразовна институција во Европскиот високообразовен простор;

17. За процесот на унапредување на квалитет значен е системот за обезбедување квалитет којшто треба да е разработен како на ниво на единици, така и на ниво на Универзитет. Потребно е поставување на постојана структура за квалитет. Дали тоа ќе бидат комисии за самоевалуација или ваквата структура ќе се прошири е одлука на Универзитетот.

Многу од овие наведени точки и покрај видоизменетите услови во микро (Универзитетската) и макро (општествената) средината претставуваат значајно искуство за УКЛО, бидејќи во себе ја имаат димензијата на непроменливост и константност и во денешницата.

Покрај основната надворешна евалуациона постапка во 2003 година од страна на Комисијата за евалуација на Институционалната евалуациона програма на ЕУА, Универзитетот „Св. Климент Охридски“ – Битола имаше и последователна постапка за надворешна евалуација од истата Комисија во 2004 година, со цел да се увидат преземените чекори од страна на Универзитетот за надминување на некои од детектираните проблеми во основниот Евалуационен извештај, односно за решавање на проблемите коишто се во комплетна надлежност на УКЛО и не звисат од надворешните услови, односно владините/министерските одлуки. Но, од друга страна, од УКЛО се очекуваше за надминување на предизвиците поврзани со државните одлуки да се покренат иницијативи и да се започне дијалог со релевантните субјекти од позиција на државен универзитет кој може да даде придонес со квалитетни и ефикасни решенија за голем број прашања од национален интерес во врска со високообразовниот систем.

Во врска со постапките за самоевалуација, веќе напоменавме дека почетокот на истите можеме да го поврземе со самоевалуациите на единиците на Универзитетот во 2002 година, кои беа спроведени како поткрепа на постапката за надворешна евалуација на Комисијата на ЕУА на УКЛО. Овие самоевалуациони постапки претежно беа базирани на собирање податоци и евидентирање на состојбите во единиците во состав на Универзитетот, а помалку имаа аналитичен пристап, што беше забележано и од страна на Комисијата за евалуација на ЕУА. Но, не може да се занемари нивната вредност од причини што овие самоевалуациони постапки значеа

трасирање на патот на организациската култура за квалитет во работењето на УКЛО и зајакнување на организациската свест за потребата од спроведување на самоевалуациони постапки и студентски анкети со цел согледување на проблемите и предизвиците во работата на Универзитетот и градење стратегија за нивно надминување.

Сепак, и покрај увидената потреба од постојаност во реализацијата на постапките за самоевалуација и студентското анкетирање, од 2002 па сè до 2012 година покрената е постапка за студентско анкетирање само уште еднаш во 2009 година од страна на раководството на УКЛО, за којашто постапка не беше усвоен Извештај и покрај добиените и обработени резултати.

Во споменатиот период, во врска со обезбедувањето квалитет, се правеа и некои странични обиди за анализа на студентската проодност во 2008 година, меѓутоа, ваквите активности изолирани самите за себе не можеа да ги дадат очекуваните резултати за подобрување на институционалниот систем за обезбедување квалитет. Ова се потврдува уште повеќе ако се знае дека анализираните резултати не се доставуваа до единиците на Универзитетот за да послужат во процесите на унапредувањето на наставно-образовниот процес и системот на оценување на студентите, туку истите непродуктивно се архивираа во Централната и административна служба на Универзитетот без да ја исполнат нивната крајна цел.

Во врска со самоевалуационите постапки на единиците и Универзитетот во 2012 година работите малку тргнаа во позитивна насока. За ова голема заслуга имаа и законските и подзаконските прописи во врска со спроведувањето на самоевалуацијата на единиците и Универзитетот, кои пропишуваат реализација на студентски анкети секоја академска година, а интегрална самоевалуација на секои три години.

Самоевалуацијата на Универзитетот „Св. Климент Охридски“ – Битола беше иницирана на институционално централно ниво со одлука за формирање Комисија за самоевалуација на Универзитетот од 9 (девет) членови, од кои двајца студенти. Дополнително, во работата на Комисијата, како техничка помош и логистика, помагаше и административно лице од Централната стручна и административна служба на Универзитетот. Во овој поднаслов немаме намера да ја коментираме постапката за самоевалуација (тоа е поместено во делот посветен за коментари, заклучоци и препораки за процесот на обезбедување квалитет на Универзитетот „Св. Климент

Охридски“ – Битола), туку само да ги претставиме активностите поврзани со постапката.

Процесот на самоевалуација претпоставуваше собирање податоци и информации од сите единици во состав на Универзитетот „Св. Климент Охридски“ – Битола, и тоа со користење два сета табели[55] за согледување и анализирање на повеќе дејности на Универзитетот и два анкетни прашалника[56] за спроведување на студентската анкета, со цел добивање податоци за квалитетот на наставниот кадар и на студиските програми на УКЛО. Дополнително, единиците подготвуваа и сопствени извештаи за самоевалуација за да добијат појасна претстава за состојбите, односно квалитетот на работењето, но не беа во можност да ги користат податоците од студентската анкета за академскиот кадар и студиските програми, бидејќи истите беа наменети само за централното Универзитетско ниво, односно за Универзитетската комисија за евалуација.

Подготвителните активности на Комисијата за евалуација којашто работеше на работни состаноци свикувани по потреба, се состоеа од ажурирање и комплетирање на составот на Комисиите за самоевалуација на единиците на Универзитетот, утврдување на методологијата на спроведување на процесот на самоевалуација, изготвување помошни форми за собирање податоци од единиците, односно табели и формулирање прашалници за студентската анкета. За работата на Комисијата се подготвуваа и записници од состаноците коишто за потребите на оваа докторска теза, исто така, служат и како протоколи за проверка на процесот на реализација на самоевалуација на Универзитетот, односно за постапката и начинот на обработка на податоците, концептуализација и прикажување на добиените резултати од изведената самоевалуација, односно методологијата на составувањето и пишувањето на Извештајот за самоевалуацијата на Универзитетот „Св. Климент Охридски“ – Битола (за периодот 2007/08 – 2011/12).

Двата сета табели беа наменети за собирање податоци за прв и втор циклус студии, односно истите се однесуваат за следните индикатори за квалитет:

5 **Наставен и соработнички кадар** (Структура на наставниците и соработниците за реализација на наставата на Универзитетот по звања, возраст и пол, Структура на

[55]Двата сета табели (за прв и втор циклус студии) се дадени како Прилог бр.3 и Прилог бр.4

[56]Двата прашалника за испитување на ставовите и мислењата на студентите за квалитетот на наставниот кадар и за квалитетот на студиските програми користени во студентската акета се дадени во Прилог бр.5 и Прилог бр.6

академскиот кадар, Број на ангажиран академски и неакадемски кадар во последните пет академски години, Соодност на бројот на студенти на Универзитетот запишани во сите години на студии во соодветната академска година со бројот на наставници во последните пет години, Ангажман на наставниците во други институции);

6 **Наставно-образовна дејност** (Форми во наставно-образовниот процес, Реализирање настава преку надворешна соработка на Универзитетот, Вештини со кои студентот се оспособува во текот на студиите, Вкупен број одбранети дипломски трудови во последните пет академски години, Ангажираност на студентот во наставниот процес, индивидуално учење и кредити);

7 **Студенти** (Вкупен број запишани студенти по прв пат во прва година во соодветната академска година, Структура на запишани студенти на Универзитетот на прв циклус студии во сите години на студии, Вкупен број дипломирани студенти, период на дипломирање и просечен успех на студирање, Видови студентски активности);

8 **Просторни и материјални ресурси** (Просторни услови - Дидактички простор, Опрема и Опременост на компјутерски лаборатории);

9 **Логистика** (Пристап до интернет, Пристап до информациски бази);

10 **Надворешна соработка** (Билатерални договори и меѓународни проекти, Соработка со стопанството, владини институции, НВО и професионални асоцијации);

11 **Научно–истражувачка дејност** (Број на прирачници напишани од академскиот кадар на студиските програми во последните пет години, Учество во Европски проекти во последните пет години, Учество на домашни манифестации (конференции, симпозиуми, семинари) во последните пет години, Вкупен број проекти во последните пет години, Вкупен број учесници на конференции, симпозиуми, семинари во последните пет години, Вкупен број организирани собири во последните пет години, Приказ на истражувачките резултати на вработените).

Општите информации за Универзитетот како година на започнување и историски развој, мисија и визија на Универзитетот, цели и задачи на Универзитетот, структура на Универзитетот - единици на Универзитетот, студиски програми на прв и втор циклус студии, организациска структура на Универзитетот, органи на управување

и Централна стручна и административна служба на Универзитетот, беа обезбедени од административната служба на Универзитетот.

Откако сите податоци беа побарани од Комисиите за евалуација на единиците на УКЛО и истите беа собрани и уредно систематизирани од страна на административниот кадар на УКЛО, два тима од Комисијата за самоевалуација на Универзитетот составени од по двајца члена ги анализираа обработените податоци, а SWOT анализите, дадени по секое поглавје во Извештајот за самоевалуација, ги конципираше Комисијата во полн состав во текот на составувањето на Извештајот.

Членовите од Комисијата за самоевалуација на Универзитетот, исто така, во колоквиумската недела во месец мај 2012 година ја спроведоа и студентската анкета на сите единици на УКЛО. Тоа беше четврта спроведена студентска анкета на ниво на Универзитет. Првата беше спроведена во 2002 година, втората анкета беше спроведена во 2006 година и третата анкета во 2010 година.

Подготвителните активности, покрај конципирањето на двата прашалника, односно составувањето на прашањата за нив, содржеа и верификување на секој анкетен лист со Универзитетскиот печат и предавање на анкетни листови на секој од ангажираните членови од Комисијата за спроведување на студентската анкета од страна на административната служба во Ректоратот. Прашалниците беа составени од два дела, општ дел во којшто анкетираниот студентот треба да ги запише податоците за единицата, студиската програма, видот на студиите, назив на предметот и името на предметниот наставник (за прашалникот што се однесува на наставниот кадар) и дел резервиран за анкетните прашања/тврдења, чијшто број изнесуваше 16 за оценување на реализацијата на наставно-образовната дејност на академскиот кадар, а 17 за оценување на студиската програма.

По спроведувањето на студентската анкета во архивата на Ректоратот беа доставени сите анкетни листови и истите беа предадени на претходно формираната работна група од редот на административниот кадар во Ректоратот за нивна рачна и компјутерска обработка. Административниот кадар, по потпишување изјава за тајност, одговорност и заштита на податоци, пристапи кон поединечна обработка на анкетните листови.

По спроведувањето на студентската анкета беа добиени одговори на 21.205 важечки прашалници, коишто се однесуваат на квалитетот на наставниот кадар и 1.396 важечки прашалници, коишто се однесуваат на квалитетот на студиските програми.

Резултатите од обработката на одговорите на анкетните прашања во Извештајот за студенстката анкета се дадени во процентуален износ, како графички приказ и дополнително во табеларен приказ, за полесна споредба и изведување заклучоци, претежно во врска со најниската, највисоката и средната добиена вредност.

Извештајот за студентската анкета го подготвуваа службите во Ректоратот и истиот беше составен дел од Извештајот за самоевалуацијата на Универзитетот „Св. Климент Охридски“ – Битола (за периодот 2007/08 – 2011/12). Резултатите добиени од анкетниот лист за оценување на реализацијата на наставно-образовната дејност на академскиот кадар послужија да се направи слика за квалитетот на кадарот на Универзитет, односно за подготвеноста на професорите за едукативниот процес, нивната редовност, користењето на интерактивни методи во наставата, дополнитените активности, оценувањето, фондот на часови за предавања и вежби во однос на обемот и тежината на предметната програма, соодветноста на обемот, содржината и тежината на предметните програми со профилот на студиската прорама, отвореноста и достапноста на професорите за консултации и соработка со студентите, односот на наставниците кон студентите, современоста на предметните програми, како и за соодветната основна и дополнителна литература. Резултатите добиени од анкетниот лист за оценување на квалитетот на студиските програми послужија да се направи слика за современоста на студиските програми, степенот на исполнувањето на нивната основна цел – стекнување знаења и вештини, структурната и содржинската поврзаност на предметните програми, преклопувањето на материјалот кај одредени предметни програми, организацијата на наставата, организацијата на колоквиумите и испитите, застапеноста на практичната настава и нејзиниот квалитет, информираноста на студентите, нивото на административна поддршка за студентите, задоволството на студентите од техничката опременост и просторните услови, почитувањето и заштитата на правата на студентите.

Според претходно планираната и договорена методологија, Комисијата за самоевалуација на Универзитетот ја конципираше содржината на Извештајот за реализираната самоевалуација, со тоа што во Извештајот беа презентирани и податоците за прв и податоците за втор циклус студии како посебни сегменти; додека заеднички беше општиот дел посветен на Универзитетот насловен како Опис на Универзитетот. Веќе напоменавме дека Извештајот за студентската анкета е составен дел на Извештајот за самоевалуација и истиот е даден во интегралниот текст.

Постапката за самоевалуација на Универзитетот, според утврдената ISO процедура вклучува повеќе чекори, и тоа:

- Одржување седница на Сенат за избор на Комисија за евалуација на Универзитетот;
- Разговор на Комисијата со менаџментот на Универзитетот;
- Пишување Извештај од самоевалуацијата од страна на Комисијата;
- Потпишување на Извештајот од самоевалуацијата од страна на Комисијата;
- Испраќање на Извештајот до менаџментот на Универзитетот;
- Одржување на седница на Ректорската управа на Универзитетот за разгледување на Извештајот;
- Испраќање на Извештајот до Агенцијата за евалуација и акредитација на РМ;
- Објавување на Извештајот од самоевлуацијата во Билтенот на Универзитетот.

Како што може да се забележи, покрај овие активности, постапката за самоевалуација на Универзитетот во пракса вклучува и други активности и не е ограничена само на самоевалуацијата, туку ја инкорпорира и реализацијата на студентската анкета. Но, од друга страна, во елаборираната постапка за самоевалуација можат да се забележат и одредени пропусти. Имено, Извештајот за самоевалуацијата е јавно објавен (ова како обврска не е наведено во ISO процедурата, но е од особена важност за транспарентноста на постапката, а со тоа и на квалитетот на истата), но не во Билтенот на Универзитетот, туку на неговата официјална веб страница.

**Примена на деловната филозофија за целосен менаџмент на квалитетот и на ISO стандардот 9001:2008**

Според она што е претходно наведено за деловната филозофија за целосен менаџмент на квалитетот (TQM), како процес на свртување на фокусот од институцијата и нејзините потреби кон супериорен квалитет на услугите и производите, како и четирите принципи врз коишто е заснован (Институцијата мора да се фокусира на нејзините клиенти и добавувачи, Секој во институцијата мора да биде посветен на постојано усовршување на индивидуален и колективен план, Институцијата мора да се гледа како систем, а работата што вработените ја извршуваат во рамките на тој систем, мора да се набљудува како непрекинат, континуиран процес и Успехот на практицирањето на TQM е одговорност на раководството на

институцијата), со сигурност може да се тврди дека, иако Универзитетот „Св. Климент Охридски“ – Битола има јасна определба за обезбедување на квалитетот на услугите што ги овозможува, сепак, во својата работа нема имплементирано целосен менаџмент на квалитетот. Тоа е и поради поширокото констелациони односи во коишто се наоѓа, ако се знае дека за комплетното имплементирање на TQM деловната филозофија, треба заедничка тимска работа и заложба, не само на Универзитетот, туку и на различните претставници на поширокото опкружување, а пред сè на релевантните национални тела и органи, како и на стопанските чинители. Ваквата заедничка работа, секако, треба да биде иницирана и да потекне од самиот Универзитет, преку формирање на различни организациони структури за соработка со надлежните тела и стопанските субјекти, во коишто активен придонес би дале сите заинтересирани вклучени во споменатата структура. Добар почеток е законски планираниот Универзитетски совет, во којшто, според правилата треба да учествуваат, покрај членови од универзитетската академска заедница, и претставници на ресорното Министерство и претставници од стопанските субјекти во земјата.

Што се однесува, пак, на примената на ISO стандардот 9001:2008, Универзитетот „Св. Климент Охридски“ – Битола, односно Централната стручна и административна служба на Универзитетот, од 2007 година, непрекинато го обновува ISO стандардот 9001:2008, што е значајна потврда за професионализмот и посветеноста на административниот кадар на службата во задоволувањето и задржувањето на интернационалните стандарди за квалитет во работењето. И покрај тоа што со стандардот ISO 9001:2008 е сертифицирана само Централната стручна и административна служба на Универзитетот „Св. Климент Охридски“ – Битола, што претставува само еден сегмент од целовитоста на Универзитетот, значајно е што поседувањето на овој стандард е показател на исполнување на одредени меѓународни стандарди во процесот на Универзитетското административно работење, што, секако, придонесува кон нивото на квалитет на целокупното Универзитетско функционирање. Дополнителна потврда на квалитетот на административното работење на Централната служба на Универзитетот е и извештајот за спроведената надворешна ревизија од независната ревизорска куќа SGS од Велика Британија, којашто неколку години по ред ги изведува ревизорските постаки во функција на обновување на ISO стандардот 9001:2008 на Универзитетската централна служба.

Со овој стандард прецизирани се сите административни постапки, односно детаљно се наведени чекорите за секоја поединечна административна постапка, како и одговорното лице за секоја постапка. Поради лимитираните човечки ресурси, но и поради опсегот на работата на поединечни вработени во администрацијата, постојат случаи кога едно лице е задолжено за повеќе ISO постапки. И покрај ваквата ситуација, Централната служба на Универзитетот, уште од 2007 година успешно го имплеметира ISO стандардот 9001:2008.

**Документирање на процесот за обезбедување квалитет на Универзитетот „Св. Климент Охридски“ – Битола**

**Обезбедување квалитет во високото образование и Статутот на Универзитетот „Св. Климент Охридски“ – Битола**

Актуелниот Статут на Универзитетот „Св. Климент Охридски“ – Битола е донесен и усвоен од страна на Универзитетскиот сенат на 27.12.2008 година, по донесувањето на новиот Закон за високо образование и е прилагоден кон законските решенија поврзани со основните одредби, универзитетски обележја, универзитетска автономија, дејноста на Универзитетот и единиците, универзитетската структура, внатрешната организација на универзитетот, стручната и адмнинистративната служба на универзитетот, органите и телата Универзитетот и единиците, развојот, финансирањето и имотот на универзитетот, основната и дополнителни дејности на универзитетот, студентите – права и обврски, јавноста во работењето и др. Иако, сите овие содржински елементи се поврзани со квалитетот во работењето на Универзитетот, сепак, во Статутот на Универзитетот содржана е и посебна глава Самоевалуација на Универзитетот, којашто најдиректно ги тангира постапките и активностите во врска со обезбедување квалитет и ја дава основната рамка за универзитетскиот систем за обебзедување квалитет.

Имено, Статутот на универзитетот ги идентификува најважните механизми за оценување на квалитетот, и тоа во форма на студентска анкета на крајот на секоја академска година во месец мај, како и постапката за самоевалуација. Дополнително, според Статутот, и за двете постапки потребно е претходно утврдено упатство. Како

што се вели во Статутот „начинот на анкетирање, опфатот на студентите, содржината на анкетниот лист и други прашања од значење за анкетата, со посебно упатство ги утврдува Ректорската управа“, додека „самоевалуацијата се врши според Упатство за самоевалуација и обезбедување и оценување на квалитетот на високообразовните установи, што го донесува Сенатот на Универзитетот“.

Покрај механизмите за обезбедување квалитет, со Статутот се определува и Универзитетското тело надлежно за процесот за обезбедување квалитет, како и неговата организациска структура. Претходно наведените постапки за обезбедување квалитет се реализираат од страна на Комисии за самоевалуација на ниво на Универзитет и на ниво на единици, а оставен е и простор за формирање посебна организациона единица за евалуација на Универзитетот. Според Универзитетскиот статут, Универзитетската комисија за самоевалуација е составена од девет членови, од кои два члена се претставници на студентите, додека останатите седум членови ги избира Сенатот на Универзитетот од редот на наставниците и соработниците на УКЛО, внимавајќи притоа на соодветната застапеност на сите наставно-научни области на Универзитетот. Мандатот на наставниците/соработниците е четири години, а на студентите е две години.

Основната цел на Универзитетската комисија за евалуација е реализација на постапката за самоевалуација и подготовка на извештај за евалуација, во којшто би ја прикажал моменталната состојба на Универзитетот во поголем број сфери (управување, високообразовна дејност, финансирање, академски и други активности, просторни и материјални ресурси и сл.), и би дал предлози и препораки за надминување на детектираните проблеми, пропусти, негативни појави и/или насоки за подобрување на квалитетот во работењето на Универзитетот.

Како пандан на горенаведеното, комисиите за самоевалуација на единиците вршат евалуација на студиските програми и на процесите на настава и учење, покрај тоа што вршат и евалуација на општата состојба на единицата во поглед на управувањето, финансиите, просторно-материјалните услови и сл. И Комисијата за евалуација на ниво на единица подготвува Извештај за самоевалуација, којашто покрај анализираните состојби (реализацијата на студискит епрограми, степенот на учество на наставниците, соработниците и студентите во релизацијата на студиските програми, резултатите од полагањето според структурата на студиските програми, бројот и структурата на студентите, времетраењето на студиските програми и проодноста по

академски години, успехот на студентите според начинот на нивното финансирање, според регионалната припадност, според националната припадност и сл., влијанието на опременоста врз ефикасноста во студирањето, влијанието на истражувачката работа врз квалитетот на наставата и студирањето, дејноста на единиците според условите на дадената акредитација и дозволата за вршење високообразовна дејност), треба да содржи и предлози за надминување на идентификуваните негативни појави и проблеми во остварувањето на дејноста на единицата.

Тоа што според Статутот на Универзитетот се смета за основна и дополнителни дејности за коишто, всушност, треба да се обезбеди и/или да се оцени квалитетот е:

Член 29

Универзитетот како главна дејност, според Националната класификација на дејности ја врши:

80.30 – Високошколско образование.

Покрај основната дејност Универзитетот ќе ги врши и сите останати дејности според Националната класификација на дејности.

Покрај наведените дејности, Универзитетот:

1. се грижи за развојот на применувачката дејност во областите за кои е матичен;
2. организира и реализира високостручна апликативна дејност – изработка на инвестиционо-техничка документација, проекти, технички контроли, ревизии, рецензии, издавање стручни оценки, атести, исправи за стручни наоди (сертификати) за материјали, орудија и уреди за работа, лична заштита на средствата и лична опрема, вршење анализи и експертизи, изработка и издавање извештаи од научни и стручни услуги, елаборати, студии и сл. (во области за кои е матичен);
3. го планира остварувањето и развојот на дејностите за кои е основан;
4. во рамките на политиката за соработка на Универзитетот, остварува високообразовна, научна, техничка и уметничка соработка со домашни високообразовни и научни установи, како и други форми на соработка;
5. во остварување на соработката со домашни високообразовни научни установи, организира научни собири, симпосиуми, семинари, советувања и други видови собири;

6. продава научни и стручни услуги и производи на домашни и странски правни и физички лица;
7. врз единствени основи утврдени од Универзитетот, ја организира компјутерската мрежа и раководи со неа;
8. преглага и презема мерки за унапредување и заштита на стандардот на студентите и вработените;
9. управува и го користи имотот и материјалните средства со кои располага;
10. разменува научни и стручни услуги и производи со домашни физички и правни лица;
11. се грижи за унапредувањето и за учеството во планирањето, утврдувањето и развојот на вкупниот образовен систем во државата во научните области;
12. издава дипломи и други документи за завршени студии и други видови образование, според условите утврдени со Статутот на Универзитетот;
13. во рамките на единствениот библиотечно-информационен систем утврден од Универзитетот ја организира работата на библиотеката и организира сопствена библиотечно-информациона и документациона дејност;
14. организира сопствена издавачка дејност;
15. Ректорската управа на Универзитетот, со посебна одлука ги утврдува подрачјата и областите (дисциплини) на истражување, според стандардите на меѓународните органи и организации според кои ќе ја изведува својата дејност;
16. воспоставува меѓународна соработка со универзитетите во странство;
17. воспоставува меѓународна соработка со други правни и физички лица од областа на високото образование, науката и културата, и
18. врши други работи и дејности утврдени со Закон, со Статутот и другите акти на Универзитетот, како и други работи и дејности кои се во согласност со остварувањето на неговата автономија, а не им противречат на заедничките интереси на Универзитетот.

Улогата и задачите од ставот 1 на овој член, Универзитетот ги остварува непосредно и со единиците во својот состав со:

1. организирање академски и стручни студии;

2. изведување фундаментални, развојни и применети истражувања и вршење применувачка дејност, изведување комплексни научноистражувачи проекти од поширок интерес;
3. учество во планирањето, утврдувањето и развојот на вкупниот образовен систем;
4. следење и примена на модернизацијата во остварувањето на високообразовната и научноистражувачката дејност;
5. континуирано образование кое се врши преку курсеви, семинари, далечинско образование со кое се стекнуваат нови знаења и се прошируваат знаењето и стручноста;
6. различни форми на образование и развој во областа на науката, техниката и кутурата; надградување и продлабочување на завршените додипломски, постдипломски студии и стекнување докторат на науки;
7. научна и техничка соработка со странски и со национални високообразовни и научни установи и со остварување на други форми на меѓународна соработка, учество во меѓународни проекти од интерес на пошироката меѓународна заедница;
8. организирање и реализирање на високостручна апликативна дејност;
9. организирање други форми и видови за подигање на општото образовно ниво и поттикнување на конструктивен натпревар помеѓу различните идеи и пристапи.

## **Дејност на единиците на Универзитетот**

Член 30

Единицата на Универзитетот во рамките на својата дејност:

1. се грижи и презема мерки за усовршување на кадрите кои изведуваат високообразовна, научноистражувачка и уметничка дејност и за кадрите во стручната и административната служба во согласност со Статутот;
2. реализира домашни научни проекти;
3. се грижи и презема мерки за тековно и инвестициско одржување на објектите и имотот во согласност со Статутот;
4. врши и други работи утврдени со Законот и овој Статут.

Значи дека обезбедувањето и оценувањето на квалитетот на работата на Универзитетот треба да ги вклучува сите овие наведени аспекти – дејности, но покрај тоа процесот на обезбедување квалитет не се смета за комплетен доколку Универитетот не ги исполнува и барањата во врска со документирање на постапките и активностите.

Во врска со тоа во текстот на Статутот стои дека Универзитетот треба да има донесено и усвоено:

Статут на Универзитетот;

Кодекс на однесување усвоен од страна на Сенатот на Универзитетот;

Правилник за начинот на кој се вршат стручните и административните работи од заеднички интерес за единиците на Универзитетот;

Акт за организацијата и систематизацијата на работните места со опис и попис на работите и работните задачи на вработените во Стручната и административната служба;

Упатство за самоевалуација и обезбедување и оценување на квалитетот на високообразовните установи;

Годишен Извештај за работата на ректорот;

Годишен Извештај за работата на Универзитетот;

Извештај за финансиското работење за претходната календарска година;

Годишен финансиски план;

Завршна сметка;

Посебен акт на Сенатот за студирање на прв, втор и трет циклус студии, како и на стручни студии, преминот од едни на други студии, паралеленото студирање, студентскиот календар, уписните постапки, испитниот режим, напредувањето – инклузивно со условите за побрзо напредување, завршувањето на образованието, преминувањата помеѓу студиските програми, повторувањето на годината, односно условното напредување, продолжувањето на студиите по прекинувањето, паралелното интердисциплинарно и индивидуално студирање и признавање на испитите и на другите студиски обврски положени на различни високообразовни установи, видот на документите кои му се издаваат на студентот врз основа на евиденцијата, определена со закон, постапката за заштита на правата на студентите, органите надлежни за водење на

постапките и одлучувањето, дисциплинската одговорност и правата и должностите на студентите во дисциплинската постапка и други правила поврзани со правата и должностите на студентите во студирањето, односно Правилник за условите, критериумите и правилата за запишување на трите циклуси на студии, Правилник за единстевниот кредит систем и преминот од една на друга студиска програма, односно од една на друга единица во состав на Универзитетот, Правилник за единствените основи за организирање на постдипломски и докторски студии, Правилник за издавањето дипломи, додаток на дипломи, стручен, односно научен назив и други документи за завршени студии на високо образование и за условите и постапката за одземање на издадената диплома;

Програма за меѓународна соработка;

Правилник за организирање на издавачката дејност на Универзитетот;

Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни и соработнички звања;

Правилник за постапката и начинот на промоција на кандидатите кои се стекнале со научен степен доктор на науки;

Правилник за објавување на актите на Универзитетот и единиците во негов состав во Билтенот на Универзитетот и др.

Во следниот наслов ќе стане повеќе збор за некои од наведените акти (вклучувајќи ги и упатствата за начинот на анкетирање, опфатот на студентите, содржината на анкетниот лист и други прашања од значење за анкетата и за самоевалуација и обезбедување и оценување на квалитетот на високообразовните установи, споменати претходно) коишто, како обврска според Статутот, ги донесува Универзитетот, преку неговите тела и органи.

## Обезбедување квалитет во високото образование и другите акти на Универзитетот „Св. Климент Охридски" – Битола

Покрај Статутот, како највисок Универзитетски акт со чиишто одредби се поставуваат основите на системот и процесот за обезбедување и оценување на квалитетот во високото образование на Универзитетот, на институционално ниво

постојат и други акти коишто подетално ги регулираат постапките во рамките на процесот за обезбедување и оценување на квалитетот, а и самото документирање на работните активности е постапка којашто е составен дел на овој процес.

Моментално, меѓу актите на Универзитетот не може да се најде документ којшто директно ја регулира самоевалуацијата и/или студентската анкета. Иако претходно, кога стана збор за досегашните искуства на Универзитетот во оваа сфера (ова посебно се однесува на искуствата од учеството во меѓународните ТЕМПУС проекти), беа идентификувани материјални резултати, како што се документите *Обезбедување квалитет на Универзитетот „Св. Климент Охридски“ – Битола – Упатство за самоевалуација според европски стандарди и индикатори за квалитет, Водач на упатствата за обезбедување и оценување на квалитетот на високообразовните установи, како и Деловник за работа на Комисијата за евалуација на Универзитетот „Св. Климент Охридски“ – Битола*[57], сепак, овие документи денеска не се наоѓаат во списокот на активни, односно усвоени акти според коишто се одвиваат односните Универзитетски активности.[58]

Сепак, Универзитетот има донесено и усвоено акти за регулирање на активности коишто се во тесна врска со процесот за обезбедување и оценување на квалитетот во високото образование, односно се значаен дел од тој процес:

5. Правилник за единствениот кредит систем и преминот од една на друга студиска програма, односно од една на друга единица на Универзитетот;
6. Правилници за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на прв, втор и трет циклус студии;
7. Правилник за мобилност на универзитетите во земјата и во странство;
8. Правилник за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, наставни, научни, наставно-стручни и соработнички звања;
9. Правилник за организирање на издавачката дејност
10. Етички кодекс;
11. Правилник за образование и стручно усовршување на вработените на Универзитетот „Св. Климент Охридски”- Битола;
12. Правилник за поддршка на развојот на надарените и талентираните студенти.

Со анализа на овие Универзитетски акти и следење на имплементацијата на нивните одредби во праксата, може да се увиди нивниот квалитет, односно нивната

[57]Види Прилог бр.2
[58]За потребата од донесување и усвојување на вакви документи ќе стане збор во следниот поднаслов

придобивка кон обезбедувањето и/или унапредувањето на севкупниот квалитет на работењето на Универзитетот. Давањето оценка за нивото на квалитет на овие документи во голема мера зависи и од нивната усогласеност со повисоките акти што ја регулираат истата материја, односно со усогласеноста со Законот за високо орбазование и подзаконските акти во сферата на високото образование. Имајќи го во предвид фактот што голем број значајни одредби од Законот за високото образование во моментот на подготовката на докторската теза се во фаза на преиспитување и преформулирање или се со одложено дејство, компатибилноста на Универзитетските акти со законските и подзаконските одредби нема да биде предмет на дискусија.

Значајно е да се напомене дека со примена на одредбите од Правилникот за единствениот кредит систем и преминот од една на друга студиска програма, односно од една на друга единица на Универзитетот, Правилниците за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на прв, втор и трет циклус студии и Правилникот за мобилност на универзитетите во земјата и во странство во голем обем се имплементираат националните, но и меѓународните стандарди и насоки за студирање, а коишто произлегуваат од Болоњскиот процес. Тука станува збор за одредби посветени на реализација на студиите од сите три циклуса на студирање следејќи ја примената на ЕКТС системот, што, пак, од друга страна го олеснува преминот на студентите од една на друга студиска програма, на друга единица во рамки на Универзитетот, но и на друга високообразовна институција во национален и меѓународен контекст. Ова е мошне значајно и за реализацијата на студиските престои на студентите на европските универзитети во рамки на меѓународни програми за студентска мобилност. Исто така, овие акти предвидуваат и документирање на текот на студирањето според европските стандарди (издавање Диплома и Додаток на Диплома, Уверение за положени испити, друга педагошка документација), што вклучува и издавање на одредени документи и на англиски јазик, а сето тоа го олеснува процесот на препознавање и признавање на високообразованите квалификации на завршените студенти на УКЛО од страна на странските национални високообразовни системи.

Почитувањето на споменатите стандарди е и експлицитно назначено во Правилниците за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на прв, втор и трет циклус студии, каде се вели: „Со овој/ие Правилник/ци се обезбедува ефикасност на студиите, како и реализација на насоките за создавање Единствен простор на високо образование во Европа и примена на Болоњскиот процес преку

обезбедување висок квалитет на студиите, зголемување на мобилноста на студентите и наставниците и зголемување на проодноста на студирањето“. Одредбите од Правилниците кореспондираат со европските насоки во врска со организацијата на студиските програми, оптовареноста на студентот и во согласност со тоа и пресметката на ЕКТС бодови, можностите за организација на студиски програми со други национални или странски високообразовани институции и следствено на тоа издавањето двојни и заеднички дипломи, обврските на студентите и нивното напредување во текот на студирањето, односно оценувањето на нивните постигнувања, можноста за паралелно студирање, подготовка на завршни трудови, можност за реализација на студиските програми или делови од нив, односно на предметни програми на друг, освен на македонски јазик, стекнување академски називи по завршувањето на одреден степен на високо образование и сл.

Тоа што претставува одреден проблем, всушност, не зависи од институционалното регулирање на споменатите прашања. Главно проблемот во праксата нè води до националните законски одредби, посебно кога станува збор за организирање заеднички студиски програми од кој било циклус на образование, а тоа е поради ригидните прописи за единствена примена на нашето национално законодавство. Имено, секоја студиска програма, без разлика дали истата се реализира од страна само на домашна високообразована институција или се реализира во соработка со други странски високообразовани институции, мора да подлежи на нашите законски пропишани процедури за нејзино донесување, усвојување и остварување. Ова во праксата создава големи проблеми, посебно на домашната високообразовна институција којашто треба да се наметне како доминантен фактор во подготовката на заедничката студиска програма пред странските партнери, а тоа воопшто не е изводливо во пракса имајќи во предвид дека во најголем број случаи македонските универзитети се тие коишто бараат партнери меѓу европските универзитети, а не обратно.

Од наведените Правилници, а врз основа на практичното искуство со нивната примена, забележани се одредени проблеми со имплементацијата на одредбите од Правилникот за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на трет циклус студии. Проблемите главно се последица на релативно новите измени во организацијата на студиите на третиот циклус. Имено, пред организирањето на студиите на трет циклус како редовни студии, стекнувањето на академското звање

Доктор на науки беше само резултат на реализација на научно истражување и подготовка и одбрана на докторска дисертација. Студиите на трет циклус во националниот високообразовен систем, како комплетна новина, се воведоа во 2011 година, што иницираше подготовка на Правилникот за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на трет циклус студии, но без претходно искуство и со законска рамка, којашто исто така вклучуваше целосно нови и практично непроверени законски одредби. Од оваа временска дистанца и по веќе завршен еден работен циклус на тригодишните докторски студии се јавува потреба од преработка на Правилникот за трет циклус студии и прилагодување на одредбите во согласност со нивната практична примена. Искуството покажува дека третманот на докторантите како и секој редовен студент на прв и втор циклус студии не ги дава очекуваните резултати. Оваа констатација се однесува не само на организацијата на наставно-образовниот процес, туку и на бирократските процедури од типот – пријавување испити, чекање на испитните резултати, евиденција на испитните резултати, рокови за оценување на предлог-темата за докторски труд, хипотези, подобност на кандидатот, потоа на докторскиот труд и сл. Поради тоа, при ревидирањето на постојните Правилници се препорачува предвидување поголема флексибилност за студентите на трет циклус студии, кои по правило се вработени поединци и не се во голем број, па институционалното менаџирање на нивното студирање е олеснето. Од друга страна, пак, токму не големиот број на студенти на докторски студии овозможува и формирање на Докторска школа на ниво на Универзитет, што би придонело и во ефикасното искористување на институционалните ресурси, но и креирање студиски програми за трет циклус студии со интердисциплинарен предзнак, посебно кога се знае дека повеќето научни истражувања во својата суштина инкорпорираат повеќе научни дисциплини и области.

Во овој поднаслов подетално ќе се задржиме уште и на Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, наставни, научни, наставно-стручни и соработнички звања, и тоа како основа за обезбедување и оценување на квалитетот на наставниот и соработничкиот кадар на Универзитетот. Потребно е да се потенцира дека поголемиот број одредби од овој Правилник се преземени од или се усогласени со одредбите од Законот за високото образование и/или Законот за научно-истражувачја дејност, во коишто доста прецизно е регулирана оваа материја, па поради тоа Универзитетот и нема некоја поширока слобода за поинакво дејствување од она

што веќе е законски одредено во однос на ова прашање. Тоа што може да се забележи и коментира се напорите на Универзитетот за рационално искористување на ресурсите коишто му се на располагање, а се прецизирани во овој Правилник со одредбите за рамномерно ангажирање на наставниот кадар на сите единици во состав на Универзитетот или како што е наведено: „Вкупниот број на часови на секој циклус се распределуваат рамномерно меѓу сите наставници од иста или сродна научна област", што е и одговор на законските одредби за минимален и максимален број часови на ангажман за наставниот кадар, како и можноста за ангажирање на наставници вработени на УКЛО на други високообразовани институции во земјата и обратно. Исто така, може да се дебатира околу квалитативните и/или квантитативните аспекти на критериумите за избор во звања за наставниците и соработниците, а коишто треба да се земат во предвид од страна на членовите на рецензентските комисии за избор. Меѓутоа, имајќи ги во предвид предностите и на двата методи на оценување, остануваме без став или со препорака на оставање можност за користење и на едниот и на другиот метод, а по избор на рецензентската комисија.

За останатите споменати документи (Правилник за организирање на издавачката дејност, Етички кодекс, Правилник за образование и стручно усовршување на вработените на Универзитетот „Св. Климент Охридски"- Битола, Правилник за поддршка на развојот на надарените и талентираните студенти) ќе кажеме дека, како и секој друг документ којшто регулира одредена активност и постапка, секако придонесуваат кон обезбедувањето и оценувањето на квалитетот на високото образование на ниво на Универзитет.

Исто така, како документирање на дел од постапките во процесот за обезбедување и оценување на квалитетот во високото образование на УКЛО може (и треба) да ги сметаме и Конкурсите за упис на студенти на сите циклуси на високо образование, што се објавуваат секоја година, а врз основа на Владина одлука, како и Упатството за реализација на конкурсот за запишување студенти во прва година на прв циклус студии на Универзитетот „Св. Климент Охридски" – Битола, коешто, исто така, во зависност од променливоста на условите за запишување на национално ниво (а во огромна зависност од законските одредби за регулирање на средното образование) се ревидира пред започнувањето на уписите, секоја академска година. Овие документи – Конкурсите и Упатството, влијаат врз квалитетот на студентите кои се запишуваат на Универзитетот, односно ги определуваат критериумите и условите коишто

потенцијалните студенти мора да ги задоволат за да станат студенти на УКЛО на сите степени на образование што се нудат на Универзитетот, како и на сите студиски програми. Примената на одредбите од овие акти во праксата не покажала некоја значајна потешкотија, што значи дека истите се конципирани, не само во согласност со законските прописи, туку и во согласност со практичните потреби.

Тоа што недостасува се клучните документи за регулирање на процесот за обезбедување и оценување на квалитетот во високото образование на ниво на Универзитет. Ова, всушност, е и негативната карактеристика на постапката документирање како дел од овој процес, заедно со самоевалуацијата и студентската анкета.

**Потреба од подготовка и донесување Упатство за самоевалуација и обезбедување и оценување на квалитетот на Универзитетот „Св. Климент Охридски“ - Битола**

Според Статутот на Универзитетот „Св. Климент Охридски“ – Битола[59], Универзитетот задолжително треба да донесе и усвои Упатство за самоевалуација и обезбедување и оценување на квалитетот на високообразовните установи.

Ваквите статутарни одредби имаат големо оправдување кога се знае дека обезбедувањето квалитет во работењето е услов без којшто не се може, посебно во констелација на зголемена конкуренција во националниот високообразовен систем, а намален број на потенцијални студенти. Универзитетот „Св. Климент Охридски“ – Битола денес е еден од петте државни универзитети во земјава. Покрај тоа, постојат уште 18 (осумнаесет) акредитирани приватни високообразовни институции[60] - универзитети, академии, факултети и/или високи стручни школи. Поголемиот дел од овие високообразовни институции (било тоа да се државни – јавни или приватни) нудат слични студиски програми како и УКЛО. Од друга страна, пак, потенцијални студенти, за сите три циклуса на студирање, како и за студирање на други форми – програми за усовршување, доусовршување и слично или програми за изучување странски и македонски јазик и др., има сè помалку. Причините за ова се бројни – намален наталитет, зголемена стапка на миграција и имиграција, неповолна финансиска состојба кај населението итн. Во вакви незавидни услови и „борба“ за студенти, кои се

[59]Види Статут на Универзитетот „Св. Климент Охридски“ – Битола, чл. 141, став 5 и член 146
[60]Извор: http://www.mon.gov.mk/index.php/dokumenti/akreditacii, 12.6.2015

причината за постоењето на високообразовните институции, квалитетот во работењето на Универзитетот, недвосмислено, претставува мисија што континуирано треба да се остварува и потврдува. Меѓутоа, остварувањето на квалитет не е случаен процес, недоволно осмислени постапки и периодични изолирани активности. Остварувањето квалитет во работењето на Универзитетот треба да биде процес којшто се води по однапред познати правила и прописи, и тоа не само на национално законодавно и подзаконодавно ниво, туку и на Универзитетско ниво. Законските и подзаконските национални акти ја даваат само рамката на дејствување, но не и поединостите, коишто го чинат процесот комплетен. Законите и подзаконските акти не треба да вклучуваат детаљи кои се специфични за секоја високообразовна институција. Тие, всушност, тоа и не можат да го направат, не само поради обемноста и преоптовареноста на законскиот и подзаконскиот материјал во таков случај, туку и поради опасноста да ја нарушат автономијата на Универзитетот. Всушност, и во самиот Закон за високото образование на РМ се одредува дека самоевалуацијата на универзитетите и единиците во нивни состав се врши според упатство за самоевалуација и обезбедување и оценување на квалитетот на високообразовните установи, коешто го донесува Сенатот на универзитетот, односно органот на самостојната високообразовна установа. Ова е потврда и дека не се доволни само статутарните одредби на УКЛО во врска со самоевалуацијата на Универзитетот. Тоа се докажува и со споменатата одредба во Статутот дека, покрај други бројни акти, Универзитетот треба да донесе и усвои Упатство за самоевалуација и обезбедување и оценување на квалитетот на Универзитетот „Св. Климент Охридски“ – Битола.

Но, потребата од врамување на процесот за обезбедување и оценување на квалитетот на Универзитетот во посебно Упатство за самоевалуација и обезбедување и оценување на квалитетот не се темели само и единствено на националните влијанија и констатацијата за донесување вакво Упатство во одредбите на Статутот на УКЛО. Имено, опстојувањето на Универзитетот во пошироки рамки, надвор од границите на земјата, односно во регионот и Европскиот високообразовен простор, уште повеќе ја потенцира потребата од обезбедување и оценување на квалитетот на работењето. Обезбедувањето и оценувањето на квалитетот на работењето на Универзитетот е основната димензија којашто може да му донесе препознатливост и прифаќање во меѓународен контекст, односно квалитетот директно влијае врз вклучувањето на Универзитетот во активности со интернационален предзнак – учество во меѓународни

проекти во рамки на различни европски програми, реализација на заеднички студиски програми и издавање двојни и заеднички дипломи со странски високообразовни институции, меѓународна студентска и академска мобилност, научно-истражувачки проекти, организација и учество на меѓународни конференции, симпозиуми и сл. Поради вака согледаната важност на процесот на квалитет во Европските високообразовни институции донесени се повеќе документи за официјализирање и стандардизирање на процесот за обезбедување квалитет во европското високо образование. Како што се препорачува во овие интернационални европски документи, сите високообразовни институции треба да воведат или развијат сопствен внатрешен систем за обезбедување квалитет, во согласност со стандардите и насоките за обезбедување квалитет во Европскиот високообразовен простор. Но, прифаќањето на ваквите акти[61] е на доброволна, а не на обврзувачка основа за универзитетите. Покрај тоа, доброволното прифаќање на европските акти за официјализирање на процесот за обезбедување квалитет на високообразовните институции, не може да влијае ограничувачки во однос на почитувањето на националните прописи во оваа сфера. Исто така, и европските акти, како и националните, претставуваат само рамка, односно даваат само основни упатства и насоки за реализација на процесот за обезбедување квалитет на високообразовните институции, додека детаљното прецизирање им го препуштаат на самите институции, земајќи ги во предвид нивните карактеристики, како и спецификите на националните законодавства и општествени услови.

Без прецизно осмислени активности и постапки, како и јасно дефинирани правила, прописи и принципи, на институционално ниво не може да се очекува успешност на процесот за обезбедување и оценување на квалитетот. Недвосмислено формулираните одредби го олеснуваат реализирањето на процесот, ги отстрануваат нејаснотиите, обезбедуваат еднакво разбирање на постапките и активностите во процесот, како и униформно однесување на сите учесници во процесот, што придонесува кон унапредување на институционалната култура за квалитет и зацврстување на организациската структура со елементите за обезбедување и оценување на квалитетот.

[61]За позначајните акти во врска со процесот за обезбедување квалитет во европското високо образование стана збор претходно во трудот (Болоњската декларација во функција на обезбедување квалитет, актите донесени од Европската мрежа за обезбедување квалитет во високото образование (ENQA), Европската асоцијација на универзитети и Европскиот високообразовен простор во функција на обезбедување квалитет)

Не само поради законската и статутарната одредба, туку уште повеќе поради изнесените причини, Универзитетот „Св. Климент Охридски“ – Битола задолжително треба што поскоро да подготви и донесе Упатство за самоевалуација и обезбедување и оценување на квалитетот на Универзитетот, усвоено од страна на највисокиот раководен Универзитетски орган Сенатот.

**Анализа на податоците и препораки за идни постапувања**

Во методолошкиот дел од оваа тема јасно се наведени причините поради коишто ова истражување е квалитативно и следствено на тоа и добиените податоци по нивната обработка се, исто така, квалитативни.

Процесот на обезбедување квалитет во високото образование претпоставува постоење на бројни документи, додека постапките во тој процес вклучуваат истражувачки инструменти, чијшто квалитет единствено може да се испита од квалитативен аспект за потребите на ова научно истражување. Исто така, и потврдата на добиените резултати може да биде само квалитативно добиена, односно резултатите може да бидат проверени само преку практична имплементација.

Поради тоа, во содржината на овој наслов, покрај дескриптивната анализа на податоците и добиените резултати, за секој од нив дадена е и препорака за идни постапувања, коишто би можеле да се применат во некоја идна постапка во рамки на процесот за обезбедување квалитет во високото образование на Универзитетот.

**Анализа на податоците добиени од обработката на инструментите - анкетните прашалници применети во студентската анкета во процесот на самоевалуација на Универзитетот**

Анализата на податоците добиени од обработката на инструментите – анкетните прашалници применети во студентската анкета во процесот на самоевалуација на Универзитетот е направена според истражувачкиот дизајн и одговара на истражувачката техника структуирано пасивно набљудување од коешто се добија податливи податоци за анализа, а од кои се извлекоа следните аналитички констатации:

1. Во студентската анкета се користеа два анкетни прашалника, и тоа едниот за испитување на мислењата и ставовите на студентите за квалитетот на наставниот кадар, а другиот анкетен прашалник беше наменет за испитување на ставовите и мислењата на студентите за квалитетот на студиските програми. При анализата на постапката се забележува дека истовременото давање

мислење и за квалитетот на наставно-образовната дејност на академскиот кадар (наставниците) и за квалитетот на студиската програма може да доведе до забуна кај анкетираните студенти. Ова уште повеќе доаѓа до израз кога и во двата анкетни прашалника се појавуваат слични прашања, па се случуваат ситуации на замена на мислења. Ова значи дека еден студент може за одреден професор да има повисоко мислење, односно да го оценува со повисока оценка, во однос на севкупната студиска програма на којашто студира, но кога истовремено одговара два анкетни прашалника, може, поради недоволна концентрираност или да ги замени одговорите на сличните прашања, или да одговори на ист начин и за односниот професор и за студиската програма.

*Пример:* Во анкетниот прашалник за оценување на реализацијата на наставно-образовната дејност на академскиот кадар (односно за оценување на наставниците) прашањето бр.6 гласи: „Предметната програма ги прошири и продлабочи вашите знаења", додека во анкетниот прашалник за оценување на студиската програма прашањето бр.2 гласи: „Програмата овозможува стекнување соодветни знаења и вештини". Во ваква ситуација многу лесно може да се добијат погрешни одговори, односно студентот да не го даде своето вистинско мислење, како за наставникот, така и за студиската програма.

Исто така, одговарајќи истовремено и за квалитетот на наставникот и за квалитетот на студиската програма, може да се случи, несвесно, студентот да биде поттикнат оценката што ја дал на едниот анкетен прашалник, во моментот, да му ја подобри или влоши оценката што ја дава во другиот прашалник за слично прашање, што доколку не ги одговара во исто време би ги одговорил на сосем различен начин.

Затоа, *препорака* би била доколку е потребно да се одговараат два или повеќе анкетни прашалника, тоа да се прави во различни временски интервали, и тоа по можност, со најмала временска разлика од една недела.

2. При оценувањето на академскиот кадар постои опасност од поставување на исто ниво, односно исто значење на оценките на наставниците за кои одговори на анкетните прашалници дале повеќе од 20-тина студенти, но и за кои одговор дале помалку студенти. Тука мора да се води сметка за запазување на стандардот за репрезентативен примерок испитаници за секој од наставниците, според којшто недвосмислено може да се изведе генерален заклучок за

најзастапеното мислење кај студентите за наставниците, а при тоа да не се наруши принципот на доброволно одговарање на анкетните прашалници.

*Препорака:* За да не се доведе во прашање релевантноста на оценката што некој наставник ја добил само од неколкумина студенти во одредена единица на Универзитетот, добро е, поради интегративната димензија на Универзитетот, при оценувањето на наставникот да се земаат во предвид сите одговори од сите единици на Универзитетот каде што тој наставник е ангажиран.

Исто така, во ваков случај помага и подигнувањето на нивото на свеста кај студентите за важноста од одговорањето на анкетните прашалници и за јачината на нивното мислење, а како резултат на тоа повеќе студенти да го остварат правото да го искажат своето мислење преку давањето одговори на прашањата во студентската анкета.

*Препорака:* Важно е, во соработка со Студентскиот парламент, континуирано да се организира кампања со различни активности, насочена кон подобро информирање на студентите за значењето и целта на анкетните прашалници, започнувањето и времетраењето на студентската анкета, достапноста на анкетните прашалници, улогата на студентите во донесувањето важни одлуки преку одговарањето на анкетните прашалници, вклучувањето на студентите во креирањето на Универзитетските политики преку резултатите од студентската анкета итн.

3. Содржината на прашањата застапени во анкетните прашалници, како за оценување на квалитетот на студиските програми, така и за оценувањето на реализацијата на наставно-образовната дејност на академскиот кадар мора да кореспондира со пропишаните стандарди и критериуми за начинот на обезбедување и оценување на високообразовните институции и академскиот кадар во РМакедонија[62], односно видот и содржината на прашањата мора недвосмислено јасно да даваат одговори коишто понатаму во процесот на самоевалуација и евалуација ќе можат да се употребат, без притоа да се

[62]Види *Упатство за критериумите за начинот на обезбедување и оценување на квалитетот на високообразовните установи и на академскиот кадар во Република Македонија* (Сл. весник бр.67 од 10.5.2013), *Правилник за организацијата, работата, начинот на одлучување, методологијата за акредитација и евалуација, стандардите за акредитација и евалуација, како и други прашања во врска со работата на Одборот за акредитација и евалуација на високото образование* (Сл. весник бр.151 од 30.11.2012), како и *Упатство за единствените основи на евалуацијата и евалуационите постапки на универзитетите* (Интеруниверзитетска конференција на Република Македонија, 19.9.2002)

создаваат дилеми околу адекватноста на поставените прашања (што повлекува несоодветни одговори и неупотребливи резултати).

Исто така, многу важен е и начинот на поставување и конципирање на прашањата. Мора да се води грижа за употребениот вокабулар, но и логичната структура на прашањата.

Така, во конкретниот случај, многу се појасни анкетните прашања коишто се поставуваат во вид на прашање, отколку оние што се дадени како суд.

*Пример:*

Прашањето бр.6 од анкетниот прашалник за оценување на студиската програма поставено во вид на суд:

*Не постои непотребно преклопување на материјалот кај некои предмети*

*Препорака:* многу е појасно ако се постави на следниот начин:

*Дали сметате дека постои преклопување на материјалот кај два или повеќе предмети од студиската програма?*

Во првиот случај, покрај тоа што е користена двојна негација, којашто создава забуна кај анкетираниот субјект, туку и барањето суд од испитаникот посредно го наведува на посакуваниот одговор од страна на испитувачот.

Ова, секако, не е дозволиво при формулирањето на прашања во анкетен прашалник, односно едно од основните правила во овој случај е прашањата во анкетниот прашалник да ја содржат димензијата на неутралност, а одговорот да биде исклучително одраз на мислењето на испитаникот, без притоа врз него на кој било начин да се влијае.

4. Анкетните прашалници, во ниту еден случај не смеат да бидат преобемни, бидејќи концентрацијата на испитаниците лесно може да биде доведена во прашање, па испитаниците да не посветат доволно внимание на завршните прашања од анкетните прашалници.

   Исто така, обемноста на анкетните прашалници, изразена во број на прашања, претпоставува потоа и зголемен обем на работа при обработката на прашалниците, а тоа да не било потребно.

   *Препорака:* Потребно е да се води сметка за принципот на рационалност при конципирањето на анкетните прашалници, и тоа во корелација со претходно добро обмислениот обем на податоци коишто би биле доволни за изведување засновани заклучоци од спроведената студентска анкета. Во случајот, анкетниот

прашалник за оценување на реализацијата на наставно-образовната дејност на академскиот кадар содржи 16 прашања, додека анкетниот прашалник за оценување на студиската програма содржи 17 прашања. Одговарањето на 33 анкетни прашања наеднаш (претходно стана збор за истовременото анкетирање на студентите за квалитетот на студиската програма и за квалитетот на наствниот кадар), секако, не ги оправдува очекувањата на испитувачот за извлекување солидни заклучоци од реализацијата на студентската анкета.

5. Ликертовата скала којашто потоа е изразена во проценти од добиените одговори од студентите не ги отсликува доволно јасно разликите помеѓу професорите, односно не дава јасни оценки за квалитетот на професорите (нивната работа со студентите, квалитетот на нивните предавања, нивниот однос и сл.) дадени од страна на нивните студенти. Пример: Со најновите измени на ЗВО се предвидува рецензионата комисија при пишувањето извештај за лицата коишто се јавиле на објавен Конкурс за избор на наставен кадар во одредено звање, мора, како еден од критериумите, да го вклучи и мислењето на студентите за професорите, односно да ја земе во предвид и позитивната оценка за професорите добиена при процесот на самоевалуација, односно студентската анкета. Доколку, како во случајот на УКЛО, како позитивна оценка се земаат одговорите, т.е. процентите од степените „целосно се согласувам“ и „се согласувам“, чијшто прост збир најчесто преминува 60 проценти и тоа кај сите професори, не може да се направи никаква разлика од еден до друг професор, што значи оваа алатка станува безначајна во рацете на членовите на рецензионата комисија. Алатката којашто не служи на својата намена само го оптеретува процесот на работа, а тоа значи и дека истата не само што не користи, туку и пречи во работата на комисијата.

   *Препорака:* Доколку, наместо Ликертова скала се користи скала за степенување односно на пр. скала од 1 до 5 за оценување на работата на професорите во анкетните листови од студентската анкета, при што 1 би значела најниска, а 5 највисока оценка и членовите на рецензионата комисија, би имале пристап до севкупниот приказ на добиените оценки за пријавените кандидати на објавениот Конкурс за избор во одредено звање, оваа алатка, многу повеќе би служела на својата намена, односно преку неа членовите на рецензионата комисија полесно би ги рангирале пријавените кандидати во оној дел што е наменет за рангирање

според оценката добиена од студентите. Така, и мислењето на студентите би играло важна улога во ангажирањето на професорите и истото не би се довело само до про-форма состојба, туку и на студентите би им дало сигурност и верба дека нивниот глас може да направи разлика.

**Анализа на податоците добиени од обработката на инструментите - сетови табели применети за прибирање податоци во постапката на самоевалуација на Универзитетот**

Исто како и анализата на податоците добиени од обработката на анкетните прашалници, како користени инструменти во студентската анкета, и анализата на податоците добиени од обработката на инструментите – сетови табели применети за прибирање податоци во постапката на самоевалуација на Универзитетот е квалитативна, односно ја следи истражувачката техника структуирано пасивно набљудување и квалитативните податоци добиени со примена на оваа истражувачка техника.

Резултатите добиени по анализата можат да се потврдат само преку нивна практична примена, и во таа насока, продолжувајќи ја праксата од претходниот содржински дел наменет за анализа на податоците, дадени се препораки за постапувања при евентуални идни реализации на постапката на самоевалуација на Универзитетот.

Резултатите до коишто се дојде при анализата на податоците добиени од обработката на сетовите табели применети за прибирање податоци во постапката на самоевалуација на Универзитетот се следни:

1. Насловите на колоните/редовите, кај повеќе табели, поради недоволно јасното формулирање, предизвикаа различни интерпретации од страна на лицата кои требаше да ги пополнат. Секако дека различните толкувања резултираа и со разнородни податоци коишто потоа не можеа да се обработуваат како една група и да ги дадат посакуваните резултати.

   *Пример:* Во Табела бр.3 се бараат податоци за лица во постојан работен однос. Според важечките прописи академскиот кадар подлежи на избор (појасен би бил терминот реизбор или повторен избор, но овие термини како такви не

постојат при ангажирање академски кадар) на определен број години. Така, станува дискутабилен изразот постојан работен однос. Мора да се објасни кои академски позиции припаѓаат под постојан работен однос – дали се тоа наставниците и соработниците ангажирани со полно работно време или се тоа само наставниците кои до своето пензионирање за својата работна позиција не треба да се избираат.

*Препорака:* На формулирањето на насловите, прашањата и сличните барања коишто им се поставуваат на надлежните лица кои треба да ги дадат соодветните податоци и информации треба да се посвети поголемо внимание, а ако е потребно, треба да се извршат и консултации со познати експерти, било тоа да се експерти за јазик, за статистика, за методологија итн.

2. Табелите се пополнуваа од различни лица од сите единици во состав на Универзитетот, без при тоа да се има јасна слика кому треба да се додели ваквата задача.

   *Пример:* Информациите во врска со бројот на кадарот (административен и академски) треба да ги даде секретарот на единицата, податоците во врска со ангажираноста на наставниот кадар, методите коишто се користат во наставно-образовниот процес, учеството во меѓународни проекти и сл. треба да ги даде секој наставник поединечно, табелите во врска со расположливоста на единицата со материјално-технички и просторни услови треба да ги даде архиварот (затоа што се преземаат од официјални документи на единицата коишто се чуваат во архива и се сметаат за трајни документи), но да ги верификува секретарот и сл.

   *Препорака:* Потребно е прецизно да се таргетира секој учесник во процесот на самоевалуација, било тоа да е директен учесник, како што се членовите на Универзитетската комисија за самоевалуација и на комисиите за самоевалуација на единиците, било тоа да е, условно кажано, индиректен учесник во процесот на самоевалуација – административаен кадар од Централната стручна и административна служба на Универзитетот или од единиците, наставниците, соработниците. Исто така, потребно е секој да биде детално запознаен со својата „улога“ и со тоа што се очекува од него.

3. Поради недоволната информираност на лицата кои ги пополнуваа табелите и/или даваа информации за пополнување на табелите настануваа дополнителни проблеми околу прибирањето на податоците, а следствено на тоа се јавуваа проблеми и при обработката на истите. Инволвираните лица во процесот на прибирање и средување на табеларните податоци добиваа само посредни инструкции како тој процес треба да се реализира и што точно треба да се достави како табеларен податок, што во многу случаи беше или недоволно јасно пренесено и/или недоволно прецизно разбрано.

   *Препорака:* По конципирањето на сите инструменти и алатки коишто ќе се користат во процесот на самоевалуација, а коишто се очекува да бидат пополнети од лица кои не се директно вклучени во процесот на самоевалуација, потребно е да се изврши обука на тие лица и/или најмалку да се изврши обука на членовите на комисиите за самоевалуација на сите единици во состав на Универзитетот, со цел да им се објаснат готовите инструменти и алатки, да се разјасни нивната цел, да се прецизира начинот на нивното пополнување, да се определат рокови во коишто истите треба да се вратат на обработка до Универзитетската комисија за самоевалуација, да се одговорат сите можни прашања или ситуации на евентуално толкување на повеќе начини и сл. Вакви обуки е задолжително да се направат пред започнувањето на користењето на инструментите и алатките во процесот на самоевалуација, но ако се забележи потреба, и во текот на нивното користење со цел да се добијат што е можно поверодостојни и поточни податоци, коишто понатаму би можеле да служат на својата цел.

4. Добро е тоа што кај табеларните индикатори[63] е задржан двојниот принцип на оценување, односно самоевалуација. Двојниот принцип на оценување, всушност, значи оценување на институцијата (единиците и Универзитетот) и оценување на студиските програми. Меѓутоа, тука, севкупноста на оценувањето претпоставува оценување на студиските програми на сите циклуса на студирање. За разлика од ваквите принципи на сеопфатност, на Универзитетот „Св. Климент Охридски“ – Битола се реализираше оценување само на

[63]Подготвени се два сета табели, и тоа сет табели за институционално оценување и сет табели за оценување на студиските програми, којшто се состои од два посебни комплети табели за прв и втор циклус студии (види Прилог бр.2)

студиските програми за прв и втор циклус студии, но не и за трет циклус. Ваквиот пристап крајно резултира со непотполна слика за состојбите на Универзитетот по извршената самоевалуација, поради тоа што делот за третиот циклус студии недостасуваше, а секако недостигаа и препораки за преземање идни чекори и активности било за подобрување на одредени студиски програми на трет циклус студии (нивно унапредување, укинување и сл.), било за воведување нови студиски програми за трет циклус студии.

*Препорака:* Кога се прави сеопфатна институционална самоевалуација, како и самоевалуација на студиски програми задолжително треба да се евалуираат студиските програми од сите циклуси – прв, втор и трет. Потребно е да се прават и парцијални самоевалуации, односно оценувања на одредени сегмени од функционирањето на Универзитетот, коишто, секако, даваат подетален приказ на односните сегменти, но во овој случај на комплетна самоевалуација, никако не смее да се изостави еден посебно важен дел од функционирањето на институцијата.

5. Во двата сета табели, за прв и втор циклус студии, се прибираа податоци коишто во одредени категории беа идентични или се поклопуваа во поголем дел. Имено, и за двата циклуса требаше да се наведат податоци од типот Структура на наставниците и соработниците за реализација на наставата на Универзитетот по звања, возраст и пол; Структура на академскиот кадар; Број на ангажиран академски и неакадемски кадар во последните пет академски години; Ангажман на наставниците во други институции; Просторни услови (Дидактички простор, Опрема и Опременост на компјутерски лаборатории); Логистика – Пристап до интернет и Пристап до информациски бази и сл. Ваквиот пристап може да доведе до забуна кај лицето/ата задолжено/и за прибирање на податоците во однос на тоа дали бројот на наставници и соработници кои се ангажирани на двата циклуса треба да се наведува и за првиот и за вториот циклус студии, што би значело големо преклопување, односно удвојување на податоците. Истата дилема се јавува и при пополнување на податоците што се однесуваат на ангажманите на наставниците во други институции, бидејќи не е дадена прецизна инструкција дали за соодветниот циклус студии треба да се наведе дополнителниот ангажман на наставниците во други институции само на прв, односно втор циклус студии или, воопшто, секој

нивни ангажман, што повторно доведува до преклопување на податоците. Овој проблем станува уште поиндикативен кога се доаѓа до податоците за просторно-техничките улови, односно опременост на единиците, бидејќи доколку за наставниците и соработниците може и да се правеле дистинкции колкав број од нив бил ангажиран само на првиот или само на вториот циклус студии, кај просторно-техничката опременост беспредметно е да се помисли дека за реализација на првиот и вториот циклус студии се користат различни простории, предавални, амфитеатри, лаборатории или дека пристапот до базите на податоци е рестриктивен кон некој од студентите или наставниците и соработниците во зависност од тоа на кој циклус студии истите студираат или се ангажирани.

**Анализа на податоците добиени од обработката на постапките во процесот на обезбедување квалитет на Универзитетот „Св. Климент Охридски“ – Битола**

Покрај инструментите користени во постапките за самоевалуација и студентска анкета, се истражуваа и проучуваа и самите постапки самоевалуација и студентска анкета, како и останатите постапки коишто се дел од процесот на обезбедување квалитет на Универзитетот, како документирањето на работните постапки и активности (за што подетално стана збор погоре во темата) и исполнувањето на ISO 9001:2008 стандардите преку конципирање на ISO процедури.

Од анализата на наведените постапки добиени се следните резултати, за коишто, според веќе востановениот принцип, дадени се и препораки за идни постапувања:

1. Една од основните забелешки и причини поради коишто последниот завршен процес на самоевалуација на Универзитетот не може да се оцени како добро реализиран е тоа што Комисијата за евалуација на Универзитетот не ги следеше вообичаените проектни фази коишто се осмислени со цел успешно водење на кој било проект, вклучувајќи го тука и процесот на самоевалуација. Всушност, ако како основен пример ги земеме проектните фази:

- Дефинирање
- Воведување (иницијација, идеја, определување посакувани резултати)

- Планирање
- Реализација
- Контрола (мониторинг во секоја фаза од проектот)

ќе видиме дека Комисијата не се придржуваше кон проектниот животен циклус, односно Комисијата за евалуација својата работа задолжително требаше да ја постави на цврсти темели, односно, пред започнување на каква било активност, јасно да дефинира која е нејзината цел, што сака да постигне (оцени, утврди, согледа, спореди и сл.), како сака истото да го направи, кои инструменти за тоа ќе и бидат потребни, дали и колку работни групи ќе треба да формира и во кој состав, според кои прописи и принципи ќе се води, на што ќе се стави посебен акцент, во која временска рамка ќе се реализираат поединечните фази, како и севкупниот процес, какви ресурси ќе и бидат потребни (материјални, просторни, технички, човечки – администрација) итн. Всушност, Комисијата требаше да развие своја стратегија и план за работа, коишто, и тоа како ќе и помогнеа успешно да ја заврши својата работа и да ја постигне целта поради којашто била и формирана.

*Препорака:* Идната постапка за самоевалуација на Универзитетот да се сфати како проект и да се реализира со почитување на сите проектни фази и циклуси, и колку тоа во одреден момент да се чини непотребно и оптоварувачки.

2. Сите инструменти, алатки, активности, дејствија во процесот на самоевалуација/евалуација на Универзитетот треба да бидат во согласност со пропишаните критериуми[64] за обезбедување квалитет во високото образование, а во корелација со претходно утврдените содржини од страна на работните универзитетски тела за обезбедување квалитет за тоа што ќе се оценува и како тоа ќе се реализира, во случајот тоа тело е Комисијата за евалуација на Универзитетот. Сепак, треба да биде јасно и тоа дека Комисијата за евалуација на Универзитетот, претходно треба да има добра документарна основа според којашто ќе го насочува своето работење, а во функција на тоа и ќе одлучува што

[64]Види Упатство за критериумите за начинот на обезбедување и оценување на квалитетот на високообразовните установи и на академскиот кадар во Република Македонија (Сл. весник бр.67 од 10.5.2013), Правилник за организацијата, работата, начинот на одлучување, методологијата за акредитација и евалуација, стандардите за акредитација и евалуација, како и други прашања во врска со работата на Одборот за акредитација и евалуација на високото образование (Сл. весник бр.151 од 30.11.2012), како и Упатство за единствените основи на евалуацијата и евалуационите постапки на универзитетите (Интеруниверзитетска конференција на Република Македонија, 19.9.2002)

ќе се оценува и како тоа ќе се реализира. Оваа забелешка, всушност, е и логично продолжение на претходната, бидејќи доколку се следеле проектните фази секој инструмент, алатка, активност, дејство би биле осмислени на соодветен начин, би немало преклопување на барањата во одредени инструменти и алатки, па дури и во еден ист инструмент, како и непотребно повторување и/или делумно повторување на одредени активности и дејствија.

3. Ако како појдовна основа ги земеме главните сегменти кон коишто треба да е насочена една институционална самоевалуација (мисија и цели; стратегија и план за остварување на мисијата и целите; институционална внатрешна структура – единици и управување; студиски програми од сите циклуси; наставно-научен и соработнички кадар; административен кадар; наставно-образовен процес; студенти; просторни и материјално-технички услови; студентски сервис – студентска служба, библиотека, кариерен центар, алумни асоцијација; ИТ служба и поддршка; национална и меѓународна соработка на институцијата; транспарентност на работењето на инстититуцијата – инфомираност на студентите и пошироката јавност преку служба за односи со јавност, институционално гласило, веб страница, Универзитетско радио; истражувачка и апликативна дејност; финансирање, извори на финансирање и распределба (управување) на финансиските ресурси), можеме со сигурност да констатираме дека во процесот на обезбедување квалитет на Универзитетот „Св. Климент Охридски“ – Битола не се опфатени сите набројани елементи. Иако табеларните сетови даваат приказ на повеќето од споменатите аспекти од функционирањето на Универзитетот, сепак, евидентно е дека, во сублимираниот Извештај за самоевалуацијата на Универзитетот „Св. Климент Охридски“ – Битола (за периодот 2007/08 – 2011/12) постои недостиг од податоци, изведени заклучоци и предложени идни мерки и активности во следните делови:

- **мисија и цели**, како и **стратегија и план за остварување на мисијата и целите** на Универзитетот. Иако се споменати мисијата, визијата и целите на институцијата, не е даден јасен заклучок дали според спроведената самоевалуација Универзитетот ги исполнува и во кој капацитет зацртаните мисија, визија и цели. Исто така, не се дадени генерални препораки за идни можни мерки и активности коишто би се презеле со цел поуспешно

исполнување на мисијата и целите, односно не е предвидена стратегија за исполнување на мисијата и целите. Ова значи дека мисијата и целите воопшто не претставувале предмет на разгледување или преиспитување, туку само на констатирање, без нивен критички осврт.

*Препорака:* Иако мисијата, визијата и целите се пресликуваат во сите останати сегменти, односно сите активности на Универзитетот се насочени кон исполнување на мисијата и постигнување на целите, сепак генералната слика, оценката и препорака за идни мерки и активности за подобрување на функционирањето на Универзитетот во Извештајот за самоевалуација мора да се темели врз јасно зацртаните постулати дадени во продолжение:

„Универзалната ***мисија*** на Универзитетот „Св. Климент Охридски" - Битола, се состои во генерирање на знаење и наука како и создавање и негување културни вредности во општеството. Во тие рамки, основната мисија на Универзитетот претставува квалитетно образование на млади кадри во квалификувани и компетентни стручњаци подготвени да конкурираат на националниот и меѓународниот пазар на труд. Од мисијата, произлегува и ***визијата*** за интегриран Универзитет којшто обединува и поврзува повеќе значајни сегменти:

- Академска заедница на слободни поединци: наставници, истражувачи, студенти;
- Интегриран универзитет во националното и меѓународно окружување;
- Универзитет со висок степен на внатрешна институционална соработка и координација;
- Транспарентен кон надворешниот свет;
- Универзитет со успешно имплементирани европски и интернационални стандарди;
- Универзитет со обезбеден квалитетен наставно научен процес;
- Универзитет со постигната флексибилност и динамичност во процесот на учење и степените на образование;
- Универзитет чиишто студиски програми ќе бидат академски и професионално признати.

Стремејќи се кон хармонизирање со европското ниво во високото образование, основните ***цели*** на Универзитетот се:

- Образование и подготвување на студентите за активно и работно вклучување во современо општество,
- Вршење научно - истражувачка дејност на меѓународно ниво,
- Подготвување научен кадар за сопствени потреби и за потребите на други средини и стопанството,
- Учество во цивилизациските промени и збогатување на културата на земјава, а посебно во науката, техниката, медицината и здравството.

Во услови кога на Универзитетот во досегашниот развоен период предност била дадена на теоретската едукација за постигнување меѓународни норми во реализирањето на студиските програми и нивна компаративност со програмите од високоразвиените универзитетските центри, неопходна е реализација на стратегиската насоченост кон развој на научно-истражувачката дејност и зголемена меѓународна соработка на Универзитетот.“[65]

Според вака поставените мисија, визија и цели потребно е преиспитување на сите наведени точки, започнувајќи од тоа дали Универзитетот претставува средина на слободни[66] поединци, колку Универзитетот е интегриран во националното и меѓународното опкружување, дали во Универзитетот постои институционална соработка и координација и на кој степен истата се наоѓа, дали на Универзитетот се воспоставени и функционираат интернационални стандарди[67], дали студиските програми се признати и препознаени на националниот пазар на труд, како и на меѓународниот пазар на трудот итн.

*Препорака:* За комплетно и прецизно согледување на состојбите на Универзитетот, Комисијата за самоевалуација, по спроведениот процес на

---

[65]Извештај за самоевалуација на Универзитетот „Св. Климент Охридски“ – Битола (за периодот 2007/08 – 2011/12), стр.6 и стр.7

[66]Се разбира дека тука станува збор за слобода во преносна смисла на зборот, односно станува збор за академска слобода којашто претпоставува непречена слобода на говор, односно нерепресирана академска мисла, позитивно критички насочена кон детектирани малформации во општеството, ако станува збор за образовно-научно-истражувачки процес кај општествените науки, или слобода во истражувањето, заклучувањето и презентирањето на научните и едукативните достигнувања кај природните и хуманистичките науки

[67]Се мисли на стандардите пропишани со Болоњската декларација, Европската асоцијација за обезбедување квалитет (ENQA), Меѓународната рамка за високообразовни квалификации, Меѓународната асоцијација на универзитети итн.

самоевалуација мора да даде одговори на ваквите и слични прашања и дилеми, но и да даде конкретни насоки за понатамошно дејствување.

- **студиски програми од сите циклуси**. Веќе стана збор за неопфаќањето на студиските програми на трет циклус студии со последно спроведениот процес на самоевалуација на Универзитетот, а од презентираните примери од системите за обезбедување квалитет на Универзитетот во Ниш и на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ – Скопје, како и од елаборираните подзаконски национални одредби и меѓународни стандарди, јасно се гледа значењето на третиот циклус и неговата застапеност во постапката на обезбедување и оценување на квалитетот, како дел од работата на секој универзитет.
- **студентски сервис**. Не се опфатени сите составни делови на она што навистина значи добар и функционален студентски сервис. Според тоа, разбирливо е и дека не е даден објективен аналитичко-критички осврт на работењето на студентскиот сервис, односно на неговите делови. Така, не е евидентиран очигледниот недостаток на активности во воспоставениот студентски кариерен центар Кредо којшто опфаќа студентско советување, доживотно учење и алумни. Поради тоа не се предложени ниту идни дејствија коишто би помогнале во адекватното функционирање и ставање на центарот во служба на студентите. Освен евидентирањето на постоење библиотеки во единиците, не е детектирано нивното работење, односно не се дадени податоци за екипираноста на единиците (Универзитетската централна служба) со соодветен кадар, т.е. библиотекари, а не е забележана ни фрекфентноста, односно искористеноста на библиотечниот фонд во овие библиотеки. Во согласност со тоа, повторно не се дадени насоки за унапредување на работата на библиотеките, збогатување на содржините во нив, како и зголемување на искористеноста на библиотечната понуда од страна на студентите, односно нивно анимирање и информирање за работата на библиотеките, начинот на којшто студентите можат да ги ползуваат библиотечните содржини, потребата од ангажирање соодветен кадар. Исто така, не е разработен ниту најнепосредниот контакт на студентите во однос на административните работи со нивните факултети, односно не е анализирана работата на Студентските служби во единиците на УКЛО. И тука се поставуваат бројни прашања: Колку студентите се задоволни од услугата што ја добиваат?;

Дали Студентските служби се доволно екипирани за да одговорат на барањата на студентите, односно на нивните работни обврски?; Дали Студентските служби имаат на располагање адекватна информатичка подлога за извршување на својата работа (пр. разработена интернет платформа или програма за пријавување, запишување и понатамошно административно следење на активностите на студентите итн.)?; Како да се надминат воочените недостатоци? и сл. Ова важи и за Алумни сервисот што треба да функционира во рамките на Кредо центарот на УКЛО. Бидејќи и Алумни сервисот е во служба на студентите (и на оние кои биле студенти на УКЛО), треба да биде, како дел од аналитичкиот осврт во Извештајот за самоевалуација, така и предмет на елаборација во овој труд. Но, што се случува во Извештајот за самоевалуација? Во него нема ниту збор за Алумни сервисот, освен забелешката дека истиот постои во рамките на Кредо центарот. Оттука, јасно е дека не може да стане збор за некој аналитички осврт дали воопшто Алумни сервисот ја извршува својата функција; за тоа колку и како ја извршува својата функција не може ниту да се помисли бидејќи без информација дали ја извршува функцијата не можеме да расправаме за обем, интензитет или квалитет на извршување на каква било функција.

*Препорака:* Во подготвителната фаза на работата на Комисијата за самоевалуација на Универзитетот мора јасно и прецизно да се определат сегментите на сите содржински глави коишто треба да ги опфати Извештајот за самоевалуација и да се посвети посебно внимание на секој сегмент, со цел да не се пропуштат елементи коишто објективно постојат и чија работа треба да се евалуира со цел нивно идно подобрување, како што е случај со Алумни сервисот.

- **ИТ служба и поддршка**. Овој сегмент во Извештајот за самоевалуација е опфатен во глава V Просторни и материјални услови (Опременост на компјутерски лаборатории) и глава VI Логистика (Пристап до интернет и Пристап до информациски бази). Уште на прв (површински) поглед може да се забележи дека станува збор за разгледување само на состојбите со ИТ поддршката, но не и со ИТ службата. Ова значи дека не се дадени податоци за тоа дали постои посебна ИТ служба во Универзитетот (иако според организациската поставеност на Универзитетот постои Сектор за информатички

и комуникациски технологии), дали во неа има доволен број вработени, дали вработените се со соодветна стручна образовна подготовка и сл. По однос на вториот дел, односно ИТ поддршката, констатирана е недоволна застапеност на соодветна софтверска поддршка за реализација на наставно-образовниот процес, додека бројната застапеност на компјутерите, интернет приклучоците, ЛЦД проекторите, скенерите, печатачите, копир машините и серверите е само констатирана без забелешка дали истата ги задоволува потребите на Универзитетот (единиците), нивната состојба на амортизираност/застареност и сл. Пристапот до интернет, односно вкупниот број интернет приклучоци не е доволно прецизиран. Се добива впечаток дека податоците од коишто е извлечен прикажаниот вкупен податок не биле истородни поради забелешката: „Треба да се истакне дека бројот на интернет приклучоците е многу поголем, имајќи ја во предвид WiFi конекцијата“. Се поставува прашањето дали сите единици дале податоци без при тоа да ја имаат во предвид WiFi конекцијата. Поради големата разноликост во податоците за информационите бази на податоци, повторно може да се постави прашањето дали сите единици при подготвувањето на одговорите на ист начин го разбрале терминот информациони бази. Од претходно споменатото може да се заклучи дека, покрај неопфаќањето на ИТ службата на Универзитетот, проблем се појавува и при елаборирањето на ИТ поддршката во Извештајот за самоевалуација.

*Препорака:* Обврската за јасно и прецизно определување на сегментите на сите содржински глави коишто треба да ги опфати Извештајот за самоевалуација од страна на Комисијата за самоевалуација е основна препорака и за оваа точка, но тука, исто така, се препорачува и јасно дефинирање на термините за коишто се бараат податоци и/или дополнителна обука на инволвираните лица кои треба да ги достават бараните податоци до Комисијата.

- **транспарентност на работењето на инстититуцијата – информираност на студентите и пошироката јавност преку служба за односи со јавност, институционално гласило, веб страница, Универзитетско радио.** Информираноста на студентите во процентуална вредност од дадени одговори е обработена од податоците добиени со студентската анкета. Меѓутоа, ако се земе во предвид фактот што за најголемиот број студенти информираност значи информација што ја добиваат од студентските служби, огласните табли и веб

страниците на единиците/Универзитетот, тогаш тука не можеме генерално да зборуваме за транспарентноста на работењето на институцијата. Сепак, транспарентноста на работењето на институцијата опфаќа поголем обем на реализирани обврски, јавно објавени и широко достапни извештаи, отчети, информации и сл. преку средствата за информирање. Забележително е отсуството на податокот дека Универзитетот има институционално гласило (како и повеќето од единиците во негов состав), односно Универзитетски весник „Универзитетски глас“, потоа, исто така, една од функциите на Универзитетскиот билтен којшто излегува задолжително секој месец, е и информирањето на пошироката јавност за сите Универзитески активности тесно поврзани со внатрешното функционирање на Универзитетот и единиците (одлуки, решенија, избори во звања, рецензии, правилници итн.), а тоа не е никаде споменато во Извештајот за самоевалуација. Свое место во Извештајот како составен дел од системот за транспарентност во работењето на Универзитетот не добило ниту Универзитетското радио. Ваквиот недостаток на податоци во голем дел ја ослабнува вредноста на Извештајот за самоевалуација, правејќи го недоволно сеопфатен, нецелосен и, во крајна линија, неверодостоен.

*Препорака:* Воопшто не е добро кога нешто што е функционално и врамено во добро организиран и функционален систем се изоставува од постапки на евалуација. Нешто што добро функционира може и да се унапреди или да се надгради со други, посовремени облици на функционирање, но за тоа треба добро да се размисли, а не да се игнорира кога станува збор за оценување на состојбите на функционирање. Поради тоа Извештајот за самоевалуација треба да ги детектира слабите страни на функционирање, но и да ги констатира силните страни, а и за двата случаи да даде препораки за идни активности во насока на нивно надминување и подобрување.

- **финансирање, извори на финансирање и распределба (управување) на финансиските ресурси.** Еден од клучните сегменти што задолжително мора да бидат опфатени во кој било процес на евалуација и самоевалуација е финансирањето, изворите на финансирање и распределбата (управувањето) на финансиските ресурси. Тоа е така затоа што без финансиски средства сите останати институционални функции престануваат да се извршуваат, а набавувањето материјални средства за работа (опрема, технологија, инвентар,...)

претставува невозможна мисија. Во Извештајот за самоевалуација на Универзитетот „Св. Климент Охридски“ – Битола не постои ниту збор за финансирањето, изворите на финансирање и распределбата (управувањето) на финансиските ресурси, што е една од најголемите забелешки и поткрепи зошто овој Извештај не ги исполнува критериумите на валиден, добро осмислен и темелен Извештај. Оправдување дека не може да се дојде до соодветни и релевантни податоци за финансирањето на Универзитетот и единиците не може да се најде во изговори дека нема кој да подготви вакви податоци, бидејќи покрај постоењето на Универзитетска комисија за материјално-финансиски прашања и инвестиции и Сектор за економско-финансиски работи во Централната административна и стручна служба на Универзитетот, на сите единици во состав на Универзитетот постојат соодветни служби и административни лица кои можат да одговорат на поставени прашања. Порблемот се лоцира во Комисијата за самоевалуација којшто воопшто нема побарано вакви податоци за понатамошна обработка и анализа.

*Препорака:* Процесот на самоевалуација е сеопфатен, мулти секторски и комплициран процес којшто директно или индиректно вклучува материјални, просторни, човечки, финансиски ресурси и покрај тоа што основната работа ја извршуваат членовите на Комисијата за самоевалуација на Универзитетот и комисиите за самоевалуација на единиците во состав на Униврезитетот. Поради тоа, Комисијата за самоевалуација треба да го користи своето право, но и обврска да ги бара неопходните податоци за скенирање на состојбите на Универзитетот во целина од сите служби/административни лица и наставно-соработнички кадар, а тие имаат обврска сите побарани податоци да им ги дадат на увид на членовите на Комисијата или да дадат добро поткрепено образложение зошто бараните податоци не можат да бидат доставени. Само така може да се подготви солиден и релевантен Извештај за самоевалуација. Ова посебно важи за секогаш горливиот финансиски сегмент. Меѓутоа, без јасна претстава каква е финансиската кондиција на Универзитетот не може да се проектираат идни активности, не може да се подготвуваат планови за работа, не може да се смета на осовременување на техничката опрема и сл. Поради тоа, препорака е, при подготовка на сите идни извештаи за самоевалуација на Универзитетот, да се води сметка за инкорпорирање на фінасиската димензија,

како една од основните причини за непречено функционирање на Универзитетот, но и претпоставка за неговото идно функционирање, подобрување и унапредување.

4. Во Извештајот за самоевалуацијата на Универзитетот „Св. Климент Охридски" – Битола (за периодот 2007/08 – 2011/12) свој посебен дел има Извештајот за студентската анкета[68] во којшто се прикажани резултатите добиени од обработените анкетни листови за двата анкетни прашалници за испитување на квалитетот на наставниот кадар и квалитетот на студиските програми. Во Извештајот, секако, се прикажани збирните резултати во процентуален графички и табеларен исказ за сите единици во состав на Универзитетот, со компаративен преглед на средната процентуална вредност на ниво на Универзитет во однос на поставените прашања во анкетните прашалници, како и со краток коментар околу најниската (негативна) и највисоката (позитивна) процентуална вредност добиена по обработката на анкетните листови за секое поставено анкетно прашање и на која единица е добиен детектираниот највисок/најнизок позитивен/негативен процентуален показател. Но, крајната цел на студентската анкета не е само да ги покаже – прикаже општите и збирни процентуални резултати од спроведената анкета. Прикажувањето на средната добиена вредност, што би можело да се земе како референтна, односно веродостојна, е една од целите на истражувањето, т.е. студентската анкета, но само ако се добиени точни показатели. Имено, во овој случај постои оправдано сомневање дека прикажаната средна вредност, односно вредностите коишто се сметаат за Универзитетски процентуален просек (во којшто се вклучени одговорите добиени од сите единици во состав на УКЛО во коишто е спроведента студентската анкета) не се веродостојни поради применетата метода на нивно пресметување. Тоа што наведува на сомневање во добиените резултати е неприкажувањето на бројот на анкетни листови коишто не биле воопшто одговорени или не биле одговорени на начин што би бил прифатлив за обработка, односно не е прикажан бројот на т.н. неважечки анкетни листови или неважечки анкетни прашања, бидејќи се обработуваа одговорите за сите анкетни прашања поединечно. Ваквиот проблем, можеби, е последица од

[68]Види Извештај за самоевалуацијата на Универзитетот „Св. Климент Охридски" – Битола (за периодот 2007/08 – 2011/12), стр.97

неорганизираната анкетна постапка на самиот почеток кога не се водело сметка колку анкетни прашалници (и од двата анкетни прашалници – за студиската програма и за наставниот кадар) за која од единиците во состав на УКЛО се предадени за спроведување на постапката студентско анкетирање. Па, така не е јасен бројот на анкетни прашалници коишто воопшто не биле одговорени, како ни на оние коишто не биле одговорени соодветно на потребите на процесот на обработка на одговорите од анкетите, а исто така, не е добиен ниту процентот на одговорени анкетни прашалници по однос на распределени анкетни прашалници и/или неважечки анкетни листови/анкетни прашања по однос на оние одговорените и/или распределените.

*Препорака:* Бидејќи секој добро осмислен проект се темели на добро планирање и подготовка, така и спроведувањето на студентската анкета треба да се сфати како проект и при тоа да се почитуваат сите проектни фази коишто неминовно вклучуваат прецизно планирање и темелна подготовка пред самото започнување на реализацијата на студентската анкета. Значи, треба да се определи точен број примероци од студентските анкетни прашалници за секоја од единиците во состав на Универзитетот во зависност од бројот на студенти, бројот на студиски програми и бројот на наставници ангажирани за реализација на сите студиски програми. Потоа, треба да се води прецизна евиденција за распределбата на анкетните прашалници за реализацијата на студенстката анкета, односно колку анкетни прашалници се предаваат, колку од предадените се примаат назад како одговорени и колку од одговорените се валидни, односно можат да се обработат без да се доведе во прашање нивната јасност во дадените одговори. Само со ваква формализирана рамка може да се очекуваат објективни резултати, а потоа и нивни толкувања и недвосмислени заклучоци, што е и крајна цел на секој процес, па и на процесот на обезбедување квалитет на Универзитетот. Не смее да се занемари формата за сметка на содржината, како ни содржината за сметка на формата. Овие два клучни елементи мора да бидат комплементарни, односно да се надополнуваат една на друга, бидејќи и двете се зависни една од друга.

5. Терминот за реализација на студентската анкета не смее да биде избран само поради омасовување на анкетирањето, односно поради добивањето повеќе одговори, т.е. опфаќањето поголем број студенти. Процесот на анкетирање мора да се одвива во услови коишто претпоставуваат минимум надворешни

влијанија врз испитаниците. Така, анкетирањето на студентите пред полагање на колоквиуми, секако, не претставува добар избор на термин. Според рангирањето на приоритетите на студентите, ним им е многу поважно да се концентрираат на претстојниот испит, отколку да обрнат внимание на прашањата во анкетните прашалници. Во ваков случај може да бидеме сигурни само во едно – одговорите коишто ќе ги добиеме нема да бидат одраз на вистинското мислење на студентите по ниту едно поставено прашање. Со тоа, целта на студентската анкета паѓа во вода.

*Препорака:* Потребно е повнимателно разгледување на техничките аспекти на реализацијата на студентската анкета, а секако терминот на анкетирање е еден од нив. Така, на студентите треба да им се овозможи анкетирање коешто би можеле да го завршат во нивното слободно време, а тоа значи дека достапноста до анкетните прашалници треба да трае барем една седмица.

6. Многу дискутабилна е и улогата на наставниците како реализатори на анкетирањето. Имено, иако во секоја единица на Универзитетот анкетирањето беше направено од страна на наставници кои не се ангажирани, односно не предаваат на студентите кои ги анкетираа, сепак, останува фактот дека студентите во нив гледаат наставници, а притоа треба да даваат одговори за квалитетот на реализацијата на наставно-образовната дејност на, условно кажано, нивните наставници, па и за квалитетот на студиската програма, којшто во огромен процент зависи од наставниците кои ја реализираат таа студиска програма.

*Препорака:* Исто како и во претходниот случај, кога става збор за одлучување и изборот за терминот на анкетирање, и тука потребно е да им се овозможи на студентите одговарање на анкетните прашалници без дополнителен притисок што го чувствуваат ако истото го прават во присуство на наставници. Значи останува заклучокот дека анкетирањето треба да се реализира во слободното време на студентите со достапност на анкетните прашалници од минимум една недела, со запазување на принципот на анонимност. Како еден од начините на коишто ваквите барања за реализација на студентската анкета би можеле да се запазат е доброволното анкетирање на студентите по електронски пат, односно поставување на анкетните прашалници на веб страницата на Универзитетот/единиците, до коишто линкови студентите

ќе можат да пристапат анонимно (со претходно доделена шифра) и, исто така, своите одговори ќе можат анонимно и да се испратат.

Овој начин на анкетирање има и други предности. Имено, ваквото анкетирање дава можност за брза обработка на податоците, рационално користење на времето и човечките ресурси, како и јасен преглед на добиените резултати и повеќе можности за приказ на истите.

Друга можност којашто како искуство може да се преземе од системот за обезбедување и оценување на квалитетот на Универзитетот во Кембриџ, Велика Британија, е студентската анкета да ја спроведува официјално репрезентативно студентско тело. Ваквата пракса ја елеминира димензијата на „страв“ на студентите од нивните наставници за време на анкетирањето, а обезбедува и поголема вклученост на студентите во процесот за обезбедување квалитет.

Сепак, имајќи ги во предвид сегашните услови во коишто се издвојува и недоволната организираност и ангажираност на моменталниот официјален студентски репрезент Студентскиот парламент на УКЛО, оваа докажано успешна практика можеби ќе биде опција во некои подобри услови.

7. Во Извештајот за самоевалуацијата на УКЛО недостасува еден сегмент којшто би бил фокусиран на влијанието на макроопштествената клима во државата врз работењето на Универзитетот што може да даде појасна слика за местото на УКЛО во општеството, условите коишто имаат значајно влијание врз неговиот развој, квалитет во работењето, а врз коишто Универзитетот или воопшто нема или би имал минимално влијание.

*Препорака:* Секој Извештај за самоевалуација би требало да даде една поширока слика за општественото опкружување во коешто функционираат високообразовните институции, а посебно ова се однесува на државните – јавните високообразовни институции, поради нивната посилна поврзаност со институциите на националниот високообразовен систем, но и со останатите системи во државата – стопанството, јавните дејности и сл. Така презентираните податоци водат и кон пообјективни заклучоци, но и кон поефикасно справување со евентуалните проблеми во работењето, поради можноста да се предвидат и увидат општествените состојби поврзани со високото образование.

8. Како што е наведено и во коментарите на табелите за прибирање податоци[69] се прибираа податоци коишто во одредени категории беа идентични или се поклопуваа во поголем дел и за првиот и за вториот циклус студии. Поради тоа, при прегледувањето на Извештајот за самоевалуацијата на Универзитетот „Св. Климент Охридски" – Битола (за периодот 2007/08 – 2011/12), сосема оправдано може да се добие впечаток за многу поголем број наставници и соработници вработени и/или ангажирани на единиците во состав на Универзитетот, а оттука и за вкупниот број наставници и соработници на ниво на Универзитет, бидејќи со собирање на бројот на наставници и соработници вработени и/или ангажирани на прв циклус студии со истиот тој податок за втор циклус студии се добива број, приближно за една третина поголем од вистинскиот број наставници и соработници на Универзитет. Тоа е така поради тоа што, во поголем број случаи, истите наставници што се вклучени во реализацијата на првиот циклус, вклучени се и во реализацијата на вториот циклус студии во сите единици на Универзитетот. Дополнителна забуна по однос на ова прашање произлегува и од ангажирањето на наставниците, посебно за вториот циклус студии, од една на друга единица во рамките на Универзитетот, а секако, секоја од единиците на Универзитетот, при доставување на табелите го пријавува бројот, како на вработени, така и на ангажирани наставници, што доведува до ситуација еден ист наставник да биде прикажан во бројот на ангажирани наставници кај повеќе единици во составот на Универзитетот, што ја усложнува работата и ненамерно, но нереално ја зголемува вкупната бројка на наставници на Универзитетот.

   *Препорака:* При подготвувањето на Извештајот за самоевалуацијата на Универзитетот, за да се избегне гореспоменатиот проблем на удвојување или дури и на утројување на бројот на наставници и соработници на Универзитетот, треба да се обрне внимание и бројот на наставниците и соработниците да се третира интегрално, односно во духот на димензијата на интегриран Универзитет, во Извештајот да се наведат вкупниот број вработени и/или ангажирани наставници и соработници, со напомена колку од нив се ангажирани на прв, втор и на трет циклус студии. Оваа методологија би требало да се применува и за единиците.

[69]Види стр.181

9. Претходниот коментар, во својата суштина, се однесува и на податоците што се прикажани за просторните и материјалните ресурси, како и за логистиката, односно овозможените и достапни пристапи до интернет и информациони бази за прв и втор циклус студии.[70] Ваквите податоци разгледувани самите за себе, односно поединечно за секој од циклусите доведуваат до грешен заклучок дека за организирање и непречено функционирање на единиците, односно за нивната образовно-наставна дејност и за целите на истражувачката работа во првиот и вториот циклус студии на единиците се користат различни просторно-материјални ресурси за прв, а различни просторно-материјални ресурси за втор циклус. Истото се однесува и за логистичката поддршка, односно за пристапите до интернет и информационите бази. Имено, според Извештајот се добива слика дека на единиците/Универзитетот има интернет мрежни приклучоци за прв циклус што се различни од оние за втор циклус студии, а се наменети за студентите, академскиот кадар, администрацијата и библиотеката, како и приклучоци на бази различни за првиот и вториот циклус студии. Секако дека ваквите податоци не се коректни, односно не се коректно презентирани во Извештајот, особено кога се знае дека пр. пристапот до EBCSO базата, па и која било друга база на податоци, не е детерминиран или ограничен според циклусот на студирање на оној што го користи, било корисникот да е студент, дел од наставно-соработничкиот кадар на единицата или административен работник.

   *Препорака:* Поради тоа што овој коментар е во корелација со претходниот, препораката го има истиот правец како и во претходната точка, односно при изготвувањето и осмислувањето на концепцијата на Извештајот за самоевалуација треба да се води грижа за коректно и недвосмислено презентирање на податоците и заклучоците што произлегуваат од истите и, во случаите каде истото е апликативно да се применува принципот на рационалност во прикажувањето на заедничките компоненти за сите циклуси на студирање, што е и во функција на суштинска интегрираност на единиците и Универзитетот, а го сведува на минимум ризикот од погрешни интерпретации и

[70]Види Извештај за самоевалуацијата на Универзитетот „Св. Климент Охридски“ – Битола (за периодот 2007/08 – 2011/12), стр.42 – 48 и стр.85 – 91

заклучоци во однос на (во овој случај) просторно-материјалните и логистичките ресурси со коишто располагаат единиците/Универзитетот.

10. Евидентирана е потреба од ревидирање и дополнување на ISO процедурата за самоевалуација на Универзитетот. Проширувањето се однесува на постапката за студентска анкета, како и на некои чекори од особена важност за самата постапка и подготвувањето на Извештајот за самоевалуација.

*Препорака:* Да се прецизира посебна процедура на студентска анкета или постојната процедура за самоевалуација да се дополни со активностите поврзани со реализацијата на студентската анкета. Исто така, процедурата за самоевалуација да се прошири со следните активности: Подготвување на инструментите за собирање податоци од единиците од страна на Комисијата за евалуација (резултат – инструментот во вид на табели, прашалници, протоколи и сл.), Определување на содржината на Извештајот за самоевалуација, односно за индикаторите за квалитет од страна на Комисијата за евалуација за евалуација (резултат – индикатори за квалитет), Формирање тимови за обработка на добиените податоци со инструментите за собирање податоци од страна на Комисијата за евалуација (резултат – формирани тимови), Формирање тимови за анализа на податоците добиени по обработката од страна на Комисијата за евалуација (резултат – формирани тимови), Одржување седница на Сенатот на Универзитетот за прифаќање на Извештајот за самоевалуација (резултат – Одлука на Универзитетскиот сенат за прифаќање на Извештајот), Објавување на Извештајот за самоевалуација на официјалната страница на Универзитетот и на страниците на единиците во состав на Универзитетот (резултат – објавен Извештај), Испраќање на Извештајот за самоевалуација на Универзитетот до единиците во состав на Универзитетот во печатена форма, Подготовка и поднесување Извештај за работата на Комисијата за самоевалуација до Ректорската управа на Универзитетот и Универзитетскиот сенат.

Во постапката за студентска анкета (без разлика дали истата е во рамките на процедурата за самоевалуација или ќе фигурира како посебна ISO процедура) задолжително треба да се вклучат следните активности: Определување на содржината на анкетниот/те прашалник/ци од страна на Комисијата за евалуација (резултат – анкетен/ни прашалник/ци), Определување на членовите

задолжени за спроведување на анкетата по единиците на Универзитетот од страна на Комисијата за евалуација (резултат – листа на членови од Комисијата со определени единици), Утврдување на методологијата на спроведување на студентската анкета од страна на Комисијата за евалуација (резултат – определен репрезентативен примерок, односно број на студенти за секоја единица во состав на Универзитетот, определен временски термин за реализација на анкетирањето, прецизирани постапки за верификација на анкетните листови со Универзитетски печат, предавањето на анкетните листови на анкетарите – членови на Комисијата од страна на претседателот на Комисијата, враќањето и предавањето на искористените анкетни листови од страна на анкетарите на претседателот на Комисијата и Генералниот секретар на Универзитетот), Формирање оперативни тимови за обработка на анкетните листови, координатор на обработката на анкетните листови од редот на административни лица од Централната служба на Универзитетот и определување временски период, т.е. краен рок за обработката на податоците од страна на Комисијата за евалуација (резултат – формирани оперативни тимови), Заштита на податоците од студентската анкета од страна на Комисијата за евалуација (резултат – потпишана изјава за тајност, одговорност и заштита на податоци од страна на секој поединец од оперативните тимови за обработка на податоците), Одредување на тим за подготовка на Извештајот за студенстката анкета и крајниот рок за завршување на Извештајот (резултат – формиран тим), Разгледување, прифаќање и потпишување на Извештајот за студентската анкета од страна на Комисјата за самоевалуација, Одржување на седница на Ректорската управа за разгледување на Извештајот за студентската анкета, Одржување на седница на Универзитетскиот сенат за разгледување и прифаќање на Извештајот за студентската анкета (резултат – Одлука на Универзитетскиот сенат), Доставување на поединечните резултати[71] од студентската анкета до деканите на единиците пропратено со мислења и предлози за надминување на евентуалните проблеми од страна на Комисијата за евалуација, како и начинот на користење на истите (анонимност на постапката – според Законот за заштита на лични податоци, кога станува збор за

[71]Се мисли на резултатите од студентската анкета што конкретно се однесуваат на квалитетот на поединечните студиски програми, како и на наставниот и соработничкиот кадар на секоја единица во состав на Универзитетот.

наставниците и соработниците, потоа, потсетување за задолжителното користење на податоците од самоевалуација при постпките за избор во звања и сл.), Испраќање на Извештајот за студентската анкета до Агенцијата за акредитација и евалуација на РМ, Објавување на Извештајот за студентската анкета во Билтенот на Универзитетот, Објавување на Извештајот за студентската анкета на официјалната веб страница на Универзитетот и на веб страниците на единиците на Универзитетот.

## 3. Докажување на помошните и основната хипотеза

Докажувањето на помошните и основната хипотеза е најважната постапка во истражувањето. Преку докажувањето на хипотезите ја потврдуваме или негираме претпоставката изнесена во хипотетичките тврдења.

Имајќи го во предвид фактот што хипотезите во себе го носат насловот на тезата, овој наслов во себе носи посебна тежина и важност.

### Докажување на помошната хипотеза 1

*Квалитетот на постапката за самоевалуација позитивно влијае врз спроведувањето и подобрувањето на процесот на обезбедување квалитет на Универзитетот.*

Од направените истражувања на постапката за самоевалуација на Универзитетот и добиените податоци, а врз основа на изведените заклучоци може да се докаже помошната хипотеза, односно може да се докаже дека квалитетот на постапката за самоевалуација позитивно влијае врз спроведувањето и подобрувањето на процесот на обезбедување квалитет на Универзитетот.

Имено, коментарите за квалитетот на инструментите користени во постапката за самоевалуација на Универзитетот докажуваат дека без обезбеден квалитет на постапката, а во овој случај на формата и содржината на инструментите, не може да се очекуваат релијабилни и објективни податоци за обработка, што ги доведува во прашање и обработката и анализата на тие податоци, а потоа и сите останати активности коишто следат во процесот за обезбедување и оценување на квалитетот на Универзитетот.

Општите коментари за постапката за самоевалуација на Универзитетот во коишто се поместени коментари за начинот на организација на постапката, различните

делови на постапката, недостатокот на важни сегменти во постапката за самоевалуација, уште еднаш ја потврдува помошната хипотеза, односно потврдува дека необезбедувањето квалитет на постапката за самоевалуација влијае негативно врз процесот за обезбедување квалитет на Универзитетот, што само ја потврдува потребата од организирана, сруктурирана и добро осмислена постапка за самоевалуација.

Недостигот на Универзитетски акти во врска со регулирање и врамување на постапката за самоевалуација е уште една потврда дека без постоење добра формална „подлога“ не може да се очекува квалитетно реализирана постапка за самоевалуација, а со тоа ниту квалитетен процес за обезбедување квалитет на Универзитетот, бидејќи постапката за самоевалуација е еден од неговите базични содржински делови.

### Докажување на помошната хипотеза 2

*Квалитетот на постапката на испитување на ставовите и мислењата на студентите за наставниот кадар помага во спроведувањето и подобрувањето на процесот на обезбедување квалитет на Универзитетот.*

И за докажувањето на оваа хипотеза ќе се послужиме со коментарите и заклучоците за анкетните прашалници и постапката анкетирање, изведени од добиените податоци од истражувањето.

Од наведените коментари и заклучоци се гледа дека за да се добијат податливи податоци за обработка и анализа, односно за да се добијат веродостојни ставови и мислења на студентите за наставниот кадар на единиците на Универзитетот коишто би придонеле во спроведувањето и подобрувањето на процесот на обезбедување квалитет на Универзитетот, претходно мора да се обезбеди квалитет на студентската анкета и тоа и од организациски аспект, а најважно од содржински аспект, односно квалитет на анкетните прашалници и прашањата содржани во нив.

За да се обезбеди квалитет на студентската анкета, а со тоа и на анкетните прашалници за квалитетот на наставниот кадар, како и на постапката анкетирање, мора да постојат јасно прецизирани правила и прописи за организирањето, структурата, содржината и други аспекти на студентската анкета, односно мора да постои Универзитетски акт за регулирање на наведените прашања.

**Докажување на помошната хипотеза 3**

*Квалитетот на постапката на испитување на ставовите и мислењата на студентите за студиските програми позитивно влијае врз спроведувањето и подобрувањето на процесот на обезбедување квалитет на Универзитетот.*

Докажувањето на оваа помошна хипотеза е идентично на докажувањето на помошната хипотеза 2 бидејќи испитувањето на ставовите и мислењата на студентите за квалитетот на наставниот кадар и за квалитетот на студиските програми се реализираше во истата постапка за студентска анкета што беше предмет на истражување, само што прашањата за наставниот кадар и за студиските програми беа поместени во два различни анкетни прашалника. Меѓутоа, може да се користи и само еден анкетен прашалник за испитувањето на ставовите и мислењата на студентите за квалитетот на наставниот кадар и студиските програми, како што е наведено погоре во тезата.

Поради тоа, изнесените кометари и заклучоци во врска со квалитетот на студентската анкета и користените анкетни прашалници се однесуваат и за докажувањето дека квалитетот на постапката на испитување на ставовите и мислењата на студентите за студиските програми позитивно влијае врз спроведувањето и подобрувањето на процесот на обезбедување квалитет на Универзитетот.

Исто така, непостоењето на официјален Универзитетски документ за регулирање на студентската анкета, а со тоа и немањето цврсти основи за спроведување на истата во рамките на процесот за обезбедување и оценување на квалитетот на Универзитетот придонесува кон неквалитетноста на овој процес.

Значи се докажуваат помошните хипотези 2 и 3, односно се потврдува дека квалитетот на постапките за испитување на мислењата и ставовите на студентите за наставниот кадар и за студиските програми допринесуваат кон успешното спроведување и подобрување на процесот на обезбедување квалитет во високото образование на ниво на Универзитет.

**Докажување на помошната хипотеза 4**

*Документирањето на работните постапки на Универзитетот има влијание врз процесот на обезбедување квалитетот на Универзитетот.*

Документирањето на работните постапки на Универзитетот, несомнено е дел од процесот на обезбедување квалитет на Универзитетот.

Од истражувањето се потврдува дека непостоењето јасни, недвосмислени и транспарентни насоки, правила и прописи коишто не оставаат простор за различна интерпретација и нестандардно дејствување, доведува до несакани проблеми, потешкотии и грешни постапки во работата на Универзитетот.

Потребата за документирање на постапките за самоевалуација и студентска анкета во процесот на обезбедување квалитет на Универзитетот, како и поставувањето официјални структурни и организациски документарни рамки за работата на Универзитетскиот систем за обезбедување и оценување на квалитетот (пред сè се мисли на работата на Канцеларијата за квалитет и Комисијата за евалуација на Универзитетот) се потврди во текот на истражувањето, не само како Универзитетско искуство од постапката за самоевалуација, туку и низ анализата на успешните системи за обезбедување квалитет на Универзитетот во Кембриџ, Велика Британија, Универзитетот во Ниш, Република Србија, како и преку препораките на релевантните меѓународни организации – Европската асоцијација на универзитети EUA и Европската асоцијација за обезбедување квалитет ENQA.

**Докажување на помошната хипотеза 5**

*Проверката на состојбата на Универзитетот, т.е. повторливоста на постапката за самоевалуација и студенсткта анкета на ниво на Универзитет на три години не е доволна за задржување на континуитетот на процесот за обезбедување квалитет, односно за постојано следење на квалитетот и негово подобрување.*

Веќе ја докажавме потребата од Универзитетски систем за обезбедување и оценување на квалитетот како интегрален структурен дел од организациската Универзитетска поставеност. Ваквиот систем, природно, во себе содржи постојано работно тело коешто континуирано се грижи за обезбедувањето и оценувањето на квалитетот во високото образование на ниво на Универзитет – Центар, Канцеларија, Оддел, Сектор и сл.[72] и претставува основна поддршка при спроведувањето на постапката за самоевалуација и студентската анкета на три години.

Меѓутоа, покажавме дека и постапката за самоевалуација и студентската анкета се само дел од процесот за обезбедување и оценување на квалитетот на високото образование. Покрај нив, постојаното следење на квалитетот и неговото подобрување вклучува и тековна проверка на студиските програми, подготовка и проверка на Универзитетски акти и документи, проверка и оценување на сите работни постапки и процеси на ниво на Универзитет итн.

Поради тоа потребен е континуитет на процесот за обезбедување и оценување на квалитетот на високото образование на ниво на Универзитет којшто не може да се обезбеди со тригодишни периодични постапки за самоевалуација и студентска анкета.

Според тоа, помошната хипотеза 5 ја оправдува констатацијата содржана во неа.

[72]Во нашиот случај станува збор за Канцеларија за квалитет

**Докажување на помошната хипотеза 6**

*Квалитетот на процедурите за исполнување на ISO 9001:2008 стандардите во врска со постапките за самоевалуација и студентска анкета влијае врз процесот за обезбедување квалитет во високото образование на ниво на Универзитет.*

Тоа што при истражувањето се евидентира непостоење на структуирана ISO процедура за студентска анкета, а процедурата за самоевалуација не беше комплетна зборува за недоволно ниво на квалитет на ISO процедурите коишто се дел од процесот за обезбедување и оценување квалитет во високото образование на ниво на Универзитет.

Веќе се докажа дека немањето прецизни упатства и насоки за спроведување на работните постапки и активности негативно влијае врз квалитетот на севкупниот процес за обезбедување и оценување на квалитетот на Универзитетот, па така во текот на истражувањето се потврди потребата од креирање ISO процедури за обезбедување и оценување на квалитетот, пред сѐ заради успешно администрирање на постапките за самоевалуација и студентска анкета, како суштински сегменти од системот за квалитет на Универзитетот.

Според претходно кажаното, можеме со сигурност да ја потврдиме помошната хипотеза, односно точноста на тврдењето дека квалитетот на процедурите за исполнување на ISO 9001:2008 стандардите во врска со постапките за самоевалуација и студентска анкета влијае врз процесот за обезбедување квалитет во високото образование на ниво на Универзитет.

**Докажување на основната хипотеза**

*Квалитетот на применетите постапки во текот на самоевалуацијата влијае врз успешноста на процесот на обезбедување и оценување на квалитетот на високото образование на Универзитетот „Св. Климент Охридски“ – Битола.*

Докажувањето на основната хипотеза тргнува и се базира на докажувањето на помошите хипотези претходно.

Всушност, во основната хипотеза се вели дека квалитетот на применитите постапки во текот на самоевалуацијата влијае врз успешноста на процесот на обезбедување и оценување на квалитетот на високото образование на Универзитетот „Св. Климент Охридски“ – Битола. Како применети постапки, во случајот се сметаат постапката за самоевалуација и студентската анкета, додека документирањето на овие постапки се претпоставува дека е основа за нивна успешна реализација. Потоа, исто така, се знае дека процесот на обезбедување и оценување на квалитетот на високото образование на Универзитетот не се состои само и единствено од постапките за самоевалуација и студентска анкета, туку тоа е еден поширок и покомплексен процес, којшто претпоставува континуитет во одвивањето.

Земајќи ги во предвид претходните наводи и докажувањето дека квалитетот на постапката за самоевалуација позитивно влијае врз спроведувањето и подобрувањето на процесот на обезбедување квалитет на Универзитетот, дека квалитетот на постапките на испитување на ставовите и мислењата на студентите за наставниот кадар и квалитетот на студиските програми помага во спроведувањето и подобрувањето на процесот на обезбедување квалитет на Универзитетот, дека документирањето на работните постапки на Универзитетот има влијание врз процесот на обезбедување квалитетот на Универзитетот, дека проверката на состојбата на Универзитетот, т.е.

повторливоста на постапката за самоевалуација и студентската анкета на ниво на Универзитет на три години не е доволна за задржување на континуитетот на процесот за обезбедување квалитет, односно за постојано следење на квалитетот и негово подобрување и дека квалитетот на процедурите за исполнување на ISO 9001:2008 стандардите во врска со постапките за самоевалуација и студентска анкета влијае врз процесот за обезбедување квалитет во високото образование на ниво на Универзитет се потврдува основната хипотеза, а во продолжение на трудот дадени се конкретни предлози и решенија за дел од идентификуваните недостатоци и проблеми во процесот за обезбедување и оценување на квалитетот во високото образование на ниво на Универзитет.

## IV. ПРЕДЛОЗИ

### 1. Предлог – Упатство за самоевалуација и обезбедување и оценување на квалитетот на Универзитетот „Св. Климент Охридски“ – Битола

Врз основа на член 77, став 3 од Законот за високото образование, член 141, став 5 и член 146 од Статутот на Универзитетот, Сенатот на Универзитетот „Св. Климент Охридски“ – Битола, на _____ седница одржана на ________ година го донесе следното

### Упатство за самоевалуација и обезбедување и оценување на квалитетот на Универзитетот „Св. Климент Охридски“ – Битола

***Основни одредби***

**Член 1**

Универзитетот „Св. Климент Охридски“ - Битола (во понатамошниот текст: Универзитет), со ова Упатство ги утврдува начинот, основите и содржината на самоевалуацијата на работењето на Универзитетот и единиците во негов состав, како дел од општата стратегија и системот за следење, обезбедување и оценување на квалитетот на Универзитетот.

Самоевалуацијата и обезбедувањето и оценувањето на квалитетот на Универзитетот како процес го спроведува Универзитетот преку својот воспоставен систем за обезбедување на квалитет, при тоа водејќи се од воспоставени правила и прописи за обезбедување квалитет на национално (Закон за високото образование, Упатството за критериумите за начинот на обезбедување и оценување на квалитетот на високообразовниот кадар во Република Македонија и Правилникот за организацијата, работата, начинот на одлучување, методологијата за акредитација и евалуација, како и

други прашања во врска со работата на Одборот за акредитација и евалуација на високото образование) и Универзитетско ниво (Статут на Универзитетот), а во согласност со меѓународните стандарди поставени од релевантни интернационални тела и асоцијации (EUA, ENQA, EQAR, ESU, EURASHE, ENIC-NARIC итн.).

***Содржина на Упатството***

**Член 2**

Упатството ги вклучува принципите, целта на самоевалуација и обезбедување и оценување на квалитетот, структурните и организациони аспекти на системот за самоевалуација и обезбедување и оценување на квалитетот на Универзитетот, одредби за внатрешно и надворешно обезбедување квалитет, постапките и активностите за самоевалуација и обезбедување и оценување на квалитетот, приоритетните области во коишто се обезбедува и оценува квалитетот, индикаторите за квалитет, Извештајот за самоевалуација, одредби за реализација на студентската анкета и други елементи во врска со самоевалуацијата и обезбедувањето и оценувањето на квалитетот на Универзитетот.

***Принципи***

**Член 3**

Основните принципи на системот за обезбедување и оценување на квалитетот на високото образование на ниво на Универзитет се:

- Универзитетот ја носи основната одговорност за обебзедувањето и оценувањето на квалитетот на неговите услуги;
- Универзитетот го препознава и обезбедува интересот на општеството за квалитет во високото образование;
- Универзитетот го развива и унапредува квалитетот на студиските програми во согласност со потребите на студентите и останатите засегнати субјекти во високото образование;
- Универзитетот обезбедува ефикасни и ефективни организациски структури како рамка во којашто се реализираат и поддржуваат студиските програми;
- Универзитетот обезбедува транспарентност на сите постапки во рамките на системот за обезбедување и оценување на квалитетот – самоевалуација, надворешна евалуација, акредитација и др.;

- Универзитетот ја промовира и поддржува културата на квалитет во високото образование;
- Универзитетот развива процеси преку коишто ја демонстрира неговата одговорност во работењето, вклучувајќи ја и одговорноста за инвеститање на јавните и сопствените финансиски средства;
- Универзитетот обезбедува можности за демонстрирање на квалитетот во високото образование во национален и интернационален контекст;
- Универзитетот со системот за обезбедување и оценување на квалитетот во високото образование и процесите во него обезбедува опстојување и развој на различностите и иновациите.

***Цел на самоевалуацијата и обезбедувањето и оценувањето на квалитетот***

**Член 4**

Самоевалуацијата и обезбедувањето и оценувањето на квалитетот на Универзитетот има за цел критичко согледување на состојбата на Универзитетот во сите сфери од неговото функционирање или, во најтесна форма, критичко согледување на состојбите на Универзитетот во приоритетните области определени со ова Упатство и создавање основа за унапредување на квалитетот на работата на Универзитетот во согласност со изведените заклучоци и формираните мислења и предлози по завршувањето на еден работен циклус на самоевалуација и обезбедување и оценување на квалитетот.

***Структурни и организациони аспекти***

**Член 5**

Универзитетскиот систем за обезбедување и оценување на квалитетот се состои од следните Универзитетски тела и органи:

- Сенат на Универзитетот;
- Ректорска управа на Универзитетот;
- Универзитетски совет;
- Комисија за евалуација на Универзитетот;
- Канцеларија за квалитет на Универзитетот;
- Комисии за самоевалуација на единиците на Универзитетот.

Сенатот на Универзитетот ги разгледува и прифаќа Извештајот за самоевалуацијата на Универзитетот и Извештајот за студентската анкета.

Ректорската управа ги разгледува Извештајот за самоевалуацијата на Универзитетот и Извештајот за студентската анкета и дава мислење до Универзитетскиот Сенат за нивно не/прифаќање.

Универзитетскиот совет предлага мерки до органите на Универзитетот за доследно извршување на дејноста и задачите на Универзитетот, укажува на незаконитите акти и дејствија на Универзитетот и единиците и презема мерки за заштита на автономијата на Универзитетот.

Комисијата за евалуација на Универзитетот е одговорна за спроведување на постапката за самоевалуација на Универзитетот и за студентската анкета, што се спроведува на Универзитетот на секои три години.

Канцеларијата за квалитет на Универзитетот обезбедува техничка и логистичка поддршка за постапките за самоевалуација на Универзитетот и студентската анкета.

Комисиите за самоевалуација на единиците на Универзитетот се одговорни за спроведување на нивната постапка за самоевалуација и за постапката за студентската анкета секоја академска година.

Органограмот на системот за обезбедување и оценување на квалитетот на Универзитетот е составен дел на ова Упатство.

***Комисија за евалуација на Универзитетот***

**Член 6**

Комисијата за евалуација на Универзитетот ја сочинуваат 9 (девет) членови.

Шест членови се претставници на наставничкиот и соработничкиот кадар на Универзитетот.

Два члена се претставници на студентите на Универзитетот.

Еден член е од редот на административниот кадар на Универзитетот.

Претседателот на Комисијата се избира од шесте претставници на наставничкиот и соработничкиот кадар.

Членовите на Комисијата за евалуација на Универзитетот се избираат со Одлука на Универзитетскиот сенат, а по предлог на:

- Ректорскиот колегиум за шесте члена претставници на наставничкиот и соработничкиот кадар на Универзитетот;

- Студентскиот парламент (или друго релевантно официјално студентско тело) за двата члена од редот на студентите на Универзитетот;
- Генералниот секретар на Универзитетот за едниот претставник на административниот кадар на Универзитетот.

**Член 7**

При изборот на членовите на Комисијата за евалуација на Универзитетот задолжително треба да се води сметка за различните вештини и способности на членовите, како и за рамномерната застапеност на единиците во состав на Универзитетот и на научните полиња, кога станува збор на членовите на Комисијата од редот на наставничкиот и соработничкиот кадар на Универзитетот.

**Член 8**

Мандатот на членовите на Универзитетската комисија за евалуација од редот на наставничкиот, соработничкиот и административниот кадар трае 4 (четири) години. Овие членови имаат право на повторен реизбор.

Мандатот на членовите на Универзитетската комисија за евалуација од редот на студентите трае 2 (две) години. Овие членови немаат право на повторен реизбор.

За член на Универзитетската конкурсна комисија од редот на студентите не може да биде предложен студент на прва година на прв циклус студии, како ни студент на завршна година на студии од сите три циклуса на студирање.

***Канцеларија за квалитет***

**Член 9**

Канцеларијата за квалитет на Универзитетот е дел од организациската структура на Централната стручна и административна служба на Универзитетот.

Канцеларијата за квалитет е составен дел на Секторот за настава, наука, квалитет и меѓународна соработка.

**Член 10**

Организацијата, начинот на работа, целите и задачите на Канцеларијата за квалитет се регулирани со посебен Правилник за работата на Канцеларијата за квалитет на Универзитетот.

Правилникот за работата на Канцеларијата за квалитет на Универзитетот го подготвува раководителот на Канцеларијата за квалитет, заедно со Генералниот секретар на Универзитетот, а го донесува Универзитетскиот сенат, по претходно добиено мислење од Ректорската управа на Универзитетот.

***Комисии за самоевалуација на единиците***

**Член 11**

Составот, начинот на работа, целите и задачите на комисиите за самоевалуација на единиците на Универзитетот се регулираат со посебни Правилници за работа на комисиите за самоевалуација на единиците, коишто ги донесуваат наставно-научните, наставните и научните совети на единиците на Универзитетот, а врз основа на одредбите од ова Упатство, како и Правилникот за работа на Комисијата за евалуација на Универзитетот.

**Член 12**

Комисиите за самоевалуација на единиците на Универзитетот се состојат од 5 (пет) членови од кои:

3 (три) членови се од редот на наставниот и соработничкиот кадар на единицата;

1 (еден) член е претставник на студентите и

1 (еден) член е од административниот кадар на единицата на Универзитетот.

Претседателите на Комисиите за самоевалуација на единиците на Универзитетот се избираат од тројцата претставници од наставниот и соработничкиот кадар на единицата.

Претседателите на Комисиите за самоевалуација на единиците на Универзитетот, покрај другото, се одговорни контакт лица за самоевалуација во Универзитетската мрежа за обезбедување и оценување на квалитетот на Универзитетот, што ја координира и со којашто раководи Претседателот на Комисијата за евалуација на Универзитетот.

***Самоевалуација***

**Член 13**

Самоевалуацијата на Универзитетот се состои од самоевалуациона постапка и студентска анкета и заедно со документирањето на работните процеси на Универзитетот припаѓа на Универзитетскиот систем за обезбедување и оценување на квалитетот.

**Член 14**

Самоевалуационата постапка на Универзитетот и на единиците во состав на Универзитетот и студенстката анкета на ниво на Универзитет се спроведуваат на секои три академски години.

Студентската анкета на единиците се спроведува секоја академска година.

***Внатрешно обезбедување квалитет***

**Член 15**

Внатрешното обезбедување квалитет подразбира преземање постапки и активности за обезбедување и оценување на квалитетот во согласност со Универзитетските акти и врз основа на утврдени правила и прописи во Законот за високото образование, Упатството за критериумите за начинот на обезбедување и оценување на квалитетот на високообразовниот кадар во Република Македонија, Правилникот за организацијата, работата, начинот на одлучување, методологијата за акредитација и евалуација, како и други прашања во врска со работата на Одборот за акредитација и евалуација на високото образование.

Во постапките за внатрешно обезбедување квалитет спаѓаат постапката за самоевалуација и студентската анкета, како и документирањето на работните процеси на Универзитетот.

***Надворешно обезбедување квалитет***

**Член 16**

Надворешното обезбедување квалитет подразбира преземање постапки и активности за обезбедување и оценување на квалитетот во согласност со Правилникот за организацијата, работата, начинот на одлучување, методологијата за акредитација и евалуација, како и други прашања во врска со работата на Одборот за акредитација и евалуација на високото образование, како и Европските стандарди и насоки за

обезбедување квалитет во високообразовните институции, донесени од страна на Европската агенција за обезбедување квалитет во високото образование (ENQA).

Постапките за внатрешно обезбедување квалитет претставуваат основа за реализацијата на надворешното обезбедување квалитет.

### *Приоритетни области во коишто се обезбедува и оценува квалитетот*

### Член 17

Приоритетни области во коишто се обезбедува и оценува квалитетот на Универзитетот се:

- Организациски менаџмент и изведување;
- Настава и учење;
- Научноистражувачка дејност и други креативни активности;
- Општествена оправданост.

### Член 18

Во рамките на овие четирите приоритетни области во коишто се обезбедува и оценува квалитетот од член 9, задолжително се евалуираат следните сегменти:

- Национален општествен и меѓународен контекст;
- Мисија, визија и цели
- Стратегија и акциони планови за реализација на стратегијата;
- Организациска структура и управување;
- Наставно-образовна дејност (студиски програми);
- Наставен и соработнички кадар;
- Научноистражувачка дејност;
- Студенти;
- Студентска анкета;
- Просторни можности и материјално-технички ресурси;
- Надворешна соработка и мобилност;
- Финансирање;
- Транспарентност и јавна достапност на информации и документи.

### *Индикатори за квалитет*

**Член 19**

Пред започнувањето на секој циклус за самоевалуација на Универзитетот и единиците во состав на Универзитетот, Универзитетската комисија за евалуација ги одредува индикаторите за квалитет.

Универзитетската комисија за евалуација ги подготвува и истражувачките инструменти за собирање податоци во врска со самоевалуационата постапка (табели, анкетни прашалници, протоколи за набљудување, формулар за интервју итн.).

**Член 20**

Универзитетската комисија за евалуација одредува индикатори за квалитет од следната листа на индикатори:

- Универзитетски органи за управување и одлучување;
- Број и вид на конститутивни и придружни единици во состав на Универзитетот;
- Научни полиња за коишто се реализираат студиски програми на единиците во состав на Универзитетот;
- Број на студиски програми за сите циклуси на високо образование;
- Број на заеднички студиски програми со високообразовни институции од земјата и странство;
- Други форми на студирање – далечинско учење, програми за усовршување и доусовршување, програми за изучување странски јазици и сл.;
- Структура на наставен и соработнички кадар (по научен степен на образование, по возраст, по род, по наставно, научно, наставно-научно или соработнички звања, по вид на ангажирање – со постојан работен однос или со скратено работно време);
- Број и структура на студенти на сите циклуси на високото образование, во сите студиски години, според научните полиња на студирање и сл. (по род, по национална припадност, според начин на финансирање на студиите);
- Соодност на број на наставен и/или соработнички кадар со бројот на студенти за сите циклуси на студирање и други форми на студирање;
- Број на запишани студенти во прва година на студии на сите циклуси на високо образование (по род, по национална припадност, според начин на финансирање на студиите);

- Број на дипломирани студенти на сите циклуси на високо образование (по род, по национална припадност, според начин на финансирање на студиите, по научни полиња на студирање);
- Сооднос на бројот на запишаните студенти во прва година на студирање и бројот на дипломираните студенти на сите циклуси на високо образование;
- Ефикасност на студирањето или проодност на студентите по студиски години;
- Број на странски студенти;
- Реализирани студентски, академски и административни меѓународни мобилности;
- Резултати од учество во проекти, научни собири, конференции, симпозиуми и сл. (национални и меѓународни);
- Број на организирани научни собири, конференции симпозиуми и сл. со национален и меѓународен предзнак;
- Објавени научни трудови во списанија со импакт фактор (по единици на Универзитетот, по научни полиња и сл.);
- Индекс на цитирање на трудовите на академскиот кадар;
- Објавени книги, прирачници и друг наставно-надгледен материјал за учење (по единици на Универзитетот, по научни полиња и сл.);
- Број и структура на административниот кадар (по возраст, по род, по степен на образование, по единици на Универзитетот, по работно искуство, по начин на ангажираност – со полно работно време или врз основа на договор за работа и сл.);
- Дидактички простор во м$^2$ (предавални, амфитеатри, сали, лаборатории, кабинети, концертни сали, компјутерски училници и сл.) по единици на Универзитет, по научни полиња на студирање, по број на студенти на сите циклуси на високо образование;
- Техничко-информатичка опременост – печатари, скенери, деск компјутери, проектори, смарт табли, пристап до информациони бази, пристап до интернет и сл. (по кориснички групи - број на студенти на сите циклуса на студирање, академски кадар, административен кадар, по единици на Универзитетот, по научни полиња на студирање);
- Број на библиотеки, библиотечен фонд и пристап до бази со научни списанија (по единици во состав на Универзитетот, по научни полиња на студирање);

- Извори на финансирање;
- Распределба на финансиските средства на Универзитетско ниво и на единиците во состав на Универзитетот (за наставно-образовна дејност, за научноистражувачка работа, за интернационализација на Универзитетот, за опремување, за зголемување на библиотечниот фонд итн.).

**Член 21**

Универзитетската комисија за евалуација може да определи и други индикатори за квалитет, во зависност од потребата и целта на постапката за самоевалуација.

**Член 22**

Во постапката за самоевалуација задолжително треба да бидат застапени индикатори за сите четири приоритетни области коишто се обезбедува и оценува квалитетот на Универзитетот.

Бројот на застапеноста на индикаторите не треба да биде помал од 12 (дванаесет).

***Извештај за самоевалуација***

**Член 23**

Комисијата за евалуација на Универзитетот, врз основа на индикаторите за квалитет и добиените резултати во текот на постапката, подготвува Извештај за самоевалуација на Универзитетот за претходни три академски години.

**Член 24**

Содржината на Извештајот за самоевалуација ја одредува Комисијата за евалуација на Универзитетот.

Комисијата за евалуација на Универзитетот задолжително треба да внимава во Извештајот за самоевалуација да бидат застапени сите четири приоритетни области во коишто се врши обезбедување и оценување на квалитетот на работењето на Универзитетот.

Комисијата за евалуација на Универзитетот ги одредува и индикаторите за квалитет за секоја од четирите приоритетни области, врз основа на што ја одредува содржината на Извештајот за самоевалуација.

**Член 25**

Подготовката на Извештајот за самоевалуација ги вклучува следните активности:

- интервјуирање на раководството на Универзитетот (ректор, проректори, генерален секретар) и релевантни административни лица од Централната стручна и административна служба на Универзитетот од страна на тим на Комисијата за евалуација на Универзитетот;
- доставување на податоците за самоевалуација на единиците до Комисијата за евалуација на Универзитетот;
- обработка и систематизација на добиените податоци;
- анализата на обработените и системнатизирани податоци;
- пишување на Извештајот за самоевалуација на Универзитетот.

**Член 26**

Тим од Комисијата за евалуација на Универзитетот го интервјуира раководството на Универзитетот и релевантни административни лица од Централната стручна и административна служба на Универзитетот (раководители на Сектори и советници) за да добие податоци во врска со следните прашања:

1. како установата ја одржува автономијата;
2. со кои проблеми се соочува менаџментот во остварување на зацртаната мисија;
3. кои се проблемите, подобрувањата на квалитетот за кои размислува менаџментот;
4. кои се академските приоритети на установата;
5. кои студиски програми, научни подрачја на истражување ги оценува за приоритетни;
6. каква е врската на високообразовната установа со нејзините финансиери;
7. каква е релацијата на установата кон општеството;
8. каква е политиката на Универзитетот во однос на меѓународната соработка.

**Член 27**

По добивањето на податоците за самоевалуација од сите единици во состав на Универзитетот, претседателот на Комисијата за евалуација на Универзитетот формира

тим/ови за обработка и систематизирање на добиените податоци со членови од Комисијата за евалуација на Универзитетот.

Претседателот на Комисијата за евалуација на Универзитетот ја координира работата на тимот/ите за обработка на податоците за самоевалуација од единиците на Универзитетот и го одредува крајниот рок за обработката на податоците.

**Член 28**

По обработката на податоците за самоевалуација на единиците во состав на Универзитетот, претседателот на Комисијата за евалуација на Универзитетот формира тим/ови за анализа на добиените обработени и систематизирани податоци со членови од Комисијата за евалуација на Универзитетот.

Претседателот на Комисијата за евалуација на Универзитетот ја координира работата на тимот/вите за анализа на обработените и систематизирани податоци за самоевалуација од единиците на Универзитетот и го одредува крајниот рок за анализата на податоците.

**Член 29**

Пишувањето на Извештајот за самоевалуација на Универзитетот е постапка на соединување на посебните содржински делови добиени од интервјуирањето на раководството и релевантните административни лица, анализата на обработените и систематизирани податоци и податоците од студентската анкета, преку еден аналитичен и критичен пристап, што подразбира:

- споредбена анализа на податоците по години,

- идентификување на областите и/или сегментите каде што има позитивен/негативен тренд во однос на квалитетот во работењето;

- задолжителна т.н. SWOT анализа (или идентификување на силните, слабите страни, можностите и заканите) по секое поглавје или по секоја од четирите приоритетни области на оценување на квалитетот на работењето;

- препораки, мислења, решенија за надминување на проблемите и/или унапредување на квалитетот во работењето.

Извештајот го пишуваат сите членови на Комисијата за евалуација на Универзитетот во текот на работните состаноци.

Пишувањето на Извештајот за самоевалуација на Универзитетот го координира претседателот на Комисијата.

Извештајот за самоевалуација на Универзитетот не смее да биде подолг од 35 страници, без прилозите.

Претседателот на Комисијата за евалуација на Универзитетот го одредува рокот за завршување на Извештајот за самоевалуацијата на Универзитетот.

Извештајот за самоевалуација на Универзитетот го потпишуваат сите членови на Комисијата за евалуација на Универзитетот.

Извештајот за самоевалуација на Универзитетот задолжително треба да биде лекториран од страна на овластен лектор пред испраќањето на Извештајот до Одборот за акредитација и евалуација на високото образование во РМ.

**Член 30**

По потпишувањето на Извештајот за самоевалуација на Универзитетот, истиот се доставува до раководството на Универзитетот (ректор, проректори, генерален секретар) на разгледување и давање мислење до Комисијата за евалуација на Универзитетот.

Ректорот, проректорите и генералниот секретар своето мислење до Комисијата за евалуација на Универзитетот го даваат во рок не подолг од една недела по добивањето на Извештајот за самоевалуација на Универзитетот.

**Член 31**

Ректорот, по преземените активности во врска со мислењето од раководството на Универзитетот од страна на Комисијата за евалуација на Универзитетот (доколку за тоа има простор), закажува седница на Ректорската управа со точка на дневниот ред Разгледување на Извештајот за самоевалуација на Универзитетот и давање мислење во врска со Извештајот до Сенатот на Универзитетот.

**Член 32**

Ректорот, по одржувањето на седницата на Ректорската управа и усвоеното мислење во врска со Извештајот за самоевалуација на Универзитетот до Сенатот на Универзитетот, закажува седница на Сенатот на Универзитетот, со точка на дневниот ред Разгледување на Извештајот за самоевалуација на Универзитетот, на мислењето на

Ректорската управа во врска со Извештајот и прифаќање на Извештајот за самоевалуација на Универзитетот.

Сенатот на Универзитетот може да даде и дополнителни забелешки, мислења, дополнувања и сл. во врска со Извештајот за самоевалуација на Универзитетот во насока на негово подобрување, без влијание врз податоците, анализата и заклучоците во Извештајот.

**Член 33**

По прифаќањето на Извештајот за самоевалуација на Универзитетот од страна на Сенатот на Универзитетот, претседателот на Комисијата за евалуација на Универзитетот, заедно со ректорот, проректорите и генералниот секретар го доставуваат интегралниот Извештај за самоевалуацијата на Универзитетот (во печатена и електронска форма) до сите единици во состав на Универзитетот, односно ги поднесуваат резултатите до деканите на единиците.

Генералниот секретар до сите декани/директори на единиците во состав на Универзитетот доставува и информации во врска со архивирањето на печатените примероци од Извештајот, задолжителноста за објавување на Извештајот за самоевалуација на Универзитетот на официјалните веб страници на единиците, како и за задолжителноста за објавување на поединечните извештаи за самоевалуација на единиците на нивните веб страници.

**Член 34**

По прифаќањето на Извештајот за самоевалуација на Универзитетот од страна на Сенатот на Универзитетот, претседателот на Комисијата за евалуација на Универзитетот, заедно со ректорот, проректорите и генералниот секретар го доставуваат интегралниот Извештај за самоевалуацијата на Универзитетот (во печатена и електронска форма) до Одборот за акредитација и евалуација на високото образование во РМ.

**Член 35**

Примерок од Извештајот за самоевалуацијата на Универзитетот, во електронска (пдф) форма (без прилозите) се испраќа и до уредникот на Билтенот како овластено лице којшто треба да го смести во Билтенот на Универзитетот, што се објавува еднаш месечно (на почетокот од секој месец, освен во месец август).

Извештајот за самоевалуацијата на Универзитетот треба да биде објавен во изданието на Билтенот коешто следи веднаш по прифаќањето на Извештајот од страна на Сенатот на Универзитетот.

**Член 36**

Примерок од Извештајот за самоевалуацијата на Универзитетот, во електронска (пдф) форма се испраќа и до задолженото административно лице за одржување на официјалната веб страница на УКЛО кое треба да го објави Извештајот на веб страницата.

Извештајот за самоевалуацијата на Универзитетот треба да биде објавен на официјалната веб страница на Универзитетот и на официјалните веб страници на единиците на Универзитетот веднаш по прифаќањето на Извештајот од страна на Сенатот на Универзитетот.

***Студентска анкета***

**Член 37**

Студентската анкета е постапка за испитување на мислењата и ставовите на студентите во врска со квалитетот на наставниот и соработничкиот кадар на единиците на Универзитетот и квалитетот на студиските програми на коишто студираат.

Студентската анкета е составен дел од системот за обезбедување и оценување на квалитетот на Универзитетот.

**Член 38**

Постапката за студентско анкетирање е регулирана со посебно Упатство за спроведување на студентската анкета што го подготвува Комисијата за евалуација на Универзитетот, а го усвојува Ректорската управа на Универзитетот.

**Член 39**

Студентската анкета ја реализира Универзитетската комисија за евалуација еднаш во три академски години кога станува збор за процесот за самоевалуација и обезбедувањето и оценувањето на квалитетот на ниво на Универзитет.

Студентската анкета ја реализира Комисијата за самоевалуација на единицата во состав на Универзитетот секоја академска година.

**Член 40**

Комисиите за самоевалуација на единиците на Универзитетите задолжително ги поднесуваат сите извештаи за студентските анкети што се реализираат секоја академска година на единиците до Комисијата за евалуација на Универзитетот.

**Член 41**

По завршувањето на постапката за студентска анкета на единиците на Универзитетот, спроведена од страна на членовите на Комисијата за евалуација на Универзитетот, се подготвува Извештај за студентската анкета којшто е составен дел од Извештајот за самоевалуација на Универзитетот.

***Извештај за студентска анкета***

**Член 42**

Генералниот секретар на Универзитетот формира тим/ови за обработка на податоците од студентската анкета од редот на административниот кадар на Централната стручна и административна служба на Универзитетот.

Членовите на оперативните тимови добиваат задолженија од координаторот на постапката за обработка на анкетните листови, кој, исто така, е од редот на административниот кадар на Универзитетот. Доколку Универзитетот има административно лице задолжено за обезбедување квалитет (советник, виш советник или раководител), тогаш улогата на координатор на постапката за обработка на анкетните листови се доверува на тоа лице.

Координаторот на постапката за обработка на анкетните листови добива упатства од страна на претседателот на Комисијата за евалуација на Универзитетот, а во врска со текот на постапката за обработка на анкетните листови – временски рок за завршување на постапката, начин на обработка на анкетните листови – рачно шифрирање и/или електронска обработка, преземање и предавање на обработениот

анкетен материјал, потврда за завршената обработка со потпис на административното лице и координаторот и сл.

**Член 43**

Членовите на оперативните тимови, вклучувајќи го и координаторот на обработката на анкетните листови потпишува изјава за тајност, одговорност и заштита на податоци подготвена од страна на генералниот секретар на Универзитетот.

**Член 44**

Извештајот за студентската анкета го подготвува тим во којшто задолжително членува координаторот на постапката за обработка на анкетните листови, како и уште еден или двајца претставници од оперативните тимови за обработка на анкетните листови.

Тимот за подготовка на Извештајот за студентската анкета се определува од страна на Генералниот секретар на Универзитетот.

Тимот за подготовка на Извештајот за студенстката анкета работи под супервизија на претседателот на Комисијата за евалуација на Универзитетот.

Претседателот на Комисијата за евалуација на Универзитетот го одредува периодот за завршување на Извештајот за студентската анкета во договор со тимот за подготовка на Извештајот.

**Член 45**

Извештајот треба да има аналитичен пристап и да содржи:

1. Вовед во којшто се објаснува постапката на студентската анкета;
2. Список на членовите - анкетарите на Комисијата за евалуација на Универзитетот и работните групи што учествувале во постапката;
3. Приказ на позитивните елементи и тешкотии што се појавиле во текот на постапката;
4. Приказ на добиените резултати и анализа на состојбите;
5. Предлози, мислења и препораки за надминување на детектираните проблеми.

Извештајот не смее да биде поголем од 15 страници без прилозите.

**Член 46**

По завршувањето на Извештајот од студентската анкета, истиот се доставува до членовите на Комисијата за евалуација на Универзитетот на разгледување и прифаќање.

Членовите на Комисијата за евалуација на Универзитетот по прифаќањето на Извештајот за студентската анкета, задолжително истиот го потпишуваат.

**Член 47**

Ректорот закажува седница на Ректорската управа со точка на дневниот ред Разгледување на Извештајот за студентската анкета и давање мислење во врска со Извештајот до Сенатот на Универзитетот.

**Член 48**

Ректорот, по одржувањето на седницата на Ректорската управа и усвоеното мислење во врска со Извештајот за студентската анкета до Сенатот на Универзитетот, закажува седница на Сенатот на Универзитетот со точка на дневниот ред Разгледување на Извештајот за студентската анкета, на мислењето на Ректорската управа во врска со Извештајот и прифаќање на Извештајот за студентската анкета.

**Член 49**

По прифаќањето на Извештајот за студентската анкета од страна на Сенатот на Универзитетот, претседателот на Комисијата за евалуација на Универзитетот, заедно со ректорот, проректорите и генералниот секретар го доставуваат Извештајот за студентската анкета (во печатена и електронска форма) до сите единици во состав на Универзитетот, односно ги поднесуваат резултатите до деканите на единиците.

Претседателот на Комисијата за евалуација на Универзитетот, во соработка со ректорот, проректорите и генералниот секретар на Универзитетот поднесуваат и мислења и предлози за надминување на евентуалните детектирани проблеми на единиците.

Генералниот секретар на Универзитетот до сите единици испраќа и известување за архивирањето на Извештајот, за начинот на користење на Извештајот за

студентската анкета и поединечните резултати од студентската анкета до деканите/директорите на единиците.

Известувањето содржи потсетување на задолжителата употреба на поединечните резултати од студентската анкета во рецензиите за избор во звања за наставниот и соработничкиот кадар.

**Член 50**

По прифаќањето на Извештајот за студентската анкета од страна на Сенатот на Универзитетот, претседателот на Комисијата за евалуација на Универзитетот, заедно со ректорот, проректорите и генералниот секретар го доставуваат Извештајот за студентската анкета (во печатена и електронска форма) до Одборот за акредитација и евалуација на високото образование во РМ.

**Член 51**

Примерок од Извештајот за студентската анкета, во електронска (пдф) форма (без прилозите) се испраќа и до уредникот на Билтенот како овластено лице којшто го сместува во Билтенот на Универзитетот, што се објавува еднаш месечно (на почетокот од секој месец, освен во месец август).

Извештајот за студентската анкета се објавува во изданието на Билтенот коешто следи веднаш по прифаќањето на Извештајот од страна на Сенатот на Универзитетот.

**Член 52**

Примерок од Извештајот за студентската анкета, во електронска (пдф) форма се испраќа и до задолженото административно лице за одржување на официјалната веб страница на УКЛО кое го објавува Извештајот на веб страницата.

Извештајот за студентската анкета се објавува на официјалната веб страница на Универзитетот и на официјалните веб страници на единиците на Универзитетот веднаш по прифаќањето на Извештајот од страна на Сенатот на Универзитетот.

**Член 53**

Вкупниот рок од започнувањето на постапката за самоевалуација и студентска анкета до доставувањето на потпишаниот Извештај за самоевалуацијата на Универзитетот (заедно со Извештајот за студентската анкета како интегрален текст) до

Одборот за акредитација и евалуација на високото образование во РМ не смее да го надмине почетокот (15 Септември) на следната академска година којашто треба да биде предмет на евалуација во следниот тригодишен Извештај за самоевалуација на Универзитетот.

***Други одредби за обезбедување и оценување на квалитетот***

**Член 54**

Канцеларијата за квалитет на Универзитетот во својот делокруг реализира активности за обезбедување и оценување на квалитетот на работењето на Универзитетот.

Начинот на работа, организацијата, активностите, целите и задачите на Канцеларијата за квалитет се регулираат со посебен Правилник за работа на Канцеларијата за квалитет што го подготвува раководителот на Канцеларијата, заедно со генералниот секретар на Универзитетот, а го донесува Сенатот на Универзитетот.

Канцеларијата за квалитет има за цел постојано да го следи квалитетот на работа на Универзитетот преку различни форми и инструменти – анкетни прашалници, интервјуа, статистички податоци, анализа на документација и сл.

Канцеларијата за квалитет го оценува квалитетот на работата на ниво на Универзитет, односно ги оценува активностите, настаните, процесите што се одвиваат на централно ниво.

На барање на единиците, Канцеларијата за квалитет го оценува работењето на квалитетот на ниво на единици, по однапред утврдени услови за работа.

Канцеларијата за квалитет ја обезбедува техничката и логистичката поддршка на Комисијата за евалуација на Универзитетот и целосно е вклучена во постапките за самоевалуација и студентска анкета.

**Член 55**

Сите постапки и активности во рамките на процесот за обезбедување и оценување на квалитетот коишто се реализираат од страна на Комисијата за евалуација на Универзитетот се независни од раководството на Универзитетот, односно истите не смеат да бидат под влијание на Универзитетското раководство.

Работата на Канцеларијата за квалитет е под надзор на генералниот секретар на Универзитетот, но е независна од влијанието на Универзитетското раководство.

**Член 56**

Во процесот на обезбедување и оценување на квалитетот спаѓаат и други постапки коишто можат да бидат во надлежност на Универзитетското раководство.

Документирањето на повеќето процеси во работата на Универзитетот е во надлежност на раководството на Универзитетот.

Во Статутот на Универзитетот се наведени позначајните Универзитетски акти коишто се подготвуваат од страна на Универзитетското раководство и Централната стручна и административна служба на Универзитетот, а се донесуваат и усвојуваат од Ректорската управа и/или Сенатот на Универзитетот:

Статут на Универзитетот;

Кодекс на однесување;

Правилник за начинот на кој се вршат стручните и административните работи од заеднички интерес за единиците на Универзитетот;

Акт за организацијата и систематизацијата на работните места со опис и попис на работите и работните задачи на вработените во Стручната и административната служба;

Упатство за самоевалуација и обезбедување и оценување на квалитетот на високообразовните установи;

Годишен Извештај за работата на ректорот;

Годишен Извештај за работата на Универзитетот;

Извештај за финансиското работење за претходната календарска година;

Годишен финансиски план;

Завршна сметка;

Посебен акт на Сенатот за студирање на прв, втор и трет циклус студии, како и на стручни студии, преминот од едни на други студии, паралеленото студирање, студентскиот календар, уписните постапки, испитниот режим, напредувањето – инклузивно со условите за побрзо напредување, завршувањето на образованието, преминувањата помеѓу студиските програми, повторувањето на годината, односно условното напредување, продолжувањето на студиите по прекинувањето, паралелното

интердисциплинарно и индивидуално студирање и признавање на испитите и на другите студиски обврски положени на различни високообразовни установи, видот на документите кои му се издаваат на студентот врз основа на евиденцијата, определена со закон, постапката за заштита на правата на студентите, органите надлежни за водење на постапките и одлучувањето, дисциплинската одговорност и правата и должностите на студентите во дисциплинската постапка и други правила поврзани со правата и должностите на студентите во студирањето, односно Правилник за условите, критериумите и правилата за запишување на трите циклуси на студии, Правилник за единствениот кредит систем и преминот од една на друга студиска програма, односно од една на друга единица во состав на Универзитетот, Правилник за единствените основи за организирање на постдипломски и досторски студии, Правилник за издавањето дипломи, додаток на дипломи, тручен, односно научен назив и други документи за завршени студии на виско образование и за условите и постапката за одземање на издадената диплома;

Програма за меѓународна соработка;

Правилник за организирање на издавачката дејност на Универзитетот;

Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни и соработнички звања;

Правилник за постапката и начинот на промоција на кандидатите кои се стекнале со научен степен доктор на науки;

Правилник за објавување на актите на Универзитетот и единиците во негов состав во Билтенот на Универзитетот и др.

**Член 57**

Други постапки во процесот на обезбедување и оценување на квалитетот се и анализа за проодноста на студентите, акредитацијата на нови студиски програми, рангирање на Универзитетот, анализа на документација итн.

***Завршни одредби***

**Член 58**

Ова Упатство ќе се применува по неговото стапување во сила, односно по усвојувањето од страна на Сенатот на Универзитетот.

**Член 59**

Упатството се објавува во Билтенот и на официјалната веб страница на Универзитетот www.uklo.edu.mk.

Ректор на Универзитетот „Св. Климент Охридски“ – Битола

## ОРГАНОГРАМ
### НА СИСТЕМОТ ЗА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ И ОЦЕНУВАЊЕ НА КВАЛИТЕТОТ НА УНИВЕРЗИТЕТОТ „СВ. КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ“ - БИТОЛА



**2. Предлог – Упатство за студентската анкета на Универзитетот „Св. Климент Охридски“ – Битола**

Врз основа на член 77, став 3 од Законот за високото образование, член 141, став 4 од Статутот на Универзитетот, Ректорската управа на Универзитетот „Св. Климент Охридски“ – Битола, на _____ седница одржана на ________ година го донесе следното

**Упатство за студентската анкета**
**на Универзитетот „Св. Климент Охридски“ – Битола**

***Основни одредби***

**Член 1**

Универзитетот „Св. Климент Охридски“ - Битола (во понатамошниот текст: Универзитет), со ова Упатство ги утврдува начинот, основите и содржината на студентската анкета на Универзитетот, односно единиците во негов состав, како дел од општата стратегија и системот за следење, обезбедување и оценување на квалитетот на Универзитетот.

***Содржина на Упатството***

**Член 2**

Упатството ги вклучува целта на студентската анкета, структурните и организациони аспекти на реализација на студентската анкета, анкетниот/те прашалник/ци, Извештајот за студентска анкета и други елементи во врска со реализацијата на студентската анкета.

***Цел на студентската анкета***

**Член 3**

Студентската анкета, како составен дел на системот за следење, обезбедување и оценување на квалитетот на Универзитетот има за цел евалуација на студиските програми и квалитетот на наставниот и соработничкиот кадар преку добиени мислења и ставови од студентите, како и создавање основа за унапредување на квалитетот на студиските програми и наставниот и соработничкиот кадар на Универзитетот во

согласност со изведените заклучоци и формираните мислења и предлози по завршувањето на секоја студентска анкета.

### *Структурни и организациони аспекти*

### Член 4

Студентската анкета ја реализираат членови – анкетари од Комисијата за евалуација на Универзитетот на три академски години, како интегрален дел на процесот за обезбедување и оценување на квалитетот на работата на ниво на Универзитет.

Студентската анкета ја реализираат членовите на комисиите за самоевалуација на единиците во состав на Универзитетот секоја академска година.

Студентската анкета се реализира во согласност со ова Упатство за студентска анкета на Универзитетот, а одредбите од ова Упатство се применуваат и за реализација на студентската анкета од страна на Комисијата за евалуација на Универзитетот и од страна на комисиите за самоевалуација на единиците.

### Член 5

Студентската анкета се реализира во месец мај, истовремено на сите единици во состав на Универзитетот, во термин надвор од наставно-образовниот процес (пред или по завршувањето на часовите предвидени за предавања, вежби и сл.), а не смее да се реализира во колоквиумските недели или за време на испитните рокови.

### *Анкетен/ни прашалник/ци*

### Член 6

Ставовите и мислењата на студентите за квалитетот на студиските програми и наставниот и соработничкиот кадар се добиваат по пат на анкетирање на студентите со употреба на анкетен/ни прашалник/ци.

Доколку се смета за потребно, Комисијата за евалуација на Универзитетот ќе одлучи за употреба на друг истражувачки инструмент, покрај анкетниот/те прашалник/ци, за добивање на ставовите и мислењата на студентите за квалитетот на студиските програми и наставниот и соработничкиот кадар.

**Член 7**

Содржината на анкетниот/те прашалник/ци ја одредува Комисијата за евалуација на Универзитетот, а во согласност со четирите приоритетни области во коишто се обезбедува и оценува квалитетот на работењето на Универзитетот.

Содржината на анкетниот/те прашалник/ци одредена од Комисијата за евалуација на Универзитетот не смее да се изменува од страна на комисиите за самоевалуација на единиците.

**Член 8**

Анкетниот/те прашалник/ци не смее/ат да содржи/ат двосмислени, нејасни, сугестивни, повторливи прашања.

Анкетниот прашалник не смее да содржи повеќе од 12 (дванаесет) прашања. Доколку се користат два анкетни прашалника, секој од нив не смее да содржи повеќе од 8 (осум) прашања.

Анкетните прашања мора да бидат конципирани во согласност со методологијата за составување анкетни прашања.

Анкетните прашања можат да бидат од отворен и затворен тип.

Анкетниот/те прашалник/ци мора да го почитуваат принципот на анонимност и не смеат да содржат елементи за препознатливост и лесна идентификација на анкетираниот субјект.

Во текот на една постапка на анкетирање може да се користат најмногу два анкетни прашалници.

**Член 9**

По подготовката на анкетните листови истите се верификуваат со Универзитетскиот печат.

За анкетирање на студентите не смеат да се користат неверификувани примероци од анкетните листови.

***Постапка на анкетирање***

**Член 10**

Пред започнувањето на анкетирањето на студентите, Комисијата за евалуација на Универзитетот го определува опфатот на студентите кои треба да се анкетираат, и

тоа за секоја единица во состав на Универзитетот и за секој од студиските циклуси, а во зависност од бројот на студенти кои студираат на единицата и студиските циклуси коишто се реализираат на единицата.

Примерокот на истражувањето, односно бројот на студентите кои се анкетираат е 20% од вкупниот број на студенти на единицата на секој од циклусите на студирање.

Со анкетирање се опфаќаат 20% од студентите на прв, втор и трет циклус студии на секоја од студиските програми што се реализираат на единиците на Универзитетот.

**Член 11**

Претседателот на Комисијата за евалуација на Универзитетот ги одредува лицата (анкетарите) задолжени за спроведување на постапката анкетирање на единиците на Универзитетот од нејзините членови.

Анкетарите не смеат да ја спроведуваат постапката анкетирање во единиците од коишто доаѓаат или се дополнително ангажирани.

**Член 12**

Комисијата за евалуација на Универзитетот подготвува насоки за реализација на анкетирањето за секој од анкетарите со следните информации:

Место и време за реализација на студентската анкета;

Број на студенти што треба да се анкетираат во сите студиски години, во сите циклуси и за сите студиски програми;

Физичка поставеност на студентите во текот на анкетирањето (студентите треба да седат еден зад друг на посебни клупи);

Присутност на други лица за време на анкетирањето (посебно е забрането присуство на наставниците, соработниците[73] и административниот кадар на единицата чии студенти се анкетираат);

Начин на распределување и собирање на пополнетите анкетни листови од студентите;

Инструкции на студентите за текот на студентската анкета (вовед или објаснување на значењето и целта на студентската анкета, напомена за анонимноста на постапката и забелешка за пополнување на анкетниот

[73]Забраната за присуство важи како за наставниците и соработниците со редовен работен однос, така и за наставниците и соработниците ангажирани на односната единица без постојан работен однос.

лист само со употреба на сино пенкало, без никакви дополнителни ознаки, времетраење на анкетирањето, правила на анкетирањето – секој го пополнува својот анкетен прашалник без дополнителни консултации и коментари од другите студенти и сл.);

Броење на пополнетите анкетни листови и пополнување Записник за текот на анкетирањето со податоци за бројот на анкетирани студенти, бројот на пополнети анкетни листови, бројот на непополнети анкетни листови, бројот на важечки анкетни листови, бројот на неважечки анкетни листови и останати информации;

Запечатување на пополнетите анкетни листови во претходно подготвен плик или картонска кутија со ставање потпис преку местото за отворање од страна на анкетарот и секретарот на единицата;

Рок на предавање на запечатениот анкетен материјал на претседателот на Комисијата за евалуација на Универзитетот и генералниот секретар.

**Член 13**

Комисијата за евалуација на Универзитетот подготвува формулар – Записник за текот на анкетирањето со податоци за бројот на анкетирани студенти, бројот на пополнети анкетни листови, бројот на непополнети анкетни листови, бројот на важечки анкетни листови, бројот на неважечки анкетни листови и останати информации што секој анкетар треба да го понесе со себе и да го пополни по завршувањето на анкетирањето на студентите.

**Член 14**

Комисијата за евалуација на Универзитетот ги известува комисиите за самоевалуација на единиците на Универзитетот за започувањето на студентската анкета и претставниците на студентите (Студентскиот парламент или друго официјално студентско репрезентативно тело) и терминот на одржување на анкетирањето со цел да се обезбеди учество на студентите во анкетирањето и непречена реализација на истото.

**Член 15**

Анкетарите со себе треба да понесат:

- Одреден број верификувани анкетни листови;

- Насоките за реализација на анкетирањето на студентите;

- Верификуван плик или картонска кутија за собирање на пополнетите анкетни прашалници;

- Верификуван плик за собирање на неискористените анкетни прашалници;

- Материјал за затворање на картонската кутија – лепило, врвка и сл.

При преземањето на наведениот анкетен материјал анкетарот и претседателот на Комисијата за евалуација потпишуваат потврда за предавањето на анкетниот материјал.

**Член 16**

Бројот на предадени анкетни листови мора да биде еднаков на бројот на пополнети анкетни листови и бројот на наискористени анкетни листови.

**Член 17**

По завршувањето на анкетирањето, анкетарот, во определениот рок го враќа анкетниот материјал на претседателот на Комисијата за евалуација на Универзитетот и генералниот секретар, при што повторно се потпишува потврда за предадениот материјал од страна на анкетарот, претседателот на Комисијата за евалуација на Универзитетот и генералниот секретар.

***Извештај за студентска анкета***

**Член 18**

По завршувањето на постапката за студентска анкета на единиците на Универзитетот спроведена од страна на членовите на Комисијата за евалуација на Универзитетот се подготвува Извештај за студентската анкета, којшто е составен дел од Извештајот за самоевалуација на Универзитетот.

**Член 19**

По пристигнувањето на анкетниот материјал од сите единици во состав на Универзитетот, генералниот секретар, во договор со претседателот на Комисијата за евалуација на Универзитетот, формира оперативни тимови за обработка на анкетните листови.

Оперативните тимови за обработка на анкетните листови се формираат од редот на административните лица од Централната стручна и административна служба на Универзитетот.

Работата на оперативните тимови ја координира координатор на постапката за обработка на анкетните листови, кој, исто така, е од редот на административниот кадар на Универзитетот.

Доколку Универзитетот има административно лице задолжено за обезбедување квалитет (советник, виш советник или раководител), тогаш улогата на координатор на постапката за обработка на анкетните листови се доверува на тоа лице.

Координаторот на постапката за обработка на анкетните листови добива насоки од претседателот на Комисијата за евалуација на Универзитетот во врска со временскиот рок за завршување на постапката, начинот на обработка на анкетните листови – рачно шифрирање и/или електронска обработка, преземање и предавање на обработениот анкетен материјал, потврда за завршената обработка со потпис на административното лице и координаторот и сл.

**Член 20**

Членовите на оперативните тимови, вклучувајќи го и координаторот на обработката на анкетните листови потпишуваат изјава за тајност, одговорност и заштита на податоци подготвена од страна на генералниот секретар на Универзитетот.

**Член 21**

Извештајот за студентската анкета го подготвува тим во којшто задолжително членува координаторот на постапката за обработка на анкетните листови, како и уште еден или двајца претставници од оперативните тимови за обработка на анкетните листови.

Тимот за подготовка на Извештајот за студентската анкета се определува од страна на Генералниот секретар на Универзитетот.

Тимот за подготовка на Извештајот за студенстката анкета работи под супервизија на претседателот на Комисијата за евалуација на Универзитетот.

Претседателот на Комисијата за евалуација на Универзитетот го одредува периодот за завршување на Извештајот за студентската анкета во договор со тимот за подготовка на Извештајот.

**Член 22**

Извештајот треба да има аналитичен пристап и да содржи:

6. Вовед во којшто се објаснува постапката на студентската анкета;
7. Список на членовите - анкетарите на Комисијата за евалуација на Универзитетот и работните групи што учествувале во постапката;
8. Приказ на позитивните елементи и тешкотии што се појавиле во текот на постапката;
9. Приказ на добиените резултати и анализа на состојбите;
10. Предлози, мислења и препораки за надминување на детектираните проблеми.

Извештајот не смее да биде поголем од 15 страници без прилозите.

**Член 23**

По завршувањето на Извештајот од студентската анкета, истиот се доставува до членовите на Комисијата за евалуација на Универзитетот на разгледување и прифаќање.

Членовите на Комисијата за евалуација на Универзитетот по прифаќањето на Извештајот за студентската анкета, задолжително истиот го потпишуваат.

**Член 24**

Ректорот закажува седница на Ректорската управа со точка на дневниот ред Разгледување на Извештајот за студентската анкета и давање мислење во врска со Извештајот до Сенатот на Универзитетот.

**Член 25**

Ректорот, по одржувањето на седницата на Ректорската управа и усвоеното мислење во врска со Извештајот за студентската анкета до Сенатот на Универзитетот, закажува седница на Сенатот на Универзитетот, со точка на дневниот ред Разгледување на Извештајот за студентската анкета, на мислењето на Ректорската управа во врска со Извештајот и прифаќање на Извештајот за студентската анкета.

**Член 26**

По прифаќањето на Извештајот за студентската анкета од страна на Сенатот на Универзитетот, претседателот на Комисијата за евалуација на Универзитетот, заедно

со ректорот, проректорите и генералниот секретар го доставуваат Извештајот за студентската анкета (во печатена и електронска форма) до сите единици во состав на Универзитетот, односно ги поднесуваат резултатите до деканите на единиците.

Претседателот на Комисијата за евалуација на Универзитетот, во соработка со ректорот, проректорите и генералниот секретар на Универзитетот поднесуваат и мислења и предлози за надминување на евентуалните детектирани проблеми на единиците.

Генералниот секретар на Универзитетот до сите единици испраќа и известување за архивирањето на Извештајот, за начинот на користење на Извештајот за студентската анкета и поединечните резултати од студентската анкета до деканите/директорите на единиците.

Известувањето содржи потсетување на задолжителата употреба на поединечните резултати од студентската анкета во рецензиите за избор во звања за наставниот и соработничкиот кадар.

**Член 27**

По прифаќањето на Извештајот за студентската анкета од страна на Сенатот на Универзитетот, претседателот на Комисијата за евалуација на Универзитетот, заедно со ректорот, проректорите и генералниот секретар го доставуваат Извештајот за студентската анкета (во печатена и електронска форма) до Одборот за акредитација и евалуација на високото образование во РМ.

**Член 28**

Примерок од Извештајот за студентската анкета, во електронска (пдф) форма (без прилозите) се испраќа и до уредникот на Билтенот како овластено лице, којшто го сместува во Билтенот на Универзитетот, што се објавува еднаш месечно (на почетокот од секој месец, освен во месец август).

Извештајот за студентската анкета се објавува во изданието на Билтенот коешто следи веднаш по прифаќањето на Извештајот од страна на Сенатот на Универзитетот.

**Член 29**

Примерок од Извештајот за студентската анкета, во електронска (пдф) форма се испраќа и до задолженото административно лице за одржување на официјалната веб страница на УКЛО кое го објавува Извештајот на веб страницата.

Извештајот за студентската анкета се објавува на официјалната веб страница на Универзитетот и на официјалните веб страници на единиците на Универзитетот веднаш по прифаќањето на Извештајот од страна на Сенатот на Универзитетот.

***Завршни одредби***

**Член 30**

Ова Упатство ќе се применува по неговото стапување во сила, односно по усвојувањето од страна на Ректорската управа на Универзитетот.

**Член 31**

Упатството се објавува во Билтенот и на официјалната веб страница на Универзитетот www.uklo.edu.mk.

Ректор на Универзитетот „Св. Климент Охридски“ – Битола

# ПРОЦЕДУРА
# ЗА САМОЕВАЛУАЦИЈА

| | |
|---|---|
| Ознака: | ПР 8.2/3 |
| Статус: | Во изработка |
| Верзија: | 03 |
| Во примена од: | |
| Копија број: | 01 |

| | **Име и презиме** | **Функција** | **Потпис** |
|---|---|---|---|
| Изработил | ***Офелија Христовска***<br>*Гоце Маркоски*<br>*Наташа Петрова Поповски* | **Генерален секретар**<br>Советник<br>Советник | |
| **Прегледал** | | | |
| **Одобрил** | | | |

**СОДРЖИНА**

1. ЦЕЛ-НАМЕНА

2. ПОДРАЧЈЕ НА ПРИМЕНА

3. КРАТЕНКИ И ТЕРМИНОЛОГИЈА

4. НАДЛЕЖНОСТИ

5. ТЕХНИЧКИ ДЕЛ - ПОСТАПКА

- *Одржување на седница на Сенат за избор на Комисија за евалуација на Универзитетот*
- *Определување на содржината на Извештајот за самоевалуација, односно за индикаторите за квалитет од страна на Комисијата за евалуација*
- *Подготвување на инструментите за собирање податоци од единиците од страна на Комисијата за евалуација*
- *Разговор на КЕУ со менаџментот на Универзитетот*
- *Формирање тимови за обработка на добиените податоци со инструментите за собирање податоци од страна на Комисијата за евалуација*
- *Формирање тимови за анализа на податоците добиени по обработката од страна на Комисијата за евалуација*
- *Пишување на извештај од самоевалуацијата од страна на КЕУ*
- *Разгледување, прифаќање и потпишување на Извештајот од самоевалуацијата*
- *Испраќање на Извештајот до менаџментот на Универзитетот*
- *Одржување на седница на Ректорска управа за разгледување на Извештајот од самоевалуацијата*
- *Одржување седница на Сенатот на Универзитетот за разгледување и прифаќање на Извештајот за самоевалуација*
- *Испраќање на Извештајот за самоевалуација на Универзитетот до единиците во состав на Универзитетот во печатена и електронска форма*
- *Испраќање на Извештајот до ОАЕ*
- *Објавување на Извештајот од самоевалуацијата во Билтенот на Универзитетот*

- *Објавување на Извештајот за самоевалуација на официјалната страница на Универзитетот и на страниците на единиците во состав на Универзитетот*

6. ЛИТЕРАТУРА

## 1. ЦЕЛ-НАМЕНА

Оваа процедура е креирана да го објасни начинот на самоевалуацијата на Универзитетот, опфаќајќи ги активностите од самата потреба за самоевалуацијата до реализацијата на истата. Целта на оваа процедура е да се пропише постапка која ќе обезбеди правилно и објективно спроведување на самоевалуацијата на Универзитетот.

## 2. ПОДРАЧЈЕ НА ПРИМЕНА

Оваа процедура се применува за спроведување на самоевалуација на Универзитетот во согласност со Законот за високото образование, Статутот на Универзитетот „Св. Климент Охридски“ – Битола, Упатството за критериумите за начинот на обезбедување и оценување на квалитетот на високообразовниот кадар во Република Македонија и Правилникот за организацијата, работата, начинот на одлучување, методологијата за акредитација и евалуација, како и други прашања во врска со работата на Одборот за акредитација и евалуација на високото образование.

## 3. КРАТЕНКИ И ТЕРМИНОЛОГИЈА

| | |
|---|---|
| **Р** | Ректор |
| **РК** | Ректорски колегиум |
| **РУ** | Ректорска управа |
| **УС** | Универзитетски сенат |
| **ГС** | Генерален секретар |
| **ИК** | Изборна комисија |
| **КЕУ** | Комисија за евалуација на Универзитетот |
| **ПКЕУ** | Претседател на Комисијата за евалуација |
| **ОАЕ** | Одбор за акредитација и евалуација на РМ |

## 4. НАДЛЕЖНОСТИ

Одговорен за целосно и правилно спроведување на процедурата за самоевалуација на Универзитетот е **КЕУ**.

## 5. ТЕХНИЧКИ ДЕЛ -ПОСТАПКА

### *5.1. Одржување на седница на Сенат за избор на Комисија за евалуација на Универзитетот.*

Седницата на Сенат ќе се одржи во согласност со процедурата 5.5/3 и на седницата ќе се избере Изборна комисија која ќе го спроведе тајното гласање за избор на членови на **КЕУ**. Мандатот на **КЕУ** трае 4 години, освен за членовите претставници на студентите за кои мандатот трае 2 години.

### *5.2. Определување на содржината на Извештајот за самоевалуација, односно за индикаторите за квалитет од страна на КЕУ*

Определувањето на содржината на Извештајот за самоевалуацијата е обврска на КЕУ во текот на работните состаноци на Комисијата.

Содржината на Извештајот за самоевалуација, всушност, се определува според индикаторите за квалитет, содржани во инструментите за собирање податоци од единиците, како и во согласност со Законот за високото образование, Статутот на Универзитетот „Св. Климент Охридски" – Битола, Упатството за критериумите за начинот на обезбедување и оценување на квалитетот на високообразовниот кадар во Република Македонија и Правилникот за организацијата, работата, начинот на одлучување, методологијата за акредитација и евалуација, како и други прашања во врска со работата на Одборот за акредитација и евалуација на високото образование.

Според тоа, содржината на Извештајот, задолжително содржи елементи за оценување на квалитетот на:

- Организацискиот менаџмент и изведувањето,
- Наставата и учењето,
- Истражувањето, развојот и/или креативните активности,
- Општествената оправданост.

### *5.3. Подготвување на инструментите за собирање податоци од единиците од страна на Комисијата за евалуација*

Подготвувањето на инструментите за собирање податоци од единиците во состав на Универзитетот, како и од раководството и Централната служба на Универзитетот е обврска на КЕУ во текот на работните состаноци на Комисијата. Како резултат на оваа активност треба да бидат подготвени финални верзии на сите истражувачки инструменти коишто ќе се користат во постапката на собирање податоци за анализа.

Истажувачките инструменти можат да бидат во форма на табели, анкетни прашалници, протоколи и сл. и истите треба да бидат конципирани во согласност со правилата и нормите за составување истражувачки инструменти (недвосмисленост, прецизност, без непотребни преклопувања, без непотребна преоптеретеност, односно обемност).

### *5.4. Разговор на КЕУ со менаџментот на Универзитетот*

КЕУ, самоевалуацијата ја започнува со разговор со менаџментот на Универзитетот, за да ги разјасни следниве прашања:

- како установата ја одржува автономијата;
- со кои проблеми се соочува менаџментот во остварување на зацртаната мисија;

- кои се проблемите, подобрувањата на квалитетот за кои размислува менаџментот;
- кои се академските приоритети на установата;
- кои студиски програми, научни подрачја на истражување, ги оценува за приоритетни;
- каква е врската на високообразовната установа со нејзините финансиери;
- каква е релацијата на установата кон општеството;
- каква е политиката на Универзитетот во однос на меѓународната соработка

### *5.5. Формирање тимови за обработка на добиените податоци со инструментите за собирање податоци од страна на Комисијата за евалуација*

Тимовите задолжени за обработка на добиените податоци со истражувачките инструменти се од редот на членовите на КЕУ, а се определуваат од страна на претседателот на КЕУ.

Членовите на тимови добиваат задолженија од претседателот на КЕУ којшто ја координира обработката на податоците и дава дополнителни инструкции на тимовите во врска со начинот на обработка на податоците (пр. краен резултат како процентуален израз, средна аритметичка вредност, описна констатација итн.), во зависност од видот на податоците – квантитативни и/или квалитативни.

Претседателот на КЕУ ги известува членовите на тимовите за обработка на добиените податоци за временскоти рок за завршување на постапката.

### *5.6. Формирање тимови за анализа на податоците добиени по обработката од страна на Комисијата за евалуација*

По завршувањето на обработката на добиените податоци, претседателот на КЕУ од членовите на КЕУ формира тимови за анализа на податоците добиени по обработката.

Членовите на тимови добиваат задолженија од претседателот на КЕУ којшто ја координира постапката за анализа на податоците и дава дополнителни инструкции на тимовите во врска со оваа постапка.

Претседателот на КЕУ ги известува членовите на тимовите за анализа на добиените податоци за временскоти рок за завршување на постапката.

### *5.7. Пишување на Извештај од самоевалуацијата од страна на КЕУ*

Извештајот од самоевалуацијата се пишува за интерни потреби на Универзитетот и за екстерни потреби за надворешна евалуација.

Извештајот треба да биде аналитички и самокритички и да содржи:

- вовед во кој се објаснува процесот на самоевалуација;
- список на членовите на Комисијата и работните групи кои учествувале во самоевалуацијата;

- список на органите, субјектите и институциите со кои Универзитетот соработувал во самоевалуацијата;
- начинот на кој е реализирана дискусија по извештајот и времетраењето на дискусијата;
- приказ на позитивните елементи и тешкотии што се јавиле во текот на самоевалуациониот процес.

Појдовна точка на анализата се мисијата и целите на високообразовната установа, во однос на кои таа се проверува и се евалуира.

Анализите ги осветлуваат силните и слабите страни на секоја компонента што е предмет на евалуација, анализите се проследените со предлози и со корективен план на активности за отстранување на недостатоците и за подобрување на квалитетот.

Извештајот треба да содржи заклучок и да ги има следниве карактеристики:

- да биде објективен имајќи предвид дека цел на самоевалуацијата е подобрување на квалитетот;
- да ги покаже силните страни и присутните недостатоци;
- да содржи предлози за подобрување во форма на корективни мерки

Во заклучокот на Извештајот задолжително се наведуваат посебни препораки што укажуваат на преземање соодветни мерки за надминување на констатираните недостатоци.

Извештајот од самоевалуацијата треба да е во обем од 25 до 35 страници, без прилозите.

### *5.8. Разгледување, прифаќање и потпишување на Извештајот од самоевалуацијата*

Откако ќе биде завршен, Извештајот од самоевалуацијата го потпишуваат претседателот и членовите на Комисијата на **КЕУ**.

### *5.9. Испраќање на извештајот до менаџментот на Универзитетот*

Самоевалуациониот извештај пред да се испрати до ОАЕ треба да биде доставен до менаџментот на Универзитетот за да се запознае со наодите од самоевалуацијата.

### *5.10. Одржување на седница на Ректорска управа за разгледување на Извештајот*

Ректорот на Универзитетот, заедно со проректорите и генералниот секретар закажуваат седница на Ректорска управа на која се разгледува Извештајот од самоевалуацијата.

### *5.11. Одржување седница на Сенатот на Универзитетот за разгледување и прифаќање на Извештајот за самоевалуација*

Членовите на УС го разгледуваат и прифаќаат Извештајот за самоевалуација на Универзитетот на седница на УС закажана од Ректорот, проректорите и ГС, а по претходно добиено мислење за Извештајот од РУ.

### *5.12. Испраќање на Извештајот за самоевалуација на Универзитетот до единиците во состав на Универзитетот во печатена и електронска форма*

По прифаќањето на Извештајот за самоевалуација од страна на УС, претседателот на КЕУ, заедно со Ректорот, проректорите и ГС го доставуваат интегралниот Извештај за самоевалуацијата на Универзитетот (во печатена и електронска форма) до сите единици во состав на Универзитетот, односно ги поднесуваат резултатите до деканите на единиците.

ГС, дополнително, до сите декани/директори на единиците во состав на Универзитетот доставува и информации во врска со архивирањето на печатените примероци од Извештајот, задолжителноста за објавување на Извештајот за самоевалуација на Универзитетот на официјалните веб страници на единиците, како и за задолжителноста за објавување на поединечните извештаи за самоевалуација на единиците на нивните веб страници.

### *5.13. Испраќање на Извештајот до ОАЕ*

По прифаќањето на Извештајот за самоевалуација од страна на УС, истиот се испраќа до ОАЕ.

### *5.14. Објавување на Извештајот од самоевалуацијата во Билтенот на Универзитетот*

Примерок од Извештајот за самоевалуацијата на Универзитетот во електронска (пдф) форма (без прилозите) се испраќа и до уредникот на Билтенот како овластено лице којшто треба да го смести во Билтенот на Универзитетот, што се објавува еднаш месечно (на почетокот од секој месец, освен во месец август).

Извештајот за самоевалуацијата на Универзитетот треба да биде објавен во изданието на Билтенот коешто следи веднаш по прифаќањето на Извештајот од страна на УС.

### *5.15. Објавување на Извештајот за самоевалуација на официјалната страница на Универзитетот и на страниците на единиците во состав на Универзитетот*

Примерок од Извештајот за самоевалуацијата на Универзитетот, во електронска (пдф) форма се испраќа и до задолженото административно лице за одржување на официјалната веб страница на УКЛО кое треба да го објави Извештајот на веб страницата.

Извештајот за самоевалуацијата на Универзитетот треба да биде објавен на официјалната веб страница на Универзитетот и на официјалните веб страници на единиците на Универзитетот веднаш по прифаќањето на Извештајот од страна на УС.

## 6. ЛИТЕРАТУРА

Фамилија на стандарди ИСО 9001:2008.

# ПРОЦЕДУРА
# ЗА СТУДЕНТСКА АНКЕТА

| | Име и презиме | Функција | Потпис |
|---|---|---|---|
| **Изработил** | Наташа Петрова - Поповски | Советник | |
| **Прегледал** | | | |
| **Одобрил** | | | |

**СОДРЖИНА**


1. ЦЕЛ-НАМЕНА

2. ПОДРАЧЈЕ НА ПРИМЕНА

3. КРАТЕНКИ И ТЕРМИНОЛОГИЈА

4. НАДЛЕЖНОСТИ

5. ТЕХНИЧКИ ДЕЛ-ПОСТАПКА

   *5.1. Определување на содржината на анкетниот/те прашалник/ци од страна на КЕУ*

   *5.2. Определување на членовите задолжени за спроведување на анкетата по единиците на Универзитетот од страна на КЕУ*

   *5.3. Утврдување на методологијата на спроведување на студентската анкета од страна на КЕУ*

   *5.4. Формирање оперативни тимови за обработка на анкетните листови, координатор на обработката на анкетните листови од редот на административни лица од Централната служба на Универзитетот и определување временски период, т.е. краен рок за обработката на податоците од страна на КЕУ*

   *5.5. Заштита на податоците од студентската анкета од страна на КЕУ*

   *5.6. Одредување на тим за подготовка на Извештајот за студенстката анкета и крајниот рок за завршување на Извештајот*

   *5.7. Пишување Извештај од студентска анкета*

   *5.8. Разгледување, прифаќање и потпишување на Извештајот за студентската анкета од страна на КЕУ*

   *5.9. Одржување на седница на РУ на Извештајот за студентската анкета*

   *5.10. Одржување на седница на УС за разгледување и прифаќање на Извештајот за студентската анкета*

   *5.11. Доставување на Извештајот за студентската анкета и поединечните резултати од студентската анкета до деканите на единиците пропратено со мислења и предлози за надминување на евентуалните проблеми од страна на КЕУ, како и начинот на користење на истите*

   *5.12. Испраќање на Извештајот за студентската анкета до ОАЕ*

   *5.13. Објавување на Извештајот за студентската анкета во Билтенот на Универзитетот*

*5.14. Објавување на Извештајот за студентската анкета на официјалната веб страница на Универзитетот и на веб страниците на единиците на Универзитетот*

# 6. ЛИТЕРАТУРА

## 1. ЦЕЛ-НАМЕНА

Оваа процедура е креирана да го објасни начинот на реализација на студентската анкета на Универзитетот, опфаќајќи ги активностите од самата потреба за студентска анкета до реализацијата на истата. Целта на оваа процедура е да се пропише постапка која ќе обезбеди правилно и објективно спроведување на студентската анкета на Универзитетот.

## 2. ПОДРАЧЈЕ НА ПРИМЕНА

Оваа процедура се применува за спроведување на студентската анкета на Универзитетот, во согласност со Законот за високото образование, Статутот на Универзитетот „Св. Климент Охридски“ – Битола, Упатството за критериумите за начинот на обезбедување и оценување на квалитетот на високообразовниот кадар во Република Македонија и Правилникот за организацијата, работата, начинот на одлучување, методологијата за акредитација и евалуација, како и други прашања во врска со работата на Одборот за акредитација и евалуација на високото образование.

## 3. КРАТЕНКИ И ТЕРМИНОЛОГИЈА

| | |
|---|---|
| **Р** | Ректор |
| **РК** | Ректорски колегиум |
| **РУ** | Ректорска управа |
| **УС** | Универзитетски сенат |
| **ГС** | Генерален секретар |
| **ИК** | Изборна комисија |
| **КЕУ** | Комисија за евалуација на Универзитетот |
| **ПКЕУ** | Претседател на Комисијата за евалуација |
| **ОАЕ** | Одбор за акредитација и евалуација на РМ |

## 4. НАДЛЕЖНОСТИ

Одговорен за целосно и правилно спроведување на процедурата за студентска анкета на Универзитетот е **КЕУ**.

## 5. ТЕХНИЧКИ ДЕЛ - ПОСТАПКА

### *1.1. Определување на содржината на анкетниот/те прашалник/ци од страна на КЕУ*

Определувањето на содржината на анкетниот/те прашалник/ци е обврска на КЕУ во текот на работните состаноци на Комисијата. Како резултат на оваа активност треба да бидат подготвени финални верзии на анкетните прашалници.

Анкетните прашалници треба да бидат конципирани во согласност со правилата и нормите за составување анкетни прашања (недвосмисленост, прецизност, без непотребни преклопувања) и со почитување на принципот на анонимност на постапката, односно анкетните прашалници не смеат да содржат елементи што би значеле препознатливост и лесна идентификација на анкетираниот субјект.

### *1.2. Определување на членовите задолжени за спроведување на анкетата по единиците на Универзитетот од страна на КЕУ*

Лицата задолжени за спроведување на анкетата по единиците на УКЛО се од редот на членовите на КЕУ, а се определуваат од страна на претседателот на КЕУ.

По одредувањето на анкетарите, секој од нив треба да добие прецизни инструкции за текот на анкетирањето:

- место и време за реализација на студентската анкета, колкав број на студенти треба да се анкетираат,
- инструкции околу физичката поставеност на студентите во текот на анкетирањето (пр. студентите треба да седат еден позади друг на посебни клупи),
- присутноста на други лица за време на анкетирањето (посебно е забрането присуство на наставниците, соработниците[74] и административниот кадар на единицата чии студенти се анкетираат),
- постапката за распределување и собирање на пополнетите анкетни листови од студентите,
- давањето инструкции на студентите за текот на студентската анкета (вовед или објаснување на значењето и целта на студентската анкета, напомена за анонимноста на постапката и забелешка за пополнување на анкетниот лист само со употреба на сино пенкало без никакви дополнителни ознаки, времетраење на анкетирањето, правила на анкетирањето – секој го пополнува својот анкетен прашалник без дополнителни консултации и коментари од другите студенти и сл., броење на пополнетите анкетни листови, пополнување Записник за текот на анкетирањето со податоци за бројот на анкетирани студенти, бројот на пополнети анкетни листови, бројот на непополнети анкетни листови, бројот на важечки анкетни листови, бројот на неважечки анкетни листови и останати информации, запечатување на пополнетите анкетни листови во претходно подготвен плик или картонска кутија со ставање потпис преку местото за отворање од страна на анкетарот и секретарот на единицата, рок на предавање на запечатениот анкетен материјал на претседателот на КЕУ и ГС на Универзитетот).

### *1.3. Утврдување на методологијата на спроведување на студентската анкета од страна на КЕУ*

[74] Забраната за присуство важи како за наставниците и соработниците со редовен работен однос, така и за наставниците и соработниците ангажирани на односната единица без постојан работен однос

КЕУ утврдува методологија на спроведување на студентската анкета, којашто задолжително треба да ги содржи следните елементи:

- прецизиран репрезентативен примерок, односно број на студенти кои треба да се анкетираат за секоја единица во состав на Универзитетот;
- определен временски термин за реализација на анкетирањето;
- верификација на анкетните листови со Универзитетски печат;
- предавање на анкетните листови на анкетарите – членови на КЕУ од страна на претседателот на КЕУ;
- враќање и предавање на искористените анкетни листови од страна на анкетарите на претседателот на КЕУ и ГС на Универзитетот.

### *1.4. Формирање оперативни тимови за обработка на анкетните листови, координатор на обработката на анкетните листови од редот на административни лица од Централната служба на Универзитетот и определување временски период, т.е. краен рок за обработката на податоците од страна на КЕУ*

Оперативните тимови задолжени за обработка на анкетните листови се од редот на административниот кадар на УКЛО, а се определуваат од страна на ГС на Универзитетот.

Членовите на оперативните тимови добиваат задолженија од координаторот на постапката за обработка на анкетните листови, кој исто така е од редот на административниот кадар на Универзитетот. Доколку Универзитетот има административно лице задолжено за обезбедување квалитет (советник, виш советник или раководител), тогаш улогата на координатор на постапката за обработка на анкетните листови се доверува на тоа лице.

Координаторот ги известува членовите на оперативните тимови за текот на постапката за обработка на анкетните листови – временски рок за завршување на постапката, начин на обработка на анкетните листови – рачно шифрирање и/или електронска обработка, преземање и предавање на обработениот анкетен материјал, потврда за завршената обработка со потпис на административното лице и координаторот.

### *1.5. Заштита на податоците од студентската анкета од страна на КЕУ*

Со цел заштита на податоците од студентската анкета секој од членовите на оперативните тимови, вклучувајќи го и координаторот на обработката на анкетните листови, треба да потпише изјава за тајност, одговорност и заштита на податоци подготвена од страна на ГС на Универзитетот.

### *1.6. Одредување на тим за подготовка на Извештајот за студенстката анкета и крајниот рок за завршување на Извештајот*

Извештајот за студентската анкета го подготвува тим во којшто задолжително членува координаторот на постапката за обработка на анкетните листови, како и уште еден или двајца претставници од оперативните тимови за обработка на анкетните листови. Тимот за подготовка на Извештајот за студентската анкета работи под супервизија на претседателот на КЕУ. Претседателот на КЕУ го одредува периодот за завршување на Извештајот за студентската анкета во договор со тимот за подготовка на Извештајот.

### 1.7. *Пишување Извештај од студентска анкета*

Извештајот од студентската анкета се пишува за интерни потреби за Универзитетот и единиците во состав на Универзитетот, како и за екстерни потреби за надворешна евалуација.

Извештајот треба да има аналитичен пристап и да содржи:

- Вовед во којшто се објаснува постапката на студентската анкета;
- Список на членовите - анкетарите на КЕУ и работните групи што учествувале во постапката;
- Приказ на позитивните елементи и тешкотии што се појавиле во текот на постапката;
- Приказ на добиените резултати и анализа на состојбите;
- Предлози, мислења и препораки за надминување на детектираните проблеми.

Извештајот треба да биде во обем од 10 до 15 страници без прилозите и задолжително треба да биде потпишан од членовите на КЕУ.

### 1.8. *Разгледување, прифаќање и потпишување на Извештајот за студентската анкета од страна на КЕУ*

Откако ќе биде завршен, Извештајот од студентската анкета треба да биде разгледан од сите членови на КЕУ, а на состанок на КЕУ сите членови треба да го прифатат Извештајот и истиот да го потпишат.

На претходни состаноци се разгледуваат и утврдуваат евентуалните забелешки на членовите на КЕУ по однос на Извештајот.

### 1.9. *Одржување на седница на РУ на Извештајот за студентската анкета*

Ректорот на Универзитетот, заедно со проректорите и ГС закажуваат седница на РУ, на којашто се разгледува Извештајот од студентската анкета и се дава мислење до УС.

### 1.10. *Одржување на седница на УС за разгледување и прифаќање на Извештајот за студентската анкета*

Членовите на УС го разгледуваат и прифаќаат Извештајот од студентската анкета на седница на УС закажана од Ректорот, проректорите и ГС, а по претходно добиено мислење за Извештајот од РУ.

### *1.11. Доставување Извештајот за студентската анкета и на поединечните резултати од студентската анкета до деканите на единиците пропратено со мислења и предлози за надминување на евентуалните проблеми од страна на КЕУ, како и начинот на користење на истите*

По прифаќањето на Извештајот за студентската анкета, претседателот на КЕУ, заедно со Ректорот, проректорите и ГС ги доставуваат интегралниот Извештај за студентската анкета (во печатена и електронска форма), како и поединечните резлутати од студентската анкета до сите единици во состав на Универзитетот, односно ги поднесуваат резултатите од анкетата што се однесуваат само на односните едници.

До единиците, заедно со поединечните резултети се поднесуваат и мислења и предлози за надминување на евентуалните детектирани проблеми на единиците. Ваквите мислења и предлози ги подготвуваат претседателот на КЕУ во соработка со Ректорот, проректорите и ГС на Универзитетот.

Покрај тоа, ГС на Универзитетот до сите единици испраќа и известување за архивирањето на Извештајот, за начинот на користење на Извештајот за студентската анкета и поединечните резултати од студенстката анкета до деканите на единиците. Известувањето треба да содржи потсетување на задолжителата употреба на поединечните резултати од студентската анкета во рецензиите за избор во звања за наставниот и соработничкиот кадар.

### *1.12. Испраќање на Извештајот за студентската анкета до ОАЕ*

Извештајот за студентската анкета, по завршувањето на претходно споменатите чекори, се испраќа до ОАЕ од страна на ГС на Универзитетот.

### *1.13. Објавување на Извештајот за студентската анкета во Билтенот на Универзитетот*

Примерок од Извештајот за студентската анкета во електронска (пдф) форма (без прилозите) се испраќа и до уредникот на Билтенот како овластено лице којшто треба да го смести во Билтенот на Универзитетот што се објавува еднаш месечно (на почетокот од секој месец, освен во месец август).

Извештајот за студентската анкета треба да биде објавен во изданието на Билтенот коешто следи веднаш по прифаќањето на Извештајот од страна на УС.

### *1.14. Објавување на Извештајот за студентската анкета на официјалната веб страница на Универзитетот и на веб страниците на единиците на Универзитетот*

Примерок од Извештајот за студентската анкета во електронска (пдф) форма се испраќа и до задолженото административно лице за одржување на официјалната веб страница на УКЛО кое треба да го објави Извештајот на веб страницата.

Извештајот за студентската анкета треба да биде објавен на официјалната веб страница на Универзитетот и на официјалните веб страници на единиците на Универзитетот веднаш по прифаќањето на Извештајот од страна на УС.

## 6. ЛИТЕРАТУРА

Фамилија на стандарди ИСО 9001:2008.

Врз основа на член 45, став 4 и член 77 од Законот за високото образование, член 43, член 46 и член 142 од Статутот на Универзитетот, Ректорската управа на Универзитетот „Св. Климент Охридски“ – Битола, на _____ седница одржана на ________ година го донесе следниот

**Правилник**
**за работата на Канцеларијата за квалитет**
**на Универзитетот „Св. Климент Охридски“ – Битола**

***Основни одредби***

**Член 1**

Универзитетот „Св. Климент Охридски“ - Битола (во понатамошниот текст: Универзитет), со овој Правилник ја утврдува организацијата и работењето на Канцеларијата за квалитет, како организациона единица во системот за следење, обезбедување и оценување на квалитетот на Универзитетот и единиците во негов состав.

***Содржина на Правилникот***

**Член 2**

Правилникот ги вклучува мисијата, визијата и целите, организациската поставеност, активностите и обврските и други елементи во врска со работата на Канцеларијата за квалитет на Универзитетот.

***Мисија и визија***

**Член 3**

Канцеларијата за квалитет на Универзитетот систематски, структуирано и континуирано го следи, оценува и обезбедува квалитетот на работењето на Универзитетот и креира средина што овозможува еднакви и квалитетни образовни, научни и истражувачки услови за сите корисници на услугите коишто ги нуди Универзитетот, преку:

- следење и оценка на квалитетот на студиските програми;

- следење и оценка на квалитетот на наставниот, соработничкиот и административниот кадар на Универзитетот;
- следење и оценка на работните процеси на Универзитетот, единиците во негов состав и Централната стручна и административна служба на Универзитетот;
- промоција на организациската култура за квалитет;
- поддршка во развојот на културата на квалитет на сите нивоа на Универзитетот;
- поттикнување на способноста на Универзитетот да го демонстрира својот квалитет на национално и меѓународно ниво.

***Организациска поставеност***

**Член 4**

Канцеларијата за квалитет на Универзитетот претставува составен дел на Секторот за настава, квалитет, наука и меѓународна соработка при Централната стручна и административна служба на Универзитетот.

Канцеларијата за квалитет претставува структурен дел на системот за обезбедување и оценување на квалитетот на Универзитетот.

**Член 5**

Со Канцеларијата за квалитет раководи раководител на Канцеларијата.

Во Канцеларијата за квалитет работно се ангажираат советникот за настава, соработниците надлежни за прв (додипломски) и втор (дипломски) циклус студии и соработникот за ЕКТС од Централната стручна и административна служба на Универзитетот.

Работните обврски на раководителот, советникот и соработниците се прецизирани со Актот за систематизација на работните места на Централната стручна и административна служба на Универзитетот.

***Принцип на работа***

**Член 6**

Канцеларијата за квалитет во својата работа се придржува кон следниот принцип: Обезбедувањето квалитет на работата е примарна одговорност на Универзитетот, како автономна високообразовна институција кон сите корисници на Универзитетските услуги, а пред сè кон студентите.

### *Цели и задачи*

**Член 7**

Основни цели и задачи на Канцеларијата за квалитет:

- зачувување и поттикнување на интересот на Универзитетот и општеството за развој и одржување на квалитетот и стандардите на високото образование;
- зголемување на квалитетот на образованието (студиските програми) коешто го добиваат студентите;
- помагање во процесите на управување и подобрување на квалитетот на Универзитетско ниво;
- обезбедување техничка и логистичка поддршка за внатрешната и надворешната евалуација на Универзитетот и единиците во негов состав;
- обезбедување транспарентност, едноставност и достапност на процедурите за евалуација на сите нивоа;
- информирање и едуцирање на студентите, наставниот и соработничкиот кадар, административниот кадар, техничкиот персонал и сите заинтересирани страни за важноста и потребата од развој и одржување на сопствена култура на одржување на квалитетот.

### *Активности и обврски*

**Член 8**

Канцеларијата за квалитет ги извршува следните конкретни активности:

- ја координира работата на Комисијата за евалуација на Универзитетот (по насоки на претседателот на Комисијата подготвува покани и дневни редови за работните состаноци, ја извршува административната работа околу закажувањето на состаноците;
- ги испраќа поканите и дневниот ред до членовите на Комисијата, како и работниот материјал за состаноците, води записници од работата на Комисијата на работните состаноци и сл.);
- ја координира работата на комисиите за самоевалуација на единиците во состав на Универзитетот (ги потсетува за роковите за започнување и завршување на планираните активности, им испраќа работни материјали, како и Универзитетски акти врз основа на коишто се одвиваат работните процеси на Универзитетот и единиците и сл.);

- ги поврзува Комисијата за евалуација на Универзитетот и комисиите за самоевалуација на единиците, односно организира состаноци помеѓу комисиите;
- по потреба организира обуки за членовите на комисиите за самоевалуација на единиците и ги пренесува инструкциите и насоките од претседателот на Комисијата за евалуација на Универзитетот;
- го подготвува започнувањето на внатрешната евалуација на Универзитетот, односно ги прибира сите извештаи за самоевалуација од единиците на Универзитетот во претходните три години и ги подготвува формуларите (празни обрасци) од постапката за студентска анкета – Записник, формулар за примо-предавање на анкетни листови, изјава за тајност на податоците и др.);
- по инструкции на претседателот на Комисијата за евалуација на Универзитетот ги подготвува инструментите за собирање податоци во постапката за самоевалуација (сетови табели, протоколи за интервјуа и сл.);
- по инструкции на претседателот на Комисијата за евалуација на Универзитетот го/и подготвува анкетниот/те прашалник/ци за студентската анкета;
- по инструкции на претседателот на Комисијата за евалуација на Универзитетот и Генералниот секретар ги обработкува и анализира податоците од студентската анкета;
- по инструкции на претседателот на Комисијата за евалуација, го подготвува Извештајот за студентска анкета на Универзитетот;
- ги презема обврските на организација на електронско снимање, печатење и дистрибуирање на Извештајот за самоевалуација на Универзитетот и Извештајот за студентска анкета до сите засегнати субјекти – Универзитетско раководство, Ректорска управа, Сенат на Универзитетот, Одбор за акредитација и евалуација на високото образованите во РМ, единици во состав на Универзитетот;
- ги презема обврските за обезбедување транспарентност и објавување на Извештајот за самоевалуација на Универзитетот и Извештајот за студентска анкета во Билтенот на Универзитетот и на официјалната веб страница на Универзитетот;
- ги прегледува и оценува елаборатите за студиските програми на единиците врз основа на Правилникот за задолжителните компоненти кои треба да ги поседуваат студиските програми од прв, втор и трет циклус студии и дава мислења и препораки за унапредување на квалитетот на студиските програми;
- ги препраќа усвоените елаборати за студиските програми на единиците до Одборот за акредитација и евалуација, заедно со пропратните документи;

- води евиденција за акредитациите и решенијата за почеток за работа на студиските програми на единиците (укажува на завршување на рокот на важност на добиените акредитации и/или решенијата за почеток со работа);

- изготвува анализи за проодност на студентите и анализи за постигнат успех на студентите;

- подготвува анкетен прашалник за дипломираните студенти за оценка на условите, начинот и квалитетот на студирање на единиците којшто на студентите кои дипломираат им се дава на деност на дипломирањето, а се замолуваат да го вратат пополнет на денот на промовирањето;

- ги обработува и анализира добиените податоци од дипломираните студенти и врз основа на обработените и анализирани податоци, дава предлози и мислења за унапредување на квалитетот на студирање на единиците;

- во соработка со останатите сектори од Централната стручна и административна служба на Универзитетот подготвува истражувачки инструменти (анкетни прашалници, протоколи за интервју, статистички формулари и сл.) за следење и оценување на квалитетот на сите работни процеси и активности во наставната, научната, истражувачката, меѓународната, издавачката, правната, финансиската и информатичката дејност на Универзитетот на ниво на Ректорат;

- ги обработува и анализира добиените податоци за квалитетот на работните процеси и активности и ги идентификува проблемите во работењето;

- во соработка со раководителите на секторите и генералниот секретар подготвува и дава предлози и решенија за надминување на идентификуваните проблеми и за унапредување на квалитетот во работењето;

- заедно со генералниот секретар подготвува годишна програма за работа на Канцеларијата за квалитет, како дел од годишната програма за работа на Универзитетот;

- учествува во подготовка на Програмата за обезбедување и оценување на квалитетот на високото образование на ниво на Универзитет;

- ја реализира евалуационата постапка на Центарот за кариера и, во соработка со раководотелот на Центарот, дава мислење и препораки за подобрување на квалитетот на работата на Центарот;

- ги реализира сите административни, технички и логистички активности во подготовката на постапката за надворешна евалуација на Универзитетот;

- помага во постапката за надворешна евалуација на Универзитетот – ги договара состаноците на Комисијата за надворешна евалуација со Универзитетското раководство, раководствата на единиците, претставници на наставниот, соработничкиот и административниот кадар на Универзитетот, ја олеснува работата на Комисијата за надворешна евалуација, заедно со канцеларијата за меѓународна соработка го организираат престојот на членовите на Комисијата за надворешна евалуација – сместување, превоз, храна и сл.;

- одржува постојан контакт со Одборот за акредитација и евалуација на високото образование во РМ;

- заедно со генералниот секретар ги известува сите единици за евентуалните законски и подзаконски измени во врска со постапките за обезбедување и оценување на квалитетот на високото образование;

- реализира споредбени аналитички истражувања за подобрување на квалитетот на постојните студиски програми, како и за отворање нови атрактивни студиски програми според потребите на националниот и меѓународниот пазар на висококвалификувана работна сила;

- одржува редовни средби со Универзитетското раководтсво со цел добивање насоки и инструкции во работата, како и за нивно известување за тековните и идните активности на Канцеларијата за квалитет;

- го следи и учествува во имплементирањето на ISO 9001:2008 процедурите и развива други процедури, доколку има потреба за тоа;

- во соработка со студентското репрезентативно тело (Студентски праламент или друго студентско репрезентативно тело) за студентите подготвува и реализира активности за промоција на културата за квалитет во високото образование, вклученоста на студентите во процесот на обезбедување и оценување на квалитетот во високото образование и значењето на студентската анкета во овој процес со цел зголемување на нивната партиципација во постапката на анкетирање;

- ја следи постапката на документирање на процесите на Универзитетот и го оценува квалитетот на Универзитетските акти според нивната практична применливост;

- дава мислења и препораки за унапредување на квалитетот на Универзитетските акти врз основа на добиените податоци од нивната (не)применливост во пракса, како и врз основа на нивната усогласеност со законските и подзаконските акти;

- по претходно утврдени услови помеѓу Универзитетското раководство и раководството на единиците, ја организира и реализира постапката за самоевалуација на единиците во состав на Универзитетот;
- врши и други работи и активности поврзани со процесот на обезбедување и оценување на квалитетот на високото образование на ниво на Универзитет.

***Транспарентност во работењето***

**Член 9**

На официјалната веб страница на Универзитетот www.uklo.edu.mk задолжително се креира сегмент посветен на работата на Канцеларијата за квалитет, каде се објавуваат сите документи, планирани и реализирани активности, соопштенија, Универзитетски и национални акти во врска со обезбедувањето и оценувањето на квалитетот во високото образование.

Во овој сегмент се поместуваат и информации за работата на Комисијата за евалуација на Универзитетот.

***Завршни одредби***

**Член 10**

Овој Правилник ќе се применува по неговото стапување во сила, односно по усвојувањето од страна на Ректорската управа на Универзитетот.

**Член 11**

Правилникот за работата на Канцеларијата за квалитет се објавува во Билтенот и на официјалната веб страница на Универзитетот www.uklo.edu.mk.

Ректор на Универзитетот „Св. Климент Охридски“ – Битола

## V. БИБЛИОГРАФИЈА

**Домашни извори**


1. Бахтовска Е., Јаневска Г., Нешковска Р., (2011), Национална рамка на високообразовните квалификации: Водич, Универзитет „Св. Климент Охридски" – Битола
2. Бахтовска Е., (2011), Практични совети за пишување на резултати од учењето: Прирачник, Универзитет „Св. Климент Охридски" - Битола
3. Болоња гласник, (2010), Национална ТЕМПУС канцеларија, МОН, Скопје
4. Доневски Б., (2007), Насоки за надградување на системот за обезбедување квалитет на Универзитетот „Св. Климент Охридски" – Битола врз основа на новите европски стандарди, Битола
5. Доневски Б., (2007), Обезбедување квалитет на Универзитетот „Св. Климент Охридски" – Битола – Упатство за самоевалуација според Европски стандарди и индикатори за квалитет, Битола
6. Закон за високо образование на Република Македонија, (2008)
7. Извештај за реализирање на проектот „Учество и влијание на студентите во системот за обезбедување квалитет на Универзитетот „Св. Климент Охридски" во Битола", (2005), Комисија за евалуација на Универзитетот „Св. Климент Охридски" – Битола
8. Извештај за самоевалвација на Педагошкиот факултет – Битола, (2012), Педагошки факултет, Битола
9. Извештај за самоевалуацијата на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје (за периодот 2006/07 - 2009/10)
10. Извештај за самоевалуацијата на Универзитетот „Св. Климент Охридски" – Битола (за периодот 2007/08 - 2011/12)
11. Извештај за студентската анкета на Универзитетот „Св. Климент Охридски" – Битола (2012)
12. Извештајот за самоевалуација на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје (за периодот 2010/2011 - 2012/2013)

13. Мерила и критериуми за рангирање на јавните високообразовни институции во Република Македонија (Методологија за рангирањето), Детра Центар Скопје, Бизнис Академија Смилевски – БАС, Скопје (2010)
14. Политика за квалитет на УКИМ
15. Правилник за задолжителните компоненти кои треба да ги поседуваат студиските програми од првиот, вториот и третиот циклус
16. Правилник за организацијата, работата, начинот на одлучување, методологијата за акредитација и евалуација, стандарите за акредитација и евалуација, како и други прашања во врска со работата на Одборот за акредитација и евалуација на високото образование (2012), Сл. весник на Република Македонија бр.151 од 30 Ноември, 2012
17. Стратешки план на Владата на Република Македонија за образованието за периодот 2011 - 2015
18. Упатство за единствените основи на евалуацијата и евалуационите постапки на универзитетите, (2002), Интеруниверзитетска конференција на Република Македонија
